**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**СКОПЈЕ**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**
**СКОПЈЕ**

**м-р Ана Мишо Здравева**

# ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА: УЛОГАТА НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО ЗАШТИТАТА НА СТАРИТЕ ЛИЦА

**Докторска дисертација**

**Скопје, 2026**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
СКОПЈЕ
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“
СКОПЈЕ

м-р Ана Мишо Здравева

# ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА: УЛОГАТА НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО ЗАШТИТАТА НА СТАРИТЕ ЛИЦА

Докторска дисертација

Скопје, 2026

UNIVERSITY SS. „CYRIL AND METHODIUS“
SKOPJE
„JUSTINIANUS PRIMUS“ FACULTY OF LAW
SKOPJE

Ana Miso Zdraveva, LL.M

# LEGAL ASPECTS OF THE LIFETIME SUPPORT CONTRACT: THE ROLE OF LEGAL ENTITIES IN THE PROTECTION OF ELDERLY PERSONS

Doctoral dissertation

Skopje, 2026

Докторанд

м-р АНА МИШО ЗДРАВЕВА

Тема

ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА: УЛОГАТА НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО ЗАШТИТАТА НА СТАРИТЕ ЛИЦА

Ментор

проф. д-р ЈАДРАНКА ДАБОВИЌ – АНАСТАСОВСКА,

редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Лектор

Слаѓан Спасовски, овластен лектор по македонски јазик

Комисија за одбрана

проф. д-р ДЕЈАН МИЦКОВИЌ, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;

проф. д-р ЈАДРАНКА ДАБОВИЌ - АНАСТАСОВСКА, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;

проф. д-р ГОРАН КОЕВСКИ, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;

проф. д-р НЕНАД ГАВРИЛОВИЌ, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;

проф. д-р НЕДА ЗДРАВЕВА, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;

Научна област: Граѓанско право

Датум на одбрана

_________________________

*„Изјавувам дека докторскиот труд го изработив самостојно, дека уредно ги цитирам сите користени извори и литература и дека трудот не е користен во рамките на други универзитетски студии или за стекнување на друго звање“.*

м-р Ана Здравева, с.р.

*„Изјавувам дека докторскиот труд е оргинален труд што го имам изработено самостојно и дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторски труд“.*

м-р Ана Здравева, с.р.

**БЛАГОДАРНОСТ**

Со особена почит ја изразувам својата благодарност кон мојата менторка, проф. д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска, за нејзиното стручно водство, научна прецизност и континуирана поддршка во текот на изработката на оваа докторска дисертација. Нејзините насоки, критички согледувања и академска посветеност беа од суштинско значење за концептуалното обликување и аргументациската доследност на трудот.

Благодарност упатувам до мојот сопруг за неговото разбирање и непоколеблива поддршка во текот на целиот процес на изработка на оваа докторска дисертација. Со своите размислувања и професионални согледувања беше важен интелектуален поттик во текот на истражувањето. Неговата доверба во мене беше силата што ме охрабруваше и мотивираше да истраам во секој предизвик.

Особена благодарност им должам на моите родители и мојот брат за вредностите, принципите и љубовта со кои ме изградија како личност. Нивната поддршка, доверба и убеденост во моите способности претставуваат темел врз кој се изградија сите мои професионални достигнувања, вклучително и оваа докторска дисертација. Тие се причината поради која денес стојам на овој академски степен.

Оваа дисертација ја посветувам на мојата ќерка Лина — причината поради која секој труд добива смисла, а секој предизвик станува вреден.

**м-р Ана Мишо Здравева**

# ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА: УЛОГАТА НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО ЗАШТИТАТА НА СТАРИТЕ ЛИЦА

**Апстракт**

Предмет на овој докторски труд е правната анализа на договорот за доживотна издршка, со посебен акцент на можноста правни лица да се јават како даватели на издршка и правните импликации што произлегуваат од тоа. Целта на истражувањето е да се утврди степенот на усогласеност на македонската нормативна рамка со современите правни тенденции и европските стандарди, како и да се идентификуваат празнините и недоследностите во законското уредување на овој институт. Преку правно - догматска и компаративна анализа, се истражува регулирањето на договорот за доживотна издршка во земјите од регионот и во одбрани европски држави (Република Србија, Република Хрватска, Црна Гора, Франција и Швајцарија), со цел да се утврдат сличностите, разликите и можните трендови, што ќе послужи како основа за предлагање на подобрувања во националната регулатива на Република Северна Македонија.

Посебен сегмент на трудот е посветен на анализата на практиката на Центрите за социјални работи во Република Северна Македонија како даватели на издршка, преку користење на примарни податоци добиени од барања за слободен пристап до информации и полуструктурирани интервјуа. На тој начин се утврдува реалната примена на договорот во пракса, предизвиците во неговото спроведување и степенот на заштита на правата на примателите на издршка.

Дополнително, истражувањето опфаќа анализа на новите форми на заштита и грижа за постари лица, како што се моделите на колективно и меѓугенерациско домување, кои претставуваат потенцијална основа за развој на флексибилни и социјално инклузивни облици на поддршка. На крај, се предлагаат насоки и препораки за унапредување на правната рамка и институционалните механизми, со цел создавање ефикасен и правно уреден систем на грижа и издршка на постарите лица.

***Клучни зборови:*** *договор за доживотна издршка, правни лица, социјална заштита, Центри за социјални работи, стареење, нови форми на грижа, компаративна анализа.*

**Ana Misho Zdraveva, LL.M**

# LEGAL ASPECTS OF THE LIFETIME SUPPORT CONTRACT: THE ROLE OF LEGAL ENTITIES IN THE PROTECTION OF ELDERLY PERSONS

**Abstract**

The subject of this doctoral dissertation is the legal analysis of the lifetime support contract, with a particular focus on the possibility of legal entities acting as providers of support and the legal implications arising from such involvement. The aim of the research is to assess the degree of compliance of the Macedonian legal framework with contemporary legal trends and European standards, as well as to identify gaps and inconsistencies in the legislation governing this institute. Through legal-dogmatic and comparative analysis, the regulation of lifelong support contracts in regional countries and selected European states (Serbia, Croatia, Montenegro, France, and Switzerland) is examined in order to identify similarities, differences, and potential trends, providing a basis for proposing improvements to the national regulation in the Republic of North Macedonia.

A special segment of the dissertation is devoted to the analysis of the practice of the Centers for Social Work in the Republic of North Macedonia as providers of support, using primary data obtained through requests for access to public information and semi-structured interviews. This approach allows for the assessment of the practical implementation of the contract, the challenges in its enforcement, and the level of protection of the rights of support recipients.

Additionally, the research covers an analysis of new forms of protection and care for older persons, such as collective and intergenerational housing models, which represent potential foundations for developing flexible and socially inclusive forms of support. Finally, guidelines and recommendations are proposed to improve the legal framework and institutional mechanisms, with the aim of creating an effective and legally secure system of care and support for older persons.

***Keywords:*** *lifetime support contract, legal entities, social protection, Centers for Social Work, aging, new forms of care, comparative analysis.*

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**ЗОО** - Закон за облигационите односи

**ЗПП** - Закон за парнична постапка

**ЗС** – Закон за семејството

**ЗСДСП** – Закон за сопственост и други стварни права

**ЗСЗ** – Закон за социјална заштита

**ЗТД** – Закон за трговски друштва

**ОЕЦД** – Организација за економска соработка и развој

**РСМ** - Република Северна Македонија

**СРМ** – Социјалистичка Република Македонија

**СФРЈ** – Социјалистичка Федеративна Република Југославија

**ФНРЈ** – Федеративна Народна Република Југославија

**ЦСР** – Центар за социјални работи

**ABGB** – Allgemeines bürgerliches Gesetzbuch (Austrian Civil Code / Австриски граѓански законик)

**BGB** - Bürgerliches Gesetzbuch (Германски граѓански законик)

**CASF** - Code de l'action sociale et des familles (Кодекс за социјална акција и семејства

**CCH** - Code de la construction et de l'habitation (Кодекс за градежништво и домување)

**Code Civile** - (French Civil Code / Францускиот граѓански законик)

**CRPD** - Конвенција на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост

**WBVG** – Wohn - und Betreuungsvertragsgesetz (Закон за регулирање на договорите за домување со услуги за нега и поддршка)

**ZGB** – Zivilgesetzbuch (Swiss Civil Code / Швајцарски граѓански законик)

**ЛИСТА НА СЛИКИ**

- Слика бр.1 – Концепт на задруга на постари лица како форма на колективно домување

**ЛИСТА НА ТАБЕЛИ**

- Табела бр.1 – Регулираност на договорот за доживотна издршка во различни земји
- Табела бр.2 – Компаративна анализа на модели на домување и нега за стари лица во Германија и Франција
- Табела бр.3 – Број на склучени договори со Центрите за социјална работа како даватели на издршка во периодот од 2018 до 2023 година на територијата на Република Северна Македонија

# СОДРЖИНА

ВОВЕД...14
 ПРЕДМЕТ НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД ...21
 ЦЕЛ НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД ...22
 КОРИСТЕНИ НАУЧНИ МЕТОДИ...22
 ХИПОТЕЗИ ...24
 ОЧЕКУВАН НАУЧЕН ПРИДОНЕС...25
**ПРВ ДЕЛ**
ГЛАВА I...29
1. ПОИМ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА ...29
2. ПРАВНА ПРИРОДА НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА...31
3. РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА ОД ДРУГИТЕ ПРАВНИ ДОГОВОРИ И ПРАВНИ ИНСТИТУТИ ЗА ГРИЖА И НЕГА ЗА СТАРИ ЛИЦА И ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ГРИЖА И НЕГА...33
3.1. Договор за доживотна издршка и договор за доживотна рента ...33
3.2. Договорот за доживотна издршка и договорот за наследување...34
3.3. Договорот за доживотна издршка и социјална заштита на стари лица и лица на кои им е потребна нега и грижа ...36
ГЛАВА II ...39
КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА...39
Општи напомени...39
1. ДВОСТРАН - ОБВРЗУВАЧКИ ДОГОВОР...40
2. ТОВАРЕН ДОГОВОР...41
3. АЛЕАТОРЕН ДОГОВОР ...42
4. СТРОГО ФОРМАЛЕН ДОГОВОР...45
5. INTUITU PERSONAE (личен карактер) ...46
6. КОНСЕНЗУАЛЕН ДОГОВОР...48
ГЛАВА III...49
1. СТРАНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА...49
1.1. Примател на издршка...51
1.2. Давател на издршка...53
1.2.1. Странец како давател на издршка: правни услови и ограничувања...56
1.3. Договор за доживотна издршка во корист на трето лице ...60
2. СПОСОБНОСТ НА СТРАНИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА...64
2.1. Способност на примателот на издршка за склучување договор за доживотна издршка...65

2.2. Способност на давателот на издршка за склучување договор за доживотна издршка....68
2.3. Склучување на договорот за доживотна издршка преку полномошник ....70
3. ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА ПОМЕЃУ ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО ....72
ГЛАВА IV....78
1. СОДРЖИНА НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА....78
1.1. Обврски на примателот на издршката ....79
1.1.1. Пренос на правото на сопственост над недвижна ствар....80
1.1.2. Пренос на правото на сопственост над подвижна ствар....81
1.1.3. Пренос на други имотни права....81
1.2. Обврски на давателот на издршката....82
1.2.1. Обврски на давателот на издршката што се исполнуваат за време на животот на примателот на издршката....82
ГЛАВА V....97
3. ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА....97
4. НЕВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА СПОРЕД МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ....100
2.1. Општо за неважност на договорот ....100
2.2. Ништовност на договорот за доживотна издршка....103
2.2.1. Ништовност на договорот за доживотна издршка поради деловна неспособност103
2.2.2. Ништовност на договорот поради недостаток на форма....105
2.2.3. Привиден договор....105
2.2.4. Недозволена побуда....108
2.3. Рушливост на договорот за доживотна издршка ....111
2.3.1. Поништување на договорот поради мани на волјата....111
3. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА ....113
Општи напомени....113
3.2. Спогодбено раскинување на договорот за доживотна издршка....113
3.3. Раскинување на договорот за доживотна издршка поради нарушени односи....115
3.4. Еднострано раскинување на договорот за доживотна издршка поради неисполнување на договорните обврски....120
4. ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА ПОРАДИ СМРТ НА ДОГОВОРНА СТРАНА....123
4.1. Правни последици од смртта на давателот на издршката....123
4.2. Правни последици од смртта на примателот на издршката....128
5. СУДСКА ПРАКТИКА ВО НАШАТА ДРЖАВА ВО ВРСКА СО ДОГОВОРИТЕ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА....129

**ВТОР ДЕЛ**

ГЛАВА VI....144
ПРАВНОТО ЛИЦЕ КАКО ДАВАТЕЛ НА ИЗДРШКА ВО ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА....144
1. ПРАВНИТЕ ЛИЦА КАКО ДАВАТЕЛИ НА ИЗДРШКА ВО ДОМАШНОТО ПРАВО....144

2. УЛОГАТА НА ЦЕНТАР ОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ВО ДОГОВОРИТЕ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА ........ 150

2.1. Анализа на правната рамка и улогата на Центарот за социјални работи во договорите за доживотна издршка ........ 150

2.2. Центарот за социјални работи како давател на издршка ........ 153

4. ПРАВНА РАМКА ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО ЗА ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО УЛОГА НА ДАВАТЕЛ НА ИЗДРШКА ........ 158

4.1. Општ приказ: регулираност на договорот за доживотна издршка ........ 158

4.2. Правните лица како страна на договорот за доживотна издршка во правните прописи на земјите од регионот ........ 163

4.3. Правните лица како страна на договорот за доживотна издршка во правните прописи на земјите членки на ЕУ ........ 167

ГЛАВА VII ........ 186

1. ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА КОГА КАКО ДАВАТЕЛ НА ИЗДРШКАТА СЕ ЈАВУВА ПРАВНО ЛИЦЕ ........ 186

1.1. Престанок на договорот за доживотна издршка поради отворање стечај на правното лице - давател на издршка ........ 186

1.2. Престанок на договорот за доживотна издршка поради ликвидација на правното лице – давател на издршка ........ 189

1.3. Престанок на договорот за доживотна издршка во случај на статусни промени на правното лице ........ 190

ГЛАВА VIII ........ 192

СПОРЕДЕБНО ПРАВНИ ИСКУСТВА ЗА ИНОВАТИВНИТЕ И НОВИ НАЧИНИ НА ЗАШТИТА И ГРИЖА ЗА СТАРИ ЛИЦА И ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ГРИЖА И НЕГА ........ 192

1. ЈАВНО ПРАВНА УРЕДЕНОСТ НА ПОЛОЖБАТА НА СТАРИТЕ ЛИЦА- ПРАВНИ ПРОПИСИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА СТАРИТЕ ЛИЦА И ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА НЕГА И ГРИЖА ВО ЕУ ........ 192

1.1.Европски стандарди и политики за заштита на стари лица и лица на кои им е потребна нега и грижа ........ 192

1.1.1. Национален контекст: систем на социјална заштита и долготрајна нега ........ 196

1.2. Современ пристап кон грижата – од моделот на „најдобар интерес“ кон почитување на „волјата и автономијата“ на старите лица и лица на кои им е потребна нега и грижа ........ 199

2. ПРЕДЛОЗИ ВО ОДНОС НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВНАТА РАМКА ЗА РАЗЛИЧНИТЕ ФОРМИ ЗА ИЗДРШКА НА СТАРИ ЛИЦА И ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ГРИЖА И НЕГА ВО НАШАТА ДРЖАВА ........ 204

2.1. Германија – специјализирано домување со услуги ........ 205

2.1.1. Домување со општи услуги на поддршка ........ 205

2.1.2. Домување со зголемена нега и поддршка ........ 207

2.1.3. Wohnen für Hilfe (меѓугенерациско домување) ........ 208

2.2. Франција – специјализирано домување со услуги ........ 210

2.2.1. Франција – logements-foyers ........ 210

2.2.2. Франција – Résidences services ........ 212

2.2.3. Un toit deux générations – меѓугенерациско домување ........ 214

2.3. Предизвици и можности за примена во Република Северна Македонија ........ 217

2.4. Предлог за нова форма на заштита: колективно домување ........218
ГЛАВА IX ........222
ИСТРАЖУВАЊЕ ........222
1. ПРАКТИКА НА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА: АНАЛИЗА НА УЛОГАТА НА ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ КАКО ДАВАТЕЛИ НА ИЗДРШКА ........222
1.1. Резултати од истражувањето ........223
1.1.1. Податоци добиени преку барање за слободен пристап до информации ........223
1.1.2. Полуструктурирано интервју со Центарот за социјални работи во Штип ........225
1.1.3. Полуструктурирано интервју со Центри за социјални работи кои се даватели на издршка ........228
1.1.4. Согласност од министерството како предуслов за склучување на договори за доживотна издршка ........244
ЗАКЛУЧОК ........247
ПРЕПОРАКИ ........255
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........257
ПРИЛОГ 1: БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ДО МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ........272
ПРИЛОГ 2: БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ........274
ПРИЛОГ 3: ПОЛУСТРУКТУРИРАН ПРАШАЛНИК ........276
ПРИЛОГ 4: ПОЛУСТРУКТУРИРАН ПРАШАЛНИК ........276
ПРИЛОГ 5: ПРИМЕР НА ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА СО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ........278
ПРИЛОГ 6: ПРИМЕР НА ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА СО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ........280
ПРИЛОГ 7: ПРИМЕР НА ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА СО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ........282

# ВОВЕД

Современите демографски и социјални промени, како што се продолжениот животен век, намалениот наталитет, зголемената мобилност на населението и променетата структура на семејствата, доведуваат до сериозни предизвици во областа на грижата за старите лица.[1] Во услови кога семејствата сè потешко обезбедуваат континуирана грижа, поради физичка оддалеченост, стареење на самите даватели на грижа или зголемена работна ангажираност, ја нагласуваат потребата од воспоставување правна рамка што ќе понуди соодветни решенија за новонастанатите општествени услови. Дополнително, економските промени и миграциските процеси[2] го менуваат традиционалниот контекст на семејната грижа, оставајќи сè поголем број стари лица без директна семејна поддршка и поттикнувајќи ја потребата од институционални и приватноправни решенија.

Во овој контекст, заштитата на правата на старите лица станува посебно значајна. Тие не се ограничуваат само на прашања поврзани со наследство, имот и социјални права, туку се прошируваат и на секојдневните аспекти на нега, здравствена грижа, пристап до услуги и социјална интеграција. Стареењето, како природен биолошки процес, често е проследено со хронични заболувања, намалена физичка и когнитивна способност, како и со поголем ризик од сиромаштија и социјална изолација. Овие фактори ја зголемуваат ранливоста на старите лица и ја нагласуваат потребата од системска, институционална и правна заштита, која ќе овозможи достоинствен и безбеден живот, интеграција во заедницата и континуирана грижа.[3]

Во контекст на овие предизвици, договорот за доживотна издршка се јавува како значаен инструмент кој овозможува пренос на имот во замена за обезбедена грижа и нега до крајот на животот. Додека традиционално овие договори се склучуваат меѓу физички лица, современите социјални и економски услови ја поттикнуваат и улогата на правните лица како даватели на издршка – особено јавни институции, домови за стари

---

[1] Maschwitz A. (2011). ‘Living will’ law under the German Civil Code. *The future of family property in Europe*, Cambridge, United Kingdom, p.143.
[2] Државен завод за статистика – „Проекции на населението на Република Северна Македонија до 2070 година: методологија, појдовни хипотези и резултати“, достапно на: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/Proekcii_2070_mk.pdfstat.gov.mk, последно пристапено на: 31.10.2025 одина;
[3] Zervogianni E. (2011). Non-institutional care for seniors from a civil law perspective**.** A comperative study of housing with services and adult placement in France and Germany. *The future of family property in Europe*, Cambridge, United Kingdom, p.186.

лица и други правни субјекти кои нудат социјални услуги. Оваа трансформација отвора нови правни прашања, особено во поглед на регулирањето на правата и обврските на овие субјекти, надзорот и заштитата на ранливите категории граѓани.

Сепак, современите потреби за грижа и поддршка на старите лица значително ја надминуваат традиционалната институционална рамка. Постојните капацитети на установите за социјална заштита се ограничени[4], а бројот на стари лица кои имаат потреба од континуирана грижа постојано расте. Истовремено, се забележува тенденција на промена во перцепцијата на староста — од пасивен период на зависност, кон активна и достојна фаза на живот во која лицата сакаат да ја задржат својата автономија и контрола врз условите на живеење. Токму оваа промена ја поттикнува потребата од развивање на нови, флексибилни и одржливи модели на грижа, кои ќе овозможат избалансиран однос меѓу независноста на старите лица и потребата од поддршка, нега и социјална вклученост.

Во тој контекст, ова истражување не се ограничува исклучиво на договорот за доживотна издршка како класичен инструмент на приватноправна заштита, туку тежнее да ја опфати и поширокaта слика на современите форми на грижа кои се развиваат во европските држави. Преку компаративен пристап, ќе се анализираат новите модели што се појавуваат како алтернатива или надополнување на традиционалните решенија — како што се специјализираното домување со услуги, меѓугенерациското домување, и социјалните модели на домување со поддршка. Овие форми претставуваат современи, хумани и економски одржливи пристапи кон стареењето, кои се засноваат на принципите на самостојност, интеграција и заедничка грижа, и кои сè почесто се прифаќаат во европските правни системи. Истовремено, во дисертацијата се настојува да се понуди и сопствен предлог за нова форма на заедничка грижа, инспириран од принципите на задруга или ортаклак, како модел што може да овозможи правно, економски и социјално одржлив систем на меѓусебна поддршка меѓу старите лица.

Структурата на овој докторски труд е систематизирана преку вовед, девет тематски разработени глави и заклучок. Дисертацијата е структурирана во два меѓусебно поврзани дела, кои заедно овозможуваат кохерентен преглед и анализа на предметот на истражување.

[4] Suitable model – care of the elderly at home in Macedonia, Case study - Macedoina, 2016, достапно на: https://iris-see.eu/wpcontent/uploads/2016/10/web-FYRM.pdf, последно пристапено на 31.10.2025 година.

**Првиот дел** опфаќа четири глави во кои се разработуваат теоретско-нормативните основи на договорот за доживотна издршка. Во **Глава I** на почетокот се прикажува историскиот развој на овој договор, од неговите корени во феудалното општество до современото облигационо право, со посебен осврт на неговото постепено уредување во македонското законодавство, од Законот за наследување од 1955 и 1973 до неговото вградување во Законот за облигациони односи од 2001 година. Понатаму, се анализира правната природа на договорот како сложен облигационен однос, со наследно-правни последици. Во рамките на оваа глава се обработува и разграничувањето на договорот за доживотна издршка од други сродни договори и институти, како што се договорот за доживотна рента и договорот за наследување, како и јавно-правните механизми за социјална заштита. Со тоа се поставува основата за понатамошно проучување на овој институт, неговата примена и можноста за учество на правни лица како даватели на издршка. Во **Глава II** се анализираат суштинските карактеристики на договорот за доживотна издршка. На почетокот се дефинира договорот за доживотна издршка како правен институт заснован на согласност на волјите на давателот и примателот на издршката, кој создава специфичен облигационен однос со социјална функција. Понатаму, детално се разгледуваат неговите основни обележја: двострано-обврзувачкиот и товарниот карактер, алеаторноста како израз на неизвесност поврзана со траењето на животот на примателот и карактерот на услугите кои ги дава давателот на издршката, формалната строгост на склучувањето и личниот елемент (intuit personae), како и консенсузалниот карактер на договорот. Во **Глава III** се обработува правната положба на страните на договорот за доживотна издршка и нивната способност за негово склучување, при што се анализираат прашања што често се среќаваат во практиката и можат да доведат до злоупотреба, особено во однос на постарите и ранливи лица. Во оваа глава се разработуваат и правата и обврските на примателот и давателот на издршката, како страни на договорниот однос. Кај примателот на издршката, кој најчесто е старо или изнемоштено лице, особено внимание се посветува на прашањето за деловната способност. Во тие случаи, договорот може да се склучи само преку законски застапник и со претходна согласност од надлежниот орган за старателство, со цел да се обезбеди заштита на интересите на примателот. Во однос на малолетниците како можни приматели на издршка, се укажува на различните сфаќања во правната доктрина во поглед на оправданоста и правните последици од вакви договори, особено во контекст на нивната долгорочна заштита и корист. Во рамките на оваа глава се разгледува и можноста за склучување договор за доживотна

издршка меѓу членови на семејството – брачни другари, родители и деца. Се истакнува дека постоењето на законска обврска за издржување не ја исклучува валидноста на договорот, туку напротив, тој може да претставува форма на дополнителна заштита која го надминува законскиот минимум. При тоа, се посветува внимание на прашањата за посебниот имот, наследните права и ризиците од можни злоупотреби во рамките на семејството. Со оваа глава се воспоставува систематски преглед на правната положба, способноста и одговорностите на страните во договорот за доживотна издршка, со цел да се обезбеди јасна рамка за правна сигурност, заштита на старите лица и спречување на можни злоупотреби во пракса. **Во Глава IV** се анализира содржината на договорот за доживотна издршка, преку разгледување на меѓусебните права и обврски на договорните страни како суштински елементи на овој облигационен однос. Посебно внимание се посветува на обврските на давателот на издршката, нивниот обем, карактер и начин на исполнување, како и на правните последици што произлегуваат од нивното неисполнување или неуредно исполнување. Во рамки на оваа глава се обработуваат и прашањата поврзани со обврските на давателот на издршката што настануваат по смртта на примателот на издршката, при што се укажува на специфичностите и дилемите во поглед на можноста за раскинување на договорот и правната заштита на засегнатите лица. Истовремено, се анализира и обврската на примателот на издршката за пренос на правото на сопственост по неговата смрт, како составен дел од двострано-обврзувачкиот договор. Целта на анализата е да се прикаже договорот за доживотна издршка како комплексен и динамичен облигационен однос, чија содржина и правни последици се определуваат не само со договорните одредби, туку и од целта на договорот и конкретните околности на секој поединечен случај. Во **Глава V** се анализираат правните основи и механизмите преку кои договорот за доживотна издршка престанува да важи и правните последици што произлегуваат од тоа. Договорот редовно престанува со исполнување на обврските на договорните страни, односно со смртта на примателот на издршката, што претставува најпосакуван и природен начин на негов престанок. Понатаму, вниманието е насочено кон анализата на неважноста на договорот – преку разграничување помеѓу апсолутна ништовност и релативна рушливост – при што се разгледуваат најчестите причини што се јавуваат во пракса, како деловната неспособност на страните, недостатокот на форма, привидноста на договорот и недозволената побуда, како и маните на волјата како основ за рушливост. Посебен дел е посветен на институтот на раскинување на договорот за доживотна издршка, кој претставува еден од најзначајните механизми за негов престанок. Подетално се

обработуваат трите законски предвидени начини на раскинување: спогодбеното раскинување, раскинувањето поради нарушени односи и едностраното раскинување поради неисполнување на обврските. Анализата ја следи примената на овие основи во домашното право и судска пракса, но и компаративните решенија во други европски системи. Во оваа глава посебно внимание е посветено и на судската пракса во домашното право, каде што се презентирани и коментирани конкретни судски одлуки поврзани со договорите за доживотна издршка. Преку нивната анализа се оценува оправданоста на судските ставови и нивната усогласеност со законските решенија и теоретските начела. Со тоа, во оваа глава не само што се прикажуваат клучните правни аспекти на престанокот, неважноста и раскинувањето на договорот, туку нуди и подлабоко разбирање на практичните предизвици и можните насоки за унапредување на примената на овој институт во правната пракса. Преку анализа на правните основи за престанок, неважност и раскинување на договорот за доживотна издршка, поткрепена со релевантна судска пракса и критички осврт, се овозможува целосно разбирање на практичните предизвици и можните насоки за унапредување на примената на овој институт во правната пракса.

**Вториот дел** претставува суштинскиот дел од дисертацијата и се фокусира на правните лица како даватели на издршка во договорите за доживотна издршка. Во овој дел ја обработуваме правната рамка, практичната примена и можностите за учество на правните лица, со осврт и на споредбени искуства, како и на новите форми на заштита и грижа за стари лица и лица на кои им е потребна нега. **Глава VI** претставува суштински дел од дисертацијата, бидејќи се разгледува прашањето за можноста и правната оправданост правните лица да се јавуваат како даватели на издршка во договорите за доживотна издршка – тема која во домашната теорија и пракса е недоволно разработена. Целта на оваа глава е да се утврди дали и под кои услови правните лица можат да ја преземат улогата на даватели на издршка, како и да се идентификуваат ризиците и потенцијалните придобивки од ваквата практика. Во првиот дел се анализираат правните одредби од домашното право, при што се утврдува дека иако законодавецот експлицитно не ја исклучува можноста правните лица да бидат даватели на издршка, природата на овој договор, кој традиционално се заснова на лична доверба (*intuitu personae*), создава одредени дилеми. Потоа, посебно внимание се посветува на улогата на Центрите за социјални работи во договорите за доживотна издршка. Прво се анализира нивната законска надлежност и положба во постапката на склучување и спроведување на договорите за доживотна издршка, како органи кои имаат улога да

обезбедат заштита на интересите на старите лица и лицата во социјален ризик. Понатаму се разгледува можноста Центарот за социјални работи да настапи како давател на издршка, со посебен осврт на правните услови за склучување, обврските што произлегуваат од договорот и законските ограничувања, вклучувајќи ја потребата од претходна согласност од Министерството за социјална политика, демографија и млади. Дополнително, се разгледува праксата и можноста ЦСР да дејствува како давател на издршка во рамките на професионалната и јавната одговорност за обезбедување социјална грижа, како и дилемите поврзани со личниот карактер на договорот (intuitu personae) кога се склучува со правно лице. Во овој контекст, посебно место зазема анализата на правната рамка во компаративното право, при што се прави споредбен преглед на уреденоста на договорот за доживотна издршка и можноста за учество на правните лица во оваа улога во земјите од регионот и во земјите членки на Европската Унија. Се анализираат законските решенија и практики во Република Србија, Република Хрватска, Црна Гора, Словенија, Бугарија, како и во Франција, Швајцарија и Унгарија, со цел да се идентификуваат модели кои овозможуваат поголема правна сигурност и транспарентност во овие односи. Оваа глава претставува основа за натамошната анализа во дисертацијата, каде се истражува практиката на Центрите за социјални работи во нашата држава, како и можностите за примена на компаративните искуства во насока на унапредување на системот на грижа и заштита на старите лица преку различни облици на договорна и институционална поддршка. Во **Глава VII** се анализира правната судбина на договорот за доживотна издршка кога давател на издршката е правно лице. Во оваа глава се анализираат специфичните институционални и практични проблеми кои произлегуваат од престанокот на правното лице, вклучувајќи ги стечај, ликвидација и статусни промени. Особено внимание е посветено на тоа како личниот (intuitu personae) карактер на договорот влијае на можноста за продолжување на договорот со правниот следбеник или со реорганизирано правно лице. Во рамки на оваа глава се презентира и анализира комплексноста и правните предизвици кои се јавуваат кога давател на издршката е правно лице, при што се нагласува потребата од дополнителна законска уреденост за заштита на примателите. Понатаму, во **Глава VIII** се обработува споредбено-правната рамка на иновативните и нови механизми за грижа и заштита на старите лица и лицата на кои им е потребна долготрајна нега. Во оваа глава се анализираат европските стандарди и политики кои го нагласуваат јавниот карактер на грижата, пристапот до квалитетни услуги, почитувањето на достоинството и автономијата на старите лица, како и улогата на државата и заедницата во обезбедување

поддршка. Во национален контекст, се разгледува постојниот систем на социјална и здравствена заштита во Република Северна Македонија, неговата фрагментираност, ограничените институционални капацитети и патерналистичкиот пристап кон старите лица. Овде се истражува преминот од класичниот модел на „најдобар интерес“ кон почитување на „волјата и автономијата“ на корисниците на услугите, со акцент на механизмите на поддржано донесување одлуки како алтернатива на заменското одлучување и старателството. Анализата го нагласува значењето на комбинираниот модел кој овозможува заштита на ранливите лица, а истовремено ја унапредува автономијата и правната инклузија на старите лица и лицата со попреченост. Дополнително, се разгледуваат предлози за унапредување на националната правна рамка за различните форми на издршка и грижа на постарите лица, со цел создавање на правно сигурни, економски одржливи и социјално инклузивни модели, кои ќе овозможат достоинствено стареење, чувство на припадност и активно учество во заедницата. Особено внимание е посветено на иновативните модели на специјализирано домување и меѓугенерациско живеење во Германија и Франција, како што се „Betreutes Wohnen“, (домување со општи услуги за поддршка и домување со зголемена нега и поддршка), „Wohnen für Hilfe“, „logements-foyers“, *„résidences services“* и „Un toit deux générations“. Се анализираат правните, институционалните и практичните аспекти на овие модели, нивното влијание врз автономијата, независноста и социјалната инклузија на постарите лица, како и механизмите за правна заштита на корисниците и условите за регулирање на односите со давателите на услуги. Во контекст на Република Северна Македонија, се разгледуваат предизвиците и можностите за адаптација на овие европски практики, со акцент на постојната регулатива, недоволната правна заштита, институционалните ограничувања и потенцијалот за развој на алтернативни форми на домување и издршка. Истовремено, во дисертацијата се настојува да се понуди и сопствен предлог за нова форма на заедничка грижа, инспирирана од принципите на задруга или ортаклак, како модел што може да овозможи правно, економски и социјално одржлив систем на меѓусебна поддршка меѓу старите лица. Во **Глава IX** се фокусираме на практиката на склучување договори за доживотна издршка со Центрите за социјални работи во РСМ како даватели на издршка. За потребите на истражувањето се користат примарни податоци, собрани преку официјални барања за слободен пристап до информации и полуструктурирани интервјуа со вработени во ЦСР (Велес, Штип, Куманово и Берово) и со Министерството за социјална политика, демографија и млади. Целта е да се

анализира реалната примена на овие договори, предизвиците во пракса и усогласеноста со законската рамка.

- **ПРЕДМЕТ НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД**

Предмет на ова истражување е правната анализа и научна елаборација на договорот за доживотна издршка, со особено внимание на улогата и можноста за учество на правните лица во својство на даватели на издршка, како и утврдување на нивните права и обврски. Истражувањето се фокусира на детална анализа на нормативната рамка која го регулира овој правен институт во македонското позитивно право, особено во контекст на тоа дали, и под кои услови, правните субјекти можат да се појават како страни во договорен однос кој по својата природа се карактеризира со елемент на лична доверба (*intuitu personae*). Анализата ќе се насочи кон утврдување на јасноста и применливоста на законските прописи што го уредуваат ова прашање, како и на евентуалните празнини и нејаснотии во моменталната регулатива.

Истовремено, предмет на истражувањето е и практичната имплементација на договорите за доживотна издршка во кои како даватели на издршка се јавуваат правни лица, со особен осврт на улогата на Центрите за социјални работи. Се анализираат институционалните капацитети, процедурите, потенцијалните правни и етички ризици што произлегуваат од овие односи, особено во контекст на заштитата на правата на ранливите категории граѓани – постари лица и лица со ограничена деловна способност.

Дополнително, истражувањето ги опфаќа и компаративните решенија од правото на земјите членки на Европската Унија и државите од регионот, со цел да се идентификуваат различни модели, добри практики и законски механизми кои овозможуваат или ограничуваат учество на правни субјекти како даватели на издршка. Ваквиот пристап овозможува поставување на релевантни научни и практични критериуми, врз основа на кои ќе се предложат препораки за унапредување на македонската правна рамка во оваа област.

Истражувањето, покрај анализата на правните лица како даватели на издршка, ги опфаќа и новите форми на заштита и издршка на старите лица, преку проучување на современите модели на домување и колективна грижа како можни правни решенија во системот на социјална заштита.

- **ЦЕЛ НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД**

Основна цел на истражувањето е да се прикаже и анализира постојаната правна рамка што го уредува договорот за доживотна издршка во Република Северна Македонија, со посебен акцент на можноста правни лица да се јават како даватели на издршка. Преку темелна анализа ќе се истражи начинот на кој овој правен институт е уреден во нашето законодавство, да ги идентификува евентуалните празнини, нејаснотии или недоследности во нормативната поставеност, како и да понуди соодветни предлози за нејзино унапредување.

Целта е да се даде научен придонес кон развојот на нормативната рамка, преку воспоставување јасни критериуми за учество на правни лица во вакви договори, определување на нивните права и обврски, како и унапредување на транспарентноста и правната сигурност при нивната примена.

Истражувањето ќе овозможи и критичка правна анализа со цел да утврди дали постојното законодавство е доволно јасно, прецизно и соодветно за заштита на правата на страните во договорот, особено на ранливите категории како што се старите лица и лицата со ограничена деловна способност. Покрај тоа, целта на трудот е и да ги истражи можностите за примена на нови, современи форми на заштита и издршка за старите лица, како дополнителен механизам за обезбедување достоинствено стареење и правна сигурност.

Исто така, се очекува истражувањето да придонесе кон подобрување на институционалната пракса, особено во работењето на Центрите за социјална работа како даватели на издршка, преку анализа на нивната улога, капацитети и ограничувања во процесот на проценка, одобрување и надзор над договорите за доживотна издршка, особено кога станува збор за ранливи категории граѓани.

- **КОРИСТЕНИ НАУЧНИ МЕТОДИ**

Во истражувањето се користат алатки на квалитативна анализа на податоци. За таа цел се анализираат законските акти од домашното законодавство кои го регулираат договорот за доживотна издршка, како и претходни анализи, истражувања, стручни трудови и релевантни веб-страници. До документите се пристапува електронски, преку официјалните интернет-страници на институциите кои се занимаваат со оваа тематика.

Конкретно истражувањето вклучува систематска анализа на постојната правна рамка во Република Северна Македонија, со фокус на одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за социјална заштита, Законот за наследување и други релевантни прописи поврзани со институтот на договор за доживотна издршка. Овој пристап овозможува идентификување на правни празнини, недоследности и можности за унапредување на нормативната регулатива.

Во трудот се користат секундарни податоци прибрани од релевантни и официјални извори, вклучително: судска пракса, научни и стручни трудови, извештаи од институции и јавни документи. Овие податоци овозможуваат критичка анализа на позитивното право и неговата практична примена, како и споредба со регулативите во други правни системи.

Компаративниот метод се применува за анализа на правната регулатива на договорот за доживотна издршка во земјите членки на Европската Унија и државите од регионот. Целта е да се утврди дали и како различни правни системи дозволуваат правни лица да се појавуваат како даватели на доживотна издршка, како и кои специфични категории на правни лица можат да бидат вклучени во овие договори. Истражувањето ќе ги идентификува разликите и сличностите помеѓу правните системи во однос на правата и обврските на давателите, како и на заштитата на примателот на издршката. Во рамки на ова, ќе се предложат препораки за подобрување на регулирањето на ова прашање во македонскиот правен систем, со цел обезбедување поголема јасност и ефективност во примената на договорите за доживотна издршка, посебно во контекст на правните лица.

Покрај тоа, компаративниот метод се користи и за анализа на новите форми на издршка и грижа за старите лица што се развиваат во европските правни системи, со цел идентификување на добри практики и можности за нивна примена во македонскиот контекст.

Историскиот метод ќе се користи за истражување на развојот и еволуцијата на договорот за доживотна издршка, почнувајќи од неговите почетоци во феудалниот период до неговото современо регулирање. Овој метод ќе овозможи да се следи како се менувала функцијата и правниот статус на овој договор низ историјата, како и какви социјални и правни промени влијаеле на неговото обликување. Преку овој метод ќе се анализира и неговото регулирање во различни правни системи, со посебен акцент на развојот во македонскиот правен систем, како и промените што се случиле со донесувањето на нови закони во последните децении.

На крај, во ова истражување ќе бидат користени и примарни податоци. Презентираните и анализираните примарни податоци се добиени од:

- Официјално барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, упатено до сите ЦСР на територија на РМ,
- Официјално барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, упатено до Министерството за социјална политика, демографија и млади на РСМ,
- Спроведување полуструктурирани интервјуа со вработени во ЦСР (Велес, Берово, Куманово и Штип).

Ова истражување има за цел да го испита практичната примена на склучувањето и спроведувањето на договорот за доживотна издршка каде како давател на издршка се јавува Центарот за социјални работи – како правно лице, причините за ограничената употреба, како и потенцијалната дискрепанца помеѓу нормативната рамка и практичната реалност во функционирањето на ЦСР.

- **ХИПОТЕЗИ**

**Главна хипотеза**

- Правната рамка на договорот за доживотна издршка во нашата држава не содржи правни норми кои се јасни во однос на тоа кои правни лица можат да се јават како страна на давател на доживотна издршка, како договорно се регулираат нивните обврски и какви се нивните права во однос на имотот што примателот на доживотна издршка може mortis causa да им го пренесе.
- Потребно е во нашата држава законодавецот да донесе јасни правни прописи за правата и обврските на правното лице како давател на издршка во договорот за доживотна издршка.

**Споредни хипотези**

- Договорот за доживотна издршка е договор intuito personae. Целта на овој договор е преку лицето во кое се има доверба давателот на издршката, да се добие грижа и нега на старото лице или лицето кое има потреба од грижа и нега, во просторот каде примателот на издршката живее и каде најдобро се чувствува.
- Правните лица како даватели на издршката, можат да уживаат поголема доверба од страна на примателот на издршката во смисла дека нема да се потпираат само

на едно физичко лице кое понекогаш не може да ги задоволи потребите на примателот на издршката.

- Во споредбеното право постојат различни облици за грижа на стари или лица кои не можат сами да се грижат за себе, чии предност и слабости можат да се компарираат во однос на договорот за доживотна издршка.
- Договорот за доживотна издршка претставува договор кој што е во функција на реализација на нашата држава како социјална држава.
- Традиционалните и семејните вредности имаат значајно влијание во одлуката за склучување на договори за доживотна издршка со правни субјекти.

- **ОЧЕКУВАН НАУЧЕН ПРИДОНЕС**

Истражувањето се стреми да даде значаен научен и практичен придонес кон продлабочено разбирање на правната природа на договорот за доживотна издршка, со посебен фокус на можноста правни лица да се јават како даватели на издршка – прашање што досега не е систематски обработено во македонската правна наука. Истражувањето ќе овозможи научна елаборација на моменталната правна рамка, со идентификување на празнините, неусогласеностите и недоволната нормативна јасност, и ќе понуди конкретни и применливи предлози за нејзино надминување.

Посебен научен придонес се очекува во осветлувањето на фактот дека во македонското законодавство отсуствува експлицитна законска одредба која ќе ги утврди категориите правни лица што можат да се јават како даватели на доживотна издршка, како и обемот на нивните права и обврски. Отсуството на експлицитни законски норми создава ризик договорите за доживотна издршка да бидат склучувани со правни субјекти кои не располагаат со стручни капацитети за обезбедување грижа и нега, што може да доведе до сериозни последици по правната сигурност на примателите на издршката. Отсуството на јасно законско разграничување создава дилема дали сите правни субјекти можат да бидат даватели на издршка, или пак таа улога треба да биде резервирана исклучиво за субјекти чија основна дејност е социјалната или здравствената грижа. Ова отвора простор за правна несигурност, различно толкување во пракса и потенцијална злоупотреба на договорниот однос, особено кога се работи за ранливи категории граѓани. Преку ова истражување се предлага воспоставување на јасни правни критериуми за учество на правни субјекти во вакви договори, особено во контекст на

јавни институции, домови за стари лица и други правни форми кои нудат социјални услуги.

Дополнително, се очекува истражувањето да даде релевантен придонес во разбирањето на договорот за доживотна издршка како модерен инструмент за грижа во услови кога традиционалниот семеен модел сѐ повеќе се менува. Се забележува растечки тренд на институционализација на грижата за старите лица, што се манифестира преку зголемен број на стари лица кои доброволно избираат сместување во социјални установи наместо грижа во рамките на семејството. Во тој контекст, договорот за доживотна издршка може да се позиционира како правен механизам што го поврзува приватното договорно право со современите потреби на системот на социјална заштита, и кој ќе овозможи заштита на достоинството и правата на повозрасното население на долгорочен план.

Се очекува дека преку критичка правна анализа и компаративен пристап, трудот ќе придонесе за воспоставување на јасни и применливи правила кои ќе утврдат кои правни субјекти можат да бидат даватели на издршка, како и под кои услови. На тој начин, ќе се обезбеди поголема правна јасност и заштита на страните во договорот, особено на примателите на издршката.

Имајќи ја предвид важноста на заштитата на ранливите категории граѓани, особено старите лица и лицата на кои им е одземена или ограничена деловната способност, се очекува ова истражување да послужи како поттик за реформа на постојната регулатива и воведување механизми кои ќе обезбедат соодветна проценка и надзор над договорите кога давател е правно лице.

Исто така, се очекува истражувањето да даде придонес во надминување на постоечките дилеми во практиката на Центрите за социјална работа кога се јавуваат како даватели на издршка, преку прикажување на нивните капацитети и ограничувања, со што би се иницирало унапредување на нивната улога во постапките за доживотна издршка.

Во поширок контекст, се очекува резултатите од истражувањето да влијаат и врз промена на перцепцијата за учеството на правни лица во вакви договори, особено во услови кога социјалната заштита добива сѐ поголема институционализирана форма, а државата сѐ повеќе ја остварува својата функција како социјална држава.

Преку добиените препораки, истражувањето може да послужи како стратешка подлога за формулирање на подзаконски акти, измени на постојната законска рамка и креирање на политики кои ќе обезбедат доследна, правично регулирана и практично

применлива рамка за договорите за доживотна издршка, а истовремено да биде и основа за понатамошни академски анализи, како и за отворање на дебата околу понатамошното развивање на институцијата на доживотна издршка во согласност со современите општествени и правни предизвици.

# ПРВ ДЕЛ

## ГЛАВА I

## 1. ПОИМ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

Историјата на договорот за доживотна издршка се врзува со периодот на феудализмот, особено во почетокот на XVII век. Првично, овој вид договор се склучувал помеѓу стари и изнемоштени кметови и помлади, работоспособни лица. Старите кметови, кои веќе не можеле да ги обработуваат своите земјоделски имоти и да ги плаќаат давачките на феудалците, ги пренесувале своите имоти на помладите лица, често на своите синови, за обезбедување на нивната егзистенција. Во замена, помладите лица се задолжувале да го обработуваат имотот и да ги исполнуваат давачките обврски кон феудалците. Овој договор обезбедувал дека имотот не би паднал во рацете на феудалците по смртта на стариот кмет, што го прави значаен правен инструмент во тоа време.[5] Исто така, како даватели на издршка многу рано се појавиле и манастирите, болниците и заводите за сместување и грижа на старите лица.[6]

Во регионот, договорот за доживотна издршка се применувал и меѓу манастири и световните лица, каде манастирите ги дарувале со имоти или вредни предмети, а за возврат на тоа добивале поддршка за нив или за членовите на нивните семејства. Ова е документирано и во средновековните правни извори, што сведочи за значењето на договорот за доживотна издршка како правен механизам низ историјата.[7]

Во рамки на правото на бивша СФРЈ договорот за доживотна издршка за прв пат е правно уреден со Сојузниот закон за наследување од 1955 година.[8] Овој договор претставувал комплексен правен институт, кој се вбројувал во именуваните договори на облигационото право, договор кој се склучувал меѓу живите (inter vivos).

Во македонскиот правен систем овој договор бил уреден со Законот за наследување од 1973 година.[9] Законодавецот за овој договор посветил шест члена (120-126) и го дефинирал на следниов начин: „ Договорот со кој едниот договарач се обврзува да го издржува доживотно другиот договарач, или некое трето лице, а во кој другиот договарач изјавува дека му го остава целиот свој имот или еден негов дел во наследство, не е договор за наследување, туку договор за отуѓување со надоместок на сите недвижни

---

[5] Антић О., Балиновац З. (1996). *Коментар Закона о наслеђивању*, Београд, Номос, стр. 493.
[6] Grujić N. (2010). *Davalac izdržavanja kod ugovora o doživotnom izdržavanju*, Pravni zapisi, God.I, br.2/2010, str. 497.
[7] Počuča M. (2011). *Ugovor o doživotnom izdržavanju*, Novi Sad, Pravni fakultet za privredu I pravosuđe, str.16.
[8] Сојузен закон за наследување (Службен лист на ФНРЈ бр.20/55)
[9] Закон за наследување (Службен весник на СРМ бр.5/73, бр.27/78)

ствари што му припаѓаат на примателот на издршката во времето на склучувањето на договорот, или на определен дел од тие ствари, чие предавање на давателот на издршката е одложено до смртта на примателот на издршката (договор за доживотна издршка).[10] Со оглед на ваквата дефиниција, договорот преставуваше сложен правен институт, кој во себе содржи повеќекратни права и обврски помеѓу договорните страни, со евентуално дејство и спрема трети лица.

Со развојот на современото општество и со усогласување на нецелосните одредби со кои се регулираше договорот за доживотна издршка содржани во Законот за наследување од 1973 година, овој договор доби поинакви карактеристики, отколку што првично беше уреден во 1955 година. Особено, во Македонија, овој договор доби карактеристика на договор преку кој се врши заштита на старите лица, а не како договор со кој порано се оставаше во наследство земјоделски имот на давателот на издршката.

Законот за наследување од 1996 година[11], за разлика од претходните закони (од 1955 и 1973), не го уреди договорот за доживотна издршка. Така што, во преодната одредба чл. 145 од Законот за наследување од 1996 година, се предвиде дека одредбите од членот 120-126 (од Законот за наследување од 1973) ќе останат во сила и ќе се применуваат како што биле нормирани со тој закон, притоа новиот закон истите не ги нормираше, упатувајќи дека ќе се применуваат овие одредби се до донесувањето на Законот за облигациони односи на Република Македонија. Со донесувањето на Законот за облигациони односи во 2001 година[12], се прифати регулирањето на договорот за доживотна издршка и тоа во одредбите од членот 1029-1035. Со тоа се стави крај на деценискoто уредување на договорот за доживотна издршка во Законот за наследување.

Поради новите тенденции и аспекти на третирање на овој договор, денес е дадена пократка дефиниција за овој договор, изоставувајќи ги елементите на договорот за доживотна издршка кој главно имаше за цел да се остава во наследство земјоделскиот имот. Договорот за доживотна издршка е правен институт чија законска дефиниција е содржана во членот 1029 од Законот за облигационите односи.[13] Така, според денешното право, „договорот за доживотна издршка претставува договор со кој давателот на издршката се обврзува да го издржува доживотно примателот на издршката или некое

[10] Поп Георгиев Д. (1985). *Облигационо право*. Скопје: Култура, стр.363.
[11] Закон за наследување („Службен весник на Република Македонија“, бр.47/96)
[12] Закон за облигационите односи на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“, бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/1, 123/13, 215/21,154/23,), во понатамошниот текст ЗОО
[13] Член 1029 од ЗОО

трето лице, а примателот на издршката во надомест му го остава целиот свој имот или определен дел од имотот, чие предавање е одложено се до неговата смрт“.

Имајќи ја предвид вака поставената дефиниција за договорот за доживотна издршка, првичната цел на законодавецот за правно нормирање на овој договор е заштита на старите лица. Оттука, значењето на договорот за доживотна издршка е големо, бидејќи овозможува лицата кои не се во можност сами да се издржуваат или грижат за себе, да ја добијат потребната издршка.

## 2. ПРАВНА ПРИРОДА НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

Договорот за доживотна издршка е правно дело inter vivos, двострано обврзувачки договор, алеаторен, каузален, најчесто се склучува поради личните својства на договорните страни.

Во цивилната доктрина постојат различни ставови за правната природа на договорот за доживотна издршка. Прва група на автори, сметаат дека договорот за доживотна издршка е исклучиво наследно правен договор[14]. Додека други автори сметаат дека не постои покомплексен договор во позитивното облигационо право од договорот за доживотна издршка.[15] Оваа втора група на автори сметаат дека договорот за доживотна издршка е облигационен договор sui generis, и истиот нема наследно правно дејство. Имотот што е предмет на договорот за доживотна издршка не влегува во оставината на примателот на издршката. Но, ова не е резултат на наследно правното дејство, туку последица од тоа што овој договор има облигационен карактер. Договорот станува правно валиден веднаш по неговото склучување и останува во сила за време на животот на договорните страни. Единствената разлика е што пренесувањето на имотот, предмет на договорот, се одложува до смртта на примателот на издршката.[16]

Трета група на автори смета дека договорот за доживотна издршка, иако по својата правна природа е од облигационен карактер, исто така го признава и наследното правно дејство на овој договор. Таков став зазема и судската пракса: „договорот за доживотна издршка не е само облигационен договор, тој е договор и со наследно правен

[14] Perišić M. (1964). *O Pravnoj prirodi ugovora o doživotnom izdržavanju*, Pravni Život, broj 6/1964, str.9.; Cmiljanić B.(2000). *Specifičnosti ugovora o doživotnom izdržavanju,* Sudska praksa, Beograd, broj 1/2000, str.67.
[15] Šović S. (1999). Sudija Vrhovnog suda Srbije: "*Zloupotreba prava kod ugovora o doživotnom izdržavanju*", Bilten Vrhovnog suda Srbije, broj 2/1999, str.177.
[16] Ubavić M. (2004). U*govor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom (preko 500 sudskih odluka) i primerima ugovorne isprave*, Beograd, Građevinska knjiga, str.16

карактер, каде што преносот на имотот се одложува до смртта на примателот на издршката“.[17]

Следејќи ги различните ставови и мислења, може да се утврди дека договорот за доживотна издршка е комплексен правен институт кој може да биде гледан и интерпретиран од различни правни аспекти и перспективи. И покрај различните ставови во цивилната доктрина, сепак сметаме дека договорот за доживотна издршка претставува значаен правен институт кој треба да се разгледува со внимание и во современите правни контексти. На мислење сме дека овој договор е значаен и за облигационото и за наследното право. Имено, договорот за доживотна издршка се смета за склучен кога договорните страни ќе постигнат согласност за суштествените својства и елементи на договорот.[18] Суштинските елементи на договорот вклучуваат согласност на примателот на издршката, по неговата смрт, да го пренесе имотот или дел од имотот на давателот на издршката, како и согласност на давателот да го издржува и грижи за примателот на издршката. Во моментот на склучување на договорот, договорните страни се стекнуваат со облигациони права и обврски. Договорот за доживотна издршка не претставува основ за барање наследство, туку има наследно правно дејство. Во овој случај договорот претставува правна трансакција inter vivos, а имотот што е предмет на договорот не влегува во оставината на примателот на издршката. Токму поради ова, давателот на издршката се стекнува со имотот што е предмет на договорот, како сингуларен сукцесор, а само преносот на имотот е одложено до смртта на примателот на издршката.[19] Во однос на нужното наследство, врз основа на овој договор, нужните наследници не можат да го остварат своето право на нужен дел. Токму поради ова, во пракса овој договор често се склучува за да се изиграат законските наследници и тие да не го добијат својот нужен дел, определувајќи едно лице кое ќе се стекне со имотот што е предмет на договорот. Додека пак во однос на престанокот, овој договор престанува со смрт на примателот на издршката, а под определени услови престанува и со смрт на давателот на издршката, спогодбено и со раскинување. Со ова јасно се гледа двојното значење на договорот, односно наследното и договорното правно значење.

---

[17] Одлука на Врховен суд на Србија , Рев. бр. 5152/01 од 26.09.2002.

[18] Perović S. (1981). *Obligaciono pravo*, Beograd, Sluzbeni list SFRJ.

[19] Поради ова договорот за доживотна издршка треба да се разликува од договорот за наследување, кој претставува правно дело *mortis causa*, бидејќи неговите правни дејствија се остваруваат по смртта на договорната страна - оставител и претставува најсилен основ за наследување согласно правните системи кои го регулираат. Во нашиот правен систем, договорот за наследување е ништовен. Види член 7 од Законот за наследување.

## 3. РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА ОД ДРУГИТЕ ПРАВНИ ДОГОВОРИ И ПРАВНИ ИНСТИТУТИ ЗА ГРИЖА И НЕГА ЗА СТАРИ ЛИЦА И ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ГРИЖА И НЕГА

### 3.1. Договор за доживотна издршка и договор за доживотна рента

Во македонскиот правен систем не постои посебен правен пропис кој го уредува договорот за доживотна рента, како самостоен именуван договор, додека, како што веќе беше напоменато, договорот за доживотна издршка е нормативно предвиден и има значајна улога во облигационото право. И покрај различната правна природа, и двата договора имаат за цел обезбедување сигурност и егзистенцијална поддршка на едно лице до крајот на животот.

Во современите граѓански законици договорот за доживотна рента е јасно предвиден како самостоен именуван договор.[20] Анализата на националните законодавства покажува дека тој е уреден во повеќе европски држави, меѓу кои Полска, Германија, Шпанија, Швајцарија и Италија. За разлика од договорот за доживотна издршка, со договорот за доживотна рента едната договорна страна се обврзува кон другата страна да врши одредени периодични извршувања во пари или во заменливи средства.[21]

Анализата на правните одредби што ги уредуваат договорот за доживотна издршка и договорот за доживотна рента овозможува одвојување на одредени заеднички белези: и двата договора се склучуваат во писмена форма, правото од договорот за доживотна издршка и договорот за доживотна рента може да се пренесе на трето лице.

Основната разлика помеѓу овие два договора се состои во содржината на обврската. Кај договорот за доживотна издршка, обврската на давателот не се сведува исклучиво на исплата на определена парична сума, туку може да опфати и поширок спектар на дејствија – како обезбедување грижа, нега и секојдневна поддршка на примателот на издршката. За разлика од тоа, договорот за доживотна рента предвидува однапред утврден паричен износ што давателот периодично го исплаќа на

[20] За пример на формулација на договор за доживотна рента во современите граѓански законици, види: Bürgerliches Gesetzbuch (BGB), §§ 759–761; Swiss Civil Code (Швајцарија), Arts. 516–520; Codice Civile (Италија), Arts. 1872–1881; Código Civil (Шпанија), Arts. 1802–1808; Polish Civil Code, Arts. 903–907.

[21] Ђорђевић В. (1997). Уговор о доживотном издржавању - уводни реферат, *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр.4

доверителот.[22] Кај договорот за доживотна издршка, пак, износот на финансиската обврска не може прецизно да се одреди однапред, бидејќи зависи од бројни околности поврзани со животните потреби и здравствената состојба на примателот.[23]

Треба да се напомене дека, законодавецот, сепак, предвидува можност судот, доколку тоа одговара на интересите на страните, правото на примателот на издршката да го замени со доживотна парична рента.[24] Оваа можност доаѓа предвид во случаи кога, по склучувањето на договорот, се измениле околностите до таа мера што неговото исполнување станало значително отежнато. Во такви ситуации, судот, по барање на странките, може повторно да ги уреди нивните односи, водејќи сметка за сите релевантни околности. На тој начин, наместо целосен прекин на договорот, судот може да одлучи доживотната издршка да се замени со доживотна парична рента, со цел да се задржи основната функција на договорот – обезбедување на материјална и егзистенцијална сигурност на примателот на издршката. Пренаичувањето на договорот за доживотна издршка во договор за доживотна парична рента може да се изврши само пред суд, и тоа во постапка што ја следи истата форма и гаранции како и при случување на договорот за доживотна издршка. По преиначувањето на договорот, односите помеѓу договорните страни треба да се регулираат согласно со правилата што важат за договорот за доживотна парична рента. [25]

### 3.2. Договорот за доживотна издршка и договорот за наследување

Во македонската правна традиција договорот за наследување бил познат во периодот меѓу двете светски војни, врз основа на примена на Српскиот граѓански законик од 1844 година. По завршувањето на Втората светска војна, под влијание на судската практика и со донесувањето на новите правни прописи, овој договор бил отстранет од наследното право и повеќе не претставува правен основ за наследување во современиот македонски правен систем.[26] Наместо тоа, во современото законодавство беа предвидени договорот за доживотна издршка и договорот за определување на имот за време на живот.

---

[22] Ибид.

[23] Ubavić M. (2004). U*govor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom (preko 500 sudskih odluka) i primerima ugovorne isprave*, Beograd, Građevinska knjiga, str.30

[24] Член 1034 став 2 од ЗОО

[25] Сворцан С. (2004). *Коментар Закона о наслеђивању Србије са судском праксом*, Крагујевац, стр.476

[26] Мицковиќ Д., Ристов А. (2014). *Наследно право,* Скопје*,* Културна установа „Блесок".

Во современите европски граѓански законици договорот за наследување и натаму е нормативно предвиден, иако со различни ограничувања и модалитети на примена[27]. За разлика од тоа, во македонското позитивно право овој договор е споменат во Законот за наследување, каде што се дефинира неговата содржина, но истовремено е изречно прогласен за ништовен.[28] Ваквиот пристап ја нагласува тенденцијата на законодавецот целосно да го исклучи договорот за наследување како правен основ за наследување, оставајќи ја можноста регулирањето на меѓусебните имотно-правни односи да се остварува преку други договорни форми, пред сѐ договорот за доживотна издршка и договорот за определување на имот за време на живот.

Заедничка карактеристика на овие договори и договорот за наследување е тоа што тие произлегуваат од слободната волја на страните и се склучуваат согласно строго утврдени формални услови.

Основната разлика помеѓу договорот за доживотна издршка и договорот за наследување се состои во нивната цел. Имено, договорот за наследување претставува правен основ за наследување и има исклучиво наследно-правен карактер, додека договорот за доживотна издршка е облигационен договор кој по својата природа не претставува правен основ за наследување, но сепак произведува наследно-правни последици. Ова пред се, се однесува на фактот дека имотот кој е предмет на договорот за доживотна издршка не станува дел од оставината на оставителот.[29] Договорот за доживотна издршка за разлика од договорот за наследување претставува правно дело inter vivos, додека договорот за наследување е правно дело mortis causa.[30] Сепак, постојат две суштински карактеристики што овие два договора во значителна мера ги разграничуваат. Прво, кај договорот за наследување, за разлика од договорот за доживотна издршка, оставителот не може слободно да располага со делот што им припаѓа на нужните наследници, бидејќи нивното право останува законски

[27] Договорот за наследување е правно уреден во повеќе европски граѓански законици: Германскиот граѓански законик (§§ 2274ff-2303 *BGB*); Австрискиот граѓански законик (§§ 1278-1283 *BGB*); Швајцарскиот граѓански законик (одредбите се разместени во повеќе делови од законикот); Францускиот граѓански законик.... За ова види повеќе кај: Мицковиќ Д., Ристов А. (2016). *Реформата на наследното право во Република Македонија*, Скопје.

[28] „Ништовен е договорот со кој некој ја остава својата оставина или нејзин дел на својот содоговарач или на трето лице, освен ако располагањето се врши со договор за доживотна издршка." - Член 7 од Закон за наследувањето („Службен весник на Република Македонија", бр.47/1996),

[29] Bevanda M., Čolakovič M. (2012). Ugovor o doživotnom uzdržavanju I ugovor o dosmrtnom uzdržavanju u sudskoj praksi, *Zbornik radova Aktuelnosti građanskog i trgovačkog zakonodavstva i pravne prakse*, br.10, Mostar, str.276-293.

[30] Ubavić M. (2004). U*govor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom (preko 500 sudskih odluka) i primerima ugovorne isprave*, Beograd, Građevinska knjiga, str.22

загарантирано. Второ, со договорот за наследување наследниците директно ги наследуваат правата и обврските на оставителот, со што се обезбедува и заштитата на правата на неговите доверители.[31]

Конечно, суштинската разлика се огледа и во правната природа на сукцесијата: договорот за доживотна издршка секогаш претставува облик на сингуларна сукцесија, со оглед на тоа што се однесува на индивидуално определен имот или права, додека договорот за наследување може да биде основ и за универзална сукцесија (целата оставина) и за сингуларна сукцесија (договорен легат).[32]

### 3.3. Договорот за доживотна издршка и социјална заштита на стари лица и лица на кои им е потребна нега и грижа

Во македонското право, покрај договорот за доживотна издршка, постојат и други облици на правни и социјални институти чија цел е обезбедување грижа и нега на стари лица и лица кои имаат потреба од нега и грижа. Тука спаѓаат социјалните услуги предвидени во Законот за социјална заштита[33]. За разлика од договорот за доживотна издршка, кој е облигационен договор со приватно-правен карактер и се заснова на пренос на имот во замена за грижа, овие социјални услуги се јавно-правни институти, финансирани и регулирани од државата, при што нивната примена не подразбира пренос на сопственост, туку обезбедување на стандардизирана поддршка врз основа на индивидуално утврдени потреби. Меѓу нив, за потребите на оваа анализа можат да се издвојат неколку кои се споредливи со функцијата на договорот за доживотна издршка, и тоа: услугите во домот (чл. 74), услугите на дневен престој (чл. 80), како и формите на вонсемејна заштита (чл.86), во кои спаѓа згрижувањето во семејство и сместувањето во установа за долготрајна грижа.

- *Услуга помош и нега во домот*: со оваа услуга се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, за лица кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за самостојно да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата.[34] Оваа услуга се обезбедува за лице кое нема склучено договор за доживотна издршка или има покренато

[31] Мицковиќ Д., Ристов А. (2016). *Реформата на наследното право во Република Македонија*, Скопје, стр.47.
[32] Ibid. str.44.
[33] Закон за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“, бр. 104/19,146/19,275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 249/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/2025).
[34] Член 75 од Закон за социјалната заштита.

постапка за раскинување на договорот за доживотна издршка. Трошоците за оваа услуга се надоместуваат од страна на Центарот за социјални работи[35]

- *Услуга на дневен престој*: со оваа услуга се овозможува дневно згрижување и активности кои вклучуваат социјална, културна и рекреативна анимација, едукација и поддршка на корисниците и нивните семејства.[36]

- *Вон-семејната заштита: оваа заштита вклучува различни форми, како згрижувањето во семејство и сместување во установа.* Згрижувачкото семејство обезбедува 24-часовна грижа во домашни услови за лица коа немаат семејство или услови за живот во сопственото.[37] На сместеното лице му се обезбедува задоволување на секојдневните потреби, грижа, здравствена состојба во зависност од секојдневните потреби на корисникот.[38] Додека пак институционалното сместување во установа[39] овозможува континуирана грижа, медицинска и социјална поддршка. По содржина овие услуги се блиски до договорот за доживотна издршка. Кај сместувањето во установа, договорот по својата природа претставува договор за услуга, се заснова на парична противвредност што ја плаќа корисникот или неговите блиски, додека установата обезбедува сместување, исхрана, здравствена и социјална грижа. За разлика од тоа, кај договорот за доживотна издршка, имотниот пренос претставува суштински елемент, а врската меѓу договорните страни е intuitu personae, базирана на доверба и личен однос меѓу примателот и давателот на издршката.

Она што може да се заклучи од анализата на законските одредби, целта на договорот за доживотна издршка и на социјалните услуги е обезбедување грижа и поддршка за старите лица и лицата со намален функционален капацитет, но нивната правна природа и механизми на остварување се суштински различни. Договорот за доживотна издршка претставува приватно-правен облигационен однос кој се заснова на пренос на имот или имотно право во замена за грижа и нега, при што врската меѓу страните е intuitu personae и се гради врз меѓусебна доверба. За разлика од тоа, социјалните услуги, како што се помошта и негата во домот, дневниот престој или институционалното сместување, се јавно-правни институти, финансирани и регулирани од државата. Тие обезбедуваат стандарден пакет на услуги утврдени врз основа на

---

[35] Тодорова Б. (2023). *Социјално право*, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Штип, пристапено преку: https://e-lib.ugd.edu.mk/pdf/pdf_ss9s/616e612e7a6472617665766 1na.pdf, (последна посета на 14.09.2025), стр.230
[36] Член 80 од Законот за социјална заштита
[37] Член 88 од Законот за социјална заштита
[38] Член 89 од Законот за социјална заштита
[39] Член 94 од Законот за социјална заштита

индивидуална проценка на потребите, без да се бара пренос на сопственост или имот од страна на корисникот.

Покрај наведените услуги, Законот за социјална заштита предвидува и парични форми на поддршка за лица со зголемени потреби од нега и грижа, како што се надоместокот заради попреченост (чл. 44) и надоместокот за помош и нега од друго лице (чл. 48). За разлика од услугите и договорот за доживотна издршка, овие мерки обезбедуваат социјално вклучување и еднакви можности, и им овозможуваат на лицата кои не можат самостојно да ги извршуваат основните активности од секојдневниот живот да добијат потребна помош и нега, особено доколку ова право не може да го остварат врз основа на други прописи.[40]

[40] Види повеќе: член 44 и 48 од Закон за социјалната заштита.

## ГЛАВА II

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

### *Општи напомени*

Општо е прифатено мислењето дека договорот претставува согласност на волјите на две договорни страни или повеќе лица, за определен предмет или дејствие. Во оваа смисла, договорот за доживотна издршка претставува правен инструмент кој се заснова на согласноста на волјите на примателот на издршката и давателот на издршката, создавајќи облигационен однос меѓу нив.[41] Овој договор носи со себе специфични карактеристики кои се условени од волјата на самите договорни страни и применливите законски одредби.

По своите карактеристики договорот за доживотна издршка претставува двостран-обврзувачки, товарен, алеаторен, строго формален, договор Intuitu personae и консензуален договор. Во продолжение ќе се разгледа секоја од овие поединечни карактеристики.

Договорот за доживотна издршка е значаен и од социјален аспект. Договорот за доживотна издршка има и значајна социјална димензија, особено во контекст на постарата популација.[42] Бидејќи приматели на издршка често се постари лица, кои, плашејќи се од неизвесноста што ја носи староста, решението за обезбедување на доживотна издршка го наоѓаат преку вложување на имотот што го стекнале во минатото. Според природата на овој договор, тој има социјална димензија, бидејќи му овозможува на примателот да обезбеди сигурност и грижа во староста без да се ангажираат ресурси на општествената заедница. На тој начин, голем дел од постарата популација го решава својот проблем преку договор за доживотна издршка, што овозможува лична сигурност. Овој договор има за цел да обезбеди сигурност и достоинствен живот за примателот на издршката, што е основна компонента на социјалната заштита.[43]

---

[41] Сворцан С. (2004). *Коментар Закона о наслеђивању Србије са судском праксом*, Крагујевац, стр.426.

[42] Шовић С. (1999). *Злоупотреба права код уговора о доживотном издржавању*, Билтен Врховног суда Србије, бр.2/1999, стр.178.

[43] Видете повеќе: Bevanda M., Čolakovič M. (2010). *Ugovor o doživotnom uzdržavanju povijesni prikaz i regulacija u bosanskohercegovačkom pravu*, Zbornik radova Pravnog fakulteta Sveučilišta u Mostaru, XXI-2010

## 1. ДВОСТРАН - ОБВРЗУВАЧКИ ДОГОВОР

Договорот за доживотна издршка е двострано обврзувачки договор, бидејќи и за двете договорни страни се создаваат права и обврски, кое доаѓа како израз на согласност на волјата на двете договорни страни. Неговите страни во исто време се и доверители и должници.[44] Имено, давателот на издршката за предмет на својата обврска го има, задоволувањето на потребите на примателот на издршката заради одржување на животот. Обврската за издржување се состои од низа давања и сторувања, со цел да се задоволат неопходните потреби на примателот. Обврска на примателот на издршката е тој да му го даде на давателот на издршката како надомест целиот свој имот или определен дел од имотот, чие предавање е одложено се до смртта на примателот на издршката. Притоа, обврските за давателот на издршката настануваат за време на живот (inter vivos), додека пак пренесувањето на имотните права што се предмет на договорот давателот на издршката ги стекнува во моментот на смртта на примателот на издршката (mortis causa). Ова покажува дека договорот за доживотна издршка според неговото правно дејство претставува мешовит правен институт.[45]

Двете страни се свесни за создавањето на своите обврски, а нивната намера е токму во насока на формирање на тие обврски, што значи дека тие се вистински израз на нивната волја. Ова е типичен пример на договори со изразени меѓусебни обврски на договарачите, и со јасно изразена тројна зависност на меѓусебните обврски. Така што настанувањето на обврските на давателот на издршката е условено од настанувањето на обврските на примателот и обратно. Постоењето и времетраењето на обврските на давателот на издршката зависи од постоењето и времетраењето на обврските на примателот на издршката и обратно. Оваа зависност е постојана, што е особено важно за двете страни, односно за нивна сигурност при траење на облигациониот однос. Исто така, евидентна е и функционалната зависност на меѓусебните обврски, која е поврзана со самото извршување. Примателот на издршката може да бара раскинување на договорот поради доцнење во исполнувањето на обврските од страна на давателот на издршката. Овластените лица можат, по смртта на примателот на издршката, да го оспорат стекнувањето на сопственоста на стварите што се предмет на договорот,

[44] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2021). *Облигационо право*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Скопје, пристапено преку: https://ukim.edu.mk/e-izdanija/PRF/Obligaciono_pravo.pdf, (последна посета на 23.08.2025), стр.319

[45] Мицковиќ Д., Ристов А. (2014). *Наследно право,* Скопје, Културна установа „Блесок", стр.180.

повикувајќи се на неисполнување на обврските на давателот на издршката кон примателот на издршката.[46]

## 2. ТОВАРЕН ДОГОВОР

Товарни правни дела се оние кај кои секоја од договорните страни е должна да даде противчинидба за тоа што го примила врз основа на договорот. Товарните правни дела секогаш се двострано обврзувачки дела.[47] Од друга страна, даровните дела се оние правни дела каде договорната страна не е обврзана да даде противчинидба за тоа што го примила. Во контекст за даровните договори, се поставува прашањето дали договорот може да се смета за даровен само ако се зголеми имотот на едната страна за сметка на другата договорна страна, без размена на еквивалент, или пак, е неопходно присуството на субјективен елемент на страна на оној чиј имот се намалува, односно намерата за дарежливост. Според превладувачкото мислење, два клучни елементи се неопходни: стекнување на корист без размена на нешто што може да се смета за еквивалент од страна на оној кој го стекнува имотот, како и присуството на дарежлива намера од страната која го намалува својот имот.[48]

Оттука, може да се заклучи дека договорот за доживотна издршка е товарен договор, со оглед на тоа дека секоја страна за она што го дава од другата добива соодветна противвредност (за дадената издршка давателот добива имот, а за дадениот имот примателот ја добива издршката).[49] Договорните страни се целосно свесни за сите овие околности кога го склучуваат договорот и токму сакаат да воспостават таков однос на права и обврски.

Оваа карактеристика на договорот за доживотна издршка е посебно значајна за наследното право: претставува најважен критериум за разликување на овој договор од другите правни институти (договор за определување на имот за време на живот, договор за дар сл.).[50] Разликата во вредноста на взаемните давања меѓу страните е очигледна, при што ретко се случува тие да се приближно еднакви. Практично никогаш не се случува каде што взаемните давања се еквивалентни. Но, ова не може да се појасни на површен

---

[46] Сворцан С. (2004). *Коментар Закона о наслеђивању Србије са судском праксом*, Крагујевац, стр.427.
[47] Живковска Р., Пржеска Т. (2021). *Граѓанско право општ дел.* Скопје, Европа 92, стр.284
[48] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србије.....*op.cit.*, стр.427.
[49] Ђорђевић В. (1997). Уговор о доживотном издржавању - уводни реферат*, Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу,стр.6
[50] Ибид.

начин. Причината за ова треба да се бара во алеаторната природа на овој договор (што ќе се разгледа подолу во текстот).

## 3. АЛЕАТОРЕН ДОГОВОР

Поделбата на договорите на кумутативни и алеаторни се врши врз основа на сознанието на договорните страни за обемот на нивните права и обврски во моментот на склучување на договорот. Кумутативни се оние договори, каде на договорните страни им е познат обемот на прават и обврските во моментот на склучување на договорот. Спротивно на тоа, алеаторните договори се тие каде во моментот на склучување на договорот, договорните страни не можат да го одредат обемот на нивните права и обврски, бидејќи тој зависи од идни и неизвесни настани.[51]

Договорот за доживотна издршка спаѓа во групата на алеаторни договори поради тоа што во моментот на неговото склучување не е позната вредноста на взаемните давања на договорните страни, бидејќи зависи од иден неизвесен настан, односно од должината на животот на примателот на издршката[52], како и од неговите потреби кои можат да се зголемат и да се намалат за време на траењето на договорниот однос. Оттука, обемот и видот на обврската на давателот на издршката не е секогаш однапред позната. На овој начин овој договор е еднострано алеаторен, во моментот на склучување на договорот постои неизвесност што го оптоварува само давателот на издршката. Што се однесува до обврската на примателот на издршката вообичаено непостои неизвесност. Неговата обврска мора да биде одредена или барем одредлива за да може договорот да биде полноважен.

Ова упатува на потребата да ги разгледаме последиците од алеаторноста, особено во контекст на взаемните давања. Како што веќе наведовме, обврската на давателот на издршката е да го издржува примателот на издршката. Меѓутоа, конкретните активности кои ќе ги има давателот на издршката, како и за двете договорни страни, се апсолутно непознати. Првата и најосновна неизвесност, која влијае на квантитетот на обврската, е поврзана со должината на животот на примателот на издршката. Имено, ЗОО не предвидува минимум времетраење на издршката за договорот за доживотна издршка да се смета за валиден. Оттука, договорот за доживотна издршка склучен непосредно пред

[51] Види повеќе: Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2021). *Облигационо право*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, пристапено преку: https://ukim.edu.mk/eizdanija/PRF/Obligaciono_pravo.pdf (последна посета на 23.08.2025)
[52] Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев. 638/86.

смртта на примателот на издршката се смета како подарок.[53] Ваквиот став на судската пракса се оправдува, бидејќи во таков случај се нагласуваат даровните елементи наспроти елементот на товарност. Оттука, судската пракса правилно дава предност на аспектите на товарност, во спротивност на аспектите на алеаторност.[54] Со ова се доведува во прашање и двострано-обврзувачкиот карактер на договорот, со оглед на очекуваната смрт на примателот на издршката поради неговата тешка болест, правилно е утврдено дека давателот на издршката не презел обврска за стварно издржување, па според тоа се смета дека не е склучен договор за доживотна издршка како двострано-обврзувачки договор.[55]

Следно прашање кое се поставува е дали договорот за доживотна издршка ќе биде валиден доколку истиот воопшто не се реализирал од страна на давателот на издршката? Одговорот на ова прашање не се наоѓа во ЗОО, туку во судската пракса. Имено, договорот за доживотна издршка не произведува правно дејство доколку не почнал да се извршува. Ова од причина што договорот е товарен.[56] И овој став на судската пракса се оправдува поради истите причини, а тоа е дека договорот за доживотна издршка е двостран-обврзувачки и товарен договор.

Меѓутоа, алеаторната природа на договорот за доживотна издршка не се оценува само според временскиот јаз помеѓу склучениот договор и смртта на примателот на издршката, туку и според сите околности на случајот. Поединечни судски одлуки покажуваат дека не секогаш кога договорот за доживотна издршка траел кратко време, истиот ќе биде прогласен за неполноважен и ќе биде конвертиран во договор за дар.[57] Судот зазема став дека е неосновано правното мислење дека договорот за доживотна

---

[53] Релевантни одлуки: Договорот за доживотна издршка може да содржи и елементи на договор за подарок. Дали договорот за доживотна издршка е всушност мешовит договор, треба да се просудува според тоа дали она што давателот на издршката го добива во сопственост со тој договор после смртта на примателот на издршката е сразмерно со она што давателот на издршката го дал и што било веројатно дека ќе мора да го даде на примателот на издршката до неговата смрт. Ако договорот за доживотна издршка така не би се просудувал, би постоела можност во рамките на овој договор да се изиграат нужните наследници и да се лишат од својот нужен дел. (Одлука на Врховниот суд на Војводина, Гж. 190/62). Договорот за доживотна издршка не може да произведе правно дејство ако е склучен непосредно пред смртта на примателот на издршката. Меѓутоа, таков договор може да има правна важност како договор за подарок, ако од содржината на договорот се гледа дека постоела таква побуда. (Одлука на Врховниот суд на Македонија, Гж. 91/72 од 4.XII.1972)

[54] Мицковиќ Д., Ристов А. (2014). *Наследно право,* Скопје, Културна установа „Блесок“, стр.181.

[55] (Одлука на Врховниот суд на Македонија, Гж. бр. 589/77 од 4.III.1978).

[56] (Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 692/81 од 1981 година).

[57] Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев.450/06 (Според Врховниот суд, основниот услов за постоење на алеаторност во договорот за доживотна издршка во конкретниов случај е исполнет, бидејќи идниот настан - смртта на примателот на издршката бил неизвесен за договорните страни во субјективна смисла, а не исклучиво во објективна смисла. Се работи токму за неизвесност, за смртта на примателот на издршката, што како такво во субјективна смисла е неизвесен настан за двете страни во договорот.)

издршка нема да произведе правно дејство доколку е склучен непосредно пред смртта на примателот на издршката. Ова се потврдува од фактот дека, според судот, доколку двете договорни страни имале предвид стварната обврска за издржување при склучување на договорот, а давателот на издршката ја извршувал истата пред да биде склучен договорот, надоместокот се пресметува и за претходно даденото издржување.

Сепак, кога се анализира алеаторната природа на договорот и последиците од алеаторноста, секој конкретен случај треба посебно да се вреднува, од особено значајни се конкретните околности и фактот дали давателот на издршката ја давал издршката и пред склучувањето на договорот.

Алеаторната природа на договорот има една значајна последица врз судбината на договорот. Кај алеаторните договори не може да се бара поништување на договорот поради прекумерно оштетување, бидејќи погоре недвосмислено беше наведено дека договорот спаѓа во групата на алеаторни договори, кај кои се очекува да постои несразмерност во взаемните давања. Оттука, овој договор е во спротивност на начелото на еквивалентност. Иако, начелото на еквивалентност, претставува едно од основните начела кај двострано - обврзувачките договори, не може да се примени кај договорот за доживотна издршка,[58] бидејќи по својата природа истиот е товарен и алеаторен. При оценка на полноважноста на договорот, вредноста на имотот кој го добива давателот на издршката како надомест за дадената издршка не е релевантна во однос на обврската за издржување. Ова поради тоа што начелото на еквивалентност не се применува кај договорот за доживотна издршка. Со овој вид на договор, давателот на издршката се обврзува да го издржува примателот на издршката до неговата смрт, а бидејќи смртта е неизвесен настан, така и обемот и обврската на давателот не се познати во моментот на склучување на договорот. Според моралните стандарди, договорот би можел да биде неморален единствено ако давателот на издршката во моментот на склучување на договорот би знаел за блиската смрт поради здравствените состојби на примателот на издршката.[59]

[58] Ubavić M. (2004). U*govor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom (preko 500 sudskih odluka) i primerima ugovorne isprave*, Beograd, Građevinska knjiga, str.17

[59] Одлука на Врховен суд Србија, ГЖЖ 2254/77, Одлука на Врховен суд Србија, Рев. 2372/88 од 21.12.1988, Одлука на Врховен суд Србија, Рев.3414/99 од 24.11.1999

## 4. СТРОГО ФОРМАЛЕН ДОГОВОР

Договорот за доживотна издршка претставува строго формален договор. ЗОО прецизно дефинира дека јавните органи треба да учествуваат во склучувањето на овој договор. Од одредбите на ЗОО произлегува дека за склучување на договорот за доживотна издршка се бара најстрога форма што е пропишана за некоја правна работа, а тоа е солемнитетната форма (ad solemnitatem) и тоа заверка од страна на судија или нотар и во присуство на двајца сведоци.[60] Пропишаната форма е суштествен елемент за полноважност на договорот, па доколку не биде запазена, договорот не произведува правно дејство. Ваквата форма е во улога на заштита на примателот на издршката, но и на неговите нужни наследници. Тоа го подвлекува и самиот законодавец, предвидувајќи обврска на судијата, односно нотарот да го предупреди примателот на издршката за последиците од договорот, што ја минимизира можноста за очигледен недостаток на волјата на страна на примателот на издршката.[61] Освен тоа, оваа форма служи како доказ дека договорот за доживотна издршка е склучен, како и гаранција за извршување на меѓусебните договорни обврски, што укажува на тоа дека формата е повеќе предвидена во интерес на заштита на примателот на издршката, кое како старо лице и изнемоштени му се гарантира исполнување на неговите права од договорот.[62] Оваа постапка обезбедува дека примателите на издршката се запознаени со своите права и обврски, како и со сите можни последици, што го намалува ризикот од евентуални злоупотреби. Со формата се овозможува и евентуално докажување дека се преземени некои дејствија и создава сигурна основа за внесување на правно релевантните факти во јавниот регистар.

Посебно важно е што постапката може да вклучи и запишување на договорот во јавните книги, т.е. во катастарот на недвижностите[63], што го обезбедува неговиот објективен карактер и дава дополнителна сигурност на договорните страни. Ова

[60] За формата на договорот за доживотна издршка види член 1030 од ЗОО. Сведоци можат да бидат само лица кои можат да бидат сведоци при составување на судски тестамент. Согласно член 70 од Законот за наследување при составување на судски тестамент можат да бидат сведоци полнолетни лица на кои не им е одземена деловната способност и кои знаат да читаат и пишуваат, а го разбираат и јазикот на кој е составен тестаментот. Не можат да бидат сведоци при составувањето на судски тестамент, ниту тестаментот да го состават по кажување на завештателот во својство на судија: потомците на завештателот, неговите посвоеници и нивните потомци, неговите предци и посвоители, неговите роднини во странична линија до четвртиот степен заклучно со брачните другари на сите овие лица и брачниот другар на завештателот.

[61] Stanković M. (2010). *Ugovor o doživotnom izdržavanju u srpskom pozitivnom poravo - zaštita primaoca izdržavanja*. Pravni život br. 10, str.983

[62] Ибид.

[63] Член 1031 од ЗОО.

покажува дека државата презема одговорност за заштита на старите лица и обезбедува одреден степен на нивен надзор, осигурувајќи дека сите договори се склучени во согласност со законот и во најдобриот интерес на сите вклучени страни.

Меѓутоа, иако напред изнесените аргументи ја оправдуваат невалидноста на договорот за доживотна издршка, во случај на неисполнување на формалните услови предвидено со закон, постојат ситуации каде поништувањето на договорот може да предизвика поголема штета спрема примателот на издршката, особено ако недостатоците во однос на формата се минимални, а договорот подолго време се извршувал.[64] Имено, инсистирањето за поништување на договорот секогаш кога не се исполнети законските услови за негово склучување, може да биде не само неправично, туку во некои случаи може да претставува и злоупотреба на правата. Во интерес на примателот на издршката, се смета за оправдан ставот на судската пракса да се дозволи конвалидација на договорот во случај на минимални недостатоци во формата на договорот, или ако давателот на издршката во целост или во најголем дел веќе ја исполнил својата обврска.[65] Ова пристапување не само што го штити интересот на примателот на издршката, туку спречува непотребни правни процеси и гарантира важност на веќе постоечкиот договор.

## 5. INTUITU PERSONAE (личен карактер)

Договорите кои се склучуваат во однос на личните карактеристики на договорните страни, се оние договори каде што при изборот на договорната страна пресудна улога има личноста, односно карактеристиките на едната или на двете договорни страни. Личната способност или посебната наклонетост кон одредено лице, што може да биде последица на различни фактори (како сродство и други аспекти), често е од суштинско значење при изборот на договорната страна.[66]

Договорот за доживотна издршка несомнено спаѓа во групата на лични договори, односно договори склучени во однос на личните карактеристики на договорните страни. При одлучувањето за договорната страна, примателот на издршката пред сè ги зема

[64] Чавдар К., Чавдар К. (2012). *Коментар на Законот за облигационите односи, коментари, објаснувања, практика и предметен регистар, трето изменето и дополнето издание*. Скопје: Академик
[65] Тоа што при заверката на договорот за доживотна издршка присуствувал сведок кој како близок роднина на примателот на издршката не би можел да биде сведок – не е од одлучно влијание за поништување на договорот за доживотна издршка ако согласно член 73 од ЗОО договорните страни ги извршиле своите обврски во целост или во претежниот дел. (ВСРМ Рев.753/95 од 23.05.1996год и Рев од 28.05.1996 година)
[66] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str.436

предвид личните карактеристики на давателот на издршката, бидејќи во негов интерес е издршката да ја обезбеди лице чии карактеристики му одговараат и во кое тој има доверба.[67] Довербата може да биде резултат на различни фактори, а најчесто е последица на роднинските врски и посебните карактеристики на давателот на издршката, што резултира во особена наклонетост кон тоа лице. Тоа би значело дека извршувањето на договорните обврски е тесно поврзано со личноста на давателот на издршката.

И давателот на издршката внимава на личните карактеристики на примателот на издршката при склучување на договорот. Тој води сметка за природата и навиките на примателот на издршката. Навиките на примателот на издршката особено влијаат на можноста за креирање на хармонија во идната заедница и општо на способноста за извршување на обврската од страна на давателот. Оценката на навиките повеќе зависи од субјективни, отколку од објективните критериуми.[68]

Од се она што го истакнавме понапред, можеме да заклучиме дека правото на доживотно издржување е лично, односно непреносливо. Оттука произлегува дека исполнувањето на обврските или стекнувањето права не може да се пренесе на други лица, надвор од она што е предвидено во договорот, без согласност на договорната страна. Имено, правото на издршка на примателот е врзано за неговата личност, а природата на ова право се противи на неговото пренесување на друго лице. Затоа, примателот на издршката не може да го пренесе своето право на трето лице.[69] Исто така, правото на издршка е ненаследно, што значи дека по смртта на примателот, тоа право не преминува на неговите наследници. Обврската на давателот на издршката по правило е непреносива. Природата на обврската е таква што давателот мора лично да ја изврши. Со оглед дека договорот е intuitu personae договорот за доживотна издршка престанува со смртта на примателот на издршката. Додека пак, правата и обврските на давателот на издршката се релативно наследни. Ако давателот почине пред примателот на издршката, неговите права и обврски можат да преминат на неговиот брачен другар и на неговите потомци, доколку бидат исполнети два услова:1. брачниот другар и потомците мораат да бидат повикани на наследство, 2. брачниот другар и потомците треба да се согласат да го продолжат договорот.[70] Ако тие не се согласат да го продолжат договорот за

[67] Počuča M. (2011). Ugovor o doživotnom izdržavanju….*op.cit.*, str.22.
[68] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србије...*op.cit.*, str.437.
[69] Симоновић Д. (2010). *Облигационо право*, Pravna praksa, Часопис за примену прописа, стр.18
[70] Член 1035 став 1 од ЗОО

доживотна издршка, а затоа немаат оправдана причина, договорот престанува и тие немаат право да бараат надоместок за порано дадената издршка.[71]

## 6. КОНСЕНЗУАЛЕН ДОГОВОР

Во нашиот правен систем е прифатен принципот на консензуалност,[72] тоа значи дека договорите стануваат полноважни во моментот кога договорните страни ќе постигнат согласност за битните елементи на договорот.

Договорот за доживотна издршка е консензуален договор, бидејќи истиот настанува во моментот кога договорните страни ќе се договорат за суштествените елементи на договорот. Како што споменавме погоре, суштествените елементи на договорот за доживотна издршка се оставањето на имотот или дел од него, кој ќе премине во сопственост на давателот по смртта на примателот на издршката, како и обврската на давателот да обезбеди издршка за примателот за време на неговиот живот.[73]

[71] Член 1035 став 2 од ЗОО
[72] Член 18 од ЗОО „*договорот е склучен кога договорните страни се спогодиле за суштествените состојки на договорот*"
[73] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2021). Облигационо право......*op.cit.*, стр.451

## ГЛАВА III

## 1. СТРАНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

Субјектите во правото можат да бидат физички лица и правни лица кои имаат правна способност. Правната способност им овозможува на овие субјекти да бидат носители на права и обврски. Тие се идентификуваат како страни во облигационите односи кои влегуваат во одредени договорни односи, каде што стекнуваат одредени права и обврски. Страните на облигационите односи, законодавецот уште ги нарекува и учесници во облигационите односи.[74]

Во рамки на договорот за доживотна издршка, според законската дефиниција договорни страни, се *примателот на издршката* и *давателот на издршката*, а како корисник во случај кога доживотното издржување се договара во корист на трето лице, се јавува тоа трето лице.

За правилна анализа на договорите за доживотна издршка, особено е важно да се разгледаат различните категории на лица кои можат да бидат вклучени како страна кај овој вид договори. Овие субјекти може да се класифицираат врз основа на различни критериуми. Така што, ако се упатиме на досегашната пракса на склучување на вакви договори, можеме да издвоиме неколку основни групи на субјекти.

Имено, во македонскиот правен систем, врз основа на видот на лицето, субјектите на договорот за доживотна издршка не се изречно определени. Ова предизвикува дилема во теоријата и судската пракса за тоа кој може да се смета за договорна страна на овој вид договор. Иако законот не ги дефинира изречно субјектите на договорот за доживотна издршка, согласно основните принципи на граѓанското право, субјекти на правото се физички и правни лица кои поседуваат правна способност. Ова значи дека давателот и примателот на издршката можат да бидат кои било лица што ги исполнуваат овие критериуми. Оттука, врз основа на видот на лицето, можеме да ги класифицираме сите субјекти на склучувањето на договорот за доживотна издршка во смисла на физички и правни лица. Правно лице не може да дејствува како примател на издршка.

Критериумот на деловна способност е значаен за класификација на лицата, во својство на договорни страни кај договорот за доживотна издршка. Според овој критериум, лицата ги делиме на лица со деловна способност, лица со ограничена деловна способност и лица без деловна способност. Во контекст на овој критериум,

[74] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј, *op. cit.*, стр.175

посебно внимание ќе се посвети и на малолетниците како субјекти при склучувањето на овој договор. Особено ќе бидат разгледани специфичните случаи, цели и оправданоста на ситуациите во кои овие лица можат да бидат вклучени како субјекти во договори за доживотна издршка, а деталната анализа ќе биде дадена во посебен дел од трудот.

При разгледување на субјектите на договорите за доживотна издршка, особено внимание треба да се посвети на случаи кога членовите на семејството, вклучувајќи ги брачните другари, се јавуваат како даватели и примателите на издршка. Во вакви случаи, договорите можат да имаат специфични аспекти и правни последици поврзани со семејните односи.

Кога критериумот за класификација на субјектите во договорите за доживотна издршка е бројот на лица кои можат да бидат вклучени како даватели и приматели на издршка, можеме да ги разгледаме субјектите како индивидуални и солидарни. Најчесто, како даватели и приматели на доживотна издршка се јавуваат индивидуални лица. Во овие случаи, секое лице има јасна и индивидуална улога во однос на обврските и правата што произлегуваат од договорот. Неколку лица може да се појават заедно како даватели на издршка. Ако не се договорени конкретни детали за поединечните обврски на секој од нив, тие ќе бидат одговорни солидарно пред примателот на издршката. Ова значи дека обврската за издршка е неделива и сите даватели ќе одговараат солидарно за издршката. Понекогаш, повеќе лица можат да бидат приматели на издршка. На пример, брачните другари можат да бидат регистрирани заедно како приматели на издршка. Ова може да се случи и кога брачните другари или членови на потесното семејство се договараат за заедничко примање на издршка. Во ситуација кога починатиот давател на издршка оставил наследници, тие можат да продолжат со извршување на договорот со примачот на издршка. Тие наследници ќе бидат одговорни за исполнување на договорните обврски во согласност со претходните договорни услови.[75]

Оваа класификација на субјектите во договорите за доживотна издршка служи како основа за подетално разгледување на страните во овие договори. Во продолжение, ќе ги анализираме сите наведени групи на субјекти, како и нивните специфични права и обврски. Посебно внимание ќе посветиме на правните лица, кои претставуваат покомплексно прашање и бараат детална правна анализа.

[75] Види повеќе член 1035 од ЗОО "Во случај на смрт на давателот на издршката, неговите обврски поминуваат на неговиот брачен другар и на неговите потомци што се повикани на наследство, ако тие се согласат со тоа." (став 1 член 1035 од ЗОО)

Со оваа структура, целиме да обезбедиме целосно и јасно разбирање на сите аспекти поврзани со договорите за доживотна издршка и да осветлиме специфични правни предизвици и обврски кои произлегуваат од нив.

### 1.1. Примател на издршка

Во договорот за доживотна издршка, примател на издржувањето може да биде само физичко лице. Најчесто се работи за старо и изнемоштено физичко лице кое има извесен имот, кое не е во состојба да се грижи само за себе.[76] Издржувањето се воспоставува со цел да се задоволат животните потреби на едно физичко лице. ЗОО не пропишува посебни услови кои треба да ги исполни физичкото лице како примател на издржувањето, така што секое физичко лице може да биде страна кај овој договор. Ова не упатува да ги бараме можностите на физичко лице за склучување на договор за доживотна издршка како примател на издршка според правилата на граѓанското право.[77] Оттука, примател на издржувањето може да биде физичко лице кое е деловно способно, но и физичко лице кое е деловно неспособно, но за него договорот ќе го склучи неговиот старател по одобрение од Центарот за социјални работи.[78] Правните лица не можат да бидат одредени како примател на издршка, со оглед на целта и природата на договорот. За полноважност на договорот за доживотна издршка не е од значење дали примателот на издршката располага со материјални средства за егзистенција, преку кои може да си овозможи издржување. Причината за ова е што предмет на договорот може да биде исклучиво во обезбедувањето на нега и грижа од страна на давателот на издршката, без притоа да се обезбедат материјални средства за покривање на трошоците за издршка.[79]

*Обврска на примателот на издршката.* Предметот на договорот за доживотна издршка, од една страна се обврските кои давателот на издршката ги има спрема примателот на издршката, а од друга страна ги опфаќа обврските кои примателот на издршката ги има спрема давателот на издршката. Обврските на примателот на издршката е поедноставно да се определат, со оглед на законската одредба, обврска на примателот на издршката е тој да му го даде на давателот на издршката како надомест

[76] Subotić Konstantinović N. (1978). Ugovor o doživotnom izdržavanju. *Enciklopedija imovinskog prava I prava udruženog rada I-III, Tom treći, Beograd: Novinsko-izdavačka ustanova, Sluzbeni list SFRJ, str.521*
[77] Subotić-Konstantinović N.(1964). *Ugovor o doživotnom izdržavanju,* doktorska disertacija odbranjena na Pravnom fakultetu u Beogradu, Beograd, str.29
[78] Чавдар К., Чавдар К. (2012). *Коментар на Законот за облигационите односи, коментари, објаснувања, практика и предметен регистар, трето изменето и дополнето издание.* Скопје: Академик
[79] Одлука на Врховен суд Србија Рев.1538/80; Одлука на Врховен суд Србија Рев.3951/02 од 22.01.2003 година

целиот свој имот или определен дел од имотот, чие предавање е одложено се до смртта на примателот на издршката. Примателот на издршката со овој договор може да го пренесе само имотот кој што го поседувал во моментот на склучување на договорот, но не и имотот што евентуално примателот ќе ги стекне по склучувањето на договорот.[80] Иако во пракса предмет на обврската на примателот најчесто е правото на сопственост на недвижен имот, страните можат да се договорат дека на давателот ќе му биде пренесено некое друго имотно право во моментот на смртта на примателот, како на пример право на интелектуална сопственост, удел во трговско друштво, побарување на примателот од трето лице и сл. Со други зборови предмет на неговите обврски може да биде сè она што може да биде предмет на кој било облигационен договор.[81]

Имотот што е предмет на договорот за доживотна издршка мора да биде индивидуално определен и специфициран.[82] Тоа значи дека и подвижните ствари кои се предмет на договорот мора да бидат точно наведени, во спротивно истите нема да ја сочинуваат обврската на примателот, туку ќе бидат дел од неговата оставина.[83] Ова произлегува и од законските одредби дека предметот на договорот мора да биде дозволен, возможен, определен или барем определив.[84] Спротивно на ова, ако предметот на договорот е невозможен, недозволен, неопределен или неопределив, тогаш тој договор во контекст на предметот е ништовен. Сето наведено е во интерес на примателот на издршката, бидејќи му дава дополнителна слобода да размисли за секој предмет посебно и да одлучи дали сака да го користи како надомест за добиената издршка. Со ова се отфрла можноста да биде договорена одредба која би го определила имотот на збирен начин.

Дополнително, предавањето на имотот е одложено се до смртта на примателот на издршката. Својата обврска примателот не ја врши за време на својот живот, туку со неговата смрт се врши предавање на имотот на давателот. Во овој случај обврската на

[80] ВСМ, Рев. Бр.58/82 од 23.02.1982 година (Клаузулата во договорот за доживотна издршка дека примателот на издршката му ги остава на давателот на издршката како надомест за дадената издршка сите недвижности што ќе се затекнат во сопственост на примателот на издршката на денот на неговата смрт, има правно дејство само во однос на оние недвижности што биле сопственост на примателот на денот на склучувањето на договорот, а не и на оние што евентуално примателот ќе ги стекне и по склучувањето на договорот). Одлука на Апелациониот суд во Белград, Гж. 5654/2011 оd 12.7.2012. година (Во договорот за доживотна издршка, примателот на издршката може да му ги остави на давателот на издршката само стварите или правата што му припаѓаат во моментот на склучувањето на договорот па е ништовен договорот за доживотна издршка со кој примателот на издршка му остава давателот на издршка парични средства кои ќе се најдат кај примателот во моментот на неговата смрт.

[81] Пресуда на Врховниот суд на Југославија, Рев. 2045/64 од 26.11.1964, Збирка судски одлуки, IX.

[82] Мицковиќ Д., Ристов А. (2014). *Наследно право, op.cit, str.186*

[83] Stanković M. (2010). Ugovor o doživotnom izdržavanju u srpskom pozitivnom poravo...*op.cit.,*str.981

[84] Член 38-42 од ЗОО, Види повеќе: Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј, *op. cit., str.346*

примателот е со одложен рок, т.е. со моментот на неговата смрт.[85] Ова е уште една од законодавните иницијативи кои се спроведуваат за заштита и поддршка на примателот на издршката. Ваквата одредба претставува најдобар начин за примателот да ги задржи своите права врз имотот, овозможувајќи му да го користи и да ги прибира плодовите од него, покрај правото на издршка и грижата која врз основа на договорот ја добива од другата договорна страна.

### 1.2. Даvател на издршка

Според законската дефиниција, давател на издршка е онаа договорна страна, која се обврзува да обезбеди издршка на примателот на издршката или трето лице до крајот на нивниот живот. Така, давател на издршка, кај договорот за доживотна издршка може да биде секое физичко деловно способно лице. Лице кое е деловно неспособно, не може да настапи во својство на давател на издршка. Имајќи, предвид дека договорот за доживотна издршка, како двострано обврзувачки договор, создава обврски за двете договорни страни, давател на издршка може да биде само физичко лице кое е способно со својата изјава на волја да стекне и обврски, покрај правата[86]. Ова е оправдано и во поглед на целта поради која овој договор се склучува, а тоа е да се издржуваат стари и изнемоштени лица, што е разбирливо дека договорните обврски соодветно не може да ги извршува лице кое самото има потреба од здравствена заштита и нега.[87]

Според одредбите на ЗОО, не се бара давателот на издршката да исполнува одредени својства, ниту да даде гаранција дека ќе биде во состојба да одговори на своите обврски од договорот. Ова се должи на строгата форма на склучување на договорот, и присуството на судија или нотар при склучување на договорот, кое влијае на договорните страни да го сфатат значењето  и последиците од склучување на ваков договор.[88] Учеството на судијата или нотарот и неговата поука, без сомнение, ја намалува можноста од заблуда во врска со личноста и особините на страните и преставува гаранција дека договорните страни ќе бидат во состојба да ги исполнат договорните обврски.[89] Овие мерки ја зголемуваат сигурноста при склучувањето на

---

[85] Subotić Konstantinović N. (1978). Ugovor o doživotnom izdržavanju.Enciklopedija imovinskog prava I prava udruženog rada...*op.cit, str.525*
[86] Rešenje Apelacionog suda u Beogradu, Gž 2271/2013 od 24.12.2014. godine
[87] Панева А. (2023). Раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности, *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет"*, Правен факултет Универзитет "Гоце Делчев", Штип, стр. 95-106.
[88] Доколку не се почитува строгата форма, договорот ќе биде ништовен.
[89] Subotić Konstantinović N. (1978). Ugovor o doživotnom izdržavanju. Enciklopedija imovinskog prava I prava udruženog rada..*op.cit.,*p.522.

договорот за доживотна издршка и го заштитуваат примателот на издршката од можни злоупотреби од страна на давателот на издршката.

Во една одлука на Апелациониот суд на Република Србија,[90] се изрекува дека староста, работната способност и другите лични својства на давателот на издршката не влијаат на важноста на договорот за доживотна издршка, ако примателот на издршката бил свесен за нив пред склучувањето на договорот. Во конкретниот случај, примателот на издршката бил запознаен со староста, работната способност и другите својства на давателот на издршката, но сепак го склучил договорот. Со тоа, примателот прифатил дека давателот на издршката ќе ги исполнува своите обврски во рамките на своите способности. Околноста дека примателот на издршката не побарал раскинување на договорот укажува на тоа дека бил задоволен со обемот и начинот на исполнување на обврските од страна на давателот. Судот, основано укажува дека во вакви спорови треба да се води сметка за правичноста, при што правично е да се постапи во согласност со она што примателот на издршката го сакал.

*Обврска на давателот на издршката.* Според природата на договорот, давателот на издршката, најпрвин се стекнува со обврски. Давателот на издршката за предмет на својата обврска го има, задоволувањето на потребите на примателот на издршката заради одржување на животот. Обврската за издржување се состои од низа давања и сторувања, со цел да се задоволат неопходните потреби на примателот. Издршката може да се изврши на повеќе начини, како на пример може да се врши со давање пари, во натура или пак со создавање на заедница на живот.[91] Заедница на живот значи живеење заедно во иста куќа на примателот и давателот на издршката, или во различни куќи, но на ист имот. Овој тип на заедница е сличен на заедницата во која договорните страни имаат посебни домаќинства, но живеат во непосредна близина за да можат да ги исполнуваат договорните обврски чија природа бара делумен или секојдневен континуитет на обврските. Тоа значи дека не смее да постои такво просторно растојание кое објективно би го спречило или значително би го отежнало давателот во исполнувањето на обврските предвидени со договорот.[92]

Содржината на обврските првенствено се определува со самиот договор за доживотна издршка. Договорните страни имаат слобода самостојно да ги уредат своите

---

[90] Rešenje Apelacionog suda u Beogradu, Gž 2271/2013 od 24.12.2014. godine
[91] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј, *op. cit.*, стр.452
[92] Poćuća M.(2011). *Ugovor o doživotnom izdržavanje...op.cit,* str.76-90; (Одлука на Врховен суд Србија Рев.3052/91 од 19.12.1991).

права и обврски. Големината и обемот на издржувањето пред се зависи од она што е договорено, но доколку во договорот не се определени, обемот на издржувањето се цени според потребите на примателот на издршката и можностите на давателот на издршката. Давателот на издршката е обврзан да му обезбеди на примателот на издршката животен стандард што одговара на просечна личност, на иста возраст како примателот, живеејќи во иста средина и има соодветен начин на живот.[93]

Најчесто во договорот како обврска на давателот на издршката е предвидено на примателот да му обезбеди: исхрана, стан, облекување, негување, лекување, а исто така да ги намири трошоците кои се појавуваат во врска со начинот на животот на примателот на издршката. Тука спаѓаат и трошоците кои се однесуваат на личните и културните потреби на примателот.[94] Меѓутоа, страните можат да се договорат дека издршката ќе се состои само во давање пари, без да вклучува обезбедување услуги кои една договорна страна би ги пружала на другата.[95]

Квалитетот и правото на издржување кои ги гарантира законот за примателот на издршката, јасно покажува дека законодавецот посебно се грижел за заштитата на овие лица, не само за нивната физичка егзистенција, туку и за заштита на нивното достоинство, а нивната конкретизација е обликувана со науката и судската пракса. Обврските давателот на издршката ги презема за време на живот на примателот, но одредени обврски е должен да ги преземе и по неговата смрт (погреб, подигнување на надгробен споменик, помен и слично). Своите обврски давателот треба да ги изврши совесно и навремено.

Во облигационо-правното законодавство на Република Хрватска[96] се предвидува содржината на издржувањето на примателот, вклучувајќи обврска за храна, нега и грижа за здравјето на примателот и задоволувањето на другите основни животни потреби,

---

[93] Subotić Konstantinović N. (1978). Ugovor o doživotnom izdržavanju. Enciklopedija imovinskog prava I prava udruženog rada..*op.cit.,*p.523.

[94] Види повеќе: Милетић Б., Тишић Г.(1997). Предмет уговора о доживотном издржавању, *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр.35-45

[95] Одлука на Апелациониот суд во Ниш Гж.1544/2012 od 18.12.2012. година

[96] Слични одредби содржат и Законот за наследување на Р. Србија: предвидено е дека обврската на давателот, освен ако поинаку не е договорено, вклучува обезбедување на домување, храна, облека и обувки, соодветна грижа при болест и старост, медицински трошоци и надоместоци за секојдневните, вообичаени потреби (член 194 став 3). Оваа одредба претставува диспозитивна норма, која се применува кога во договорот не е точно определено во што се состои издршката, но е предвидено дека давателот на издршката е должен да го издржува примателот. Идентична одредба како во Р. Србија е содржана и во Законот за облигациони односи на Црна Гора (член 1075 став 3). Швајцарскиот граѓански законик пропишува дека давателот на издршката е должен да му обезбеди на примателот на издршката соодветно сместување и одржување, а во случај на негова болест, потребната нега и медицински третман (во член 524 став 2).

поднесувањето на трошоците за сместување на примателот и трошоците за погреб, се она што ги задоволува секојдневните и најважните потреби на примателот на издршката.[97] Наспроти тоа, нашиот закон не предвидува конкретно во што се состои обврската на давателот на издршка. Оваа може да резултира во несигурност за примателот, особено во случај на судски спорови. За да се подобри заштитата на примателот на издршката, нашиот закон би требало да се надополни, вклучувајќи јасно определување на обврската на давателот на издршката, со што ќе се обезбеди поголем степен на заштита на примателот.

### 1.2.1. Странец како давател на издршка: правни услови и ограничувања

Договорот за доживотна издршка, како облигационен договор по својата правна природа, претставува правна трансакција со имотно-правен карактер, која подразбира пренесување на правото на сопственост над недвижен имот. Во контекст на сè поизразената либерализација на сопственичките права на странците, особено во поглед на стекнувањето недвижности, се наметнува едно значајно прашање – дали е можно склучување на договор за доживотна издршка со странски елемент, и доколку е можно, под кои услови. Станува збор за тема која досега речиси и не е обработена во домашната правна теорија, а судската пракса на ова поле е оскудна, дури и во компаративни рамки.

Имајќи ја предвид законската дефиниција на договорот за доживотна издршка, истиот добива карактер на договор со странски елемент доколку странскиот елемент се појави во кој било од неговите составни елементи – во субјектот, во објектот или во содржината на меѓусебните права и обврски на страните.[98] Тоа значи дека едната договорна страна може да биде странец (на пример давателот на издршката), предметот на договорот е недвижност што се наоѓа во странство, или извршувањето на обврската се врши во друга држава. Имено, доволно е само еден од овие елементи да е странски, за да може да се смета договорот за доживотна издршка со странски елемент. Во вакви случаи, се поставува прашањето кое право е меродавно за договорот, кој суд е надлежен, и како се обезбедува заштитата на примателот на издршката – особено ако станува збор за старо или ранливо лице.

Во кој облик ќе биде изразен странскиот елемент зависат и прашањата што се отвораат во конкретниот случај. Така, доколку странскиот елемент е присутен во

[97] Види член 579 став 2 од Законот за облигациони односи (NN 35/05, 155/23) на Р.Хрватска.
[98] Гавроска П., Дескоски Т. (2011). *Меѓународно приватно право*, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, стр.30.

субјектот на договорот, се поставува прашањето дали склучувањето на таков договор воопшто е можно и под кои услови. Ова прашање не се наметнува кога странскиот елемент е изразен во објектот на договорот или во неговата содржина, односно во меѓусебните права и обврски на страните.[99] Воопшто, појавата на странски елемент во договорот за доживотна издршка отвора низа проблеми – пред сè, дали странец може да биде давател или примател на издршката, и доколку може, дали тоа право му се признава под исти услови како на државјаните на Република Северна Македонија или под одредени дополнителни ограничувања.

Правната положба на странецот како давател на издршка не е идентична со неговата положба како примател на издршка. Во првиот случај, лицето стекнува право на сопственост врз имотот кој е предмет на договорот, додека во вториот случај, лицето со тој имот располага.[100] Имајќи го тоа предвид, а со оглед на ограничувањата што постојат во поглед на стекнувањето право на сопственост од страна на странците, нашето внимание овде ќе биде насочено единствено кон прашањето дали странец може да биде субјект во договорот за доживотна издршка, односно давател на издршка.

Обврските кои се преземаат во рамките на договорот за доживотна издршка се од особено значење, бидејќи токму нивната природа и карактерот на личното извршување влијаат врз прашањето дали и под кои услови странско лице може да се појави како давател на издршка. Давателот на издршката, според својата суштина и целта на договорот, е должен лично да ги извршува преземените обврски, освен ако со договор не е поинаку предвидено. Ваквата лична компонента, заснована на принципот intuitu personae, го ограничува можниот круг на лица кои можат да ја преземат оваа улога, особено кога станува збор за странци.

Во правниот систем на Република Северна Македонија, прашањата поврзани со договорите со странски елемент се уредени со Законот за меѓународно приватно право.[101] Во современите услови, по правило, правото на странците да бидат субјекти во облигациони односи се третира како општо признато право.[102] Така, странците можат да склучуваат различни видови договори – да се појават како купувачи, продавачи, дарители и слично – под исти услови како и домашните државјани. Во тој поглед, не

[99] Петровић М. (1997). Уговор о доживотном издражавању са страним елементом, *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, str.29.
[100] Ибид.
[101] Закон за меѓународно приватно право (Слежбен весник на РСМ, бр.32/2020 од 10.02.2020 година).
[102] Гавроска П., Дескоски Т. (2011). *Меѓународно приватно право*, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, стр.212.

постои разлика меѓу странец и државјанин на Република Северна Македонија во однос на можноста да бидат носители на права и обврски од облигационен однос. Сепак, ова начело на еднаквост не е апсолутно. Исклучоци постојат во случаи кога договорот подразбира стекнување на право на сопственост врз недвижен имот, бидејќи во тој дел правната положба на странците е посебно уредена. Според важечките прописи, правото на странците да стекнуваат сопственост врз недвижности претставува ограничено, односно резервирано право, кое може да се оствари само под посебни услови утврдени со закон.[103] Токму поради тоа, можноста странско лице да биде давател на издршка во договорот за доживотна издршка е правно и фактички ограничена, бидејќи извршувањето на овој договор во најголем број случаи подразбира пренос на сопственост врз недвижен имот како противвредност за обезбедената издршка. Спротивно на тоа, доколку предмет на договорот за доживотна издршка би биле подвижни ствари, склучувањето на ваков договор би било достапно на странците под исти услови како и за домашните државјани, бидејќи во тој случај не постојат законски ограничувања во поглед на стекнувањето на сопственост.[104]

Договорот за доживотна издршка претставува правно дело inter vivos, со кое, меѓу другото, давателот на издршката се стекнува со право на сопственост врз недвижен имот. Оттука, се поставува прашањето: „Дали странец може да биде давател на издршка и, врз основа на договорот за доживотна издршка како правна трансакција inter vivos, да стекне право на сопственост врз недвижност што се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија?“ Одговорот на ова прашање зависи од правниот режим на стварните права на странците врз недвижности, кој е посебно уреден во домашното законодавство. Согласно членот 224 став 1 од ЗСДСП, странски физички лица и правни резиденти на држави членки на Европската Унија и на ОЕЦД, можат да стекнат право на сопственост на стан, станбена зграда и деловен простор на територијата на Република Македонија под исти услови како и државјаните на Република Македонија. Од друга страна, странски физички и правни лица кои се резиденти на држави што не се членки на Европската Унија и на ОЕЦД, можат да стекнат право на сопственост на стан, станбена зграда и деловен простор на територијата на Република Македонија, како и

[103] Можноста странец да се стекне со право на сопственост на територија на РСМ е условено со принципот на територијалитет. Тоа значи дека само со домашните норми може да се одлучи дали и во кој обем странец ќе се стекне со право на сопственост на територија на РСМ. Ваквата можност на странците во домашното законодавство е уредена со Закон за сопственост и други стварни права (Сл. весник на РМ, бр. 18/01, 92/08, 139/09 и 35/10), во понатамошниот текст ЗСДСП.
[104] Член 242 од ЗСДСП

државјаните на Република Македонија под исти услови на реципроцитет.[105] Оттука, законот прави јасна дистинкција меѓу странците: физичките и правните лица од држави членки на ЕУ и на ОЕЦД уживаат национален третман, додека странците кои не потекнуваат од овие држави можат да стекнат сопственост врз недвижности во Република Северна Македонија само под услов на реципроцитет. Притоа, категоријата на недвижности што странците можат да ја стекнат е ограничена – таа опфаќа само стан, станбена зграда и деловен простор, што значи дека земјоделското земјиште остануваат исклучени од оваа можност. Во пракса, ова значи дека можноста странец да биде давател на издршка во договорот за доживотна издршка зависи од тоа дали може да стекне сопственост врз конкретниот недвижен имот, кој најчесто претставува противвредност за издршката. Доколку се исполнети условите за стекнување сопственост (припадност на држава членотка на ЕУ или ОЕЦД, или постоење на реципроцитет), не постои правна пречка странско лице да биде давател на издршка.

Дополнително, личниот карактер на обврската за издршка (intuitu personae) бара непосредна грижа и контакт со примателот, што е тешко изводливо доколку давателот е странец кој не престојува постојано во државата. Иако давателот на издршката може да се наоѓа во странство и да ја исполнува својата обврска преку чисто финансиска поддршка – обезбедување средства за стан, облека, храна, лекови и слично – се поставува прашањето дали примателот на издршката тоа го посакувал. Претпоставката е дека тоа не би било во согласност со волјата на примателот, бидејќи во таков случај би било поцелисходно да се склучи договор за доживотна рента, кој се состои токму во периодични извршувања во пари или во заменливи средства. Договорот за доживотна издршка е покомплексен, бидејќи, покрај финансиската поддршка, тој подразбира и секојдневна грижа и нега на примателот. Особено, ако со договорот е предвидено засновање заедница на живот, нема сомнеж дека давателот на издршката мора да престојува во државата. Во такви случаи, оваа улога не може да ја преземе било кое лице, туку само оној кој е присутен во државата и способен да ја извршува личната обврска. Ова претставува дополнително ограничување – односно специфичен предуслов кој странецот мора да го исполни доколку сака да склучи договор за доживотна издршка со примател кој е државјанин на Република Северна Македонија.

Во ситуации кога договорот за доживотна издршка содржи странски елемент, се поставуваат прашањата на меродавното право. Согласно Законот за меѓународно

[105] Член 244 став 2 од ЗСДСП

приватно право, страните можат со договор да изберат кое право ќе се применува на нивниот однос.[106] Доколку не е извршен избор на право, а истовремено не може да се определи меродавното право за договорот согласно законските одредби, меродавно е правото на државата со која тој договор е во најблиска врска[107], што во најголем број случаи ќе биде правото на државата во која примателот на издршката има живеалиште.

Практичната можност странец да биде давател на издршка зависи од комбинација на законски ограничувања (право на сопственост, национален третман, реципроцитет) и природата на обврската (финансиска поддршка или лична грижа). Доколку се исполнети законските услови и давателот може лично да ја извршува обврската, нема правна пречка за странец да склучи договор за доживотна издршка со примател кој е државјанин на Република Северна Македонија.

### 1.3. Договор за доживотна издршка во корист на трето лице

Законодавецот, не предвидел за тоа во кои случаеви и под кои услови може да биде склучен договор за доживотна издршка во корист на трето лице. Со оглед на тоа дека не постојат никакви ограничувања, договор за доживотна издршка може да се склучи во корист на трето лице, под истите услови и во истите случаеви како и кога се договара доживотна издршка за примателот на издршката. Третото лице како корисник на издржувањето, може да се јави самостојно како корисник на издржувањето, или на начин што заедно со примателот на издршката ќе се јави како корисник на издржувањето. Ако третото лице се јави како самостоен корисник на издржувањето, во таков случај станува збор за типичен договор во корист на трето лице, за кое нешто ќе се применат одредбите од Законот за облигациони односи.[108] Карактеристично за третото лице е дека тоа не е договорна страна и во овој случај тоа може да биде и лице кое е деловно неспособно.[109] Моментот на склучување на договорот, е моментот кога третото лице се стекнува со право на издржување. Врз основа на сето наведено, можеме да заклучиме дека концептот на субјекти е поширок од концептот на договорни страни, бидејќи покрај договорните страни спаѓаат и третите лица кои не се учесници во потпишувањето на договорот.

---

[106] Член 73 од Закон за меѓународно приватно право.
[107] Член 74 од Закон за меѓународно приватно право.
[108] Види за договор во корист на трето лице, член 136 -140 од ЗОО на РСМ.
[109] Ubavić M. (2004). U*govor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom (preko 500 sudskih odluka) i primerima ugovorne isprave*, Beograd, Građevinska knjiga, str.65.

Положбата на давателот на издршката, кога е склучен договор за доживотна издршка во корист на трето лице, во суштина не се разликува од положбата која би ја имал во случај кога примателот на издршката е самата договорна страна. Од законската формулација на одредбата дадена во членот 1029 став 1 од ЗОО, произлегува дека не може да биде договорено давателот на издршката да се стекне со имотот што е предмет на договорот, пред смртта на примателот на издршката.[110] Оттука, кога станува збор за договорот за доживотна издршка во корист на трето лице, може да се разгледаат неколку можни ситуации што се однесуваат на правните последици за давателот на издршката. Прво, кога издржувањето е договорено во корист на примателот на издршката и трето лице, давателот на издршката ќе стане сопственик на имотот во моментот на смртта на примателот на издршката, и во ситуација кога третото лице го надживеало примателот на издршката. Во овој случај, давателот на издршката се стекнува со право на сопственост врз имотот, уште пред да ја изврши својата обврска за издржување спрема третото лице.[111] Но, давателот на издршката не се ослободува од оваа должна обврска, тој продолжува да ја извршува се до смртта на третото лице заради кое и е договорена издршката.[112] Ова важи и кога третото лице умрело пред примателот на издршката. Второ, кога издржувањето е договорено само во корист на третото лице (не и за примателот на издршката) и ако третото лице го надживее примателот на издршката, во таков случај давателот на издршката се стекнува со право на сопственост врз имотот во моментот на смртта на примателот на издршката. Ова од исти причини како и во првиот случај, а истите правни последици се применуваат за давателот на издршката. Но, овде се поставува прашањето, што ќе се случи со давателот на издршката и неговата обврска во ситуација кога третото лице умре пред примателот на издршката? Во овој случај оправдано е да се смета дека давателот на издршката ќе се стекне со имотот во моментот на смртта на третото лице (а не примателот на издршката), бидејќи обврската на давателот се состоела само во издржување на третото лице, па се смета дека давателот ја извршил својата обврска во целост, па нема валидна причина да се одлага стекнувањето на правата од договорот до смртта на примателот на издршката. [113]

---

[110] Види и спореди: Симоновић Д. (2010). *Облигационо право*, Pravna praksa, Часопис за примену прописа,, стр.17, авторот ја нагласува диспозитивната природа на одредбата.
[111] Сворцан С. (2004). *Коментар Закона о наслеђивању Србије са судском праксом*, Крагујевац, стр.453
[112] Чавдар К., Чавдар К. (2012). *Коментар на Законот за облигационите односи, коментари, објаснувања, практика и предметен регистар, трето изменето и дополнето издание*. Скопје: Академик, стр.1028
[113] Сворцан С. (2004). *Коментар Закона о наслеђивању Србије са судском праксом*, Крагујевац, стр.453

Во ситуација кога е договорена издршка заедно за примателот на издршката и третото лице, проблем може да се појави кога третото лице ќе го надживее примателот на издршката. Бидејќи во овој случај, давателот на издршката може да го изигра третото лице, не исполнувајќи ја уредно својата обврска, а при тоа да го продаде имотот кој го стекнал врз основа на договорот.[114] Како најадекватно решение за оваа ситуација, би било да се примени одредбата од членот 1031 од ЗОО во корист на третото лице, со што третото лице би имало можност да го запише своето право на издршка врз недвижностите што ги примил давателот на издршката, врз основа на договорот. Доколку, во таков случај, давателот на издршката не ја исполнува својата обврска, третото лице нема право да го раскине договорот што е склучен во негова корист. Ова од причина што третото лице не е договорна страна, и неговата волја не била одлучувачки фактор за склучување на самиот договор.[115] Согласно членот 137 став 1, „договарачот на корист за трет може да ја отповика или да ја измени се додека третиот не изјави дека го прифаќа она што е договорено во негова корист". Ова значи дека, кога третото лице ја прифатило користа од договорот за доживотна издршка, односно почнало да го прими исполнувањето од тој договор, ни договарачот што ја договорил користа за трето лице, не може да го раскине договорот. Во овие случаеви, се појавува дилема во однос на тоа кои права ги има третото лице и дали може да го раскине договорот, особено ако давателот на издршката неуредно или воопшто не ги исполнува обврските од договорот.[116] Според судската пракса, третото лице може да го раскине договорот само ако давателот на издршката е одговорен за растројување на односите или за тоа се одговорни и корисникот и давателот. Договорот може да се раскине само затоа што претходно се утврдило дека односите на друг начин не би можеле да бидат решени. [117] Меѓутоа и во овој случај не е доволно јасно што би се случило ако договорот биде раскинат, а давателот на издршката веќе го примил имотот што е предмет на договорот. Имотот, ќе му биде одземен на давателот на издршката, но не е јасно дали тој имот ќе припадне на наследниците на договорната страна која ја договорила користа за третото лице, или имотот ќе премине на третото лице. Не, постои законска одредба со која се предвидува имотот да премине на третото лице. Ако имотот премине на

[114] Ибид, стр.454
[115] Subotić Konstantinović N. (1978). Ugovor o doživotnom izdržavanju. Enciklopedija imovinskog prava I prava udruženog rada..*op.cit.,*str.528.
[116] Види и спореди: Počuča M. (2011). *Ugovor o doživotnom izdržavanju*, Novi Sad, Pravni fakultet za privredu i pravosuđe, str. 59-64
[117] Одлука на Врховен суд на Македонија, Рев. Бр.472/80 од 14.10.1980 год.

наследниците на договарачот, во таков случај третото лице не ќе може да бара извршување на корисата, бидејќи тоа не е договорено. Во овие ситуации, јасно е дека настануваат сложени правни односи, за кои најдобро е да бидат договорно решени, или доколку дојде до спор истиот да биде решен според одредбите за договорот за доживотна издршка.[118]

Во правната теорија, Сворцан укажува дека во вакви ситуации, кога давателот на издршката се стекнува со право на сопственост врз имотот во моментот на смртта на примателот на издршката, а истиот почине пред третото лице во чија корист е договорена издршката, најсоодветно е во самиот договор прецизно да се утврдат правата на давателот на издршката по смртта на примателот и по смртта на третото лице. Доколку поделбата на правата и ствари не е можно да се изврши поради нивните особености, Сворцан предлага имотот да се стекнува во идеални делови – на пример, ½ идеален дел во моментот на смртта на примателот на издршката, а другата ½ по смртта на третото лице. Ваквиот пристап овозможува правна извесност и заштита на интересите на сите страни и се чини во согласност со основните морални и правни принципи.[119]

Законодавецот не предвидува одредба во врска со правата на третото лице како примател на издршка, во однос на обврската што давателот на издршката треба да ја извршува спрема него. Доколку, во договорот не се предвидени правата на третото лице, земајќи ја предвид целта поради која овој договор се склучува, може да се заклучи дека третото лице се стекнува со право самостојно да бара исполнување на обврските од давателот на издршката.[120] Во оваа ситуација, доаѓа до примена на одредбата од членот 136 од ЗОО „Кога некој од свое име ќе договори побарување во корист на трет, третиот стекнува сопствено и непосредно право спрема должникот, ако нешто друго не е договорено или не произлегува од околностите на работата."

[118] Чавдар К., Чавдар К. (2012). *Коментар на Законот за облигационите односи, коментари, објаснувања, практика и предметен регистар, трето изменето и дополнето издание*. Скопје: Академик, стр.1029

[119] Види повеќе: Сворцан С. (2004). *Коментар Закона о наслеђивању Србије са судском праксом*, Крагујевац, стр.454

[120] Subotić Konstantinović N. (1978). Ugovor o doživotnom izdržavanju. Enciklopedija imovinskog prava I prava udruženog rada*..op.cit.,str.528.*

## 2. СПОСОБНОСТ НА СТРАНИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

Во рамките на ЗОО, не се пропишани посебни услови кои мора да ги исполни давателот и примателот на издршка при склучување на договорот за доживотна издршка. Затоа, секое физичко лице може да биде договорна страна во овој договор. Важно прашање кое се наметнува е дали способноста за склучување договори подлежи на општите прописи кои се применуваат на склучувањето на договори воопшто, или пак треба да се применуваат посебни правила специфични за договорите за доживотна издршка. Овој аспект е клучен, бидејќи способноста на страните за склучување на договорот има директно влијание на неговата полноважност. Несомнено, е дека страните треба да поседуваат деловна способност за склучување на договорот за доживотна издршка,  иако законот во овој дел не содржи специфични одредби за тоа. Способноста за склучување договор за доживотна издршка се утврдува согласно општите правила на граѓанското право.

Во овој дел, детално ќе биде разгледано прашањето за способноста на страните за склучување на договор за доживотна издршка, со посебен акцент на способноста на примателот и давателот на издршката, како и на можните правни последици. Анализата ќе ги опфати сите релевантни аспекти кои влијаат на ова прашање, со цел да се утврди јасна правна рамка за склучување на вакви договори.

Со оглед на наведеното, особено е интересна дискусијата дали малолетно лице може да дејствува како примател и давател на издршка? За да се одговори на ова прашање, треба да се разгледаат основните правни одредби во однос на малолетниците и нивната деловна способност. Поимот малолетник различно се дефинира, во различни земји, но во повеќето правни системи, концептот на малолетник се определува преку старосната граница, а основен критериум е возраста. Во контекст на нашето право важно е да се разгледа класификацијата на малолетните лица, врз основа на деловната способност, кој се регулира со Законот за облигациони односи. Во членот 45-б кој се однесува на деловната способност стои дека:

Физичкото лице со деловна способност се стекнува со навршување на полнолетството (18 години), но и порано, кога тоа е предвидено со закон, како што е случајот со еманципацијата, која доаѓа со склучување на брак на 16 години, по одобрение на судот. Лица кои имаат навршени 14 години до полнолетство, како и полнолетните лица со ограничена деловната способност, се лица со ограничена деловна

способност. Овие лица, можат да стапуваат во облигациони односи, но тие односи ќе бидат полноважни, само ако добијат согласност од нивните законски застапници. Без согласност, склучениот облигационен однос е рушлив, освен ако законски е дозволено нивното склучување. За разлика од нив, лица под 14 години, како и полнолетните лица со целосно одземена деловната способност, немаат деловна способност за самостојно стапување во облигациони односи. Секој однос склучен со нив е ништовен, односно не произведува правно дејство.

### 2.1. Способност на примателот на издршка за склучување договор за доживотна издршка

Поседувањето потполна деловна способност е една од основните претпоставки за да може физичко лице да биде договорна страна при склучувањето договор за доживотна издршка.

Како што веќе беше наведено, полнолетните лица на кои целосно им е одземена деловната способност (поради душевно заболување, слабоумност, употреба на алкохол и сл.), не можат самостојно да изразуваат правно релевантна волја, па поради тоа не можат да склучуваат договори за доживотна издршка.[121] Овие лица се третираат како деца под 14 години, па во нивно име сите правни дејствија ги презема нивниот законски застапник (родител или старател). Во случај кога родителите или старателите ќе преземат правни дејства кои се однесуваат на отуѓување или оптоварување на имотот на штитеникот, потребно е претходно одобрение од органот за старателство.[122] Оттука, со оглед на тоа што склучувањето на договорот за доживотна издршка носи значајни правни последици не само за личноста на примателот, туку и за неговиот имот, поради тоа за полноважноста на договорот е потребна согласност од Центарот за социјални работи.[123]

Претходна согласност од органот за старателство е потребно и кога полнолетно лице, на кому делумно му е одземена деловната способност, се најде во улога на

[121] Кога договорната страна, која го склучила договорот во својство на прималел на издршка, во моментот на склучување на договорот не била деловно способна, тоа претставува причина за неговата рушливост, на што може да се повика нејзиниот правен следбеник, како лице во чиј интерес е утврдена рушливоста. Presuda Vrhovnog kasacionog suda, Rev. 470/2010 od 22.4.2010 godine.

[122] Види: член 147 од Закон за семејството („Службен весник на Република Македонија“ број 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15, 53/21, 199/23, 192/25), во понатамошниот текст ЗС

[123] Полноважен е договорот за доживотна издршка, кој во име на примателот на издршката, лишен од деловна способност, го склучил неговиот старател со писмено одобрение на органот на старателство, односно Центарот за социјална работа. (Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев. 1241/85).

примател на издршка. Таквото лице, чие правна положба се изедначува со малолетно лице над 14 годишна возраст, може да склучуваат договори од помала вредност (секојдневни договори) или да ги склучуваат оние договори чие склучување е договорено со закон.[124] За други правни работи, потребна е согласност од нивните законски застапници.

При давањето согласност, органот за старателство ќе води сметка за интересите на штитеникот како примател на издршка. Старателот на лице на кое му е одземена деловната способност (целосно или делумно) е должен да се грижи за личноста на штитеникот, да ги задоволи неговите потреби, да се грижи за материјалните прилики и приходи, да ја подобри здравствената состојба на лицето и да се заложи за негово оспособување за самостоен живот.[125]

Сепак, околноста што на вакво лице му е назначен старател не треба да биде пречка за да се добие одобрување за склучување на договор за доживотна издршка. Обемот на овластувањата на старателот се дефинира со управен акт – решение за поставување старател, кој ја дефинира неговата улога и овластувања во заштита на правата на лицето.[126] Договорот за доживотна издршка е правно дело што има за цел размена на чинидби – примателот на издршка се обврзува да го пренесе својот недвижен имот, а давателот на издршка се обврзува на доживотно издржување. Поради различната правна природа на овие обврски, не е можна примена на аналогија. Иако постои извесно преплетување во обврските на старателот и давателот на издршката (особено во поглед на заштитата на интересите на штитеникот/примателот на издршка), договорот за доживотна издршка треба да се третира како посебен правен инструмент, кој не може да се идентификува со правата и обврските кои произлегуваат од старателството. Затоа, за негова полноважност е потребно одобрение од Центарот за социјални работи, во случај кога примателот на издршката е лице кое е со ограничена или одземена деловна способност. Органот за старателство ќе даде одобрение кога ќе ги разгледа сите околности во секој конкретен случај (причините за одземање на деловната способност, вредноста на имотот на штитеникот, кое лице се појавува како давател на издршка и сл.)[127], и ќе донесе одлука дека договорот за доживотна издршка претставува

[124] Види повеќе: Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј, *op. cit., str.178*
[125] Види член 167 од ЗС
[126] За назначување на старател и обемот на неговите овластувања види повеќе член 130 и 140 од ЗС
[127] Живојиновић Д. (1997). Способност уговарача за закључење уговора о доживотном издржавању, *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр.52

најсоодветен начин за грижа на лицето на кое му е одземена или ограничена деловната способност.

Договорите за доживотна издршка, во кои примател на издршка е полнолетно лице на кое му е одземена или ограничена деловната способност, можат да се сретнат во пракса, бидејќи суштината и карактерот на овој договор најдобро се манифестираат кога примателот е лице кое не е способно самостојно да се грижи за себе и не може активно да учествува во правниот промет. Во такви случаеви, договорот за доживотна издршка претставува правен механизам кој обезбедува заштита на интересите на лицето кое не е во состојба да се грижи само за себе, а истовремено се остварува и основната цел на овој правен институт.

Веќе рековме дека ЗОО не поставува старосни граници за тоа на која возраст физичко лице може да се појави како примател на издршка, поради што не постои правна пречка тоа да биде и малолетно лице. Во негово име, договорот за доживотна издршка го склучуваат неговите родители или старател, по претходно одобрение од Центарот за социјални работи. Сепак имајќи ја предвид целта и карактерот на договорот за доживотна издршка, во пракса ретко ќе се случи малолетник да се јави во улога на примател на издршка и да склучи ваков договор.[128]

Во правната теорија преовладува ставот дека потребата за склучување договор за доживотна издршка од страна на малолетно лице како примател на издршка не постои.[129] Согласно Законот за семејство[130], родителите имаат законска обврска да ги издржуваат своите малолетни деца. Дополнително, постојат разни правни механизми за грижа за деца без родителска грижа, што го става договорот за доживотна издршка во втор план и го прави непривлечен кога станува збор за малолетници. Ова особено што со склучување на договорот се обезбедува издршка до крајот на животот, додека за малолетното лице се очекува дека во иднина ќе постигнат потполна работна способност и самостојно да обезбедува средства за живот.

Сепак, друга група на автори сметаат дека, и покрај тоа што договорот за доживотна издршка е најчесто насочен кон постари и неспособни лица, неговата цел и суштина можат да се исполни дури и ако се појави помладо лице кое е неспособно за работа или кому му е одземена деловната способност. Во таков случај, иако не станува

---

[128] Ibid.
[129] Ubavić Milenko, *op.cit*, str.31, 32; Subotić-Konstatinović N. (1968). Ugovor o doživotnom izdržavanju, Beograd, str.43.
[130] Член 179 став 1 од ЗС

збор за постарите лица за кои договорот обично се склучува, истата правна форма може да се примени на малолетник без родители. Но, во таков случај органот за старателство треба да процени во секој конкретен случај да би било посоодветно да се склучи договор за згрижување на дете, доколку постои социјална потреба за тоа. Оваа одлука ќе биде под влијание на различни фактори, вклучувајќи ја работната неспособност на малолетникот, неговата неспособност да живее самостојно, како и отсуството на лица кои се законски обврзани да го издржуваат. Покрај тоа, ако малолетникот има соодветен имот и ако давателот на издршката ги исполнува потребните услови, договорот за доживотна издршка може да се смета за валиден.[131]

Во компаративното право постојат различни сфаќања за тоа дали малолетниците можат да бидат примателите на издршка. Така, Швајцарскиот граѓански законик не пропишува старосни граници за тоа кој може да биде примател на издршка, што значи дека договорна страна може да биде било кое физичко лице, па и малолетно лице.[132] Наспроти тоа во некои стари кантони било предвидено дека ниту малолетниците, ниту старателите во нивно име, не можат да склучуваат договори за доживотна издршка, дури и со одобрение од органот за старателство.[133] За разлика од тоа, според германската теорија и пракса, може да се склучи договор за доживотна издршка, во кој како примател на издршка може да се јави малолетник.[134]

### 2.2. Способност на давателот на издршка за склучување договор за доживотна издршка

Имајќи, ги предвид законските одредби, прашањето дали малолетно лице може да дејствува како давател на издршка е особено интересно. Постојат различни ставови во врска со ова прашање. Едно сфаќање укажува дека, поради природата на обврските кои се наметнуваат на давателот на издршка – обврски кои се лични и кои мора да се исполнуваат во долг временски период – малолетници не можат да дејствуваат како даватели на издршка. Ова се заснова на фактот дека старателот на малолетно лице или

[131] Живојиновић Д. (1997). Способност уговарача за закључење уговора о доживотном издржавању….*op. cit*, стр.52; Михајловић S. (1965). Заједница живота заснована уговором о доживотном издржавању, докторска дисертација, Зрењанин, стр.170

[132] Swiss Civil Code (Schweizerisches Zivilgesetzbuch), Part 5, Art.521-529, пристапено преку: https://www.fedlex.admin.ch/eli/cc/27/317_321_377/en#part_2/tit_22/lvl_B – англиско издание, (последна посета на 02.10.2025)

[133] Живојиновић Д. (1997). Способност уговарача за закључење уговора о доживотном издржавању….*op. cit*, стр.53

[134] Gavrič I. (2014). Subjekti ugovora o doživotnom izdžavanju, *Glasnik Advokatske Komore Vojvodine ćasopis za pravnu teoriju i praksu*, Novi Sad, Knjiga 74, br.7/8, str.440

лице со деловна неспособност не може да склучи договор за доживотна издршка во името на малолетникот или деловно неспособното лице. Овие категории субјекти, поради својата правна состојба, не можат да преземаат долгорочни обврски на таков начин.[135] И во судската пракса се среќаваат различни ставови кога како давател на издршка се јавува малолетно лице. Така, во одредени случаи судовите ги прифаќаат тужбените барања за поништување на договорот за доживотна издршка поради деловна неспособност на малолетниот давател на издршка.[136]

Други правни ставови, сепак, предлагаат дека малолетник може да биде давател на издршка под услов да добие одобрение од органот за старателство.[137] Доколку договорот за доживотна издршка бил склучен од малолетник под старателство, во својство на давател на издршка, но без согласност на органот на старателство, таквиот договор би бил ништовен. Сепак ваквиот договор може да биде полноважен, ако постои дополнително одобрување од органот на старателство или доколку малолетниот давател на издршка по полнолетството продолжил да го извршува договорот. На истото мислење е и нашата судска пракса.[138] Имено, не постои пречка родителот, како законски застапник на своето малолетно дете, да склучи договор за доживотна издршка во име и за сметка на детето.[139] Имајќи ја предвид вистинската волја на договорната страна (договорните обврски да ги исполнува законскиот застапник на давателот на издршката), договорот за доживотна издршка произведува правно дејство во смисла на извршување, без оглед на возраста на давателот на издршката. Дури и ако законскиот застапник не може да склучи товарен договор во име и за сметка на малолетно лице кое

[135] Ibid, str.441

**[136]** Presuda Apelacionog suda u Beogradu, Gž 1687/2016 od 8.6.2016 godine; Presuda Apelacionog suda u Kragujevcu, Gž. II 402/2010 od 5.2.2010 godine; Rešenje Vrhovnog kasacionog suda, Rev 167/2015(1) od 12.2.2015. godine

[137] Milenko Ubavić, *op. cit.*, 32.; Milan Počuča, *op. cit.,* 50.

[138] Одлука на ВСМ Гж. Бр.90/73 од 08.11.1973

[139] Одлука на Врховен Касационен суд на Република Србија. Рев бр.1663/2016 од 24.05.2017 година; Presude Apelacionog suda u Beogradu, Gž. 2281/2013(1) од 23.10.2013. godine; Одлука на Врховен суд на Република Србија, Рев.2791/05 од 09.02.2006; Presuda Apelacionog suda u Nišu, Gž 335/2019 od 19.9.2019 godine; Presuda Apelacionog suda u Novom Sadu, Gž 2063/2016 od 23.6.2016. godine. Во овие случаи, каде што дури и дете од две години се појавува како давател на издршка, родителите, како законски застапници на детето, со договор ја преземале обврската да ги извршуваат сите престации што се однесуваат на издржување, грижа и погреб по смртта на примателот на издршката. Судовите утврдиле дека ваквото склучување на договор е дозволено, образложувајќи дека родителите имаат право и должност да го застапуваат детето во сите правни работи и надвор од границите на неговата деловна способност, а особено имајќи предвид дека законот не предвидува никакви рестрикции во поглед на можноста малолетни лица да се најдат во улога на даватели на издршка. Наведувајќи исто така дека околноста што за време на животот, примателот на издршката не побарал раскин на тој договор укажува дека истиот бил задоволен од обемот и начинот на извршување на обврските од страна на законскиот застапник на давателот на издршката.

не наполнило 14 години, договорот би произвел правно дејство според членот 98 од Законот за облигационите односи (конверзија), како договор за подарок, бидејќи се исполнети условите за неговата полноважност.

Дополнително постои законска можност малолетник да склучи договор и без согласност на неговите родители или одобрение од органот за старателство. Согласно членот 162 од Законот за семејство, малолетник под старателство кој наполнил 15 години од животот може сам, без одобрение на старателот, да заснова работен однос и слободно да располага со остварената плата, при што е должен сам да придонесува за своето издржување, воспитание и стручно оспособување. Ова значи дека со оглед на тоа што давателот на издршката презема лична обврска да го издржува примателот на издршката или трето лице до крајот на нивниот живот, тој несомнено треба да поседува определени својства. Во конкретниот случај се мисли дека малолетното лице треба да биде работно способно, за да може да ги обезбеди потребните средства за живот.[140]

Како што веќе наспоменавме, полнолетството се стекнува по навршувањето на 18 години, што генерално доведува до стекнување на потполна деловна способност. Меѓутоа, постојат исклучоци од ова правило, и еден од нив е еманципацијата. Еманципацијата е правен процес преку кој малолетно лице може да стекне целосна деловна способност пред навршувањето на полнолетството. Овој процес го регулира Законот за семејство[141] и овозможува малолетникот да стекне права и обврски што инаку би биле достапни само по полнолетството. Со еманципацијата, малолетникот може самостојно да склучува договори, вклучувајќи договори за доживотна издршка, без потреба од дополнителна согласност од родителите или органите за старателство.

### 2.3. Склучување на договорот за доживотна издршка преку полномошник

Во правната теорија постојат различни ставови за тоа дали договорот за доживотна издршка може да биде склучен преку полномошник. Според дел од теоретичарите, договорот за доживотна издршка склучен преку полномошник е ништовен. Овој став се оправдува со одредбите кои се однесуваат на формата во која мора да биде склучен договорот. Од каде произлегува дека при заверката на договорот,

[140] За работна способност на давателот на издршка, види повеќе: Presuda Apelacionog suda u Kragujevcu, Gž. II 402/2010 od 5.2.2010. godine
[141] Член 16, ЗС.

мора да бидат присутни двете договорни страни. Сепак, овој став може да се смета како тесно толкување на законските одредби што го уредуваат овој правен институт.[142]

Судската пракса, пак, застапува став дека е можно склучување на договор за доживотна издршка преку полномошник, при што се почитуваат пропишаните формални услови за полномошното. Ова е во согласност со практиката што дозволува употреба на полномошник за заштита на интересите на странките во договорот, што им овозможува поголема флексибилност во правниот промет.[143]

Во нашиот правен систем, согласно законските одредби, само давател на издршка може да склучи договор за доживотна издршка преку полномошник.[144] Во случај кога давателот не може лично да склучи договор за доживотна издршка, тој има право да биде застапуван од полномошник. Согласно членот 82 од ЗОО, формата која е пропишана со закон за некој договор или за некоја друга правна работа, важи и за полномошното за склучување на тој договор. Оттука, полномошното со кое некое лице овластува друго лице да склучи договор за доживотна издршка, мора да биде составено во писмена форма и заверено од судија или нотар. Во моментот на заверување, овие овластени лица имаат обврска да го прочитаат полномошното и да го предупредат властодавецот на последиците кои произлегуваат од склучувањето на договорот. На овој начин се остварува целта на пропишаната форма  која е предвидена за склучување на договорот за доживотна издршка, а полномошното составено согласно овие формални услови може да се смета како правно валидна замена за присуство на договорните страни при склучувањето на договорот.

Со цел да се обезбеди полноважност на договорот, специјалното полномошно мора да биде издадено во форма на јавна исправа. Во полномошното точно се назначува лицето со кое давателот на издршката ќе склучи договор, како и содржината на договорот. Ова полномошно важи за период од три години.[145]

За разлика од нашиот правен систем, во Република Србија и Црна Гора не постои ограничување во поглед на склучувањето на договорот за доживотна издршка преку

---

[142] Počuča M., *op. cit*., str. 64., Nevenka Subotić-Konstantinović N. (1964). *Ugovor o doživotnom izdržavanju,* doktorska disertacija odbranjena na Pravnom fakultetu u Beogradu, Beograd, str. 59.

[143] Види: Одлука на Врховен суд Србија Рев.653/89 од 18.04.1989; Одлука на Врховен суд Србија Рев. 931/97 од 25.03.1997; Одлука на Врховен суд Србија Рев.4632/96 од 13.12.1996, во Počuča M., *op. cit,* стр. 66, 67 и 68

[144] Член 1030 став 4 од ЗОО

[145] Произведува правно дејство договорот за доживотна издршка во кој давателот на издршката е претставуван од полномошник, и кога поминале повеќе од 3 месеци од издавањето на полномошното, ако склучениот договор помеѓу странките подолго време е извршуван. (Одлука на ВСМ. Рев. 37/81 од 27.01.1981)

полномошник. Тоа значи дека не само давателот на издршка, туку и примателот на издршка може да склучи договор преку полномошник. Овде, формата на полномошното има слична улога и слично е уредено како и во нашиот правен систем, но не се импонираат ограничувања само за давателот на издршката. Склучувањето на договорот за доживотна издршка преку полномошник и формата на полномошното се тесно поврзани со целта на пропишаната форма во која се склучува договорот. Пропишаната форма има првенствена цел да обезбеди заштита на интересите на договорните страни, осигурувајќи дека правните последици од договорот ќе бидат јасно разбрани и прифатени од сите засегнати страни. Кога една од страните во договорот, било тоа да е давателот на издршката или примателот на издршката, сака да биде застапувана од полномошник, мора да се склучи писмен договор за полномоштво.[146] Овој договор, како и самиот договор за доживотна издршка, треба да биде извршен во соодветна форма за да се обезбеди негова полноважност. Во случај кога се работи за примател на издршка, судијата, односно нотарот што ја заверува содржината на полномошното е должен да ги предупреди странките за правните последици кои можат да произлезат од овој договор, вклучително и на фактот дека имотот кој е предмет на договорот за доживотна издршка не влегува во оставината на примателот на издршката по неговата смрт.

Ваквата форма на заштита е особено важна во случај на примателот на издршката, бидејќи со склучување на договорот се предвидуваат значајни права и обврски, кои можат да имаат долгорочни последици врз имотот на примателот на издршката.

## 3. ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА ПОМЕЃУ ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО

Склучувањето на договорот за доживотна издршка помеѓу лица кои имаат законска обврска за издржување е прашање кое создава дилеми во теоријата и праксата. Иако со текот на времето можеби овие прашања стануваат помалку релевантни, во отсуство на јасна законска регулатива се отвора простор за различни толкувања, што може да има значајни последици за правната сигурност. За да се разјаснат овие аспекти, во продолжение ќе се изврши детална анализа. Во пракса најголем број на склучени договори за доживотна издршка се токму оние склучени меѓу роднините.[147] Со оглед на

[146] Живојиновић Д. (1997). Способност уговарача за закључење уговора о доживотном издржавању….*op. cit*, стр. 56.
[147] Мицковиќ Д., Ристов А. (2014). Наследно право....*op.cit*, стр.184

тоа дека станува збор за договор intuitu personae, ваквиот факт воопшто не е неочекуван. Сепак, од особена важност е да се разгледа дали овој договор може да биде склучен помеѓу роднините и лицата кои имаат законска обврска за издржување. Во теоријата и праксата долго време беше спорно дали договорот за доживотна издршка може да биде склучен помеѓу лица кои имаат законска обврска да се издржуваат, како што е случај со децата, а особено со брачните другари. Ова од причина што законската обврска за издршка помеѓу овие лица се удвојува со уште една договорна обврска. Ова прашање не предизвикува спорови кога се работи за договори склучени помеѓу роднини кои не се обврзани со законска обврска за издржување. Спорните ситуации се јавуваат кога договорот за доживотна издршка го склучуваат роднини помеѓу кои постои законска обврска за издржување.[148] Сепак, во нашата практика на нашите судови, не беше спорна можноста за склучување на договор во кој како давател се јавува лице кое има законска обврска за издржување.[149] Мора да се забележи дека ваквиот став може да доведе до сериозна злоупотреба на правата и изигрување на законот. Проблем се појавува кога постојат повеќе лица кои истовремено се обврзани да го издржуваат примателот врз основа на закон, а потоа тој склучува договор за доживотна издршка само со еден од нив. Злоупотребата се гледа во фактот дека во овој случај договорот претставува правна трансакција inter vivos, а имотот опфатен со договорот не влегува во наследството на примателот на издршката. Во недостиг на законска одредба со која се забранува склучување на договорот за доживотна издршка помеѓу лицата кои имаат законска обврска за издржување, товарот на испитувањето се префрла на судот, кој во секој конкретен случај ќе треба да ги земе предвид сите релевантни околности што може да укажуваат на злоупотреба, кој не само што е сложен, туку и практично невозможно. Таквите злоупотреби не беа непознати кај нас, поради што во Предлог законот за наследување од 1995 година[150], беше предложена одредба која не беше усвоена во конечниот Закон бидејќи се сметаше за тешка применлива во пракса. Според таа одредба, „не би постоел договор за доживотна издршка ако давателот на издршка е лице кое со закон е обврзано да го издржува примателот, доколку претходно не биле сослушани и други лица со законска обврска за издржување“. Иако се сметаше дека оваа одредба би можела да создаде практични проблеми, потребно е да се пронајде друго

[148] Види повеќе: член 178-193 од ЗС
[149] Независно што според Законот за семејство брачните другари се должни заемно да се помагаат и да се издржуваат, не е исклучена можноста да склучи и договор за доживотна издршка, кога тоа е во нивен интерес и кога имаат таква волја. (ВСМ, Рев.бр.156/79 од 20.06.1979 година).
[150] Gavrič I. (2014). Subjekti ugovora o doživotnom izdžavanju...*op.cit,* str.443.

решение кое ќе го спречи појавувањето на таквите злоупотреби. Во оваа насока, интересен е швајцарскиот пристап, каде што се вели: „Кога примателот на доживотната издршка (Pfrundgeber) е назначен како наследник на давателот на издршката (Pfründers), тогаш односот меѓу страните ќе биде регулиран со одредбите кои се однесуваат на договорите за наследување (Erbvertrag)“[151], со што на несомнен начин се штити нужниот дел на законските наследници. На основа на ова решение, нашата правна практика предвидува примена на одредбите за конверзија на договорите кога не се исполнети законските пропишани услови за формата. Во овој контекст, договорот за доживотна издршка може да се конвертира во договор за подарок, што исто така обезбедува заштита на нужниот дел на наследниците.[152] Но, ова се однесува само за ситуации кога договорот за доживотна издршка не ги исполнува сите услови од пропишаната форма, со што не се решава проблемот со злоупотребата што се јавува кога има повеќе лица со законска обврска за издржување, а примателот склучува договор само со едно од нив.

Прашањето дали договорот за доживотна издршка може да биде склучен помеѓу брачните другари претставува едно од најспорните правни прашања, особено во контекст на постоењето на законската обврска за издржување помеѓу овие лица, природата на бракот и можноста за злоупотреба на договорот. Во правната теорија, за ова прашање постојат две основни гледишта. Првото, застапувано од оние кои сметаат дека е недозволено склучувањето на договор за доживотна издршка помеѓу брачните другари, се темели на фактот што бракот веќе создава законска обврска за издржување. Според ова гледиште, склучувањето на дополнителен договор за доживотна издршка доведува до изигрување на законската обврска за издржување. Договорот помеѓу брачните другари, во овој контекст, може да се смета за начин на имотно обезбедување на давателот на издршката, по смртта на примателот, што создава потенцијална злоупотреба на правото.[153] Второто гледиште, пак, го застапува ставот дека склучувањето на договорот за доживотна издршка помеѓу брачните другари е дозволено, бидејќи овој договор не е во колизија со законската обврска за издржување. И овој став го поддржуваат повеќе автори.[154]

---

[151] Член 521 став 2 од Швајцарскиот граѓански законик

[152] За конверзија види: член 98 од ЗОО

[153] Мицковиќ Д., Ристов А. (2014). Наследно право…*op.cit,* стр.325; Gams A.. (1996). Bračno i porodično imovinsko pravo, Naučna knjiga, Beograd, str.80; Subotić-Konstatinović N. (1968). Ugovor o doživotnom izdržavanju, Beograd, str.35,36.

[154] Grujić N. (2010). Davalac izdržavanja kod ugovora o doživotnom izdržavanju….*op.cit*, str. 513; Кораћ Р. (1997). Уговор о доживотном издржавању између супружника, *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета

Сепак склучување на договорот за доживотна издршка помеѓу лица кои имаат законската обврска за издржување, не може со многу аргументи да се напаѓа, и тоа од неколку причини. Тоа што како давател и примател на издршка се појавуваат брачните другари, не го нарушува принципот на законската обврска за издржување помеѓу нив, бидејќи со склучувањето на ваков договор давателот на издршката се обврзува на извршување на одредени права и должности покрај оние кои законот ги одредува. Со други зборови, договорот за доживотна издршка ја надминува законската обврска, бидејќи со договорот се обезбедува поголем обем на издршка од она што е предвидено со закон. Законската обврска за издржување е предвидена за да се осигура дека брачниот другар кој е без сопствени средства за живот ќе има обезбедена егзистенција.[155] Оваа обврска е втемелена во самата суштина на бракот и се реализира без создавање на противобврска. Додека пак, договорот за доживотна издршка е двостран обврзувачки договор, што значи дека вклучува взаемно давање на чинења и обврски.[156] Со законската обврска се осигурува минимален стандард на живот, додека пак договорот за доживотна издршка овозможува поголема и пофлексибилна поддршка.

Брачниот другар како давател на издршка дава повеќе отколку што е законски должен да даде. Од друга страна, брачниот другар како примател на издршка добива не само законски утврдена издршка (која е ограничена со правилата за определување на висината), туку и дополнителна издршка како дел од договорот која се обезбедува во замена за отстапување на дел од својот имот. Овој тип на договор обично се склучува кога примателот на издршката поседува определен недвижен имот и има средства за живот, иако по закон не би имал право на законска издршка од својот брачен другар. Тоа значи дека, за да се стекне право на законска издршка од друг брачен другар, брачниот другар мора да биде без доволно средства за издржување[157], наспроти тоа кај договорот за издршка, оваа законска обврска не важи, бидејќи договорот ќе биде склучен кога примателот располага со имот, бидејќи неговото постоење на имотот овозможува валидност на договорот. Оттука, не постои колизија помеѓу овие две обврски – онаа која произлегува од договорот за доживотна издршка и онаа која произлегува од законската обврска за издржување помеѓу брачните другари.[158]

у Нишу, стр.20, 21; Антић О. (1994). *Наследно право*, Правни факултет Универзитета у Београду, Београд, стр. 258

155 За издржување помеѓу брачните другари види: член 185-193 од ЗС

156 Кораћ Р. (1997). Уговор о доживотном издржавању између супружника...*op.cit*, str.19.

157 Член 185 од ЗС.

158 Види и спореди со: Grujić N. (2010). Davalac izdržavanja kod ugovora o doživotnom izdržavanju….*op.cit*, str. 511-513

Следниот аргумент кој ја поддржува легитимноста на договорот за доживотна издршка помеѓу брачните другари е одговорот на прашањето дали склучувањето на овој договор е спротивно на законските норми. Во тековната законска регулатива, како и во претходните законски акти, не постои изречена забрана за склучување договор за доживотна издршка помеѓу брачните другари. Напротив, во рамките на поранешниот законодавен систем на СФРЈ, а особено според законодавството на тогашната СР Босна и Херцеговина[159], оваа пракса беше изречно дозволена, со што се потврдува правото на брачните другари да склучат договор за доживотна издршка.[160] Во таа смисла, не само што не постојат законски пречки за склучување на ваков договор, туку историски погледнато, постојат и правни основи кои ја дозволуваат оваа практика.

Во прилог оди и тоа што договорот за доживотна издршка е intiuti personae, што значи дека се склучува врз основа на личните својства на страните. Примателот на издршката често избира договорна страна врз основа на личните својства и доверба. Во многу случаи, примателот на издршката ќе го избере својот брачен другар како давател на издршка бидејќи има најдобро познавање за неговите потреби и навики.

На крај, не е спорно дека договорот за доживотна издршка може да се склучи помеѓу лица кои живеат во вонбрачна заедница, бидејќи помеѓу нив не постои законска обврска за издржување. Во таков случај, ако се ограничи можноста на брачните другари да склучуваат договор за доживотна издршка, тие би биле ставени во понеповолна позиција во споредба со лицата кои живеат во вонбрачна заедница. Ако би се дозволил овој договор само помеѓу вонбрачните другари, тие би биле привилегирани, бидејќи би имале можност да ги лишат законските наследници од наследувањето на имотот што е предмет на договорот.

Сите изнесени аргументи водат до заклучок дека нема законски пречки за склучување на договорот за доживотна издршка помеѓу брачните другари. Сепак, кога ќе се склучи ваков договор, важно е да се има предвид дека тој се однесува само во однос на посебниот имот на примателот на издршката. Ова значи дека брачниот другар со договорот располага со својот посебен имот во корист на другиот брачен другар, па затоа договорот за доживотна издршка е ништовен во делот во кој примателот на издршката

[159] Така на пример, во Законот за наследување на Босна и Херцеговина од 1980 година во член 120 став 5 изречно е предвидено дека овој закон може да биде склучен и помеѓу лица кои имаат законска обврска за издржување.

[160] Денес, ваквата можност останува задржана и во важечкиот Законот за наследување на Босна и Херцеговина (Службен весник бр.80/2014, 32/2019), каде во член 146 став 5 повторно се предвидува можност за склучување на договорот за доживотна издршка помеѓу лицата кои имаат законска обврска за издржвање.

располагал со имотот кој е заеднички за брачните другари, стекнат во текот на брачна заедница.[161]

Важно прашање во контекст на договорот за доживотна издршка е како ќе се третира имотот стекнат како резултат на овој договор. Односно, кој правен режим ќе се применува на имотот стекнат за време на бракот и врз основа на договорот за доживотна издршка – дали истиот ќе претставува заеднички имот или посебен имот на брачните другари?

Судската пракса повеќе пати се има произнесено за тоа дека имотот стекнат со договор за доживотна издршка е заедничка сопственост на брачните другари, без оглед на тоа кој е назначен како давател на издршката во договорот, исто така истиот не може да се издвојува од останатиот имот што е прибавен со работа на брачните другари.[162] Имено, имотот кои брачните другари ќе го стекнат за време на бракот претставува нивен заеднички имот[163], при што се применуваат одредбите од ЗС кои се однесуваат на имотните односи на брачните другари.[164]

[161] Одлука на Апелациониот суд во Белград, Гж. 4156/2017 od 8.2.2018 година
[162] Rešenje Apelacionog suda u Beogradu, Gž 3631/2014 od 18.5.2016. godine; ВСМ, Рев.бр.19/82 од 17.05.1982
[163] Член 205 од ЗС.
[164] Член 203-217 од ЗС.

## ГЛАВА IV

## 1. СОДРЖИНА НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

Содржината на договорот за доживотна издршка ја сочинуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни, кои се јавуваат како резултат на воспоставувањето на облигациониот однос. Оттука, содржината на облигацијата се изразува преку овластувањето на доверителот да бара од должникот определено однесување, кое може да се состои во давање, чинење, нечинење или трпење, како и преку корелативната обврска на должникот да постапува во согласност со тоа барање.[165] Применето на договорот за доживотна издршка, ова значи дека содржината на облигациониот однос истовремено се манифестира како право на примателот на издршката да бара обезбедување на издршка и грижа до крајот на својот живот, и како обврска на давателот на издршката да ги исполнува тие обврски на начин и во обем утврден со договорот. Од друга страна, содржината на договорот вклучува и обврска на примателот на издршката, која се состои во пренос на  правото на сопственост по неговата смрт.

Според својата содржина, договорот за доживотна издршка претставува двострано обврзувачки облигационен однос бидејќи за двете договорни страни истовремено произлегуваат и субјективни права и субјективни обврски. За договорот како двостран обврзувачки облигационен однос веќе стана збор во Глава II. Истовремено, договорот за доживотна издршка претставува траен облигационен однос[166], бидејќи обврската за издржување не се исполнува во еден единствен момент, туку се остварува континуирано и постапно, во текот на подолг временски период, кој е неизвесен и зависи од животниот век на примателот на издршката. Станува збор за активна долготрајна обврска, чија содржина се реализира преку повторување на исти или слични дејствија во определени временски интервали, што е типично за обврските за издржување во облигационото право.

Обврските на договорните страни не се во целост однапред познати во моментот на склучување на договорот за доживотна издршка. Ова особено се однесува на обврските на давателот на издршката, бидејќи во моментот на склучување на договорот не може со сигурност да се утврди нивниот вкупен обем, пред сè времетраењето на

[165] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2021). *Облигационо право......op.cit.*, стр.189
[166] Ubavić M. (2004). Ugovor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom...*op.cit.,* str.17

обврската за издржување, кое зависи од алеаторните околности, односно од должината на животот на примателот на издршката. [167]

Токму поради оваа алеаторна природа на договорот, можно е да дојде до значителна несразмерност помеѓу престациите на договорните страни. Така, можно е давателот на издршката да се стекне со имот од значителна вредност, а притоа да вложи релативно мал обем на издршка, доколку примателот почине кратко време по склучувањето на договорот. Сепак, ваквата несразмерност не претставува основ за поништување на договорот поради прекумерно оштетување, бидејќи ризикот од ваков исход е иманентен и однапред прифатен елемент на договорот за доживотна издршка.

Во рамки на оваа глава ќе бидат детално разгледани правата и обврските на двете договорни страни – примателот и давателот на издршката, како суштински елементи на содржината на договорот за доживотна издршка, со посебен осврт на обемот, квалитативните и квантитативните карактеристики на поединечните чинења, како и на можните правни последици што произлегуваат од нивното неисполнување или неуредно исполнување.

### 1.1. Обврски на примателот на издршката

Обврската на примателот на издршката се состои во тоа да му предаде на давателот на издршката, како надомест за обезбедената издршка, целиот свој имот или определен дел од тој имот. Исполнувањето на оваа обврска е одложено до смртта на примателот на издршката, што овозможува истиот за време на својот живот непречено да го користи имотот и да прибира плодови од него. Следствено, предмет на пренос може да биде само оној имот и оние имотни права кои примателот ги има во моментот на склучување на договорот за доживотна издршка.[168]

Во зависност од договорната волја на страните, обврската на примателот на издршката може да се состои во пренос на правото на сопственост над недвижни или подвижни ствари, како и во пренос на други имотни права кои по својата природа се

---

[167] Симоновић Д. (2010). Облигационо право…*op.cit*.,str.17

[168] Релевантни одлуки: Presuda Vrhovnog suda Srbije, Rev. 149/99 od 4.11.1999. godine. - Примателот на издршката мора во моментот на склучување на договорот за доживотна издршка да биде сопственик на стварите што се предмет на тој договор. Доколку тој стекне сопственост над одредена ствар по склучувањето на договорот, во однос на таа ствар договорот не произведува правно дејство; Presuda Okružnog suda u Kraljevu, Gž. 880/2003 od 12.2.2004. godine. - Со договорот за доживотна издршка можат да се пренесуваат само постоечки права, па примателот на издршката со овој договор не може да го пренесе правото на сопственост над стан кој не е откупен, бидејќи во таков случај станува збор за апсолутно ништовен договор.

преносливи.[169] Во продолжение ќе бидат разгледани поединечните облици на овие обврски.

### 1.1.1. Пренос на правото на сопственост над недвижна ствар

Кога примателот на издршката се обврзува со договорот за доживотна издршка да му го пренесе на давателот на издршката правото на сопственост над одредена недвижна ствар по својата смрт, таа недвижност мора да биде индивидуално определена и прецизно специфицирана. Договорот треба да ги содржи сите потребни податоци на основа на кои може јасно да се утврди за која недвижност станува збор. Во таа смисла, недвижноста мора да биде означена со соодветни катастарски индикации. Дури и во случај кога во договорот постои погрешно означување, но помеѓу страните не постои спор за тоа која недвижност е предмет на пренос, договорот се смета за полноважен. Во такви случаи се применува правилото *falsa demonstratio non nocet, cum de corpore constat* – неточниот опис не ја оневозможува валидноста на договорот ако јасно е за која ствар се работи.[170]

Во една судска одлука е заземен став дека, во случај кога примателот на издршката недвижноста која е предмет на договорот за доживотна издршка, над која го задржал правото на сопственост до својата смрт, во меѓувреме ја разменува за друга недвижност со трето лице врз основа на договор за размена, новостекнатата недвижност не може да се смета за предмет на договорот за доживотна издршка по основ на „трансформација" или „континуитет" на имотот.[171] Со оваа одлука уште еднаш се потврдува ставот дека предмет на договорот за доживотна издршка може да биде исклучиво оној имот кој бил во сопственост на примателот во моментот на склучувањето на договорот, додека последователните промени во имотната состојба на примателот не влијаат врз опфатот на договорот.

Во судската практика е прифатен ставот дека предмет на договор за доживотна издршка може да биде и недвижност која е бесправно изградена, односно објект изграден без одобрение за градење. [172] Имено, Апелациониот суд во Крагуевац зазел правно сфаќање според кое судот може да го завери договорот за доживотна издршка и

[169] Subotić Konstantinović N. (1978). Ugovor o doživotnom izdržavanju.Enciklopedija imovinskog prava I prava udruženog rada...*op.cit, str.523*
[170] Poćuća M.(2011). *Ugovor o doživotnom izdržavanje...op.cit,* str.74
[171] Presuda Vrhovnog suda Srbije, Gzz. 407/2001 od 4.7.2001. godine
[172] Pravno shvatanje usvojeno na sednici Građanskog odeljenja Apelacionog suda u Kragujevcu od 20.12.2010. godine - Bilten Apelacionog suda u Kragujevcu, broj 1/2011)

во случај кога примателот на издршката располага со бесправно изграден објект, имајќи предвид дека со таквите објекти е дозволено располагање како со правни работи меѓу живи, така и за случај на смрт. Притоа, со ваквото располагање не се менува правниот статус на објектот како бесправно изграден, ниту се отстрануваат последиците што произлегуваат од повредата на градежните прописи.

### 1.1.2. Пренос на правото на сопственост над подвижна ствар

Примателот на издршката може со договорот за доживотна издршка да се обврзе да му го пренесе на давателот на издршката правото на сопственост над подвижна ствар по неговата смрт. Како и кај недвижните ствари, така и подвижните ствари како предмет на договорот мора да бидат наведени на начин што овозможува нивно јасно разликување од другите ствари.[173] Тие можат да бидат определени како индивидуално одредени ствари, или како збирни ствари, онака како што вообичаено се определуваат во правниот промет.[174] Потребата подвижните ствари да бидат јасно и прецизно наведени во договорот за издршка претставува суштинска карактеристика на договорот, така што во однос на подвижниот имот не може да постои правно валиден договор доколку тие ствари не се доволно определени.[175] Оттука, доколку во договорот се наведува дека предмет на договорот е, на пример, „целокупното покуќниште", тоа се смета за недоволно определување, бидејќи не е јасно кои конкретни предмети се опфатени со таквата формулација.[176]

### 1.1.3. Пренос на други имотни права

Примателот на издршката, покрај преносот на правото на сопственост, може со договорот за доживотна издршка да се обврзе и на пренос на други имотни права, под услов тие да не се поврзани со неговата личност.[177] Така, како предмет на обврската на примателот на издршката може да се јави пренос на стварни служблености, правото на долготраен закуп на земјоделско земјиште, заложни права (рачен залог и хипотека), како и пренос на права од интелектуална сопственост[178], при што во овој случај се пренесува

[173] Нотарска комора на Република Македонија, Нотариус, број 14, стр.36
[174] Presuda Vrhovnog suda Srbije, Rev. 1342/2005 od 1.12.2005. godine
[175] Odluka na Okružni sud Beograd, Gž.br. 547/01 - Gž.br. 5665/00 - P.br. 953/95
[176] Милетић Б., Тишић Г. (1997). Предмет уговора о доживотном издржавању, *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр.43.
[177] Subotić Konstantinović N. (1978). Ugovor o doživotnom izdržavanju.Enciklopedija imovinskog prava I prava udruženog rada...*op.cit,* str.523
[178] Одлука Врховног суда Југославије, Рев. 2045/64.

само нивната материјална компонента, бидејќи моралната компонента е неразделно поврзана со личноста на авторот и по својата природа е непреносива.

## 1.2. Обврски на давателот на издршката

Обврската на давателот на издршката се состои во тоа да го издржува примателот на издршката до крајот на неговиот живот. Доживотното издржување претставува комплексна обврска која опфаќа низа давања и чинења потребни за одржување на животниот стандард на примателот.[179] Голем дел од обврските на давателот се извршуваат за време на животот на примателот, додека само мал дел може да се однесува на дејства што настануваат по неговата смрт.

Домашното законодавство не содржи прецизна и исцрпна нормативна определба на содржината на доживотното издржување, односно не ги конкретизира поединечните обврски што ги презема давателот на издршката. Поради тоа, содржината и обемот на издржувањето се конкретизираат преку договорната волја на страните, а дополнително се конкретизираат во судската пракса и правната теорија, кои имаат значајна улога во утврдувањето на тоа што во конкретен случај се смета за соодветно и доволно издржување. За разлика од домашното законодавство, во одделни компаративноправни системи содржината на обврските на давателот на издршката е појасно и подетално нормативно уредена, што ќе биде предмет на анализа во соодветниот компаративен дел од трудот.

### 1.2.1. Обврски на давателот на издршката што се исполнуваат за време на животот на примателот на издршката

#### *1.2.1.1. Издржување*

Со законските одредби се определува само битната престација на давателот на издршката. Имено, „давателот на издршката се обврзува да го издржува доживотно примателот на издршката“[180], што претставува битен елемент на договорот, утврден со императивна норма. Меѓутоа, врз основа на начелото на слободно договарање, договорните страни можат, покрај оваа законски утврдена обврска да предвидат и други

[179] Чавдар К., Чавдар К.(2012). Коментар на ЗОО....*op.cit.,* стр.1030
[180] Член 1029 од ЗОО

обврски на давателот на издршката, доколку тие не се спротивни на императивните норми, јавниот поредок и добрите обичаи.

Обврската за издржување најчесто опфаќа давања и чинења кои се неопходни за обезбедување и задоволување на основните животни потреби на примателот на издршката, особено во случаи кога истиот, поради старост, болест или намалена работна способност, не е во можност самостојно да се грижи за својата егзистенција. Тука се има предвид потребата на примателот на издршката од обезбедување храна, облека и стан, како и обезбедување соодветна нега и лекување, но и задоволување на неговите лични и културни потреби.[181]

Со самиот договор може да се одреди што точно давателот на издршката е должен да обезбеди како издршка, вклучувајќи го видот, количината и квалитетот на чинењата.

Доколку во договорот обврската на давателот на издршката е определена на општ начин, без прецизно наведување на конкретните давања и чинења што таа ги опфаќа, тогаш содржината на обврската се утврдува според реалните потреби на примателот на издршката. При тоа, како релевантен критериум се земаат потребите на еден просечен човек соодветни на неговата возраст, здравствена состојба и животни навики, како и условите на средината во која живее примателот на издршката.[182]

Обврската за издржување, иако нормативно е единствено определена, во практика се реализира на различен начин во зависност од тоа дали давателот на издршката е физичко или правно лице. Кога давателот е физичко лице, исполнувањето на обврската по правило има изразен личен карактер и се исполнува преку непосредна и секојдневна грижа за примателот на издршката. Во такви случаи, давателот лично учествува во обезбедувањето храна, сместување, нега и внимание, при што договорниот однос често се надградува со елементи на блискост, доверба и меѓусебна зависност. Наспроти тоа, кога давателот на издршката е правно лице, обврската за издржување се реализира на поинаков, институционализиран начин. Правното лице, по својата природа, не е во можност лично да обезбедува секојдневна грижа, па затоа исполнувањето на обврската се врши посредно, преку вработени лица, договорни установи или преку сместување на примателот на издршката во соодветна институција за долготрајна грижа. Во вакви случаи, обврската за издржување се сведува пред сè на обезбедување материјални услови, услуги и финансиски средства, додека личната

[181] Чавдар К., Чавдар К.(2012). Коментар на ЗОО....*op.cit.,* стр.1029
[182] Poćuća M.(2011). *Ugovor o doživotnom izdržavanje…op.cit,* str.76

компонента на односот е значително редуцирана или целосно отсутна. Оттука, иако содржината на обврската за издржување формално останува иста, нејзиното фактичко извршување покажува суштински разлики во зависност од субјектот што ја презема обврската. Овие разлики имаат значење не само за начинот на исполнување на договорот, туку и за оцената на неговото уредно или неуредно исполнување, како и за можностите за негова измена или раскинување во случај на нарушување на договорната рамнотежа.

Оттука, заради прецизно утврдување на содржината и обемот на обврската за издржување, неопходно е таа да се разгледа преку нејзините поединечни составни елементи. Иако овие елементи можат различно да се комбинираат и конкретизираат во зависност од договорната волја на страните и од природата на давателот на издршката, во правната теорија и договорната практика како типични се издвојуваат обврските за обезбедување храна, стан, облека, лекување, нега и парични средства за секојдневни потреби.[183]

А) Обезбедување храна

Обврската за обезбедување храна се однесува на задоволување на најосновните животни потреби на примателот на издршката, чијашто исполнивост претставува предуслов за одржување на животот и зачувување на неговото здравје. Давателот на издршката е должен да обезбеди количина и вид на храна што се соодветни на индивидуалните потреби и лични карактеристики на примателот, при што квалитетот на храната мора да биде во склад со неговата возраст, здравствена состојба и животни навики.[184]

Потребите на примателот можат да бидат утврдени врз основа на неговата изразена волја, но и преку објективни околности, особено оние што се однесуваат на здравствената состојба. Имено, кај старите лица, обезбедувањето соодветна и квалитетна исхрана има особено значење, како од аспект на одржување на здравјето, така и од аспект на превентивно дејствување во насока на спречување или ублажување на заболувања кои вообичаено се јавуваат во староста.

Обврската за обезбедување храна претставува една од најзначајните обврски на давателот на издршката и речиси по правило е предвидена како примарна обврска во

---

[183] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str.439
[184] Милетић Б., Тишић Г. (1997). Предмет уговора о доживотном издржавању....*op.cit.*,стр. 39

договорите за доживотна издршка. Оттука, и во судската практика и во правната теорија, кога се говори за обврската за издржување, најчесто најнапред се мисли токму на обезбедувањето храна.[185] Со оглед на суштинското значење на оваа обврска, нејзиното неисполнување или неуредно исполнување му дава право на примателот на издршката да бара раскинување на договорот поради неисполнување.

Б) Обезбедување стан

Обврската за обезбедување стан се однесува на обезбедување соодветен простор за домување, како и неопходните услови и опрема за нормално живеење. Ова вклучува и обезбедување соодветни услови за хигиена и одржување на просторот/станот. Под обезбедување стан не се подразбира дека давателот е должен да обезбеди посебен стан, туку соодветен простор кој одговара на реалните потреби на примателот.[186]

Договорните страни при склучувањето на договорот за доживотна издршка можат спогодбено да утврдат дали ќе засноваат заедница на живот или не. Доколку се договорат за засновање заедница на живот, потребно е да постигнат согласност и во поглед на местото на живеење, односно дали заедницата ќе се остварува во домаќинството на примателот на издршката, во домаќинството на давателот на издршката или на некое трето место.

Но и во случаи кога договорните страни не се договараат за засновање заедница на живот, тие можат спогодбено да го утврдат местото на престојување на примателот на издршката. При тоа, од аспект на заштитата на интересите и благосостојбата на примателот, за најсоодветно се смета неговата старост да ја помине во средина во која го поминал најголемиот дел од својот живот.[187]

Ова се должи на фактот дека во староста способноста за прилагодување кон нови животни околности е значително намалена, поради што преселувањето во нова и непозната средина може да предизвика чувство на осаменост, изолираност и несигурност, за разлика од средина во која примателот има воспоставени социјални врски, пријатели и позната животна рутина.

Обврската за обезбедување стан, по своето значење, е споредлива со обврската за обезбедување храна, поради што нејзиното неисполнување или неуредно исполнување

[185] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str.550
[186] Милетић Б., Тишић Г. (1997). Предмет уговора о доживотном издржавању....*op.cit.*, стр.39
[187] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str.501

му дава право на примателот на издршката да бара раскинување на договорот за доживотна издршка.

В) Обезбедување облека

Обврската за обезбедување облека е редовна и континуирана обврска на давателот на издршката, со оглед на тоа што облеката претставува една од основните потреби на човекот. Количината и квалитетот на облеката се определуваат врз основа на комбинација од субјективни и објективни критериуми. Како субјективен критериум се јавува волјата и личниот избор на примателот на издршката, која давателот е должен да ја почитува сè додека таа не излегува надвор од разумните и објективно оправдани рамки. Објективните критериуми, пак, подразбираат водење сметка за климатските услови, здравствените потреби на примателот на издршката, неговата возраст, како и другите релевантни карактеристики на местото во кое тој живее. [188]

Со оглед на тоа што станува збор за трајна обврска која директно влијае врз достоинството и секојдневниот живот на примателот на издршката, нејзиното неисполнување или очигледно несоодветно исполнување може да претставува повреда на договорните обврски на давателот на издршката и, во зависност од околностите на конкретниот случај, да биде основ за барање раскинување на договорот за доживотна издршка.

Г) Обезбедување лекување

Чинењата што произлегуваат од обврската за обезбедување лекување можат да се поделат во две групи: чинења насочени кон превентивна заштита на здравјето на примателот на издршката и чинења поврзани со лекувањето на веќе настаната болест или здравствено нарушување.[189]

Во рамки на обврската за издржување, давателот на издршката е должен да му овозможи на примателот пристап до соодветна здравствена заштита, редовни или вонредни лекарски прегледи кога тоа е потребно, како и да ги сноси сите неопходни трошоци за лекување. Ова вклучува трошоци за болнички третман, лекови, медицински и терапевтски интервенции, бањско лекување и други слични здравствени услуги.[190]

---

[188] Милетић Б., Тишић Г. (1997). Предмет уговора о доживотном издржавању....*op.cit.*, стр.39
[189] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str.508
[190] Чавдар К., Чавдар К.(2012). Коментар на ЗОО....*op.cit.,* стр.1030

Давателот на издршката е должен да ги сноси овие трошоци без оглед на нивната висина и независно од тоа дали болеста постоела пред или настапила по склучувањето на договорот за доживотна издршка.[191] Ова решение произлегува од алеаторната природа на договорот за доживотна издршка. Имено, елементот на алеаторност е тесно поврзан со неизвесноста во поглед на здравствената состојба на примателот на издршката и должината на неговиот животен век. И давателот и примателот на издршката, во моментот на склучување на договорот, се свесни за оваа неизвесност и свесно го прифаќаат ризикот што произлегува од неа.

Поголемиот дел од оваа обврска, по својата природа, се извршува посредно, односно преку трети лица (здравствени установи, медицински персонал и други стручни лица), а не непосредно од страна на давателот на издршката. Сепак, давателот е должен навремено и со должно внимание да ги преземе сите неопходни дејствија за да се обезбеди соодветна здравствена заштита. Чинењата поврзани со превентивното дејствување, како што се обезбедување редовни лекарски контроли или навремено реагирање при влошување на здравствената состојба, по правило зависат од активното однесување на давателот на издршката.

Во судската практика може да се забележи тенденција при оцената на уредното исполнување на оваа обврска, поголемо значење да ѝ се придава на реализацијата на чинењата поврзани со лекувањето на примателот на издршката, додека дејствијата на давателот во врска со превенцијата поретко се земаат предвид.[192] Ваквиот пристап не може да се смета за целосно оправдан, бидејќи обврската за обезбедување лекување подразбира и превентивно и куративно дејствување. Давателот на издршката може да се смета дека уредно ја исполнува оваа обврска само доколку со должно внимание ги презема дејствијата поврзани и со превенцијата и со лекувањето.

Секое неисполнување или неуредно исполнување на обврската за обезбедување лекување, му дава право на примателот да бара раскинување на договорот за доживотна издршка поради неисполнување на договорните обврски.

Д) Обезбедување нега

Обврската за обезбедување нега се однесува на лична и секојдневна грижа за примателот на издршката во случаи кога, поради болест, старост или намалена

[191] Милетић Б., Тишић Г. (1997). Предмет уговора о доживотном издржавању....*op.cit.*,стр. 39
[192] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str. 512

способност, тој не е во можност самостојно да се грижи за себе. Оваа обврска опфаќа одржување на личната хигиена, помош при исхрана и земање лекови, како и други облици на секојдневна грижа неопходни за нормално функционирање на примателот.[193] Поради значењето што оваа обврска го има за квалитетот на животот и достоинството на примателот на издршката, во договорната практика таа речиси секогаш е изречно предвидена како составен дел од обврската за издржување. Дури и во случаи кога не е посебно конкретизирана, се смета дека обврската за обезбедување нега произлегува од самата природа и цел на договорот за доживотна издршка. Оттука, несомнено произлегува правото на примателот на издршката, да бара раскинување на договорот поради неисполнување или неуредно исполнување на оваа обврска.

Ѓ) Обезбедување парични средства за секојдневни потреби

Давателот на издршката е должен да обезбеди парични средства неопходни за задоволување на секојдневните потреби на примателот. Висината на овие средства може да биде однапред утврдена во договорот, на пример како фиксен месечен износ. Доколку износот не е конкретно определен во договорот, тој се утврдува според реалните потреби на примателот, земајќи ги предвид неговите животни навики и достигнатиот животен стандард.[194]

Анализата на целта на договорот за доживотна издршка упатува на заклучок дека оваа обврска се подразбира по самата природа на договорот, независно од тоа дали е изречно предвидена во договорната содржина или не.[195] Оттука, јасно произлегува дека на примателот на издршката треба да му се признае правото да бара раскинување на договорот во случај кога давателот на издршката не ја исполнува или трајно и неуредно ја исполнува оваа обврска.

Е) Обезбедување институционално сместување и плаќање на трошоците за сместување

Во рамки на обврската за издржување, давателот на издршката може да се обврзе да обезбеди сместување на примателот на издршката во дом за стари лица[196] или друга

[193] Милетић Б., Тишић Г. (1997). Предмет уговора о доживотном издржавању....*op.cit.*,стр.39
[194]Ibid.str.40
[195] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str. 529
[196] Содржината на договорот за доживотна издршка може да опфати и сместување на примателот на издршката во дом за стари лица, при што давателот на издршката се обврзува да ги сноси трошоците за таквото сместување, како и повремено да го посетува примателот и на друг начин да изразува грижа и

установа за долготрајна грижа, како и да ги подмирува трошоците поврзани со таквото сместување. Ова форма на исполнување особено доаѓа до израз во случаи кога давател на издршката е правно лице, кое по правило не е во можност лично да ја обезбедува секојдневната грижа.

Во вакви случаи, обврската за издржување се реализира преку институционална форма на згрижување, при што давателот е должен да ги сноси трошоците за сместување, исхрана, нега и други услуги, во согласност со договорот и со применливите прописи од областа на социјалната заштита.

Обврската на давателот на издршката се состои пред сè во навремено и уредно плаќање на трошоците за сместување и услуги, како и во изборот на установа што одговара на здравствените и личните потреби на примателот. Доколку сместувањето е несоодветно, прекинато или ако трошоците не се подмируваат редовно, а таквата состојба доведува до загрозување на благосостојбата на примателот на издршката, може да се смета дека постои неуредно исполнување на обврската за издржување, што во зависност од околностите на конкретниот случај може да претставува основ за раскинување на договорот за доживотна издршка.

### *1.2.1.2. Извршување услуги од личен карактер*

Поголемиот дел од обврските на давателот на издршката вообичаено се изречно и детално уредени со договорот. Меѓутоа, постојат и обврски чие постоење го наметнува самата природа и цел на договорот за доживотна издршка. Оваа обврска ретко се предвидува изречно во договорите за доживотна издршка, а во судската практика ѝ се придава помало значење при оценката на уредното исполнување на обврските од страна на давателот на издршката.[197] За овие обврски се смета дека му припаѓаат на давателот на издршката и тогаш кога не се изречно предвидени во договорот, бидејќи произлегуваат од суштината на трајниот однос на грижа и доверба меѓу договорните страни.

Во оваа група особено спаѓаат обврските за обезбедување секојдневна грижа и внимание, како и обврската за овозможување задоволување на основните културни потреби на примателот на издршката. Овие обврски, за разлика од материјалните

внимание. Vrhovni sud Vojvodine Rev. 766/89 od 15.11.1989. Извор: Poćuća M.(2011). *Ugovor o doživotnom izdržavanje…op.cit,* str.77

[197] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str. 440

аспекти на издржувањето, имаат изразен личен карактер, бидејќи претпоставуваат континуиран непосреден контакт, индивидуализиран пристап и личен ангажман во односот со примателот на издршката. Таквиот начин на исполнување е природно својствен за случаи кога давателот на издршката е физичко лице. Кога, пак, давателот е правно лице, овие обврски не се извршуваат лично, туку посредно – преку вработени или други ангажирани лица во рамки на институционалната организација, при што личниот елемент на односот е значително редуциран и формализиран. Ова има особено значење при оценката на степенот и квалитетот на исполнувањето на договорните обврски.

А) Обезбедување секојдневна грижа и внимание

Оваа обврска има изразена специфичност и, за разлика од класичните облигациони односи, е својствена токму за договорот за доживотна издршка. Нејзината особеност се состои во тоа што нејзиното исполнување во најголем дел се темели на правилата на моралот, бидејќи од суштинско значење е внатрешниот, односно субјективниот однос на давателот кон примателот на издршката.[198]

Давателот на издршката е должен спрема примателот на издршката да постапува со должно внимание и почит, на начин што не го повредува неговото достоинство, личен интегритет и психичка благосостојба. Оваа обврска подразбира воздржување од постапки со кои би се искажувал презир, понижување или непријателски однос кон примателот на издршката.[199]

За квантитативните карактеристики на чинењата во рамки на оваа обврска тешко може прецизно да се говори, имајќи ја предвид специфичната природа на самата обврска. Таа не се изразува преку однапред утврден број или вид на дејствија, туку преку континуитетот и интензитетот на однесувањето на давателот на издршката. Укажувањето грижа и внимание кон примателот мора да се манифестира постојано, преку секојдневните постапки на давателот кои се директно или индиректно поврзани со примателот на издршката. Тоа се, пред сè, постапки што давателот ги презема со цел уредно исполнување на другите обврски кои произлегуваат од договорот за доживотна издршка, но и дејствија што се преземаат токму со намера кај примателот да се создаде чувство на сигурност, внимание и почит.[200] Овие постапки претставуваат составен дел

[198] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str. 516
[199] Милетић Б., Тишић Г. (1997). Предмет уговора о доживотном издржавању....*op.cit*., стр.40
[200] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str. 517

од односот на грижа што договорот го воспоставува и не можат да се сведат исклучиво на материјалното исполнување на договорните обврски.

За разлика од останатите обврски на давателот на издршката, обврската за секојдневно укажување внимание кон примателот на издршката има изразено личен карактер и, по својата природа, не може во целост да се пренесе или да се исполни преку друго лице.

Иако оваа обврска ретко се уредува изречно во договорите за доживотна издршка, таа има особено значење при исполнувањето на договорните обврски, имајќи предвид дека договорот по својата природа претпоставува траен однос на лична грижа, доверба и меѓусебно почитување. Во судската практика, повредата на оваа обврска може да претставува основ за раскинување на договорот поради неисполнување или несоодветно исполнување на обврските на давателот на издршката.

Б) Обезбедување основни културни потреби

Давателот на издршката е должен да му овозможи на примателот задоволување на неговите основни културни потреби, во согласност со неговата возраст, здравствената состојба, животните навики и претходниот начин на живот на примателот.

Оваа обврска може да опфати, меѓу другото, овозможување пристап до културни и информативни содржини, одржување и поттикнување на социјални контакти, учество во религиозни или други општествени активности, како и зачувување на навиките кои придонесуваат за психичката и емоционалната благосостојба на примателот на издршката. Нејзиниот опсег се определува според индивидуалните карактеристики на примателот на издршката.

Оваа обврска ретко е изречно предвидена во договорите за доживотна издршка. Меѓутоа, имајќи ја предвид договорната практика, вообичаено е договорите да содржат општа одредба со која давателот на издршката се обврзува да ги обезбеди „сите други животни потреби“ на примателот на издршката. Под оваа формулација нужно се опфатени и културните потреби на примателот. Оттука, може да се заклучи дека оваа обврска се подразбира како составен дел на секој договор за доживотна издршка, независно од тоа дали е изречно предвидена[201], како и дека примателот на издршката

[201] Ибид., стр.527

има право да бара раскинување на договорот во случај на нејзино неисполнување или трајно неуредно исполнување.

#### 1.2.2. Обврски на давателот на издршката што се исполнуваат по смртта на примателот на издршката

А) Организирање и извршување на погребните обреди на примателот на издршката, како и надомест на трошоците поврзани со погребот

Со договорот за доживотна издршка може да биде предвидено давателот на издршката да ја организира и изврши погребната церемонија на примателот на издршката по неговата смрт. Квантитетот и квалитетот на чинењата во рамки на погребните обврски се определуваат според објективни околности, односно во согласност со месните обичаи и вообичаената практика во местото каде што се врши погребот, како и со културните и верските традиции релевантни за конкретниот случај.[202]

Оваа обврска често е содржана во договорната практика, а и во случаи кога таа не е изречно договорена, давателот на издршката е должен да ја изврши. Вообичаено, договорот содржи одредба според која примателот на издршката ќе биде погребан во согласност со месните обичаи, како и со неговите лични, верски и културни убедувања, доколку тие му биле познати на давателот на издршката. [203]

Кога давателот на издршката е правно лице, како што е центар за социјална работа или установа за долготрајна грижа, обврската за погреб обично е изречно предвидена во договорот, особено кога станува збор за примател кој нема роднини или други лица што би се грижеле за него.

За разлика од останатите обврски на давателот на издршката, кај кои во случај на неисполнување или неуредно исполнување примателот на издршката има право да бара раскинување на договорот, кај обврската за погреб се јавува одредена правна дилема во однос на последиците што произлегуваат од нејзиното неисполнување. Имено, имајќи ја предвид природата на оваа обврска, како и моментот во кој таа доспева за исполнување, во правната теорија преовладува ставот дека лицето кое ги сносело трошоците за погреб на примателот на издршката, поради неисполнување на оваа обврска од страна на

[202] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str. 532
[203] Милетић Б., Тишић Г. (1997). Предмет уговора о доживотном издржавању....*op.cit.*, стр.41

давателот, нема право да бара раскинување на договорот за доживотна издршка. Наместо тоа, на тоа лице му припаѓа право да бара надомест на направените трошоци, и тоа со тужба по основ на неосновано збогатување.[204] Дополнително, не може да им се признае на наследниците на примателот на издршката право да бараат раскинување на договорот поради неисполнување на обврската за погреб, со оглед на тоа што договорот во суштина е извршен во најголем дел и неговата основна цел е постигната – обезбедување доживотно издржување и грижа за примателот на издршката до крајот на неговиот живот.

Б) Обврска за подигање на надгробен споменик на примателот на издршката

Давателот на издршката е должен да ја изврши оваа обврска само доколку таа е изречно предвидена во договорот за доживотна издршка; во спротивно, тој не е обврзан на нејзино исполнување.[205] Трошоците за подигање надгробен споменик не се сметаат за дел од трошоците за погреб. Кога подигањето на надгробен споменик е договорено како посебна обврска, неговиот вид, изглед и квалитет треба да бидат во согласност со договореното меѓу страните. Доколку договорот не содржи одредби во поглед на квалитетот и изгледот на надгробниот споменик, давателот на издршката е должен да подигне надгробен споменик со просечен квалитет, оценет според вообичаените стандарди и практики во местото на живеење на примателот на издршката.[206]

Оваа обврска по својата природа во ниту еден случај не може да се изврши лично од страна на давателот на издршката, бидејќи нејзиното извршување вообичаено се доверува на лица или субјекти кои професионално се занимаваат со организирање на погребни услуги.

Доколку обврската за подигање надгробен споменик е изречно предвидена со договорот за доживотна издршка, наследниците на примателот на издршката немаат право да бараат раскинување на договорот поради нејзиното неисполнување. Ова произлегува од истите причини што важат и за обврската за организирање на погреб, имајќи предвид дека договорот во суштина е извршен во неговиот превладувачки и суштински дел, а неговата цел – обезбедување доживотно издржување и грижа за примателот – е целосно остварена.[207]

---

204 Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str. 534
205 Чавдар К., Чавдар К.(2012). Коментар на ЗОО....*op.cit.,* стр.1030
206 Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str. 534
207 Ibid., str. 538

Во случај кога наследниците самите ќе го подигнат надгробниот споменик, на нив треба да им се признае право на надомест на направените трошоци, и тоа по основ на неосновано збогатување. Притоа, висината на надоместот треба да се определи најмногу до износот на трошоците потребни за подигање на надгробен споменик со просечен квалитет, со цел да се избегне неоправдано оптоварување на давателот на издршката.

Кога давателот на издршката нема да подигне надгробен споменик, а таква обврска не била предвидена со договорот, наследниците немаат право ниту да бараат раскинување на договорот, ниту пак да бараат надомест на трошоци, бидејќи во конкретниот случај не постоела договорна обврска на давателот на издршката.

### 1.3. Засновање заедница на живот

Заедница на живот значи живеење заедно во иста куќа на примателот и давателот на издршката, или во различни куќи, но на ист имот. Овој тип на заедница е сличен на заедницата во која договорните страни имаат посебни домаќинства, но живеат во непосредна близина за да можат да ги исполнуваат договорните обврски чија природа бара делумен или секојдневен континуитет на обврските. Кога обврската за засновање заедница на живот произлегува од самиот договор за доживотна издршка, таа претставува заемна обврска и за примателот и за давателот на издршката.[208]

Интересот за формирање на заедница на живот е двостран. Од една страна, таа претставува значајна заштита за примателот на издршката, особено имајќи го предвид проблемот на осаменост кој е чест и изразен кај старите лица. Живеењето во заедница овозможува постојано присуство, социјален контакт и чувство на сигурност, што има позитивно влијание врз психичката и општата благосостојба на примателот. За лицата кои немаат деца, кои се оддалечени од своето семејство, договорот за доживотна издршка со засновање заедница на живот претставува особено значајно решение за надминување на осаменоста.[209] Од друга страна, засновањето заедница на живот е во интерес и на давателот на издршката, бидејќи овозможува полесно, поефикасно и поконтинуирано извршување на договорните обврски. Непосредната близина или заедничкото живеење го олеснуваат секојдневното обезбедување грижа, а воедно

[208] Poćuća M.(2011). *Ugovor o doživotnom izdržavanje…op.cit,* str.76
[209] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str. 525

придонесуваат и за подобра организација на издржувањето, особено кога примателот има зголемени здравствени или социјални потреби.

Оваа обврска во практиката често се предвидува со договорот за доживотна издршка. По својата природа, таа претставува специфична обврска во однос на останатите договорни обврски, бидејќи од неа не произлегуваат поединечни чинења, туку обврска за формирање и одржување на заедница на живот, која трае до престанокот на облигациониот однос. Притоа, оваа обврска не може да се договара како самостојна и изолирана обврска, туку секогаш се уредува во тесна врска со останатите договорни чинења кои произлегуваат од договорот за доживотна издршка.[210]

Во новоформираната заедница на живот, од страната на примателот на издршката, покрај самиот примател може да учествува и трето лице во чии корист е договорена доживотна издршка. Од останатите лица, во заедницата можат да влезат само оние кои се изречно предвидени со договорот, како и лицата кои во моментот на засновање на заедницата биле членови на семејството на примателот на издршката, но само доколку заедницата се заснова во неговото домаќинство. Притоа, овие лица можат да учествуваат во заедницата само под услов со договорот да не се изречно исклучени од идната заедница. Примателот на издршката нема право самостојно да воведува нови лица во заедницата без согласност на давателот на издршката, вклучително и брачен другар.[211] Ова, сепак, не значи дека на примателот му е забрането да склучи брак, но во таков случај давателот на издршката може да бара раскинување на договорот поради вина на примателот, доколку склучувањето на бракот доведе до нарушување на договорниот однос.

Кога заедницата на живот се заснова во домаќинството на давателот на издршката, како лица кои можат да учествуваат во заедницата се сметаат членовите на неговото семејство кои постоеле во моментот на склучување на договорот. Покрај нив, во заедницата можат да влезат и брачниот другар на давателот доколку тој склучи брак по склучувањето на договорот, како и децата кои ќе се родат по тој момент.[212]

Доколку договорните страни се договориле за засновање на заедница на живот, а до нејзино остварување не дојде, односно страните не живеат заедно поради нарушени односи до степен на неподносливост, таквата состојба може да претставува основ за

[210] Милетић Б., Тишић Г. (1997). Предмет уговора о доживотном издржавању....*op.cit.*, стр.44,45.
[211] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str. 541
[212] Ibid, str. 524

раскинување на договорот.[213] Доколку дојде до спор помеѓу договорните страни во врска со оваа обврска, потребно е да се анализираат сите релевантни околности во кои се наоѓале договорните страни во моментот на склучување на договорот, како и нивната заедничка волја и целта што сакале да ја постигнат со договорот.

---

[213] Poćuća M.(2011). *Ugovor o doživotnom izdržavanje…op.cit,* str.76

# ГЛАВА V

## 3. ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

Договорот за доживотна издршка редовно престанува со исполнување на обврските на договорните страни, во моментот на смртта на примателот на издршката, што претставува најпосакуван и природен начин на престанок на договорот. Ова произлегува од самата природа на договорот за доживотна издршка, при што правото на доживотна издршка се констатира во корист на примателот на издршката.

Со оглед на тоа што договорот за доживотна издршка претставува двостран-обврзувачки договор, неговото исполнување подразбира истовремено исполнување на обврските и правата на двете страни – примателот и давателот на издршката. Како што беше претходно разгледано, обврската на давателот на издршката започнува и се извршува за време на животот на примателот на издршката. Во случај кога давателот на издршката е правно лице, како што е Центарот за социјални работи, оваа обврска се состои во обезбедување на издршка за примателот, преку покривање на трошоците за сместување во дом за стари лица, здравствена нега и други потребни услуги. Со смртта на примателот на издршката, обврската на давателот престанува, бидејќи станува неостварлива, а со тоа и договорот се смета за исполнет и престанува. Од друга страна, обврската на примателот да го пренесе имотот врз давателот на издршката не се реализира за време на неговиот живот. Таа обврска е со одложен рок и се реализира во моментот на смртта на примателот на издршката. Во тој момент, имотот што е предмет на договорот, по сила на законот, преминува во сопственост на давателот на издршката.

Имено, бидејќи давателот на издршката се стекнал со правото на имот врз основа на правна работа помеѓу живите, тој имот не влегува во оставината на примателот на издршката. Затоа, не е потребно да се спроведе оставинска постапка за тој имот.[214] Преносот на имотот што е предмет на договорот се пренесува во моментот на смртта на примателот, кога по сила на закон преминува во сопственост на давателот на издршката. Во оваа ситуација, физичкото лице или одговорното лице во правното лице, како давател на издршка само треба да се легитимира со договорот и со изводот од матична книга на умрените, кој ќе ја потврди смртта на примателот. Откако ќе ја потврди смртта на примателот, давателот може да го оствари своето право на пренос на имотот.

[214] Чавдар К., Чавдар К. (2012). *Коментар на Законот за облигационите односи, коментари, објаснувања, практика и предметен регистар, трето изменето и дополнето издание*. Скопје: Академик

При разгледувањето на престанокот на договорот за доживотна издршка, важно е да се нагласи дека исполнувањето на обврските на договорните страни претставува клучен момент за престанок на облигационите односи. Меѓутоа, за да се смета дека облигациониот однос престанал, исполнувањето мора да биде правилно. Само правилното исполнување доведува до престанок на облигациониот однос, додека во спротивно, ќе имаме повреда на облигациониот однос. За да исполнувањето биде правилно, потребно е да се исполнат неколку основни услови. Правилно исполнување на обврската постои кога субјектите ја имаат потребната способност за извршување на обврските, предметот на обврската е реален, и се извршува во одредено време и место.[215]

За да може исполнувањето на обврската да биде правилно, исполнувачот мора да поседува соодветна способност за да го изврши дадениот облигационен однос. Кога станува збор за правно лице како давател на издршката, тој ја исполнува својата обврска во рамки на неговата посебна деловна способност. Отсуството на посебната деловна способност го прави договорот ништовен.

Дополнително, предметот на обврската мора да биде реален. Реалното исполнување на обврската подразбира дека должникот треба да го изврши она што точно е предвидено во самиот договор. Исполнувањето на обврската се состои во извршување на она што е договорено, па ниту должникот може да ја исполни со нешто друго, ниту доверителот може да бара нешто друго[216]. Според ова, ако давателот на издршката не обезбеди точно она што е договорено (на пример, сместување во дом за стари лица или здравствена нега), доверителот може да ја врати пренесената услуга и да бара она што му се должи согласно договорот. ЗОО предвидува можност за замена на исполнувањето, но само ако доверителот спогодбено прифати нешто друго наместо она што му се должи.[217] Во таков случај, должникот (давателот на издршката) и понатаму одговара за сите материјални и правни недостатоци на предметот што бил даден наместо договореното. Ако, на пример, сместувањето во домот е неадекватно или не ги исполнува условите, давателот на издршката ќе биде одговорен за недостатоците.

Со договорот, покрај содржината на обврските, договорните страни можат да се договорат и за времето на нивното исполнување. Времето на исполнување на обврските на давателот зависи од видот на дејството, односно од природата на обврските на кои е обврзан. На пример, ако се работи за секојдневно хранење на примателот на издршката,

[215] Галев Г., Дабовиќ - Анастасовка Ј. (2021). Облигационо право, *op.cit,* str.236.
[216] Член 296 од ЗОО
[217] Член 297 од ЗОО

исполнувањето на обврската ќе биде редовно и континуирано, додека за други обврски, како што е обезбедување на сместување или здравствена нега, времето на исполнување може да биде дефинирано со други услови во договорот. Во случај, на недостиг на договорна одредба која го определува времето на исполнување на обврската на давателот, применливи се законските прописи кои се однесуваат на соодветните дејствија или давања. Ако законските прописи не се применливи, тогаш се применува она што е вообичаено во пракса.[218]

Доколку станува збор за парична обврска, плаќањето може да се врши преку банка или штедилница, пошта или чековна уплатница.[219] Ако плаќањето се врши преку банка или штедилница, согласно договорот, задолжително се смета дека обврската е исполнета кога паричната обврска ќе биде пренесена од банката, односно штедилницата, на сметката на доверителот или кога ќе биде извршен налог за пренос средства на сметката на доверителот. Ова важи доколку договорните страни не се договориле поинаку, во смисла дека плаќањето ќе се смета за исполнето во моментот кога средствата ќе пристигнат на сметката на доверителот или кога ќе пристигне налог (вирман) во банката, односно штедилницата на должникот. Доколку договорот предвидува плаќање преку пошта, се претпоставува дека странките се согласиле дека обврската ќе биде исполнета кога должникот ќе го уплати износот на пошта. Ако ваквиот начин на плаќање не е договорен, обврската се смета за исполнета кога доверителот ќе ја прими паричната обврска. И доколку е договорено плаќањето да се изврши преку чековна уплатница, се претпоставува дека странките се согласиле дека обврската е исполнета во моментот кога давателот ќе уплати износ со чековна уплатница на сметката на доверителот.[220]

Местото на исполнување на обврската, доколку не е уредено со договорот, се определува согласно општите облигациони правила. Според овие правила, исполнувањето на обврската се врши во местото каде должникот (давателот на издршката) имал свое живеалиште во моментот на настанување на обврската. Во случај на правни лица, местото на исполнување на обврската е седиштето на правното лице каде треба да се извршат дејствијата неопходни за исполнување на обврската.[221]

Ако предмет на обврската на давателот на издршката е парична обврска, местото на исполнување, по правило, се определува во местото каде примателот на издршката

---

218 Perović S. (1981). Ugovor o doživotnom izdržavanju..*op.cit,* str.526
219 Види член 307 од ЗОО
220 За исполнување види повеќе: Галев Г., Дабовиќ-Анастасовка Ј. (2021). Облигационо право, *op.cit.*стр.235.
221 Член 308 став 3 од ЗОО

има свое живеалиште. Ако пак, давателот на издршката е правно лице, а плаќањето се врши со вирман, паричните обврски се извршуваат во седиштето на банката, односно штедилницата во која се водат паричните средства на доверителот.[222] Во овој контекст, доколку давателот на издршката, како правно лице (на пример, Центар за социјални работи), е обврзан да изврши плаќање на паричен износ за надомест на трошоци (како што е трошокот за сместување на примателот во дом за стари лица), местото на исполнување на обврската се определува според седиштето на банката каде се врши трансакцијата.

## 4. НЕВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА СПОРЕД МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ

Договорот за доживотна издршка е еден од најсложените и најспорните договори во граѓанското право, уште од неговото првично регулирање до денес. Овој договор, кој е регулиран со одредби кои не се променети повеќе од шест децении, го прави овој договор еден од најшпекулативните договори во правниот систем, што не е случај со ниту еден друг правен институт.[223] Со оглед на неговата специфичност и сложеност, може да се каже дека нема друга правна работа што е предмет на толку многу судски спорови како овој договор. Често се бара негово раскинување или поништување поради една од бројните причини предвидени со закон. Во остатокот од овој дел, нашето внимание ќе биде посветено на разгледување на причините за неважност на овој договор и анализирање на бројни судски пресуди донесени во постапка во кои била оспорена неговата важност.

Важно е да се напомене дека одредбите кои се однесуваат на неважноста на договорот за доживотна издршка се применуваат подеднакво, без разлика дали давателот на издршката е физичко или правно лице.

### 2.1. Општо за неважност на договорот

Важно за настанување на договорите е постоењето на согласност на волјите на договорните страни за битните елементи на договорот. Меѓутоа, за согласноста на волјите да произведе правни ефекти, неопходно е да бидат исполнети општите услови за полноважност на договорите, а кои се однесуваат на способноста на страните за

[222] Член 309 став 2 од ЗОО
[223] Мицковиќ Д., Ристов А. (2014). Наследно право...*op.cit.,* стр.179.

склучување на договори, предметот, каузата, како и евентуално посебните услови кои се бараат за одредени договори.[224] Доколку во моментот на склучување на договорот недостига некои од општите или посебните услови, доаѓа до неважност на склучениот договор.

Законот за облигациони односи за означување на договорите на кои им недостига некои од условите за полноважност го користи изразот неважност на договорот, а ги дели на ништовни и рушливи зависно од причините кое го прават правното дело неважечко.[225] Основата на оваа поделба лежи во фактот што со ништовните договори се повредува јавниот поредок, додека со рушливите договори се повредуваат приватните интереси. Во теоријата, ништовните договори се среќаваат и под називот апсолутно ништовни, а рушливите се нарекуваат релативно ништовни.

Согласно ЗОО, договорот за доживотна издршка би бил апсолутно ништовен доколку е спротивен на Уставот, законите и добрите обичаи.[226] Сепак, може да се заклучи дека ништовни се и договорите кои не ги исполнуваат условите за настанување и полноважност. Ова е предвидено од страна на законодавецот со посебни одредби, а не со генералната одредба.[227] Такви случаеви се на пример, кога предметот на обврската е невозможен, недозволен, неопределен или неопределив (членот 39), ако основот не постои или е недозволен (членот 44), недозволена побуда (членот 45), во случај кога договорот е склучен од лице кое е потполно деловно неспособно (членот 47а), привиден договор (членот 58), итн.

Основна последица од ништовноста е реституцијата. Овие последици се предвидени со ЗОО, кој пропишува дека во случај на ништовност на договорот, секоја договорна страна треба да го врати она што го примила од другата страна врз основа на таквиот договор, доколку тоа не е можно, или ако природата на она што е исполнето се противи на враќањето, ќе се даде соодветен надомест во пари, според цените во времето на донесувањето на судската одлука, освен ако поинаку не е определено со закон.[228] Истовремено, во членот 96 став 2 од истиот закон, се предвидува дека договарачот кој е виновен за склучувањето на ништовен договор, ќе биде одговорен на содоговарачот за штетата што ќе ја претрпи поради ништовноста на договорот, доколку овој не знаел или според околностите не морал да знае за постоењето за причината за ништовност. На

---

[224] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовка Ј. (2021). Облигационо право...*op.cit.*стр.387
[225] Отсек 4 од ЗОО
[226] Член 95 став 1 од ЗОО
[227] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовка Ј. (2021). Облигационо право...*op.cit.*стр.389
[228] Член 96 став 1 од ЗОО

ништовноста судот внимава по службена должност, а на неа може да се повика секое заинтересирано лице.[229] Правото да се бара прогласување на договорот за ништовен не истекува.

Причини за рушливост на договорот се: кога договорот е склучен од ограничено деловно способно лице, кога при неговото склучување постојат мани во поглед на волјата на страните, или кога тоа е предвидено со закон или со друг пропис.[230] Основната последица од поништување на рушливиот договор е враќањето на она што било исполнето со договорот. Ако тоа не е можно или ако природата на тоа што е исполнето му се спротиставува на враќањето, ќе се даде соодветен надомест во пари.[231] Рушливите договори произведуваат правно дејство, но тоа може да биде изгубено, ако се исполнети законските услови за рушливост. Тие услови се: да постои законска причина за рушливост на договорот, да се поднесе барање во рокот предвиден со закон, на барање на страната во чија корист и установена рушливоста, и судот при исполнетост на претходните услови да донесе одлука со која го поништува договорот.[232]

Договорот за доживотна издршка е сложено правно дело кое може да се оспори поради различни причини. Судската пракса е прилично богата со случаеви на оспорување на овој договор, најчесто од страна на законските наследници на примателот на издршката. Со поништување на рушливиот договор, односно со утврдување на ништовноста на договорот за доживотна издршка, имотот на примателот на издршката со кој располагал во договорот, стануваат дел од неговата оставина и истиот може да се наследи. Самиот договор може да биде и делумно ништовен, односно поединечни одредби од договорот да бидат прогласени за ништовни.[233] Најчест пример во пракса е утврдување на ништовност на одредбата со која договорните страни однапред се одрекуваат од правото на раскинување на договорот по кој било основ.[234] Друг пример е кога, примателот на издршката располагал со сосопственичкиот удел на неговиот брачен другар во предметот на договорот, стекнат за време на бракот. Во таков случај договорот за доживотна издршка ќе биде делумно ништовен во делот што се однесува

[229] Член 101 од ЗОО
[230] Член 103 од ЗОО
[231] Член 105 од ЗОО
[232] Види и спореди: Галев Г., Дабовиќ-Анастасовка Ј. (2021). Облигационо право, *op.cit.*стр.396.
[233] ЗОО во член 97 предвидува дека „Ништовноста на некоја одредба на договорот не повлекува ништовност и на самиот договор, ако тој може да опстане без ништовната одредба и ако таа не била ни услов на договор ни решавачка побуда поради која е склучен договорот. "
[234] Одлука на Врховен суд на Србија Гж.4561/80 извор: Počuča M. (2011). Ugovor o doživotnom izdržavanju…*op.cit,* str.135

на сопственичкиот удел на брачниот другар, но ќе остане полноважен за остатокот од договорот.[235]

## 2.2. Ништовност на договорот за доживотна издршка

### 2.2.1. Ништовност на договорот за доживотна издршка поради деловна неспособност

Во овој дел нема да се влегува во детално разгледување на прашањето за способноста на страните за склучување договор за доживотна издршка, бидејќи истото веќе беше разгледано во претходниот дел. Наместо тоа, внимание ќе биде посветено на судската пракса која се однесува на поништување на договорите за доживотна издршка поради недостаток на способност на примателот на издршката.

Како што беше разгледано во претходниот дел, способноста на страните за склучување договор за доживотна издршка е важен предуслов за полноважноста на договорот.

Со оглед дека примателот на издршката најчесто е старо и изнемоштено лице, често се случува неговите законски наследници да изразат сомнеж за неговата способност за расудување во моментот на склучување на договорот. Како резултат на тоа, тие започнуваат судска постапка, наведувајќи ја неспособноста на примателот на издршката како недостаток, со цел да го оспорат таквиот договор. Судот мора да утврди во секој конкретен случај кога е доведена во прашање способноста за расудување на примателот на издршката, дали примателот можел разумно да расудува во моментот на склучување на договорот, земајќи ги предвид сите околности на случајот и природата на болеста.

Во еден случај второстепениот суд во Битола, пресудил дека примателот на издршката не бил деловно способен во моментот на склучување на договорот, бидејќи боледувал од деменција со нарушување на помнење, расудување, па според тоа истиот не бил способен да презема одредени дејствија со определени права и обврски, да донесува исправни и логички заклучоци, односно да учествува во правниот промет и слободно да располага со својата волја. Во овој случај, судот утврдил дека договорот за доживотна издршка е ништовен врз основа на членот 47а од ЗОО.[236]

---

[235] Примателот на издршката може полноважно да располага со договор за доживотна издршка само со свој имот и затоа договорот за доживотна издршка е ништовен и неважечки доколку примателот на издршката располагал и со сосопственичкиот удел на неговиот брачен другар во предметот на договорот врз основа на стекнување за време на бракот. Одлука на Апелациониот суд во Белград Гж. 4156/2017 од 8.2.2018. година

[236] Одлука на Апелациониот суд во Битола, ГЖ-2565/19 од 10.01.2020 година

Во друг случај, врховниот Касационен суд на Република Србија донел одлука со која утврдил дека примателот на издршката не бил деловно способен во моментот на склучување на договорот за доживотна издршка, поради постоење на тешко малигно заболување со метастази на внатрешните органи и мозокот. Судот оценил дека пониските судови правилно ја утврдиле фактичката состојба и правилно го примениле материјалното право, заклучувајќи дека здравствената состојба на примателот на издршката во моментот на склучување на договорот исклучувала можност за разумно расудување и самостојно правно дејствување. Меѓутоа, за разлика од случаите во кои се утврдува апсолутна ништовност на договорот, Врховниот касационен суд во овој случај заклучил дека договорот за доживотна издршка треба да се поништи врз основа на членот 111 од Законот за облигационите односи на Република Србија, кој ја уредува рушливоста на договорите склучени од лица со ограничена деловна способност.[237]

Во случаите кога во вонпарнични постапка не му е одземена деловната способност на примателот на издршката, а се покренува граѓанска постапка за утврдување на ништовноста на договорот за доживотна издршка поради неспособност на примателот на издршката, се спроведува психијатриско вештачење за стручна оцена на неговата способност. Често, во пракса, ова вештачење се врши по смртта на примателот на издршката[238], што ја зголемува можноста за неточност во процената, бидејќи не е возможно да се изврши преглед на лицето. Во вакви ситуации вештите лица, наодот и мислењето го даваат врз основа на медицинска документација, изјави на сведоци и анализа на мотивацијата за склучување на договорот. Во ситуација кога постои писмен доказ вештачење од кое произлегува дека примателот на издршката е деловно неспособно лице, судот ќе му поклони верба на наодот и мислењето во поглед на деловната способност.[239] Кога за деловната способност на примателот на издршката се спроведат две постмортални вештачења, а наодите и мислењата на вештите лица се спротивни по однос на битниот и суштествениот факт за деловноста способност на покојниот, судот како доказ ќе изведе супервештачење. [240]

Дополнително, судската практика зазема јасен став и во однос на прашањето на активната легитимација за поведување постапка за поништување на договорот за доживотна издршка поради недостаток на деловна способност. Според утврдените

[237] Presuda Vrhovnog kasacionog suda, Rev. 470/2010 od 22.4.2010. godine
[238] Ćirić Z., Stojanović N. (2002). *Neke dileme oko poništaj ugovora o doživotnom izdržavanju*, Pravni život, br.10, str.615
[239] Одлука на Апелационен суд Скопје ГЖ-3641/19 од 14.01.2021 година.
[240] Одлука на Апелациониот суд во Скопје, ГЖ-2216/18 од 24.01.2019 година

правни ставови, лице кое припаѓа на кругот на законски наследници не е активно легитимирано да бара поништување на договорот поради недостаток на способност на една од договорните страни, сè додека таа страна е жива, бидејќи правото на оспорување на договорот припаѓа исклучиво на договорните страни.[241] Исклучок од ова правило постои во случај кога на договорната страна ѝ е одземена деловната способност, при што правото да бара поништување на договорот му припаѓа на нејзиниот старател, како законски застапник.

### 2.2.2. Ништовност на договорот поради недостаток на форма

Договорот за доживотна издршка претставува строго формален договор, што значи дека формата на договорот е суштествен услов за негова полноважност. Со оглед дека предмет на овој договор најчесто е имот, од поголема вредност, и дека таквите отуѓувања ги прават стари и изнемоштени лица, чии интереси треба да бидат заштитени, законодавецот се одлучил да пропише строга форма за негово склучување. Договорот кој не е склучен во законски предвидената форма е ништовен. На ништовноста судот внимава по службена должност.[242] За поништување на договорот за доживотна издршка поради недостаток на форма, може да се повика секое заинтересирано лице, без да биде ограничено со рок.[243]

Повеќе за формата и последиците од непочитување на формата, можете да прочитате во глава 2, точка 4.

### 2.2.3. Привиден договор

Законот за облигациони односи содржи одредби за привиден договор. Според став 1 членот 58 од ЗОО, привидниот договор нема правно дејство. Привидно правно дело се смета кога договорните страни, поради различни мотиви, лажно претставуваат

[241] ВСМ Рев.207/80 од 29.04.1980 год. Зб. III/29
[242] Член 101 од ЗОО
[243] Релевантни одлуки: Договорот за доживотна издршка е ништовен во отсуство на потпис на договорните страни, иако судот составил записник за верификација на договорот потпишан од договорните страни.-(Одлука на Апелациониот суд во Белград, ГЖ. 2338/2014 од 16.7.2015 година); Ништовен е договорот за доживотна издршка ако при неговото склучување, односно пред потпишувањето и заверката на договорот истиот не е гласно прочитан во присуство на договорните страни и сведоците, и доколку договорните страни не се предупредени за последиците од договорот. -(Одлука на Окружен суд во Штип, П.бр.385/75); Не произведува правно дејство договорот за доживотна издршка при чие склучување не присуствуваат двајца сведоци, иако страните од договорот му биле лично познатина судијата пред кој договорот е склучен. – (Одлука на ВСМ, Рев.бр.535/81 од 15 10.1981).

пред трети лица дека склучиле договор со одредена кауза, иако всушност тој договор не е склучен (фиктивен договор). Фиктивниот договор е ништовен.[244]

Во ставот 2 од истиот членот се предвидува симулираниот договор. Симулираните договори се правни дела кон кои прибегнуваат договорните страни со цел да го прикријат правното дело кое навистина сакаат да го склучат (дисимулирано правно дело). Ако изразената волја на договорните страни не се совпаѓа со нивната вистинска волја, тогаш таа се смета за симулирана. Во таков случај, имаме два договора: еден, кој всушност страните сакаат да го склучат и кој ќе има правни последици (дисимулиран договор), и другиот, кој е привиден и не произведува правни ефекти меѓу страните (симулиран договор).[245] Симулираниот договор во нашето право е ништовен, додека симулираниот договор ќе произведе правно дејство доколку се исполнети условите за неговата полноважност.[246]

За да се избегне ограничувањето што Законот за наследување го поставува за оставителот, односно за да се заобиколат законските одредби за нужен дел и целосно да се избегнат нужните наследници, често во пракса се користи склучување на договор за доживотна издршка. Со ова, всушност, се крие вистинскиот договор што страните имале намера да го склучат, а тоа најчесто е договор за дар. Ваквиот договор се претставува како договор за доживотна издршка, но во суштина тоа е договор кој има за цел да ги избегне правните последици што произлегуваат од правото на нужен дел. Причината за ова е што имотот предмет на договорот за доживотна издршка, не влегува во оставината на оставителот, додека со договорот за дар, нужните наследници можат да го остварат својот нужен дел. Понекогаш, овој договор се склучува како симулиран, со цел да се фаворизираат одредени роднини во однос на други.[247] Во овие ситуации, симулираниот договор за доживотна издршка е ништовен, но ако се исполнети условите за полноважност на дисимулираното правно дело (најчесто договор за дар), тој ќе

---

[244] Види Пресуда на Врховниот суд на Србија, Рев. 1351/2016 од 17.11.2016, во која се утврди дека договор за доживотна издршка е привиден, бидејќи бил склучен со цел да се изиграат правата на нужниот наследник, а не со цел да се обезбеди издржување на примателот. Судот утврдил дека во конкретниот случај не постојат елементи на друг договор кој би бил прикриен, па договорот за доживотна издршка е прогласен за ништовен.
[245] Poćuća M. (2011). *Ugovor o doživotnom izdržavanje…op.cit,* str.126
[246] Види член 58 став 2 од ЗОО
[247] Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 225/80 од 18.XI.1980. Со оглед на утврдувањето дека примателот на издршката, при склучувањето на договорот за доживотна издршка, кој не започнал да се извршува поради неговата смрт која настапила кратко по неговото склучување, изјавил дека сака да ја обезбеди својата сопруга преку оставување на недвижностите опфатени со договорот во нејзина сопственост по неговата смрт, јасно се потврдува неговата намера да и го подари тој имот на тужената, неговата сопруга. Во таков контекст, склучениот договор за доживотна издршка претставува привиден договор, додека всушност помеѓу страните бил склучен договор за дар.

произведе правно дејство, но само ако тужителот подигне тужба во парница со цел да се утврди ништовноста на прикриениот договор. Во судската пракса, најчесто тоа се нужните наследници на примателот на издршката кои ја поведуваат постапката за утврдување на ништовноста на договорот, бидејќи нивен е интересот да се докаже дека договорот за дар бил вистинската волја на договорните страни.

Ако во судската постапка се утврди дека намерата на договорната страна не била да склучи договор за доживотна издршка, туку договор за дар, судот ќе го признае правното дејство на договорот за дар. Во таков случај, нужните наследници може да побараат враќање на подарениот имот, поради повреда на нивниот нужен дел.

Така во еден случај, судот утврдил дека вистинската намера на договорните страни не била да склучат договор за доживотна издршка, туку договор за дар. Ова утврдување било поткрепено со фактот што тужителката, по склучувањето на договорот и во текот на годините, како и по промените кои настанале по смртта на нејзиниот сопруг, никогаш не побарала издршка од тужената, ниту пак тужената вршела било какви исплати. Од релевантните околности на предметот произлегува заклучокот дека тужителката имала намера да му го подари станот на тужениот и дека заедничката намера на страните била да создадат правно дејство од договорот за дар, а не од договорот за доживотна издршка. Специфичноста на овој случај се состои во тоа што примател на издршката била наследничката на претходниот сопственик на станот, која сакала станот да му припадне на роднина кој се грижел за неа додека била жива. Почитувајќи ги желбите на својата почината сестра, наследничката склучила договор за доживотна издршка со давателот на издршката, врз основа на кој тој ја стекнал сопственоста на станот.[248]

Симулираноста на договорот за доживотна издршка е утврдена и во случајот, каде судот утврдил дека „договорот за доживотна издршка прикрива договор за подарок, бидејќи вистинската волја на примателот на издршката била на тужителот, како свој внук, да му го подари станот кој е предмет на спорот, и тоа без каков било товар, мотивиран од фактот дека тужителот бил единствениот машки наследник во семејството, во согласност со традиционалните семејни обичаи“.[249] Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, судот заклучил дека договорот е симулиран.

[248] Пресуда Врховног касационог суда Републике Србије, Рев. бр. 460/2019, од 11. 06. 2020 године
[249] Пресуду Апелационог суда у Крагујевцу – Гж 2501/2012, 26. 11. 2012. – исп., 9/2013. Извор: Крстић И., Костић С. (2021). *Идентитетски преображај Србије, Прлози пројекту 2020*, Универзитет у Београду, Правни факултет, стр. 167

Истовремено, судот истакнал дека привидниот договор, доколку прикрива друг договор, произведува правно дејство како прикриениот (дисимулиран) договор, под услов истиот да ги исполнува законските услови за неговата правна важност. Следствено на тоа, судот правилно утврдил дека конкретниот договор произведува правни дејства како договор за подарок.

Во судската пракса постојат случаеви каде судовите ги отфрлиле барањата за утврдување симулација на договорот за доживотна издршка, кога утврдиле дека обврската за издршка била исполнувана од моментот на склучувањето на договорот па се до смртта на примателот, што било во согласност со вистинската намера на договорните страни.[250]

Проблемот со симулираните договори за доживотна издршка, кои се склучуваат за да се прикрие договорот за дар, што страните всушност сакале да го склучат, ќе биде тешко да се реши со сегашните одредби што се однесуваат на нужните наследници.[251] Се додека слободата на тестирање останува ограничена со правото на нужен дел, некои лица ќе бараат начини да ги заобиколат нужните наследници, оставајќи им имот на оние кои навистина ги сакаат како свои наследници. Иако можноста за стеснување на кругот на нужните наследници би можела да помогне во решавањето на овој проблем, сепак, се додека постои барем еден нужен наследник, овие ситуации ќе продолжат да се појавуваат.

### 2.2.4. Недозволена побуда

Побудите од кои е склучен договорот не влијаат врз неговата полноважност. Меѓутоа, ако недозволената побуда суштествено влијаела на одлуката на едниот договарач да го склучи договорот, а другата договорна страна тоа го знае или морала да го знае, договорот ќе биде без правно дејство.[252] Ако потребата за издржување на примателот на издршката била одлучувачка за склучување на договорот за доживотна издршка, присуството на недозволена побуда не влијае на полноважноста на договорот.[253]

[250] Релевантни одлуки: VSRH, Rev 2419/1991-2, 13.7.1993, VSRH Rev 3805/1993-2, 8.2.1994, Presude Vrhovnog suda Srbije, Rev. 3680/03 од 25.03.2004 godine
[251] Klasiček D., Šimleša Vučemilović S. (2019). Certain issues concerning contracts on support for life and contracts on support until death, *EU and comparative law issues and challenges series (ECLIC 3)*, Vol.3, пристапено преку: https://ojs.srce.hr/index.php/eclic/article/view/9030, последна посета на 04.10.2025, стр.747-777
[252] Член 45 од ЗОО
[253] Решение на Окружниот суд во Ваљево Гж. 591/00 од 2. 6. 2000 година

Во судската пракса, договорот за доживотна издршка најчесто се поништува кога мотивот за неговото склучување е изигрување на правата на законските наследници на примателот на издршката, а не реалната потреба за издршка. Ваквиот договор ќе биде ништовен бидејќи не се исполнети вистинските цели на овој правен акт, и како таков не може да произведе правно дејство.[254] Така, во еден случај, судот утврдил дека договорот за доживотна издршка не бил склучен со цел да се обезбеди издршка, што е единствениот законски мотив за таков договор. Во конкретниот случај, примателот на издршката бил добро ситуиран, а договорот бил склучен, иако не постоела потреба за издршка, туку со цел да се изиграат наследните права на тужителот, внук на примателот на издршката. Ваквите околности упатуваат на злоупотреба на договорот за доживотна издршка како инструмент за заобиколување на наследно-правните правила. Ова претставува недозволена побуда која води до постапување спротивно на одредбите од ЗОО. Со оглед на тоа што недозволената побуда била единствената причина поради која примателот на издршката го склучил договорот за доживотна издршка и бидејќи тужената (ќерка на примателот) била свесна за таквата побуда, судот правилно утврдил дека договорот е без правно дејство.[255]

Апелациониот суд во Крагуевац, утврдил дека договорот за доживотна издршка кој го склучило лице како примател на издршката, на кое издржување не му било потребно, додека на страната на давателот на издршката се наоѓа лице кое нема свои приходи, не произведува правно дејство поради недозволена побуда, бидејќи не е склучен со цел обезбедување издржувања, туку со цел да се изигра правото на нужните наследници на примателот на издржување.[256]

Со пресудата на Врховниот касационен суд Рев. бр. 1351/2016 утврдена е ништовност на договорот за доживотна издршка бидејќи со него е утврдена недозволена основа и постоење на недозволени мотиви од членовите 52 и 53 од ЗОО на Република Србија[257]. Примателот на издршката имал сериозни здравствени проблеми и располагал со целокупниот негов имот врз основа на договорот за доживотна издршка во корист на неговата мајка, не со цел да обезбеди сопствена издршка, туку со цел да ги изигра правата на неговата малолетна ќерка, како нужен наследник. Со оглед на многу краткиот

---

[254] Одлука на Врховен суд на Косово, Гж.355/74 од 10 јануари 1975 година, извор: Poćuća M. (2011). Ugovor o doživotnom izdržavanje...*op.cit,* str.119

[255] Пресуда на Апелациониот суд во Нови Сад, Гж 3038/11 од 25. IV 2012 година, Извор: Билтен на судската пракса, број.4, Апелационен суд, Нови Сад, 2012 година

[256] Одлука на Апелациониот суд во Крагуевац, ГЖ-1181/11 од 26.05.2011 година

[257] Одредбите од ЗОО на Р.Србија се однесуваат на „ништовност на договорот поради основот“ – член 52 и „побуди за склучување на договор“ – член 52.

период од утврдената дијагноза, а потоа и склучувањето на договорот и смртта на примателот (14 дена по склучување на договорот), судовите заклучиле дека фактот на смртта не претставува неизвесност за тужената. Исто така, било утврдено дека непосредно пред да оди во болница, примателот на издршка изјавил дека сака да ја обезбеди тужената, бидејќи не знаел што ќе се случи со него. Поради сето погоре наведено, судовите утврдиле дека договорот за доживотна издршка бил привиден и склучен спротивно на членот 13 од ЗОО на Република Србија со кој се предвидува забрана за злоупотреба на правата, дека основата и мотивот биле недозволени и дека немало елементи на друг договор што би бил прикриен, со што била утврдена ништовност на договорот за доживотна издршка.[258] Во конкретниот случај, судот утврдил повеќе основи за ништовност на договорот за доживотна издршка.

Ништовноста на договорот за доживотна издршка поради недозволени побуди утврдена е и во случај кога родителите склучиле договор за доживотна издршка со еден од синовите, со цел да го изигра правото на наследување на другиот син. При тоа, давателот на издршката поголемиот дел од времето го поминувал во Германија, не давајќи никаков износ за издржување на родителите, ниту се грижел за нив. [259] Судот, според наше мислење, правилно утврдил дека договорот е ништовен, имајќи го предвид фактот дека давателот на издршката не ги исполнувал обврските предвидени во договорот, а мотивот за склучување на договорот бил исклучиво изигрување на правото на наследување на тужителот, син на примателот на издршката.

Во уште еден комплексен случај, Врховниот касационен суд утврдил дека договорот за доживотна издршка бил склучен меѓу таткото на тужените, во својство на примател на издршка, и малолетните тужени како даватели на издршката, при што договорот во нивно име и за нивна сметка го склучила и потпишала нивната мајка како законски застапник. Судот понатаму утврдил дека договорот имал привиден карактер и дека бил склучен врз основа на недозволени побуди.[260] Поради тоа, судот ја укинал одлуката на второстепениот суд со која била потврдена првостепената пресуда. Особено е зачудувачки што судовите во прв и втор степен утврдиле дека договорот, и покрај

---

[258] Види: Пресуда Врховног касационог суда Републике Србије, Рев. бр. 1351/2016, од 17. 11. 2016. године (достапно на: https://www.vrh.sud.rs/sr-lat/rev-13512016-ništavnost-ugovora-o-doživotnom-izdržavanju, последно пристапено на: 14.01.2026 година).

[259] Пресуда на апелациониот суд во Белград, Гж. 3377/2012 od 16.7.2012 година

[260] Види: Пресуда Врховног касационог суда Републике Србије, Рев. бр. 888/2020, од 28. 10. 2020. године, со која е укината пресуда на: Апелацоног суда у Нишу, Гж. бр. 335/2019, од 19. 09. 2019. године и пресуда Вишег суда у Нишу, П. бр. 90/2016, од 18. 10. 2018. године (достапно на: https://www.vrh.sud.rs/sr-lat/rev-8882020-313131-ugovor-o-doživotnom-izdržavanju-3124-nevažnost-ugovora). Последно пристапено на: 14.01.2026 година).

постоењето на вакви суштински недостатоци, е полноважен, при што овие недостатоци биле констатирани дури со одлуката на највисоката судска инстанца, по што предметот бил вратен на првостепениот суд на повторно судење.

Намерата да се изигра правото на наследување е јасно препознатлива кога примателот на издршката нема реална потреба за издржување, односно кога договорот за доживотна издршка се склучува исклучиво со цел да се ограничат или да се изиграт правата на законските наследници. Таквиот договор, склучен со недозволена побуда, нема правно дејство, бидејќи неговата суштина не е во обезбедување издршка, туку во изигрување на наследните права. Последиците од договорот склучен со недозволени побуди се такви што имотот што бил предмет на договорот, ќе остане дел од оставината на покојниот примател на издршка. Имено, договорот ќе се смета за апсолутно ништовен, бидејќи е спротивен на законските прописи и моралот.[261] Поништувањето на ваков договор може да се бара во судска постапка, повикувајќи се на одредбите од ЗОО, кои се однесуваат на побудите при склучување на договорот.

**2.3. Рушливост на договорот за доживотна издршка**

**2.3.1. Поништување на договорот поради мани на волјата**

Оваа причина за поништување на договорот е карактеристична за сите облигациони договори. За настанување на договорот, потребна е согласност на волјите на договорните страни. Ако некое лице ја изразило својата волја под дејство на заблуда, измама или закана, тоа значи дека постои недостаток на волја, односно истата слободно да биде формирана и изразена во моментот на склучување на договорот.[262]

Во пракса, се случува наследниците на примателот на издршката, по неговата смрт, да поднесат тужба за поништување на договорот, повикувајќи се на постоење на мани на волјата при неговото склучување. Барањето за поништување по оваа причина обично се комбинира со други барања за поништување на договорот поради различна причина. Товарот на докажување на постоењето на мани на волјата лежи на тужителот, што во пракса е доста тешко докажувањето, бидејќи примателот на издршката веќе не е жив и често е невозможно да се докажат мани на волјата. Од неколку анализирани

[261] Poćuća M. (2011). Ugovor o doživotnom izdržavanje...*op.cit,* str.119
[262] Види повеќе: Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска. (2021). Облигационо право...*op.cit.*str.397

случаи, судот не успеал да утврди постоење на мани на волјата, па со тоа ги отфрлиле таквите барања, а договорите за доживотна издршка остануваат во сила.[263]

Така, во еден случај[264], поднесена била тужба, односно ревизија за поништување на договор за доживотна издршка поради наводни мани на волјата и тврдење дека примателот на издршката бил деловно неспособен во моментот на склучување на договорот. Утврдено било дека примателот на издршката склучил договор за доживотна издршка со својот внук, кој согласно договорот се грижел за него, го издржувал и го одржувал неговиот имот. Со спроведено вештачење било утврдено дека примателот на издршката бил деловно способен во моментот на склучување на договорот, поради што судот заклучил дека пониските судови правилно го примениле материјалното право кога го одбиле тужбеното барање за поништување на договорот. Судот особено ја ценел околноста што договорот бил целосно извршуван, дека примателот на издршката за време на животот не побарал раскинување на договорот, како и фактот дека неговата волја била по неговата смрт имотот да премине на внукот кој му ја обезбедувал издршката. Оттука, судот не ги прифатил наводите за постоење на принуда, закана или измама на волјата на примателот на издршката. Во овој случај јасно се гледа дека судот ја цени фактичката реалност на извршувањето на договорот и волјата на примателот за време на неговиот живот. Одбивањето на тужбеното барање за поништување поради наводни мани на волјата ја потврдува тезата дека само претпоставки за старост, болест или незадоволство на наследниците не се доволни за утврдување на недостаток на волја. Ова укажува на практична примена на правната сигурност и на улогата на судот да ги почитува вистинските волја и интереси на примателот на издршката.

Дополнително, сметаме дека строгата форма која е задолжителна при склучувањето на овој договор значително ја намалува можноста за постоење на мани на волјата при неговото склучување.

---

[263] Релевантни одлуки: Договорот за доживотна издршка е ништовен ако не одговара на стварната волја на страните или ако е склучен со цел да се изиграат правата на наследниците, а не за да се обезбеди потребното издржување Одлука на Врховен суд Србија, Гж. 1275/76; Договорот за доживотна издршка е ништовен ако не одговара на стварната волја на страните или ако е склучен со цел да се изиграат правата на наследниците, а не за да се обезбеди потребното издржување. Одлука на апелациониот суд во Битола ГЖ-2458/19 од 17.12.2019

[264] Пресуда Врховног суда Србије Рев.5612/96 од 05.03.1993 година. Извор: Субић М. (1997).Поништење уговора о доживотном издржавању кроз судске праксу. *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр.80.

# 3. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

***Општи напомени***

Раскинување на договорот е законски предвиден начин за негов престанок, кој се базира на волјата на договорните страни. Раскинувањето се разликува од поништувањето на договорот по две основни причини. Прво, при раскинувањето доаѓа до престанок на полноважен договор, додека поништувањето подразбира престанок на ништовен договор. И второ, причината за раскинување на договорот не постои во моментот на склучување на договор, додека кај поништувањето, причината за поништувањето постои во моментот на склучување на договорот.

Законот за облигациони односи, како клучен правен извор, кој го регулира договорот за доживотна издршка, утврдува јасни основи за негово раскинување. Во посебниот дел од одредбите кои го регулираат овој договор, се предвидени три основни причини за раскинување: 1. спогодбен раскин, 2. раскин поради нарушени односи и 3. раскин поради неисполнување на договорените обврски.[265] Во продолжение, секоја од овие причини ќе биде подетално образложена, со цел да се обезбеди комплетно разбирање на нивните правни основи и импликации.

## 3.2. Спогодбено раскинување на договорот за доживотна издршка

Договорните страни можат спогодбено да го раскинат договорот за доживотна издршка од моментот на неговото извршување.[266] Ова произлегува од начелото за слободно уредување на облигационите односи – бидејќи страните имаат слобода, во границите на принудните прописи и моралните норми на општеството, да ги уредат своите односи според својата волја, тие можат и со согласност на волјите да доведат и до престанок на договорите што ги склучиле.[267] Ова е можно само пред договорните страни да започнат да ги извршуваат своите обврски, но и откако ќе започне извршувањето на договорот, се додека не биде целосно извршен договорот.[268] Законодавецот предвидел дека спогодбеното раскинување на договорот има ретроактивно дејство (ex tunc). Во таков случај, примателот на издршката е должен на давателот на издршката да му исплати надомест за порано дадената издршка.

[265] За раскинување на договорот за доживотна издршка види член 1033 од ЗОО
[266] Член 1033 став 1
[267] Член 3 од ЗОО
[268] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2021). Облигационо право...*op.cit.,* стр.405

Кога станува збор за формата во која треба да се изврши спогодбеното раскинување на договорот за доживотна издршка, треба да се земи предвид членот 60 од ЗОО[269], според кој формалните договори можат да бидат раскинати со неформална спогодба. Исклучок од ова правило постои кога за определен случај со закон е предвидени нешто друго или ако целта поради која е пропишана формата за склучување на договорот бара раскинувањето на договорот да биде извршено во истата форма. Овде се поставува прашањето дали целта поради која е пропишана формата за склучување на договорот за доживотна издршка, бара тој да биде раскинат во иста форма како што е склучен? Преовладува мислењето дека договорот за доживотна издршка може да биде раскинат и со неформална спогодба.[270]

Во судската пракса, како неформално спогодбено раскинување може да се смета во случај кога договорните страни подолго време не ги извршуваат договорните обврски, а ниту една од страните не бара нивно извршување. Дали постои неформално спогодбено раскинување може да се постави и во ситуација кога примателот на издршката, иако формално не го раскинал договорот, склучува нов договор со друг давател, при што судот ќе води сметка кој од овие договори е полноважен. Исто така, истото прашање, може да се постави во случај кога законските наследници на примателот на издршката, по неговата смрт, ќе поведат спор, и ќе тврдат дека склучениот договор, поради неизвршување, е спогодбено раскинат. Досега, судската пракса овие случаи ги решавала по друг основ, како ништовност на привиден договор, или раскинување поради неизвршување.[271]

Со оглед на сето ова, се поставува прашањето колку е оправдано прифаќањето на неформално спогодбено раскинување на договорот за доживотна издршка. Формата во која се склучува овој договор има важна доказна функција, бидејќи ефектите од договорот, особено преносот на имотот на примателот, се реализираат дури по неговата смрт. Затоа, по смртта на примателот, неопходно е да постои јасен доказ за постоењето на договорот, како и за неговото евентуално раскинување, ако до тоа дошло. Во контекст на ова, доказната функција на формата бара и неформалниот спогодбен раскин да се изврши во форма која е предвидена за склучување на договорот, бидејќи тоа е во интерес на страните и нивните наследници. Во спротивно, постојат можни ситуации на

[269] Одредбата се однесува за раскинување на формални договори.
[270] Чавдар К., Чавдар К.(2012). Коментар на ЗОО....*op.cit.,* стр.104. Имено, ЗОО за спогодбено раскинување на договорот не пропишува посебна форма.
[271] Одлука на ВСРМ Рев.270/86, извор: Чавдар К., Чавдар К.(2012). Коментар на ЗОО....*op.cit,* стр.104

злоупотреба. Без јасен доказ за раскинување на договорот, не е можно да се утврди дали неизвршувањето на обврските од страна на давателот означува спогодбен раскин. Во таков случај, давателот може да тврди дека договорот не е раскинат и да бара пренос на имотот, иако нема основ за тоа. Од друга страна, наследниците на примателот на издршката може да тврдат дека договорот е раскинат, иако фактички таков раскин не се случил.

### 3.3. Раскинување на договорот за доживотна издршка поради нарушени односи

Секоја договорна страна има право да побара од судот раскинување на договорот, ако нивните односи се толку растројат што заедничкиот живот станал неподнослив.[272] Оваа причина за раскин на договорот е карактеристична само за договорот за доживотна издршка, бидејќи овој договор обично подразбира долгорочен заеднички живот, во кој личните односи играат клучна улога. Кога овие односи се влошат до степен на неподносливост, продолжувањето на договорот станува невозможно и непотребно, што го оправдува раскинувањето. Така, за да дојде до раскинување на договорот за доживотна издршка по овој основ неопходно е кумулативно да бидат исполнети два услов: 1. да е договорена заедница на живот, и 2. нивниот заеднички живот да станал неподнослив.[273] Оттука, раскинувањето на договорот по овој основ може да настане од објективни и субјективни причини.[274] Имајќи ја предвид законската одредба, објективен услов е самото нарушување на односите, додека пак неподносливоста на заедничкиот живот претставува субјективен услов, кој зависи од личната перцепција и искуства на страните во договорот.[275]

За да се раскине договорот по овој основ, неопходно е нарушувањето на односите до степен на неподносливост да постои во моментот на донесување на одлуката со која

---

[272] Член 1033 став 2 од ЗОО

[273] Stanković M. (2011). *Zaštita primalac prema pravilima o prestanku ugovora o doživotnom izdržavanju u srpskom pozitivnom pravu*, Pravni život, br.10/2011, str.557-582.

[274] Ilkič Z. (2014). *Prestanak ugovora o doživotnom izdržavanju*, Megatrend revija, Vol.11, N.1, Megatrend univerzitet, Belgrad, str.136

[275] Неподносливоста на односите меѓу договорните страни, како предуслов за раскинување на договорот за доживотна издршка, има објективен и субјективен аспект, при што објективноста се изразува во надворешно видливата состојба на работите – односот меѓу страните што го спречува исполнувањето на договорните обврски, а субјективниот аспект претставува впечатокот што се создава меѓу страните и нивниот личен став за можноста за продолжување на договорот и остварување на неговата цел. И двата аспекта на неподносливите односи се меѓусебно преплетуваат и за да дојде до раскинување на договорот, потребно е кумулативно да постојат два аспекта, при што двата аспекта треба да бидат на таков интензитет што односите помеѓу страните се толку лоши што стануваат неподносливи. (Правосилна пресуда на Вишиот суд во Нови Сад број П. 157/2017 од 06.11.2017, која е потврдена со пресудата на Апелациониот суд во Нови Сад број Гж. 131/18 од 03.04.2018 година), извор: Билтен на судски одлуки бр.9, Нови Сад, 2018 година.

се раскинува договорот.[276] При тоа, не е од значење чија е вината за настанатото нарушување.[277] Вината на една од договорните страни за нарушените односи, не е пречка за токму таа страна да бара раскинување на договорот, а нејзината вина е релевантна за надомест на штета. Ако дошло до раскинување на договорот поради вина на една од договорите страни другата страна има право на надомест на штета.[278] До раскинување на договорот може да дојде и кога давател на издршката е правно лице, односно кога заедничкиот живот станал неподнослив помеѓу примателот на издршката и физичкото лице кое во име на правното лице, ги извршува правата и обврските од договорот.[279]

Како спорно се појавува прашањето кој има право на раскинување на договорот поради нарушени односи и кој има право да покрене парнична постапка за раскинување на договорот поради нарушени односи. Заклучокот на правната наука и судската пракса во овој случај е единствен, а тоа е дека правото на раскинување на договорот поради нарушени односи е лично право, односно право поврзано со личноста на примателот на издршката, па затоа не може да се побара по неговата смрт.[280] Ова произлегува од самата природа на овој раскин, бидејќи неподносливоста на односите е субјективно чувство на договорните страни и единствено тие одлучуваат дали ќе поднесат тужба за раскинување на договорот по овој основ. Наследниците на примателот на издршката немаат право да поднесат тужба за раскин на овој договор, тие би имале право само да ја продолжат веќе започнатата постапка, односно по смртта на примателот на издршката кој поднел тужба, да влезат во процесна улога на примателот, откако ќе докажат дека се негови правни следбеници.[281]

Причините кои доведуваат до нарушување на односите помеѓу договорните страни се различни. Тие можат да произлезат од однесувањето на договорните страни или членовите на нивните семејства, а исто така и поради промена на околностите, како што се болест, немаштија и сл. Понекогаш, дури и најобична навреда или караница може

---

[276] Stanković M. (2011). Zaštita primalac prema pravilima o prestanku ugovora o doživotnom izdržavanju u srpskom pozitivnom pravu…op.cit., str.564.
[277] Пресуда на Апелациониот суд во Белград, Гж.12170/2010 од 5.10.2011 година.
[278] Член1033 став 4 од ЗОО
[279] Stanković M. (2011). Zaštita primalac prema pravilima o prestanku ugovora o doživotnom izdržavanju u srpskom pozitivnom pravu…op.cit., str.565
[280] Пресуда на Апелациониот суд во Ниш, Гж. 2771/2016 од 24.1.2017 година
[281] Пресуда на Врховниот суд на Србија, Рев. 2903/2006 од 25.4.2007 година, Билтен на судска пракса на Окружниот суд во Нови Сад, 12/2007.

да доведе до нарушување на односите.[282] Во еден судски случај, судот зазема став дека при оценката дали заедничкиот живот станал неподнослив не е пресудно само однесувањето на договорните страни, туку треба да се земе предвид и влијанието на однесувањето на членовите на нивните семејства.[283] Судската пракса дополнително идентификува како причина за неподносливост на односите постоење на неотклонливо непријателство и нетрпеливост. Доколку договорот предвидува заеднички живот помеѓу страните, за егзистенцијата на овој договор е пресудно дали поради субјективни или објективни околности се јавил таква степен на непријателство и нетрпеливост што понатамошниот заеднички живот станува неподнослив. Во таков случај, секоја од договорните страни, без оглед на тоа кој е одговорен за настанатите односи, може да побара раскинување на договорот.[284]

Парниците за раскинување на договорот за доживотна издршка, а посебно оние за раскин поради нарушени односи, спаѓаат во редот на најсложените парници од граѓанското право. Во нив се решаваат исклучиво правно сложени спорови, за чие што правилно решавање е неопходно утврдување на голем број правно релевантни факти од минатото, од кои поголемиот дел се познати само на договорните страни. Судот во овие случаеви, има задача прво да утврди дали постојат неподносливи односи меѓу страните во објективна смисол, а потоа да го оцени субјективниот став на страните во договорот за можностите за надминување на ваквата ситуација. Нарушувањето на односите до степен на неподносливост е правен стандард кој не може да се дефинира еднаш за секогаш, туку треба да се оценува во секој конкретен случај, при што особена внимание треба да се посвети на личните односи помеѓу примателот и давателот на издршката, кои по својата природа се специфични за секој договорен однос. Притоа, судот е должен да испита дали нарушувањето на односите достигнало таков интензитет што може да се смета за кулминација на тоа нарушување, односно дали степенот на нарушеност е таков што го прави заедничкиот однос, а со тоа и понатамошното исполнување на договорните обврски, неподносливо.[285] Со цел донесување правилна и законита одлука, судот во секој поединечен случај спроведува сеопфатна анализа на сите релевантни околности, земајќи ја предвид динамиката на меѓусебните односи, траењето и интензитетот на

[282] Одлука на Врховен суд Р.Хрватска Гж.103/56 од 28.07.1956 година, Извор: Poćuća M. (2011). Ugovor o doživotnom izdržavanje...*op.cit,* str.140
[283] Врховни суд Босне и Херцеговине број ГЖ. 255/57. Извор: Ubavić M. (2004). Ugovor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom...*op.cit.,* str.84
[284] Врховни суд Србије број Рев. 793/83. Извор: Ubavić M. (2004). Ugovor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom...*op.cit.,* str.85
[285] Ubavić M. (2004). Ugovor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom...*op.cit.,* str.85

конфликтот, како и реалната можност за продолжување на договорниот однос во согласност со неговата цел. Врз основа на целосно утврдената фактичка состојба, а преку изведување на релевантни докази (искази на страните, сведочења на блиски лица, и други релевантни околности), судот треба да изведе образложен заклучок дали во конкретниот случај е исполнет правниот стандард на нарушеност на односите до степен на неподносливост, односно дали продолжувањето на договорот би било спротивно на неговата природа и цел. При тоа, одлуката донесена во оваа постапка има конститутивен, а не декларативен карактер, поради што договорот за доживотна издршка престанува да произведува правни дејства дури со правосилноста на судската одлука за негово раскинување.[286]

Во судската пракса, како посебен случај на нарушени односи се смета кога едната договорна страна ќе го напушти заедничкото живеење и не сака повеќе да се врати назад. Така во еден случај, судот утврдил дека тужителката, како примател на издршката, ја напуштила семејната заедница во која живеела со давателот на издршката и веќе подолго време престојувала кај својот внук. Судовите правилно прифатиле дека тужителката има законско право да побара раскинување на договорот за доживотна издршка поради нарушени односи со давателот, бидејќи се чувствувала запоставена и животот со него станал неподнослив. И покрај напорите на давателот да ја врати, тужителката упорно одбила да се врати и поднела тужба за раскинување на договорот. Судот го прифатил ова како основано и го раскинал договорот.[287]

Еден од условите за раскинување на договорот по овој основ е договорните страни да живеат заедно. Сепак, особено проблематично во судската пракса може да биде примената на оваа одредба во ситуации кога се бара раскинување на договорот поради нарушени односи, а помеѓу договорните страни не постои договорена или фактички заснована заедница на живот. Очигледно е дека ваквите одредби не би можеле да се применат за раскинување на договорот, затоа што е евидентно дека не постои заедница на живот, а продолжувањето на договорот станува бесмислено, бидејќи целта на договорот не би можела да се оствари поради нарушените односи.

Ако се направи внимателна анализа на наведената законска одредба, може да се заклучи дека таа е непотполна и не ја зема предвид целта поради која договорот е

[286] Антић О., Балиновац З. (1996). *Коментар Закона о наслеђивању*, Београд, Номос, стр.533
[287] Одлука на ВСРМ Рев.2-118/23 од 05.07.2023 година

склучен.[288] Со оглед на природата на односите кои настануваат врз основа на овој договор, не е можно остварување на целта на договорот кога односите помеѓу страните се сериозно нарушени, без оглед на тоа дали е договорена заедница на живот. Ова може да создаде сериозни проблеми во судската пракса кога се бара раскинување на договорот поради нарушени односи, а истовремено помеѓу договорните страни не била договорена ниту пак фактички била заснована заедница на живот помеѓу страните. Во такви случаи, судот се соочува со проблемот на толкувањето на оваа одредба и утврдување на тоа дали нарушените односи, иако не се поврзани со фактичко заедничко живеење, се доволни за раскин на договорот.

Следната критика која може да се упати на моменталните законски прописи е недостатокот на одредба која се однесува на правата на третите лица во чија корист е договорена издршката, во контекст на нивното право да бараат раскинување на договорот поради нарушени односи. Непостоењето на одредба која ги регулира правата на овие лица претставува неоправдан пропуст, бидејќи не се земени предвид интересите на третите лица.[289]

Интересна е праксата во францускoто право, каде што во случај на нарушени односи при договорот за храна, може со согласност на договорните страни, договорот да се конвертира во договор за доживотна рента. Сепак, став на Касациониот суд е дека и судијата може самостојно да го конвертира договорот, иако ваква одредба не била предвидена во самиот договор, кога заедничкиот живот станал неподнослив.[290] Сметаме дека ова решение е позитивно, бидејќи склучувањето на договорот има посебен интерес за примателот. Со ова би се намалиле долгите и скапи постапки. Се разбира, ова е можно само ако примателот на издршката немал потреба од непосредна нега и грижа (по што суштински се разликува договорот за доживотна рента од договорот за доживотна

---

[288] Сворцан С.(1997). Раскид и поништај уговора о доживотном издржавању по закону о наслеђивању Србије из 1995 године. *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр.86

[289] За разлика од нашето законодавство, кое не е менувано со децении, во српското право, сите овие недостатоци се забележани, и при донесувањето на новиот Закон за наследување (од 1995) во член 201 став 1 изречно е предвидено дека „Ако међусебните односи на договорните страни од која било причина толку се нарушат што станат неподносливи, секој од нив може да побара од судот да го раскине договорот.“ Ова значи дека ирелевантно е дали е заснова заедница на живот или не. Исто така, во член 201 став 4 е предвидено:„ Кога е договорено доживотно издржување во корист на трето лице, раскин на договорот по смртта на договорната страна – давателот на издршката може да побара и лицето во чија корист е договорено издржувањето. Што несомнено произлегува дека и третото лице во чија корист е договорена издршката може да бара раскинување на договорот за доживотна издршка поради нарушени односи.

[290] Stanković M. (2011). Zaštita primalac prema pravilima o prestanku ugovora o doživotnom izdržavanju u srpskom pozitivnom pravu…*op.cit.*, str.567.

издршка). Во таков случај, примателот би можел да ги оствари своите потреби само преку парични давања од страна на давателот.

### 3.4. Еднострано раскинување на договорот за доживотна издршка поради неисполнување на договорните обврски

Едностраното раскинување на договорот за доживотна издршка поради неисполнување на договорните обврски е регулирано како правен механизам за заштита на правата на страната која не го добива исполнувањето на договорените обврски. Секоја договорна страна може да бара раскинување на договорот, доколку другата страна не ги исполнува договорените обврски. Ова значи дека како примателот, така и давателот на издршката можат да побараат раскинување на договорот поради неисполнување. Право на раскинување на договорот по овој основ имаат и законските наследници на примателот на издршката, бидејќи ова право е имотно право.[291]

Договорната страна може да бара раскинување на договорот поради потполно неисполнување (кога другата страна не презема ништо за да ја изврши својата обврска), делумно неисполнување[292] (кога другата страна извршува само дел од својата обврска) или кога не се извршува обврската онака како што е предвидено во договорот.

Примателот на издршката може да бара раскинување на договорот, во сите ситуации кога давателот на издршката ги извршува своите обврски неуредно, ненавремено, или на начин со кој се повредува достоинството на примателот на издршката.[293] При одлучувањето по барање за раскинување на договорот за доживотна издршка поради неисполнување на обврските на давателот на издршката, судот е должен да ги земе предвид сите конкретни околности на случајот и да оцени дали е остварена целта на договорот. Самото неисполнување на одделни договорни обврски не значи

---

[291] Правото на раскин на договорот за доживотна издршка поради неизвршување на договорните обврски не е лично, туку имотно право, кое со моментот на смртта на примателот на издршката преминува на неговите законски наследници, кои затоа можат да поднесат тужба за раскин на договорот поради неизвршување, иако примателот на издршката не поднесол таква тужба за време на животот. – (Одлука на Врховниот суд во Србија, Рев. 1385/2005 od 1.9.2005 година).

[292] Повремено исполнување на обврските од страна на давателот на издршка не може да се смета за исполнување на договорените обврски преземени со договорот за доживотна издршка и претставува основ за раскин на договорот. (Одлука на Врховен суд во Србија, Рев. 3052/2004 од 22.12.2005 година). Раскинување на договорот за доживотна издршка може да се бара и кога давателот на издршката во текот на повеќе години свесно својата обврска ја извршува само (Одлука на Вишиот суд во Суботица Гж.805/65), Извор: Ubavić M. (2004). U*govor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom (preko 500 sudskih odluka) i primerima ugovorne isprave*, Beograd, Građevinska knjiga, str.245

[293] Чавдар К., Чавдр К.(2012). Коментар на ЗОО.....*op.cit*., стр.1042

автоматски дека целта на договорот не е постигната, доколку договорот во целина се извршува во неговите суштински, односно битни елементи.[294]

Во таа смисла, судот врши проценка на квалитативните и квантитативните недостатоци во исполнувањето на договорот, како и на времетраењето и интензитетот на евентуалното неисполнување. Оттука, постоењето на основ за раскинување на договорот претставува фактичко прашање кое судот го оценува во секој поединечен случај, врз основа на сеопфатна анализа на релевантните околности, разгледувајќи ги причините поради кои договорните страни одлучиле да стапат во договорен однос, како и врз основа на доказите за заемното поведение на двете договорни страни.[295]

Дополнително, при одлучувањето за раскинување, судот мора да ја утврди околноста – што во конкретниот случај претставува соодветно и потребно издржување за примателот на издршката, земајќи ги предвид неговата возраст, здравствена состојба и конкретните животни потреби, а не само формалното исполнување на поединечни обврски.[296] Конечно, дали постои основ за раскинување на договорот за доживотна издршка претставува фактичко прашање кое судот го разгледува имајќи ја предвид и вистинската намера на договорните страни при склучувањето и извршувањето на договорот, во согласност со неговата природа и цел.[297]

Во случај кога давателот не ги исполнува своите обврски од договорот, примателот на издршката е должен да му додели дополнителен примерен рок за исполнување.[298] Ако и по истекот на тој рок давателот не ја изврши својата обврска, примателот има право да поднесе тужба до судот и да побара раскинување на договорот. Меѓутоа, оваа одредба, која е дел од општото облигационо право и се однесува на сите договори, нема да се применува на договорот за доживотна издршка кога од однесувањето на давателот произлегува дека тој нема да ги изврши своите обврски ни во дополнителниот рок[299], како и кога давателот изречно му изјавил на примателот дека нема да ги исполнува понатаму обврските.[300]

Со пресуда на Врховниот суд на Република Северна Македонија, договорот за доживотна издршка е раскинат согласно членот 1033 став 2 и став 3 од Законот за

---

[294] Poćuća M.(2011). Ugovor o doživotnom izdržavanje*...op.cit,* str.159
[295] Чавдар К., Чавдр К.(2012). Коментар на ЗОО.....*op.cit.*, стр.1042
[296] Poćuća M.(2011). Ugovor o doživotnom izdržavanje*...op.cit,* str.167
[297] Okružni sud u Subotici, Gž.652/93 od 13 maja 1993. Извор: Poćuća M.(2011). Ugovor o doživotnom izdržavanje*...op.cit,* str.168
[298] Член 115 став 2 од ЗОО
[299] Член 116 од ЗОО
[300] Член 117 од ЗОО

облигациони односи. Примателот на издршката, од моментот на склучување на договорот, живеел кај давателот на издршката, но подоцна заминал да живее кај својата сестра. Судот утврдил дека извршувањето на обврските од страна на тужениот било прекинато на скоро три години, започнувајќи од моментот кога тужителката заминала кај својата сестра. Во тој период, тужениот не покажал волја да ги изврши своите обврски и не презел конкретни дејства во врска со извршувањето на договорот. Ова не било по вина на тужителката, која, иако била кај својата сестра, му овозможила на тужениот да ја посетува и да се грижи за неа во врска со нејзините здравствени и други потреби, но наместо тоа, тужениот ја посетил само еднаш. Сепак, тужителката била изложена на психички притисок од страна на фамилијата на тужениот и очекувала дека тужениот ќе направи напори да ја врати кај него, ќе ја посетува и ќе се интересира за неа. Меѓутоа, тој дошол само еднаш и не покажал никаква загриженост за неа, ниту покажал намера да продолжи со исполнувањето на своите обврски согласно договорот. Поради сето наведено, судот утврдил дека се исполнети условите за раскинување на договорот. Судот во овој случај нашол два основи за раскинување на договорот – прво, поради нарушени односи меѓу страните, што го направило заедничкиот живот неподнослив, и второ, поради неисполнување на обврските од договорот од страна на тужениот.[301]

Давателот на издршката има право да бара раскинување на договорот по овој основ, кога примателот на издршката, без основана причина, одбие да го прими исполнувањето што давателот треба да го изврши, или ако го спречи со своето однесување. Во ваков случај, примателот на издршката паѓа во задоцнување.[302] Иако вакви ситуации не се забележани во судската пракса, постојат случаи[303] во кои давателот на издршката се противи договорот да се раскине поради неисполнување, и поднесува приговор дека примателот го оневозможил исполнувањето на обврската. Во овие случаи, кога примателот бара раскинување на договорот, а судовите утврдиле дека примателот го спречил давателот да ја изврши својата обврска, тужбеното барање на примателот на издршката се одбива како неосновано. Таков став е заземен и во судската пракса. Во една пресуда, судот утврдил дека не се исполнети условите за раскинување

[301] Пресуда на ВСРСМ, Рев2-233/22 од 18.10.2023 година
[302] Член 314 од ЗОО
[303] Одлука на ВСРСМ Рев2.бр.177/2022 од 14.06.2022 година - Во овој случај, судот утврдил дека не се исполнети законските услови за раскинување на договорот за доживотна издршка. Имено, судот по разгледување на доказите, заклучил дека тужената како давател на издршка настојувала да ги исполни своите обврски од договорот, но тужителката како примател на издршка го спречила исполнувањето на истите, одбивајќи ја понудената издршка.

на договорот поради неисполнување, бидејќи давателот на издршката бил фактички оневозможен да ги исполнува договорните обврски поради однесувањето на самиот примател. Имено, примателката на издршката самоволно го напуштила заедничкиот дом и започнала да живее на друго место, со што го спречила давателот да ја обезбедува договорената нега и грижа. Судот оценил дека во таква ситуација не може да се стави на товар на давателот неисполнувањето на обврските, ниту пак да се примени институтот на раскинување поради променети околности, бидејќи токму примателот со своето однесување придонел за настанување на тие околности.[304]

Во вакви случаеви станува збор за ситуација во која кога договорот не се извршува, но не се раскинува, што му оди во прилог на давателот. Поради оваа причина, во пракса не се бара раскинување на договорот по овој основ од страна на давателот.

## 4. ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА ПОРАДИ СМРТ НА ДОГОВОРНА СТРАНА

### 4.1. Правни последици од смртта на давателот на издршката

Смртта на давателот на издршката претставува еден од клучните основи за преиспитување на опстанокот на договорот за доживотна издршка, имајќи ја предвид неговата долготрајна и во значителна мера лична природа. Македонскиот законодавец, предвидува посебен режим на правни последици во случај на смрт на давателот на издршката, при што се настојува да се воспостави рамнотежа меѓу заштитата на примателот на издршката и интересите на наследниците на давателот.

Во случај на смрт на давателот на издршката, имајќи предвид дека целта на договорот не е целосно остварена, бидејќи примателот на издршката не бил издржуван до крајот на својот живот, се појавуваат два основни правни проблеми: од една страна, прашањето како да се обезбеди понатамошна издршка на примателот на издршката до крајот на неговиот живот, а од друга страна, прашањето за правната судбина на правата што давателот на издршката ги стекнал врз основа на договорот до моментот на неговата смрт, како и на договорните обврски кои останале неисполнети.

Токму заради надминување на овие дилеми, македонскиот законодавец преку одредбите на членот 1035 од ЗОО нуди нормативно решение, кое претставува отстапување од строгата лична природа на договорот за доживотна издршка. Имено, по

[304] Пресуда на Врховен суд на Р. Македонија Рев2.бр.399/2015 од 17.01.2017 година.

смртта на давателот на издршката, неговите договорни обврски поминуваат на неговиот брачен другар и на неговите потомци кои се повикани на наследство, но само ако тие се согласат со продолжување на договорот.[305] Од оваа одредба произлегува дека законодавецот го ограничува кругот на наследниците на кои може да премине обврската на давателот на издршката, исклучувајќи ги другите наследници, како и тоа дека преминот на обврските е условен со согласност на наследниците. Доколку брачниот другар и потомците не се согласат да го продолжат договорот за доживотна издршка, договорот престанува, при што тие го губат правото да бараат надоместок за издршката што претходно била дадена.[306]

Ваквото законско ограничување на кругот на лица кои можат да ја преземат положбата на давателот на издршката не е без спорни аспекти. Врзувањето на можноста за продолжување на договорот исклучиво за постоењето на брачна или сродничка врска не претставува доволно флексибилно решение за навистина да се постигне рамнотежа на интересите меѓу примателот на издршката и наследниците на давателот. Како што со право се истакнува во правната доктрина, ваквиот пристап не обезбедува соодветна заштита ниту на примателот на издршката, ниту на наследниците, бидејќи законодавецот прави неоправдано строго разграничување врз основа на факт кој не мора да биде релевантен за односот на издршка.[307] Имено, самото постоење на сроднички или брачен однос не претставува гаранција за доверба, блискост или подготвеност за преземање на тешката и долготрајна обврска на издршка. Од друга страна, можно е лица кои не спаѓаат во оваа законски ограничена категорија, како на пример, оние што живееле во заедница со давателот на издршката, фактички да биле поблиски и поактивно вклучени во обезбедувањето на издршката. Наспроти тоа, можно е давателот на издршката да не бил во блиски односи со своите потомци или брачен другар, или пак тие од различни причини да не биле вклучени во обезбедувањето на издршката и да не ја чувствувале нејзината тежина. Дозволувањето ваквите фактички околности да се земат предвид при одлучувањето за продолжување на договорот би имало значително поголем потенцијал за постигнување правична рамнотежа на интересите, иако би барало поактивна улога на судот во пракса.[308]

[305] Член 1035 став 1 од ЗОО
[306] Член 1035 став 2 од ЗОО
[307] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str.550.
[308]Вукотић М. (2021). Правне последице смрти даваоца издржавања, Анали, Правни факултет , Универзитета у Београду, 1/2021, Стр.214.

Дополнително, овие одредби се формулирани на начин што не обезбедува доволна правна јасност во однос на прашањето дали во сите случаи е неопходна изречна изјава на брачниот другар и потомците на давателот на издршката за продолжување на договорот.[309] Оттука, се наметнува дилемата за начинот на кој треба да се прибават позитивните или негативните изјави за согласност, како и за правните последици од нивното изостанување. Особено е спорно дали молкумното продолжување со извршувањето на договорните обврски може да се толкува како согласност за преземање на обврските, односно дали прекинот на нивното извршување претставува доволен израз на волја за непродолжување на договорот.

Молкумното продолжување со извршувањето на договорните обврски, несомнено, укажува дека договорот за доживотна издршка и понатаму продолжува да егзистира. Меѓутоа, неизвршувањето на обврските не може само по себе автоматски да доведе до заклучок дека договорот е раскинат.[310] Доколку примателот на издршката сака правно да се осигура дека договорот е раскинат, тој треба да постапи согласно членот 115 од Законот за облигационите односи[311], односно да им определи на наследниците примарен рок за исполнување на обврските. Доколку и по истекот на тој рок обврските не бидат исполнети, договорот ќе се смета за раскинат по сила на закон.

Секако, од давањето, односно недавањето согласност од страна на наследниците на давателот на издршката произлегуваат различни правни последици. Оттука, сметаме дека согласностите, како правно релевантни изјави на волја, треба задолжително да бидат дадени во форма на јавна или јавно заверена исправа, бидејќи настануваат различни последици[312]. Така, доколку наследниците не дадат согласност за продолжување на договорот, а за тоа немаат оправдана причина, тие го губат правото да бараат надоместок за порано дадената издршка. Оваа одредба е исклучи предвидена во интерес на примателот на издршката. Исклучок од ова правило постои во случај кога наследниците објективно не се во состојба да ги преземат договорните обврски[313], при

[309] Чавдар К., Чавдар К.(2012). Коментар на ЗОО....*op.cit.,* стр.1048.
[310] Ибид.
[311]„Ако доверителот сака да го раскине договорот, мора да му остави на должникот примерен дополнителен рок за исполнување." „Ако должникот не ја исполни обврската во дополнителниот рок, настапуваат истите последици, како и во случај кога рокот е суштествена состојка на договорот." Член 115 став 2 и 3 од ЗОО.
[312] Види: Zakon o obaveznim odnosima na R. Hrvatska (NN 35/05; 155/2023)., чл. 585 став 2, кој изречно бара писмена и нотарски заверена согласност на наследниците за продолжување на договорот.
[313] Најчести причини поради кои наследниците објективно не се во состојба да ги преземат договорните обврски се неповолната имотна состојба, односно сиромаштијата, како и значителни финансиски обврски поврзани со веќе започнати инвестиции, како на пример изградба на куќа или други капитални зафати. Извор: Ubavić M. (2004). Ugovor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom...*op.cit.,* str.96

што тие стекнуваат право да бараат надоместок за порано дадената издршка.[314] Во ваков случај, при определување на надоместокот, судот ги зема предвид имотните прилики на примателот на издршката и на лицата кои биле овластени да го продолжат договорот.[315] Иако судот одлучува врз основа на слободна оценка, сепак треба да се придржува кон законските критериуми и принципите на правично оценување. Во самата пресуда, судот е должен јасно да образложи кои конкретни околности ги земал предвид при определување на висината на надоместокот.

Согласно судската пракса, при одлучување врз основа на слободна оценка се прифатени одредени правни ставови и критериуми кои ја ограничуваат дискрецијата на судот. Така, определувањето на надоместокот мора да биде убедливо и исцрпно образложено, со соодветно изведување на докази. Дури и тогаш, не станува збор за произволна дискрециона оценка, туку за резултат на примената на правилата на логично мислење, практично искуство и здрав разум, при што судот мора да го достави својот заклучок во солидно и оправдано образложение.[316]

Овде треба да се напомене дека согласноста на брачниот другар и потомците за продолжување на договорот со примателот на издршката не претставува склучување на нов договор, туку продолжување на веќе постоечкиот договорен однос.[317] Во моментот на смртта на давателот на издршката, како и по тој момент, договорот за доживотна издршка и понатаму го задржува својот алеаторен карактер. Имено, и по смртта на давателот останува неизвесноста во поглед на времетраењето на животот на примателот на издршката, како и во однос на неговата идна здравствена состојба и обемот на потребната издршка.

Според судската практика, по смртта на давателот на издршката, неговите договорни обврски преминуваат на неговиот брачен другар и на неговите потомци, при што ова преминување не претставува наследно правно дејство. Имено, не станува збор за наследна сукцесија, туку за таканаречена ненаследна сукцесија, односно за преминување на договорните обврски на точно определен круг на лица. Обврските преминуваат на овие сукцесори по сила на самиот закон, а не врз основа на наследување. Меѓутоа, нивното фактичко преземање е условено со согласност од страна на

[314] Член 1035 став 3 од ЗОО.
[315] Член 1035 став 4 од ЗОО.
[316] Чавдар К., Чавдар К.(2012). Коментар на ЗОО....*op.cit.,* стр.1049
[317] Subotić Konstantinović N. (1978). Ugovor o doživotnom izdržavanju.Enciklopedija imovinskog prava I prava udruženog rada...*op.cit, str.535*

овластените лица, при што, доколку тие не се согласат да го продолжат договорот, истиот престанува, односно се раскинува.[318]

Спорно прашање се јавува и во ситуација кога дел од наследниците се согласат да ги преземат обврските на давателот на издршката, додека другите не се согласуваат.[319] Законот не дава јасен одговор на ова прашање. Сепак, во правната доктрина се смета дека обврските од договорот преминуваат исклучиво на оние наследници кои дале согласност, додека наследниците кои не се согласиле нема да стекнат ниту права, ниту обврски од договорот.[320] Доколку примателот на издршката се противи на ваквото продолжување на договорот, тој има право да постапи за негово раскинување.

Законот не предвидува потреба од согласност на примателот на издршката за преземање на обврските на давателот на издршката од страна на неговите наследници. Ваквото законско решение, тешко може да се прифати како соодветно, имајќи ја предвид правната природа на договорот за доживотна издршка. Имено, како што веќе беше истакнато, овој договор претставува договор *intuitu personae*, кој се склучува со оглед на посебните лични својства на давателот на издршката, како што се довербата, блискоста и личната сигурност што тој ја обезбедува на примателот на издршката. Оттука, примателот на издршката свесно и слободно го избира лицето со кое ќе го склучи договорот, токму поради довербата што ја има во него. Во суштински идентична правна и фактичка положба примателот на издршката се наоѓа и по смртта на давателот на издршката, кога продолжува да зависи од исполнувањето на обврските од страна на друго лице.[321] Поради тоа, не може оправдано да се прифати дека наследниците на давателот на издршката можат да ги преземат договорните обврски исклучиво врз основа на сопствена согласност, без истовремено да се побара и согласност од примателот на издршката.

Оттука, како поприфатливо решение се наметнува ставот дека преземањето на обврските на давателот на издршката од страна на неговите наследници треба да биде условено не само со нивната согласност, туку и со изречна согласност на примателот на издршката. Ваквото решение е во целосна согласност со природата и целта на договорот за доживотна издршка и придонесува за посоодветна заштита на примателот како послаба договорна страна.

[318] Одлука Врховног суда Србије Рев. 3897/98 од 27.09.1997 година.
[319] Ubavić M. (2004). Ugovor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom...*op.cit.,* str.95
[320] Чавдар К., Чавдар К.(2012). Коментар на ЗОО....*op.cit.,* стр.1048
[321] Сворцан С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србија.....*op.cit.*, str.551

Во швајцарското право, може да се забележи поинаков пристап кон заштитата на примателот на издршката во случај на смрт на давателот. Швајцарскиот граѓански законик му признава на примателот на издршката право еднострано да го раскине договорот во рок од една година по смртта на давателот на издршката.[322] Со ова законско решение се овозможува примателот на издршката самостојно да одлучи дали сака да продолжи договорен однос со наследниците на давателот, имајќи ја предвид личноста на новиот давател и нивната способност да ја обезбедат договорената издршка. Истовремено, законодавецот ја штити и правната сигурност, ограничувајќи ја неизвесноста во однос на судбината на договорот со утврдување релативно краток и јасно определен рок за донесување на таквата одлука. Меѓутоа, примателот на издршката нема лесно да се одлучи за раскинување на договорот, бидејќи таквото раскинување нема *ex tunc* дејство со кое би се отстраниле сите последици од раскинатиот договор. Доколку се одлучи за раскинување на договорот, примателот на издршката не може да бара враќање на имотот што го пренел на давателот на издршката, туку само паричен износ доволен за купување доживотна рента која по својата вредност одговара на издршката што ја примал врз основа на договорот.[323]

Во случај кога давателот на издршката ќе почине без да остави брачен другар или потомци како законски наследници, договорот за доживотна издршка се раскинува по сила на закон во моментот на смртта на давателот на издршката[324]. Но, во ваков случај, доколку давателот има составено тестамент, тестаменталниот наследник не стапува автоматски во положбата на давател на издршката и не може по сила на закон да го продолжи договорот за доживотна издршка. Доколку, пак, примателот на издршката и тестаменталниот наследник имаат волја да продолжи обезбедувањето на издршката, тоа може да се оствари исклучиво преку склучување нов договор за доживотна издршка, со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски.[325]

### 4.2. Правни последици од смртта на примателот на издршката

Согласно законската дефиниција на договорот за доживотна издршка, како и целта на самиот договор, облигациониот однос кој настанува од него трае до смртта на примателот на издршката. Смртта на примателот претставува момент кога престанува

[322] Член 528 став 1 од ZGB
[323] Член 528 став 2 и член 529 од ZGB
[324] Вукотић М. (2021). Правне последице смрти даваоца издржавања, Анали, Правни факултет, Универзитета у Београду, 1/2021, Стр.216.
[325] Чавдар К., Чавдар К.(2012). Коментар на ЗОО....*op.cit.,* стр.1048

облигациониот однос, односно кога престануваат обврските на давателот на издршката, при што се смета дека е остварена основната цел на договорот. Во тој момент, давателот на издршката се стекнува со право на сопственост врз имотот кој е предмет на договорот.

По смртта на примателот на издршката, следува временски период за реализација на преносот на правото на сопственост над недвижните и подвижните ствари, согласно содржината и условите на договорот.[326] Преносот на сопственост се реализира по сила на закон и претставува јасно предвидена последица од договорот за доживотна издршка, без потреба од дополнителни дејства од страна на давателот. Овој момент ја означува правната завршница на договорот, при што сите обврски на давателот престануваат, а правото на сопственост на имотот кој бил предмет на договорот преминува кај него.

## 5. СУДСКА ПРАКТИКА ВО НАШАТА ДРЖАВА ВО ВРСКА СО ДОГОВОРИТЕ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

### Склучување и форма на договорот за доживотна издршка

*Склучувањето договор за доживотна издршка на корисник на социјална помош, како примач на издршка, го исклучува од правото за натамошно користење социјална помош.*

(Пресуда на Врховниот суд на Македонија, У. бр. 365/87 од 2. IV 1987г.)[327]

*Во случај на смрт на давателот на издршката, неговите потомци немаат обврска да пристапат кон склучување на Анекс на постоечкиот договор, туку доволно е да продолжат да ги исполнуваат обврските како даватели на издршка според постојниот договор, односно онака како што тоа го правел нивниот правен претходник, со што се манифестира нивната согласност да го продолжат договорот за доживотна издршка.*

*(Апелационен суд Битола, Гж.бр.2942/2013)*[328]

*Со членот 1030 ст.1 од ЗОО е предвидено дека договорот за доживотна издршка за да биде полноважен треба да биде заверен од надлежен суд или нотар, но*

[326] Ubavić M. (2004). Ugovor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom...*op.cit.,* str.97
[327] Извор: Врховен суд на Македонија, Збирка на судски одлуки 1985-1989, Книга IV, 1992, Скопје
[328] Извор: Апелационен суд Битола, Билтен на судската пракса, јуни 2014

*тоа што странките на договорот по своја волја го склучиле договорот во форма на нотарски акт, не е основ за ништовност на договорот затоа што со членот 42 ст.1 од Законот за нотаријат се предвидени правните дела за кои нотарскиот акт е задолжителен, но склучувањето на било кое друго правно дело во форма на нотарски акт не е забрането доколку волјата на странките е таква.*

(Пресуда на Апелационен суд Гостивар, ГЖ.бр.951/11 од 22.05.2012 година)[329]

*Тоа што при заверката на договорот за доживотна издршка присуствувал сведок, кој како близок роднина на примателот на издршката не би можел да биде сведок не е од одлучно влијание за поништување на договорот за доживотна издршка, ако согласно членот 73 од 300 договорните странкиг и извршиле своите договорни обврски во целост или во претежниот дел.*

(Решение на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.753/95 од 23.05.1996 година.) [330]

*Доколку привидниот договор за продажба го прикрива договорот за доживотна издршка, за да биде полноважен вториот неопходно е да биде склучен во форма што е предвидена за договорот за доживотна издршка.*

(Пресуда на Врховниот суд на Македонија. Рев.бр. 48/85 од 29. 1. 1985 г.)[331]

*Не може договорот за доживотна издршка да се поништи само поради тоа што мајката не е потписник на договорот, а постоела нејзина молчалива согласност нејзиниот маж да располага со нејзиниот имот на начин што и тој да биде предмет ва договорот, во кој таа е опфатена како примател на издршката и не покажала желба и интерес таквата состојба да ја измени.*

(Решение на Врховниот суд на Република Македонија, Рев.бр.1155/96 од 14.11.1996 година)[332]

[329] Извор: Билтен број 2, Апелационен суд Гостивар, септември 2014 година. Оваа пресуда е потврдена со пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Рев 2.бр.531/2012 од 11.12.2013 година

[330] Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки 1990-1996, Книга V, Агенција АКАДЕМИК, Скопје, 1997 година.

[331] Извор: Врховен суд на Македонија, Збирка на судски одлуки 1985-1989, Книга IV, 1992, Скопје

[332] Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки 1997, Книга VI, Агенција АКАДЕМИК, Скопје, 1998 година

*Произведува правно дејство договорот за доживотна издршка во кој давателот на издршката е претставуван од полномошник во смисла на членот 121 став 4 од ЗН и кога поминале повеќе од 3 месеци од издавањето на полномошното, ако склучениот договор помеѓу страните подолго време е извршуван.*

(Пресуда на Врховен суд на Македонија Рев.бр.37/81 0д 27.01.2981 година)[333]

**Коментар:** Од наведените судски одлуки произлегува дека судовите во целина ја почитуваат законската рамка во однос на формата и постапката за склучување на договорите за доживотна издршка. Сепак, може да се забележи извесна недоследност во оценката на поединечни формални недостатоци, како што се присуството на недозволен сведок или отсуството на потпис од едниот брачен другар.

Ваквиот пристап е оправдан, бидејќи ја рефлектира тенденцијата на судската пракса да ја стави во преден план вистинската волја на страните и да ја признае важноста на договорот кога истиот бил доследно извршуван подолг временски период. Иако законските правила за формата имаат за цел да обезбедат правна сигурност и превенција од злоупотреби, прекумерниот формализам во нивната примена може да доведе до неправични последици.

Оттаму, ставот на судската пракса што дозволува валоризација на договорот во случаи на минимални формални недостатоци може да се смета за оправдан и социјално целисходен. На овој начин се штитат интересите на примателот на издршката и се обезбедува правна сигурност, без непотребно поништување на договори кои реално ја постигнале својата цел.

Дополнително, законодавецот јасно не определува дали секогаш треба да се бара изречна изјава на потомците на давателот на издршката, дали тие се согласуваат или не за да се продолжи со договорот. Имајќи ги предвид одлуките кои се наведени, може да се констатира дека судската пракса смета дека потомците немаат обврска да пристапат кон склучување на анекс договор, туку доволно е да продолжат да ги исполнуваат обврските од постојниот договор. Ваквиот став на судот е праведен ако се има предвид дека самото продолжување на извршувањето на обврските и прифаќањето на извршувањето од страна на примателот ја означува ситуацијата предвидена со законските одредби (членот 1035 став 1 од ЗОО), односно дека договорот и понатаму егзистира.

[333] Извор: Врховен суд на Македонија, Зборник на судски одлуки 1980-1984, Книга III, 1985, Скопје

**Утврдување право на сопственост врз основа на договор за доживотна издршка**

*Тужителот како дavател на издршката стекнал право на сопственост на недвижниот имот согласно Договорот за доживотна издршка сметано од моментот на смртта на покојниот примател на издршката, иако во оставинската постапка тужителот не го презентирал договорот за доживотна издршка и се прифатил за законски наследник на покојниот примател на издршката.*

(Одлука на Апелационен суд Битола, ГЖ-153/18 од 12.02.2018 година на Апелационен суд Битола)[334]

*Се сметаат за законити држители на недвижност лицата кои таа недвижност ја држат по основ на договор за доживотна издршка и доколку совесно ја владеат недвижноста повеќе од 10 (десет) години по смртта на примателот на издршката, тие се стекнале со право на сопственост на таа недвижност.*

(Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.1293/94 од 18.04.1995 година)[335]

*Кога примателот на издршката со договор за доживотна издршка го пренел правото на сопственост на предметот на договорот на давателот на издршката, а таквиот договор не е раскинат, нема право повторно да располага со истиот.*

(Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, Гзз.бр.183/О2 од 23.04.2003 година)[336]

*Имотот стекнат врз основа ва договорот за доживотна издршка, кој договор бил исполнуван за време ва траењето на брачната заедница на давателот на издршката, претставува заеднички имот на брачните другари, без оглед на тоа што во договорот на страна на давателот на издршката фигурира само едниот од брачните другари.*

(Пресуда на Врховниот суд на република Македонија Рев.бр.623/ 92 од 25.02.1993 година)[337]

[334] Извор: Dejure.mk, достапно на: https://dejure.mk, последен пат пристапено на 12.08.2025 година
[335] Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки 1990-1996, Книга V, Агенција АКАДЕМИК, Скопје, 1997 година
[336] Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки 2001-2004, Книга X, март 2006
[337] Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки 1990-1996, Книга V, Агенција АКАДЕМИК, Скопје, 1997 година

**Коментар:** Од наведените судски одлуки произлегува дека со склучување на договор за доживотна издршка давателот на издршката се стекнува со право на сопственост врз предметниот имот од моментот на смртта на примателот, што произлегува и од суштината на договорот. Со оглед на тоа дека имотот што е предмет на договорот не влегува во оставината на примателот, а кога со договорот е опфатен целиот имот на примателот на издршката, во тој случај не постои оставина, па во врска со тој имот не се спроведува оставинска постапка. Оттука, правен основ за стекнување на имотот е самиот договор, а не решение донесено во оставинска постапка. Во оваа насока, судската пракса може да се смета за позитивна, затоа што ја признава оваа последица и обезбедува правна сигурност на договорните страни.

**Раскинување на договорот за доживотна издршка**

*Самото нарушување на односите до степен во кој заедничкиот живот станал неподнослив е доволна причина за раскин на договорот без оглед на тоа која од страните е виновна за таквата состојба, односно без оглед на тоа дали постои или не постои вина на нечија страна.*

(Одлука на Апелационен суд Гостивар, ГЖ.бр.947/22 од 09.02.2023 година)[338]

*Кога една од страните не ги исполни своите договорни обврски (во овој случај, давателот на издршката), тоа дава основа за раскинување на договорот, без оглед на причината за неисполнување на обврските, ако се докажат релевантни факти кои го поддржуваат тоа. Давателот на издршката не се придржувал на обврските од договорот кое нешто е манифестирано со подолготрајни отсуства на тужениот и немање на потребна комуникација со тужителите, негова незаинтересираност за секојдневните проблеми на примателите на издршката и неговото насилничко однесување спрема истите.*

(Одлука на Апелационен суд Штип, ГЖ-229-2010 од 05.03.2010 год.)

*Тужителката не може да се повикува на неизвршување на договор за доживотна издршка како причина за негово раскинување, во ситуација кога истата по своја волја го напуштила домот и се преселила на друго место, со што му*

[338] Извор: Dejure.mk, достапно на: https://dejure.mk, последен пат пристапено на 12.08.2025 година

*оневозможила на тужениот да ја исполнува обврската по договорот и самата го спречила уредното и целосно извршување на договорните обврски.*

(Одлука на Апелационен суд Битола, ГЖ.бр.2066/17 од 10.10.2017 година)[339]

*При одлучувањето во спорот за раскин на договорот за доживотна издршка не е доволно само да се утврди дека примателот на издршката се отселил во друго место и со тоа да немало вина кај давателот на издршката што не го исполнил договорот и да не постојат услови за раскин на истиот по барање на примателот, туку потребно било вината за неисполнување на обврските на давателот на издршката објективно да се утврди, односно да се утврди дали тој се обидел на соодветен начин и понатаму да ги исполнува обврските. Доколку примателот на издршката одбил да ја прима издршката на кој било начин, тогаш нема законска можност истиот да бара раскинување на договорот поради неисполнување.*

(Решение на Врховниот суд на Македонија Рев.бр.693/90 од 30.10.1990 година.)[340]

*Ако со договорот за доживотна издршка странките се договориле издршката да се дава во натура и со непосредна нега и грижа, а во текот на исполнувањето на договорот примачот на издршката по своја волја се пресели да живее на друго место, па на тој начин му е оневозможено на давачот на издршката да ја исполнува својата обврска од договорот, примачот не може да бара раскинување на договорот поради неисполнување затоа што не постои вина кај другата страна за изменетите услови.*

(Пресуда на Врховниот суд на Македонија. ГЗЗ. Бр. 93/88. Од 1. IX 1988 г.)[341]

*Лицето кое не е странка во договорот за доживотна издршка не може да бара раскинување на договорот поради неисполнување, во смисла на одредбите од ЗН, туку поништување според одредбите на ЗОО.*

(Пресуда на Врховниот суд на Македонија, Рев. Бр. *543/88* од 9. XII 1988 Г.)[342]

---

[339] Извор: Апелационен суд Битола, Билтен на судската пракса, февруари 2019

[340] Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки 1990-1996, Книга V, Агенција АКАДЕМИК, Скопје, 1997 година

[341] Извор: Врховен суд на Македонија, Збирка на судски одлуки 1985-1989, Книга IV, 1992, Скопје

[342] Извор: Врховен суд на Македонија, Збирка на судски одлуки 1985-1989, Книга IV, 1992, Скопје

*Ако примателот на издршката во моментот на склучувањето на договорот за доживотна издршка знаел дека давателот на издршката е осуден со правосилна пресуда на казна затвор и дека му престои издржување на казната, а не е договорена заедница на живот  и ако договорните обврски ги презеле брачниот другар на давателот на издршката и неговите деца, не се исполнети условите за раскинување на договорот.*

(Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.329/90 од 8.05.1990 година)[343]

*Кога во договорот за доживотна издршка склучен помеѓу две сестри од кои едната е примател на издршката, а другата која е во брак, е давател на издршката, е договорена заедница на живот, постојат изменети околности од членот 125 став 1 од Законот за наследување кои се причина за раскин на договорот, ако брачниот другар на умрениот давател на издршката заснова нова брачна заедница, а примателот на издршката не се согласи да живее во заедница со неговата брачна другарка.*

(Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.200/91 од 12.03.1991година.)[344]

*Кога брачните другари, примачи ва издршката, склучат договор за доживотна издршка, по смртта на едниот брачен другар преживеаниот брачен другар може да бара, доколиу се исполнети условите  за тоа раскин на договорот само во оној дел на имотот што му припаѓал нему, а не и во делот на имотот што му припаѓал на починатиот брачен другар.*

(Пресуда на Врховниот суд на Македонија, Рев. Бр. 1214/86 од 11. XII 1986 г.)[345]

*Наследниците на примачот на издршката можат да бараат да се утврди дека договорот молкум е раскинат и дека не произведува правно дејство.*

(Пресуда на Врховниот суд на Македонија, Рев. Бр. *270/86* и ГЖ. Бр. 12/86 од 18. III 1986 г.) [346]

---

[343] Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки 1990-1996, Книга V, Агенција АКАДЕМИК, Скопје, 1997 година
[344] Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки 1990-1996, Книга V, Агенција АКАДЕМИК, Скопје, 1997 година
[345] Извор: Врховен суд на Македонија, Збирка на судски одлуки 1985-1989, Книга IV, 1992, Скопје
[346] Извор: Врховен суд на Македонија, Збирка на судски одлуки 1985-1989, Книга IV, 1992, Скопје

*Право на надомест на штета со раскинување на договор за доживотна издршка им припаѓа само на договорните страни.*

(Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, Рев.бр.393/2000 од 16.10.2002година)[347]

*Не може да се смета дека постапувал во согласност со начелото на совесност и чесност договарачот кој склучил договор за доживотна издршка иако знаел дека не е завршен спорот за раскинување на претходниот договор, што го склучил примачот на издршката со трето лице.*

(Решение на Врховниот суд на Македонија, Рев. Бр. 137/86 од 11. II 1986 г.)[348]

*Неизвршувањето на обврските по договорот за доживотна издршка не е причина за поништување на таквиот договор, туку само за неговото раскинување по барање на странките.*

*(Пресуда на ВСМ ГЗЗ. Бр. 87/76 од 17. П. 1977 година)*[349]

**Коментар:** Судската пракса покажува дека раскинувањето на договорот за доживотна издршка се дозволува само кога постојат сериозни и објективни причини што го оневозможуваат неговото исполнување или го прават заедничкиот живот неподнослив. Судовите не ја врзуваат одлуката исклучиво за вината на една од страните, туку ја ценат фактичката состојба и целта на договорот. Имајќи ги предвид наведените одлуки, може да се констатира дека судската пракса не дозволува раскинување на договорот поради неисполнување кога примателот на издршката со своето однесување го оневозможил давателот да ги исполнува своите обврски. Сепак, во секој конкретен случај, судот треба да има предвид дали издршката може да се обезбеди на друг начин, независно од тоа дали примателот се преселил на друго место и со тоа го оневозможил директното извршување на обврските. Судот е должен целосно да ги оцени сите докази и да ги утврди суштинските факти релевантни за одлучување по предметот. При одлучувањето за раскинување на договорот, судот треба да ја цени околноста на секој конкретен случај низ призмата на причините поради кои страните решиле да стапат во договорен однос, односно низ објективната кауза на договорот. Ваквиот пристап

347 Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки 2001-2004, Книга X, март 2006
348 Извор: Врховен суд на Македонија, Збирка на судски одлуки 1985-1989, Книга IV, 1992, Скопје
349 Извор: Врховен суд на РМ. Збирка на судски одлуки 1975-1979, Книга II , 1980, Скопје

овозможува правична и урамнотежена проценка на конкретните околности и спречува неправично раскинување на договорот.

**Ништовност на договорот за доживотна издршка**

*Фактот што едниот од примателите на издршката починал после 10 дена од склучувањето на договорот за доживотна издршка, не значи дека постоел несразмер во меѓусебните давања и земања и не доведува до ништовност на договорот, бидејќи во време на склучувањето на договорот не можело да се претпостави колку ќе трае извршувањето на обврската на давателите на издршката.*

(Одлука на Апелационен суд Битола, ГЖ-878/17 од 05.09.2017)[350]

*Фактот што примателот на издршката во време кога е склучен договорот не бил сопственик на парцелата, не значи дека договорот е противуставен, противзаконит или е спротивен на добрите обичаи за да истиот се смета за ништовен.*

(Одлука на Апелационен суд Битола, ГЖ-1856/16 од 22.11.2016 година, Рев2.бр.392/2017 од 26.04.2018 година)[351]

*Договорот за доживотна издршка е апсолутно ништовен бидејќи истиот е спротивен на законските одредби, затоа што при склучувањето на договорот покојниот бил деловно неспособна личност, а тужената иако ја знаела состојбата на нејзиниот татко, дека истиот не можел да расудува и дека не може да ги сфати своите постапки, сепак го натерала да го склучи предметниот договор.*

(Одлука на Апелационен суд Скопје, ГЖ.бр.1016/13 од 9.5.2013 година)[352]

*Не е ништовен подоцна склучениот договор за доживотна издршка поради тоа што порано бил склучен друг договор за доживотна издршка во кој е опфатен истиот имот, бидејќи не се исполнети условите од членот 103 од 300. Кој од овие договори може да произведе правно дејство, е одделно прашање кое се цени во конкуренција на нив, во одделна постапка.*

[350] Извор: Апелационен суд Битола, Билтен на судската пракса, февруари 2019
[351] Извор: Апелационен суд Битола, Билтен на судската пракса, февруари 2019
[352] Извор: Апелационен суд Скопје, Билтен на судски одлуки, бр.8, декември 2014, Ваквиот став е прифатен од Врховниот суд на РМ во пресуда РЕВ. бр. 625/2013 од 14.10.2014 година.

(Пресуда на Врховниот суд на Македонија Гзз.бр.66/90 од 18.09.1990 година)[353]

*Не се работи за отуѓување на станарско право, па според тоа ни за ништовен договор кога примачот на издршката со договорот за доживотна издршка му го отстапува на давачот на издршката во сопственост станот во кој живее, а тој намеравал да го купи, па тоа и го сторил.*

(Решение на Врховниот суд на Македонија, Рев. Бр. 95/85 од 26. II 1985 г.)[354]

*Краткиот временски интервал од склучувањето на договорот за доживотна издршка до смртта на примателот на издршката, не може да се земе сам по себе како основ за поништување на тој договор, при состојба кога и пред склучувањето на тој договор давателот на издршката ги исполнувал обврските, кои со тој договор странките тоа само го потврдиле.*

(Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.219/90 од 17.04.1990 година)[355]

*Лице кое спаѓа во редот на законските наследници не е активно легитимирано да бара поништување на договорот за доживотна издршка поради немање деловна способност кај една од договорните страни, кога договорните страни се живи, поради тоа што тоа е работа на договорните страни. Евентуално такво поништување може да бара старателот на деловно неспособната страна откако ќе и биде одземена деловната способност.*

(Пресуда на Врховен суд на Македонија Рев.бр.207/80 од 29.04.1980 година)[356]

*Околноста што договорот за доживотна издршка според својата содржина всушност е договор за дар, не го чини тој договор за ништовен, туку тој договор важи како договор за дар.*[357]

---

[353] Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки 1990-1996, Книга V, Агенција АКАДЕМИК, Скопје, 1997 година

[354] Извор: Врховен суд на Македонија, Збирка на судски одлуки 1985-1989, Книга IV, 1992, Скопје

[355] Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки 1990-1996, Книга V, Агенција АКАДЕМИК, Скопје, 1997 година

[356] Извор: Врховен суд на Македонија, Зборник на судски одлуки 1980-1984, Книга III, 1985, Скопје

[357] Привидни договори, Академија за судии и јавни обвинители, достапно на https://old.jpacademy.gov.mk/wp56/wp-content/uploads/2021/02/sudska-praktika.pdf, последно пристапено на 06.05.2025 година

*Договорот за доживотно издржувавње во кој и едната и другата договорна страна се јавуваат во исто време во својство и на давател и на примател на издржувањето, не произведува правно дејство.*

*Пресуда на Врховен суд на Македонија во Скопје, Рев. бр. 2,63/78 од 15. XII. 1978 година)*[358]

*Договорот за доживотно издржување склучен од лице кое се наоѓа непосредно пред смртта, не произведува правно дејство.*

*(Пресуда на Врховниот суд на Македонија, Гзз. Бр. 91/72 од 4. XII. 1972 година)*[359]

*Утврдување дека договорот за доживотна издршка не произведува правно дејство од причина што до смртта на примателот на издршката не почнал да се реализира, може да бара секое лице кое има правен интерес да се утврди дека договорот не произведува правно дејство. Кога е поднесено вакво барање, судот ја испитува заедничката намера, па ако утврди дека волјата на примателот на издршката била целиот или дел од имотот опфатен со договорот да му го остави како подарок на давателот на издршката, со пресуда ќе утврди дека договорот за доживотна издршка како таков ќе произведува правно дејство како договор за дар.*

*( Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. Бр. 22.XII.1980 година )*[360]

**Коментар:** Од наведените одлуки произлегува дека судот ја утврдува ништовноста на договорот за доживотна издршка во случаи кога се повредени императивни законски одредби, особено кога една од страните е деловно неспособна, или кога договорот е во очигледна спротивност со добрите обичаи. Судската пракса генерално смета дека кога договорот за доживотна издршка не е реализиран или траел исклучително кратко време, тој по својата суштина претставува договор за дар, бидејќи нема заемност во давањата и се губи неговиот товарен карактер. Таквиот пристап е оправдан, имајќи го предвид начелото *pacta sunt servanda* и фактот дека давателот не може да бара имот по основ на издршка која реално не ја давал. Сепак, не постои единствено толкување, бидејќи во одделни случаи судовите ценат дали издршката била

[358] Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки 1975-1979, Книга II , 1980, Скопје
[359] Извор: Врховен суд на Република Македонија, Збирка на судски одлуки, Книга I, 1976, Скопје
[360] Извор: Мицковиќ Д., Ристов А. (2011). *Граѓанско применето право (наследно право),* Скопје: Блесок, стр, 167

давана и пред склучувањето на договорот и дали постоеле објективни околности што влијаеле на неговото краткотрајно траење.

**Данок на промет кај договорот за доживотна издршка**

*Кога се одлучува по барање за ослободување од плаќање данок на промет за имот стекнат врз основа на договор за доживотна издршка, доколку даночниот обврзник во текот на постапката истакне дека дел од спорниот имот е негова сопственост стекната по основ на живеење во брачна заедница, органот е должен, согласно со чл. 144 ОД 30УП, како претходно прашање да го расправи прашањето за правото на сопственост на даночниот обврзник, па потоа да одлучува за колкав дел од вредноста на имотот треба да биде ослободен од плаќање данок на промет.*

(Пресуда на Врховниот суд на Македонија, У. Бр. 164/87 од 7. V 1987 г.)[361]

*Данок на промет на недвижности и права не се плаќа кога меѓу општествени правни лица (ЦСР) се врши пренос со надоместок па недвижности кои се општествена сопственост. Таков данок не треба да се плати и во случаите кога примачот на издршката е физичко лице, а давачот на издршката е општествено правно лице.*

(Пресуда на Врховниот суд на Македонија, У. Бр. 1330/87 од 7 VI 1988 г.)[362]

*Данок на промет на недвижности и права не се плаќа кога правото на сопственост на недвижност се пренесува на давателот на издршката кој во однос на примателот на издршката се наоѓа во прв наследен ред и тоа само за делот на недвижности кои би ги наследил според Законот за наследување и од давање на издршката.*

(Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија У.бр.637/96 од 27.01.1998 година)

**Коментар:** Законодавецот соодветно го регулира прашањето за данокот на промет во случај на пренос на недвижности врз основа на договор за доживотна издршка. Согласно членот 24 од Законот за даноците на имот, даночната обврска настанува во моментот на смртта на примателот на издршката. Дополнително, данок на

[361] Извор: Врховен суд на Македонија, Збирка на судски одлуки 1985-1989, Книга IV, 1992, Скопје
[362] Извор: Врховен суд на Македонија, Збирка на судски одлуки 1985-1989, Книга IV, 1992, Скопје

промет не се плаќа кога правото на сопственост се пренесува на давателот на издршката кој се наоѓа во прв наследен ред, и тоа само за делот од имотот кој би го наследил според Законот за наследување, без давање на издршката.[363]

Од наведените судски одлуки произлегува дека судовите правилно ја применуваат оваа законска рамка, при што пред да се одлучи за висината или ослободувањето од данок, оправдано тие прво ја утврдуваат сопственичката структура на имотот. Судовите, согласно овие решенија, постапуваат во согласност со законските одредби, обезбедувајќи правна сигурност и правилна примена на даночните правила при трансакции врз основа на договор за доживотна издршка.

## Ревизија кај договорот за доживотна издршка

*Кога во текот на спорот за раскинување на договор за доживотна издршка, умре примачот на издршката, тогаш спорот се претвора во имотен спор кој не е од значење за остварување право на издржување, па дозволеноста на ревизијата се цени според вредноста на предметот на спорот означен во тужбата.*

(Решение на Врховниот суд на Македонија, Рев. Бр. 1057/86 од 28. X 1986 г.) [364]

*Ревизија е дозволена во спорови за исполнување, раскинување, поништување и ништовност на договори за доживотна издршка, независно од вредноста на предметот на спорот, кога спорот се води помеѓу примателот и давателот на издршката.*

(Правно мислење на Врховен суд на Република Македонија од 16.12.2016 година)

**Коментар:** Законодавецот пропишал дека странките можат да изјават ревизија против второстепена одлука ако вредноста на предметот на спорот на побиваниот дел на пресудата надминува 1.000.000,00 денари. Без оглед на вредноста на спорот ревизијата е секогаш дозволена во спорови за издршка.[365]

---

[363] Член 25 став 5 од Закон за даноците на имот (Службен весник на РСМ, бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16, 96/19, 151/21, 153/23)

[364] Извор: Врховен суд на Македонија, Збирка на судски одлуки 1985-1989, Книга IV, 19последн, Скопје

[365] Член 372 став 2 и член 372 став 3 точка 1 од Закон за парничната постапка (Службен весник на РСМ, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 7/11, 124/15)

Имајќи ги предвид наведените одлуки, може да се види дека судската пракса не ја дозволува ревизијата кога спорот се води помеѓу законските наследници на договорните страни или помеѓу една од договорните страни и законските наследници. Додека пак, друга е ситуацијата кога спорот се води помеѓу примателот и давателот на издршката, односно во овој случај судската пракса дозволува ревизија во овие спорови не зависно од вредноста на спорот. Ваквиот став, на судската пракса е оправдан, бидејќи во првиот случај не станува збор за издржување туку тој спор спаѓа во категорија на имотно правни спорови, па дозволеноста на ревизијата се цени според вредноста на спорот. Додека пак, во вториот случај станува збор за спор за издржување, а не имотно-правен спор, бидејќи во тој случај истиот делува inter-partes и самата ревизија е дозволена.

**Правно мислење на Стручен совет на Нотарска комора**

*1. Имотот опфатен со договорот за доживотна издршка не влегува во оставинска маса и по однос на тој имот оставинската постапка се запира со формално решение кое се доставува до учесниците во постапката.*

*2. Врз оставинската постапка без влијание е фактот дали некој од учесниците во постапката го оспорува склучениот договор за издршка и поради тоа постапката не се прекинува.* [366]

*3. Договорот за доживотна издршка, како правно дело меѓу живите, кон кој е приложен доказ за смртта на примателот на издршката, во однос на недвижниот имот опфатен со истиот, согласно членот 128 став 1 алинеја 4 од Законот за катастарот на недвижностите, претставува правен основ за непосредно запишување во Катастарот на недвижностите.*

(Правно мислење на Стручен Совет на Нотарска Комора од 26.01.2013, Нотариус бр.22, Нотарска комора на РМ)

[366] Поради наведеното, доколку во текот на оставинската постапка биде доставен на увид договор за доживотна издршка од страна на некој од учесниците во постапката или други заинтересирани лица, кој е составен согласно наведените одредби од Законот за облигациските односи, а со кој е опфатен недвижниот имот (или негов дел) на оставителот, во таков случај по однос на овој дел од оставинската маса постапката ќе биде запрена со решение кое се доставува до учесниците во постапката.

# ВТОР ДЕЛ

# ГЛАВА VI

# ПРАВНОТО ЛИЦЕ КАКО ДАВАТЕЛ НА ИЗДРШКА ВО ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

## 1. ПРАВНИТЕ ЛИЦА КАКО ДАВАТЕЛИ НА ИЗДРШКА ВО ДОМАШНОТО ПРАВО

При класификација на лицата кои можат да се јават како субјекти, веќе споменавме дека правно лице не може да се јави во улога на примател на издршка. Правните лица се субјект на правото кои изразуваат правно релевантна волја, имаат свој имот, зад кој стојат група физички лица на кои правото им дозволува да дејствуваат како една индивидуа со цел да постигнат одредени цели.[367] Врз основа на оваа дефиниција, а и претходно кажаното, можеме да заклучиме дека правно лице може да се најде само во улога на давател на издршка. Ова се оправдува со оглед на специфичните цели, особености и правните карактеристики на договорот за доживотна издршка, бидејќи секој друг заклучок би бил спротивен на логиката на правото. Исто така, правните лица ја надминуваат економската моќ и животниот век на физичките лица, што го прави неосновано нивното вклучување во овие договори како приматели на издршка.

Правната теорија бележи дека, во историјата, како даватели на издршка се јавувале одредени категории на правни лица, особено во правните системи на државите од средниот век.[368] Во тоа време, различни видови правни лица, како што се манастирите и црквите често биле вклучени во договори за доживотна издршка. Овие институции биле посебно активни во обезбедување на грижа и поддршка за сиромашни и немоќни лица, кои не можеле да се издржуваат самостојно.

Правната рамка на договорот за доживотна издршка во нашиот правен систем не содржи правни норми кои се јасни во однос на тоа кои правни лица можат да се јават како страна на давател на доживотна издршка и какви се нивните права и обврски. Се остава дилема дали сите правни лица имаат можност да бидат даватели на издршка или законот ја резервира таа можност само за одредени форми на правни лица. Согласно науката и праксата покажуваат дека правните лица можат да бидат даватели на

[367] Живковска Р., Пржеска Т. (2021). Граѓанско право – општ дел...*op.cit.*, str.144; Ристов А. (2015). Правни лица.... *op.cit.*, str.15
[368] Палачковић Д. (1997). Правно лице као субјект уговора о доживотном издржавању, *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр.3

доживотна издршка, доколку тоа не е во спротивност со нивниот статут, односно правилата според кои работат.[369] Притоа, треба да се нагласи дека кога се зборува за правни лица како можни даватели на издршка првенствено се мисли на установи со социјална или хуманитарна намена, како што се геронтолошки центри, домови за стари лица, домови за лица со попреченост, центри за социјална работа и слични институции. Сепак сметаме дека е неопходно законот јасно да ги определи категориите на правни лица кои може да настапуваат како даватели на издршка. Примерот на појаснување може да биде вклучувањето на одредба во законот која ќе специфицира дека во случај да правно лице настапува како договорна страна, обезбедувањето на издршка не смее да биде во спротивност со дејноста која ја врши правното лице. Овој вид на прецизност во формулирањето на законските одредби ќе спречи нејаснотии и разлики во толкувањето на законот, а исто така ќе обезбеди конзистентност и стабилност во правната пракса.[370]

Поради пропустот на законодавецот да го регулира прашањето за договорните страни со конкретна одредба или да постави ограничувања во однос на давателот на издршката, може да се заклучи дека сите правни лица можат да бидат даватели на издршка, независно од дејноста што ја вршат. Ваквата недореченост во законската рамка овозможи во пракса како даватели на издршка да се појавуваат различни правни субјекти, меѓу кои и агенции за недвижности, адвокатски канцеларии, друштва за сметководствени услуги и други правни форми кои во рамките на својата дејност не обезбедуваат грижа и нега.[371] Забележани се случаи на склучување вакви договори и во практика, што укажува на постоење на реална можност за злоупотреби и манипулации со цел стекнување имотна корист на штета на примателите на издршката.[372] Затоа законодавецот, заради правна сигурност, треба преку систем на набројување да прецизира за кои правни лица се однесува одредбата. Во спротивно ќе се смета за дозволено да се склучуваат вакви договори со правни лица кои во рамките на нивната професија не се занимаваат со грижа и нега за примателите на издршката.

---

[369] Чавдар К., Чавдар. К. (2012). Коментар на ЗОО...*op.cit,* стр. 1027

[370] Споредбено во српското наследно право е предвидено посебен случај за ништовност на договорот. Ништовен е договорот во кој давателот на одржување е физичко или правно лице кое се грижи за примателот на издршката (медицински персонал, болници, разни агенции итн.) во рамките на неговото занимање, односно дејност, е ништовен доколку договорот претходно не бил одобрен од надлежниот орган за старателство. Оваа одредба е донесена во српското право исклучиво во насока на заштита на примателот на издршката. Види член 196 од Zakon o nasleđivanju na R. Srbija (*„Sl. Glasnik RS", br.46/95, 101/2003-odluka USRS Ii6/2015*), пристапено преку: https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_nasledjivanju.html, последна посета на 12.10.2025 година.

[371] Gavrič I. (2014). Subjekti ugovora o doživotnom izdžavanju, *Glasnik Advokatske Komore Vojvodine ćasopis za pravnu teoriju i praksu*, Novi Sad, Knjiga 74, br.7/8, str.438

[372] Ибид.

Сепак, недостатокот на јасно дефинирани законски ограничувања отвара можности за злоупотреби, бидејќи секој правен субјект може да се обрати како давател на издршка, без да биде подложен на било каква претходна проверка или одобрување од надлежните органи. Без вакви ограничувања, постои ризик од манипулации од страна на правни лица кои не се специјализирани за грижа на стари лица или кои немаат соодветни капацитети за обезбедување на квалитетна грижа. Недостатокот на правна сигурност и контрола значи дека старите и немоќни лица, без блиски роднини или со слаби економски ресурси, можат да бидат изложени на поголеми ризици од злоупотреба. Ваквите правни празнини не само што ја нарушуваат заштитата на овие лица, туку и го отвораат патот за разни злоупотреби кои можат да имаат сериозни последици врз нивната благосостојба и здравје.[373] Во минатото, многу постари лица без редовни примања, но со вреден недвижен имот, биле принудени да склучуваат вакви договори со агенции или институции, што отвора пат за разни злоупотреби. Иако ваквите проблеми беа особено изразени во деведесеттите години, слични случаи можат да постојат и денес.[374] Токму затоа, за да се спречат ваквите злоупотреби, во многу правни системи, како што се Законот за наследување на Република Србија и Законот за облигациони односи на Црна Гора[375], се воведени јасни ограничувања. За да се склучи договор за доживотна издршка, правното лице мора да добие согласност од надлежниот орган за старателство. Без оваа согласност, договорот е апсолутно ништовен. Овој орган го оценува договорот и сите можни обврски пред да издаде дозвола, а решението може да се оспори преку жалба до надлежното министерство. [376] Кај нас, вакви правни прописи сè уште не постојат, и тоа претставува сериозен ризик за злоупотреби и манипулации.

Во однос на одредени правни лица кај кои имотниот интерес не е доминантен, особено кај субјектите со хуманитарен и социјален карактер, како што се болниците, геронтолошките центри и установите за социјална грижа, во теоријата постои мислење дека тие не можат да бидат даватели на издршка.[377] Ова се аргументира со фактот дека за вршење на нивната дејност — грижата и негата на болни или стари лица — тие

---

[373] Види и спореди: Палачковић Д. (1997). Правно лице као субјект уговора о доживотном издржавању…...*op.cit.,* str.3-6.

[374] Gavrič I. (2014). Subjekti ugovora o doživotnom izdžavanju....*op.cit*., str.437.

[375] Zakon o obligacionim odnosima na Crna Gora ("Sl. list CG", br. 47/2008, 4/2011 - dr. zakon i 22/2017), пристапено преку: https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/zakon-o-obligacionim-odnosima.html, последна посета на 12.10.2025 година.

[376] Gavrič I. (2014). Subjekti ugovora o doživotnom izdžavanju.....*op.cit,* str.

[377] Антић О., Балиновац З. (1996). *Коментар Закона о наслеђивању..op.cit*., str.521.

добиваат надомест согласно прописите од областа на јавното право, со што би можеле да ја злоупотребат својата позиција користејќи ги придобивките од својата професионална дејност.

Сепак, без оглед на тоа дали станува збор за институции кои се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија или не, доколку нивните организациски и технички капацитети можат да ги задоволат потребите на примателот на издршката, нема правна ниту логична причина да им се оневозможи да ја вршат оваа улога. Имајќи предвид дека државните институции располагаат со материјални и кадровски ресурси кои се обезбедени од страна на државата, оправдано е да се разгледа можноста тие, под одредени услови и со претходно одобрение од надлежните органи, да можат самостојно да стекнуваат дополнителни материјални средства преку ваков тип договори. На тој начин би се овозможило создавање дополнителни приходи за институцијата, без притоа да се наруши јавниот интерес, доколку активностите и организациските капацитети навистина ги задоволуваат потребите на корисниците.[378]

Не треба да постои сомнеж во квалитетот на услугите што ги нудат ваквите институции, имајќи предвид дека тие подлежат на строги стандарди и пропишани услови за работа. Доколку нивните услуги, и по квалитет и по обем, ги задоволуваат потребите на примателот на издршката, може да се смета дека целта на договорот е исполнета.

Сосема поинаква е ситуацијата кај приватните медицински и социјални установи, кај кои главната цел е остварување профит. Иако тие не се финансираат од државниот буџет, туку преку сопствените приходи, нивните услуги можат да бидат предмет на договор за доживотна издршка доколку нивната регистрирана дејност овозможува обезбедување грижа и нега во согласност со потребите на примателот.[379] Во таков случај, овие субјекти можат да настапуваат како даватели на издршка, под услов договорот да не е во спротивност со нивната дејност и да не создава ризик од злоупотреба или повреда на правата на примателот.

Во овој контекст се поставува и прашањето за оправданоста на потребата на примателот на издршката да склучи ваков договор, имајќи ги предвид законски загарантираните права на здравствена заштита кои произлегуваат од задолжителното

---

[378] Радмановац Е. (2016). Правно лице као давалац издржавања код уговора о доживотном издржавању, Гласник адвокатске коморе Војводине часопис за правну теорију и праксу, Књига 76, Нови Сад, фебруар-март, број 2-3, стр.57
[379] Ибид.

здравствено осигурување. Обемот на овие права е уреден со Правилник за содржината и на чинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување.[380]

Оправданоста за склучување договор за доживотна издршка со правно лице, како што е болница или друга здравствена установа со јавен карактер, постои само доколку потребите на примателот го надминуваат обемот на правото на здравствена заштита гарантирано со закон. Тоа значи дека примателот може да склучи договор за услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување, односно за проширен обем на медицинска грижа и нега.

Сепак, ваквиот договор не може да опфати обврски што не спаѓаат во дејноста на болницата или што излегуваат надвор од дозволениот опсег на нејзините активности. Дејноста на болниците е ограничена на обезбедување здравствени и медицински услуги. Затоа, ако потребите на примателот се однесуваат на проширена или поквалитетна медицинска грижа — над она што го покрива Фондот за здравствено осигурување — нема правна пречка да се склучи договор за доживотна издршка, особено доколку со тоа се обезбедува повисок стандард на заштита и нега.

Сосема поинаква е ситуацијата кога давател на издршката е приватна здравствена установа, бидејќи кај нив правото на здравствено осигурување не се остварува преку јавни фондови, туку врз основа на пазарни услови и приватноправни односи. Сепак, значајно е што овие субјекти, покрај својата основна дејност — обезбедување медицински услуги — можат во рамките на својата организација да предвидат и други активности поврзани со грижа, нега и социјална поддршка. Со тоа, тие би можеле да склучат договори за доживотна издршка под услов нивната организациска структура и ресурси реално да ги задоволат потребите на примателот.

Дополнително, овде се поставува и прашањето за можноста манастирите и другите верски институции да се јават како даватели на доживотна издршка. Историски гледано, ваквите институции често ја преземале оваа улога.[381] Иако нивната основна дејност не опфаќа обезбедување медицински услуги, тоа само по себе не треба да биде

[380] Правилник за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр.18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015, 191/2015, 187/2016, 146/2018, 44/2019 и Службен весник на РСМ бр.198/2019, 63/2020, 202/2020,303/2020, 217/2021, 179/2023, 277/2023, 57/2024 , 71/2024 и 251/2024), пристапено преку: https://fzo.org.mk/sites/default/files/fzo/legislativa/opsti-akti/precisten-tekst-na-pravilnikot-za pravata03.12.2024.pdf, последна посета на 12.10.2025 година.

[381] Палачковић Д. (1997). Правно лице као субјект уговора о доживотном издржавању…..*op.cit.,* str. 6.

пречка тие да се јават како даватели на издршка, доколку можат да обезбедат грижа, нега и соодветни услови за живот на примателот. Суштината на договорот за доживотна издршка не е исклучиво медицинска, туку пред сѐ се однесува на целокупната грижа и поддршка на примателот, што овие институции традиционално умеат да ја обезбедат.

Со развојот на современото општество, се менуваат и начинот на живот и потребите на старите лица. Додека во минатото, грижата за стари лица најчесто била во рацете на семејството, во последните години промените во социјалната структура и економијата, како и зголемената миграција на населението доведоа до значајни промени во овие практики. Како резултат на ова, бројот на луѓе кои се одлучуваат за вакви социјални услуги расте, а со тоа и се зголемува и интересот за отворање на приватни и јавни установи за грижа на стари лица.[382] Во овој контекст, договорите за доживотна издршка кои се склучуваат со правни лица, како што се домови за стари лица и сл., сѐ повеќе се присутни како алтернатива на традиционалните форми на издршка. Во сите овие околности договорите за доживотна издршка може да преставуваат важен инструмент за остварување грижа и нега на старите лица, што впрочем е и првичната цел на законодавецот при регулирањето на овој договор. Особено во оние ситуации кога старите лица се оставени без семејна грижа, односно без блиски роднини кои би се грижеле за нив, договорот за доживотна издршка може да игра значајна улога.

Законодавецот треба да го разгледа и прилагоди регулирањето на договорите за доживотна издршка на новите реалности на општеството. Како што веќе беше споменато, а за да се избегнат злоупотреби и да се осигурат правата и интересите на старите лица, неопходно е да се утврдат јасни и конкретни одредби кои ќе ја дефинираат улогата на правните лица во овие договори. Овие одредби треба да обезбедат правна сигурност, да ја спречат злоупотребата и да гарантираат дека правните лица кои склучуваат договори за издршка се квалификувани и поседуваат капацитети за обезбедување соодветна грижа.

Неопходно е законодавецот да ги разгледа новите форми на организација за грижа на стари лица, како и регулирање за кои правни лица е дозволено да бидат вклучени во склучувањето на договори за доживотна издршка. Со ова, ќе се обезбеди

---

[382] На страната на Министерството за труд и социјална работа, објавени се листи на приватни и јавни установи за грижа на стари лица. Во РСМ се отворени 40 приватни установи и 5 јавни установи. https://www.mtsp.gov.mk/registri-ns_article-lista-na-javni-ustanovi-za-socijalna-zashtita-na-stari-lica-cel.nspx, https://www.mtsp.gov.mk/registri-ns_article-lista-na-privatni-ustanovi-za-socijalna-zashtita-na-stari-lica-cel.nspx, последно пристапено на 29.12.2024

сигурност за сите вклучени страни, а особено за старите лица, кои често се во ризик од злоупотреби. Во исто време, треба да се создаде систем на контрола и претходна проверка на правните лица кои се вклучени во овие договори, за да се спречат евентуални злоупотреби и манипулации кои би можеле да имаат сериозни последици врз благосостојбата на старите лица.

## 2. УЛОГАТА НА ЦЕНТАР ОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ВО ДОГОВОРИТЕ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА

### 2.1. Анализа на правната рамка и улогата на Центарот за социјални работи во договорите за доживотна издршка

Центарот за социјални работи (ЦСР) игра клучна улога како орган за старателство, според законската регулатива. Во овој контекст посебно значаен е Законот за семејството[383], кој преку постапката за старателство ги регулира правата и обврските на старателите и начинот на кој се управува со имотот на лицата под старателство.

Законот за вонпарнична постапка[384] и Законот за социјална заштита[385] дополнително ги прецизираат овластувањата и одговорностите на органот за старателство. Според овие закони, ЦСР има овластувања да презема мерки за заштита на правата на лицата кои се во ситуација на потреба за доживотна издршка, што вклучува не само финансиска поддршка, туку и обезбедување на соодветна грижа и заштита на нивниот имот.

Во согласност со правната регулатива на Република Северна Македонија, органот за старателство, односно Центарот за социјални работи, има важна улога во сите фази на постапката за склучување и остварување на правата и обврските од договорот за доживотна издршка. Оваа улога се остварува во неколку клучни фази.

Во продолжение на овој дел ќе ја разгледаме улогата на Центарот за социјални работи во различните фази на постапката за склучување и остварување на договорот за доживотна издршка, како и во фаза по склучување на договорот за доживотна издршка. Во фазата на склучување и заверување на договорот за доживотна издршка, Центарот

---

[383] Закон за семејството („Службен весник на Република Македонија“ број 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15, 53/21, 199/23).
[384] Закон за вонпарнична постапка („Службен весник на РМ“ бр. 9 од 18.01.2008 година).
[385] Закон за социјалната заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/19,146/19,275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 249/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/2025)

може да има различни улоги, во зависност од конкретните ситуации и правата на страните во постапката и тоа:

А) Како самостоен орган со одговорни овластувања во областа на старателството, Центарот за социјални работи има важна улога во определувањето на старател за лицата на кои им е одземена или ограничена деловна способност[386], во пописот на нивниот имот[387], како и во заштитата на тој имот и интересите на тие лица преку ограничување и одобрување на располагањето со нивниот имот.

Во оваа фаза, органот за старателство може да му одобри на старателот да склучи договор со трето лице во корист на лицето под старателство (штитеникот).[388] Податоците покажуваат дека постои одреден процент на одобрени договори од страна на органот, што укажува на тоа дека старателите се запознаени со правните и практични последици од склучувањето на овие договори.

Овој момент е важен за примателот на издршката, бидејќи се зголемува квалитетот на грижата и нега што му се обезбедува.

Од друга страна, моралниот квалитет и подобноста на старателот, како и неговото лично вложување во исполнувањето на обврските, бараат соодветен реципроцитет. Ова подразбира дека старателот треба да биде не само правно компетентен, туку и посветен на благосостојбата на лицето под старателство.

Со давањето на одобрение за склучување на договор за доживотна издршка, органот за старателство дава позитивна гаранција за тоа дека старателот ќе ги исполни своите права и обврски на функционален и квалитетен начин. Оваа гаранција е важна за намалување на ризикот од злоупотреби и за минимизирање на бројот на правни спорови или тужби за раскинување или поништување на договорот.

Сепак, во случај на полнолетни лица кои се лишени од деловна способност, односно се под режим на старателство, ситуацијата е посебно чувствителна во однос на склучувањето договори за доживотна издршка.[389] Иако овие лица може да не бидат во можност да водат самостоен живот и да се грижат за својот имот, нивната правна неспособност и фактот што веќе се под режим на старателство ги прават условите за склучување договори за доживотна издршка специфични. Истовремено лицето под

[386] Види повеќе: член 135, член 165 од ЗС
[387] Види повеќе: член 143 од ЗС
[388] Во оваа смисла, „одобрението“ треба да се дава пред склучувањето на договорот, а не по неговото склучување. Овде „одобрението“ треба да се толкува како дозвола, што произлегува од одредбата на член 21 став 1 од ЗОО.
[389] Палачковић Д. (1997). Правно лице као субјект уговора о доживотном издржавању...*op.cit*., str.9.

старателство не е деловно способно за склучување на договори, во негово име и за негова сметка правните дела ги склучува токму старателот по одобрение на Центарот за социјални работи. Дилемата произлегува од прашањето дали Центарот за социјални работи (ЦСР), како правно лице, или физичкото лице кое Центарот го именува за старател, може да има овластување да склучи договор за доживотна издршка во својство на давател на издршка. Овој процес се комплицира бидејќи органот за старателство најчесто именува близок роднина за вршење на старателските должности, а во таквите случаи договорите за доживотна издршка обично се склучуваат токму со тие роднини. Поради ова, истиот орган за старателство треба да ја донесе одлуката дали да му даде согласност на старателот да склучи договор, што може да создаде потенцијални конфликти на интереси и поставува правни дилеми во однос на неговата способност да делува во најдобар интерес на лицето под старателство.

Б) Согласно Законот за социјална заштита[390], во случаите кога полнолетно лице кое има имот или приход од имот, кој ја надминува висината на правото на гарантираната минимална помош или правото на социјалната сигурност за старите лица и поднело барање за остварување на услуга за вонсемејна заштита, центарот за социјална работа со лицето може да склучи договор за доживотна издршка согласно со закон, а по претходна согласност на Министерството.[391] Ова значи дека според овој закон, Центарот за социјални работи, како стручна установа со јавни овластувања заради вршење работи од социјалната заштита, може да настапи како давател на издршка. Улогата на Центарот за социјални работи како давател на издршка ќе биде поопширно разгледан во следното поглавје.

Во фазата - по склучувањето на договорот за доживотна издршка, улогата на ЦСР се согледува во надзор и заштита на примателите на издршката:

А) Центарот може да се јави како странка во тужби за надомест на штета против старателот кој ја предизвикал штетата со злоупотреба на своите права (на пример, со склучување договор без согласност на органот за старателство или склучување договор со несоодветно и неподобно лице), што резултирало со оштетување на имотот на штитеникот/примателот на издршката, што е предмет на договорот за доживотна издршка.[392]

[390] Член 296 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/19,146/19,275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 249/21, 99/22, 236/22 и 65/23)

[391] Види член 296 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/19,146/19,275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 249/21, 99/22, 236/22 и 65/23)

[392] Член 153 од ЗС

## 2.2. Центарот за социјални работи како давател на издршка

Како што беше споменато во претходниот дел, Законот за социјална заштита дозволува Центарот за социјални работи (ЦСР) да делува како давател на издршка, со оглед на специфичните услови и законски одредби. Во овој дел, ќе се разгледа конкретно улогата на ЦСР и условите за неговото учество како давател на издршка. Согласно правната рамка, ЦСР може да склучи договор за доживотна издршка како договорна страна која ја обезбедува издршката на лице кое има имот или приход од имот, што ја надминува височината на правото на гарантираната минимална помош или правото на социјална сигурност за старите лица и поднело барање за вонсемејна заштита[393], а по претходна согласност на Министерството.[394] Ова значи дека според овој закон, Центарот за социјални работи, како стручна установа со јавни овластувања заради вршење работи од социјалната заштита, може да настапи како давател на издршка. Од друга страна, примателот на издршката треба да ги исполнува одредените услови, кои се поврзани со имотот и приходот. Лицето кое се јавува како примател на издршка мора да поседува имот или приход од имот кој го надминува износот на правото на гарантираната минимална помош или правото на социјална сигурност за старите лица. Тоа значи дека ако лицето има имот или приход што е поголем од гарантираната минимална помош (која изнесува 4.000 денари месечно за еден членот на домаќинството), или правото на социјална сигурност за старите лица[395] (која изнесува 6.000 денари месечно) може да оствари право на услуга за вонсемејна заштита и потенцијално да склучи договор за доживотна издршка со Центарот за социјална работа.

Во зависност од бројот на членови во домаќинството и нивниот приход или имот, вредноста на гарантираната минимална помош ќе се зголемува, па условот за склучување договор за доживотна издршка ќе биде приспособен на конкретните услови на лицето или домаќинството што поднесува барање.[396]

---

[393] Со услуги на вон-семејна заштита се обезбедува основна заштита која опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита, и други услуги во зависност од видот на корисниците, кои немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вон-семејна заштита.

[394] Член 296 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/19,146/19,275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 249/21, 99/22, 236/22 и 65/23)

[395] Член 6 од Закон за социјална сигурност на стари лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година)

[396] Висината на гарантираната минимална помош зависи од бројот на членови во домаќинството. За секој дополнителен член во домаќинството, основицата се зголемува за одреден коефициент. На пример:

- **1 член**: 4.000 денари (основица)
- **2 члена**: 4.000 денари + 0.5 * 4.000 денари = 6.000 денари
- **3 члена**: 6.000 денари + 0.4 * 4.000 денари = 7.600 денари

Иако ова е основниот услов, важно е и да се добие претходна согласност од Министерството, што значи дека Министерството за социјална политика, демографија и млади треба да одобри таква постапка пред да може да се потпише договор за доживотна издршка.

Во рамките на овој договор, давателот на издршката има обврска да ги подмирува трошоците за сместување и грижа на примателот на издршката во дом за стари лица и да го погребе на местото избрано од примателот, со целосно покривање на погребалните трошоците. Од друга страна, по смртта на примателот на издршката, неговиот имот му се отстапува во сопственост на давателот на издршката.[397] На барање на лицето, ЦСР има можност да го смести и во згрижувачко семејство.[398] Во претходната законска рамка[399], договорите за доживотна издршка склучувани од страна на центрите за социјални работи во практика често вклучувале и обврска за исплата на постојана парична помош, како и комбинирање на парични и натурални давања. Со донесувањето на важечкиот Закон за социјална заштита, законодавецот направи јасна концептуална промена, при што фокусот се поместува кон обезбедување на услуга за вонсемејна заштита, пред сè сместување во установа за згрижување на стари лица, додека паричните форми на поддршка се регулираат преку посебни права и не претставуваат содржина на договорот за доживотна издршка. Оваа промена придонесува за поголема правна јасност и зајакната заштита на примателите на издршката.

Согласно наведената законска одредба, за да може ЦСР да склучи договор за доживотна издршка потребно е да добие согласност од Министерството за социјална

---

- **4 члена**: 7.600 денари + 0.4 * 4.000 денари = 9.200 денари
- **5 члена**: 9.200 денари + 0.2 * 4.000 денари = 9.600 денари
- За деца, основицата се зголемува за коефициент од 0.1, т.е. за едно дете домаќинството ќе добие дополнителни 400 денари (0.1 * 4.000 денари).

Така на пример: Ако лицето живее во домаќинство со 3 члена, тогаш неговото право на гарантирана минимална помош ќе биде 7.600 денари месечно (според пресметката погоре). Ако приходот или имотот на тоа лице е повеќе од 7.600 денари месечно, тогаш тоа лице може да поднесе барање за остварување на услуга за вон-семејна заштита и, ако ги исполнува другите услови, да склучи договор за доживотна издршка.

[397] Од направената анализа може да се забележи дека вакви договори постојат во пракса на територија на РСМ, каде како давател се јавува ЦСР. Имено, од досегашната пракса кога во важност бил стариот Закон за социјална заштита со договорот за доживотна издршка, Центарот за социјална работа (давателот на издршката) се обврзувал на примателот на издршката да му обезбеди постојана парична помош, право кое со новиот Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр. 104/19) како такво повеќе не постои, додека пак примателот на издршката се обврзувал по неговата смрт да го остави во наследство својот имот на давателот на издршката определен во договорот.

[398] Член 296, став 2 од ЗСЗ

[399] Закон за социјалната заштита на РМ (Службен весник на РМ бр. 79/2009, 51/2050, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 148/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 163/2017, 51/2018).

политика, демографија и млади. Во спротивно вака склучениот договор би бил апсолутно ништовен. Поради немањето таква согласност, судијата, односно нотарот не би можел да им потврди таков договор на заинтересираните договорни страни. Во секој поединечен случај, министерството го оценува договорот и сите други можни обврски од договорот пред давање каква било согласност. Според ова, ваквата одредба е во целост во најдобар интерес на примателот на издршката.

Оваа можност за Центарот за социјални работи да биде давател на издршка може да се оправда и со можноста, за стекнување право на сопственост на недвижности, што може да се искористи во рамките на редовната работа на центарот. Оваа аргументација ја оправдува можноста за склучување на договори со овие правни лица.

Со цел да се обезбеди долгорочна и ефективна употреба на имотот, ЦСР може да основа фондација која ќе има за цел да го користи имотот стекнат преку договорите за доживотна издршка за остварување на социјална заштита на граѓаните (пр. додаток за домување, еднократна парична помош, надоместок за помош и нега од друго лице и сл.). Оваа фондација би делувала во рамки на општината или градот Скопје, на чијашто територија е надлежен Центарот за социјални работи.[400] Фондацијата би имала Управен одбор составена од три члена, од кои двајца претставници од ЦСР и еден претставник од советот на општината и советот на градот Скопје на чие подрачје е седиштето на ЦСР. Центарот како основач на фондацијата би можела да го користи имотот и средствата за финансирање на различни социјални активности. Целокупното управување со фондацијата, вклучувајќи ги основањето, раководењето и надзорот над работењето на фондацијата, би се вршело согласно релевантните законски прописи.

Во продолжение на разгледувањето на улогата на Центарот за социјални работи во процесот на склучување договори за доживотна издршка, важно е да се разгледаат и правните ограничувања кои произлегуваат од специфичната природа на овој договор. Имено, договорите за доживотна издршка имаат личен карактер (intuitu personae), што подразбира дека тие се склучуваат врз основа на личните обврски и довербата меѓу страните. Овој аспект може да влијае на можноста и правната изводливост на склучувањето на таков договор од страна на јавни институции како што е Центарот за социјални работи. Затоа, неопходно е овде да го поставиме прашањето, *дали правните лица (земајќи го предвид и Центарот за социјални работи) може да се јават во улога*

[400] Види член 297 од ЗСЗ

*на даватели на издршка, и доколку можат, дали со тоа се повредува институтот intuitu personae?*

Како што беше споменато во воведот, правното лице може да се јави само како давател на доживотна издршка. Правното лице не може да се јави како примател на издршка ако ја имаме предвид целта и природата поради која овој договор се склучува. Законот за облигациони односи во нашиот правен систем не содржи јасни одредби кои конкретно регулираат кои правни лица можат да бидат даватели на доживотна издршка, ниту какви се нивните права и обврски во оваа смисла. Ова остава простор за дилеми во однос на тоа дали сите правни лица можат да ја преземат оваа улога или дали законот ја ограничува оваа можност само на одредени форми на правни лица. Според научната и практична литература, правните лица можат да бидат даватели на доживотна издршка, доколку тоа не е во спротивност со нивниот статут или внатрешни правила на работа. Меѓутоа, како што беше споменато погоре, Законот за социјална заштита, изречно ја пропишува специфичната овластеност на Центарот за социјални работи да настапи како давател на доживотна издршка, што претставува исклучок од општото правило.

Со оглед на тоа што се работи за договор intuitu personae, односно договор кој се склучува во поглед на личните карактеристики на договорните страни, природно се поставува прашањето дали овој институт пропаѓа кога станува збор за договори за доживотна издршка што се склучуваат помеѓу правно лице, во својство на давател на издршка и физичко лице како примател на издршка.[401] Некои автори сметаат дека тој ја губи оваа особина кога, договорот за доживотна издршка се склучува со правно лице како давател на издршка.[402]

Пред сè, треба да се нагласи дека примателите на доживотна издршка, кои често се физички лица што не можат да се грижат за себе, вклучувајќи ги и најосновните дневни потреби, се наоѓаат во ситуација каде што обезбедувањето на домување, храна, облека, обувки, соодветна грижа и медицински трошоци е од витално значење. За време на исполнувањето на овие обврски, особено во текот на извршувањето на договорот за доживотна издршка, може да се развие чувство на блискост и доверба помеѓу примателот и давателот на издршката. Меѓутоа, кога давател на издршка е правно лице, како што е на пример Центарот за социјални работи, односот помеѓу страните се

[401] Gavrič I. (2014). Subjekti ugovora o doživotnom izdžavanju...*op.cit,* str.438.
[402] Babić. I.(2012). *Nasledno pravo*, Fakultet za evropske pravno-političke studije Univerziteta Singidunum, Novi Sad, str. 223., Симоновић Д. (2010). Облигационо право…*op.cit*.,str.18.

одржува на професионален и институционален план, а не на личен или интимен. Иако центарот не воспоставува лична поврзаност како што тоа би го правеле физичките лица или помалите установи, неговата улога како давател на издршка е дефинирана од прописите на социјалната заштита и е заснована на јавната одговорност за обезбедување соодветна грижа и заштита на лицата на кои им е потребно. Центарот за социјални работи, иако тој настапува како правно лице, неговата улога се заснова на јавната, професионална грижа за примателите на социјална заштита, што не подразбира лична поврзаност каква што би се создала во однос меѓу физички лица или помалите установи. Центарот за социјални работи има за цел да ги исполни обврските од договорот на професионален начин, со нагласок на правната и социјалната заштита на лицата, а не на личната врска помеѓу страните во договорот. Сепак, не можеме со сигурност да тврдиме дека таков однос на блискост и интимност не може да се создаде во некои помали и специјализирани установи, како што се приватни болници или дом за стари лица, каде што постои помал број на вработени лица и постојан пристап до примателите. Ваквите установи имаат поголеми можности за создавање на „заедничка животна средина“, што може да предизвика развој на одредени лични односи меѓу давателот и примателот.

Иако најчесто договорите за доживотна издршка се склучуваат помеѓу роднини, што подразбира постоење на договор intuitu personae (односно договор што се склучува врз основа на лични карактеристики на страните), исто така постојат ситуации кога таквите договори се склучуваат помеѓу лица кои не се роднини. Во овие случаи, иако договорот не е заснован на интимна или лична врска, принципот intuitu personae може да биде помалку изразен или воопшто да не се применува.

Иако оваа пракса може да создаде дилеми во поглед на природата на договорот, Законот за социјална заштита јасно дозволува улогата на ЦСР да биде давател на издршка, што го прави овој договор правно изводлив и функционален.

Дополнително, оваа можност за Центарот за социјални работи да биде давател на издршка може да се оправда и со можноста, за стекнување право на сопственост на недвижности, што може да се искористи во рамките на редовната работа на центарот. Оваа аргументација ја оправдува можноста за склучување на договори со овие правни лица.

# 4. ПРАВНА РАМКА ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО ЗА ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО УЛОГА НА ДАВАТЕЛ НА ИЗДРШКА

Во овој дел ќе се разгледа правната рамка која ги регулира правните лица како даватели на издршка во договорите за доживотна издршка. Оваа анализа ќе се фокусира на различни правни системи, со посебен акцент на можности и ограничувања за учеството на правните лица како даватели на издршка во различни правни системи. Иако не е цел да се прави детална анализа на секоја земја поединечно, ќе бидат разгледани клучните елементи и разлики во правната регулираност на овие договори во земјите од регионот и земјите членки на Европската Унија.

## 4.1. Општ приказ: регулираност на договорот за доживотна издршка

Во контекст на ова истражување, извршена е систематизација на регулираноста на договорот за доживотна издршка во неколку европски земји. Особено внимание беше посветено на прашањето дали овој договор е експлицитно уреден во националните закони, кој правен извор го регулира, како и дали се вклучени посебни одредби во однос на тоа кои правни лица можат да бидат даватели на доживотна издршка. Анализиран е и начин на кој нивните права и обврски се регулирани, со акцент на евентуалните разлики и спецификации во различни правни системи.

Во та подолу е прикажана систематизација на резултатите од оваа анализа, со категоризација по држави, статус на правна уреденост, извор на правото, како и информации за можноста правни лица да се јават како страна во овие договори. Табелата служи како основа за понатамошна детална анализа на избрани правни системи во следните потточки.

*Табела 1: Регулираност на договорот за доживотна издршка во различни земји*

| Земја | Статус на правна уреденост | Правен извор | Одредби за правни лица? | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| **Австрија** | НЕ | Австриски Граѓански законик (JGS Nr. 946/1811)[403] | | |

[403]Австриски граѓански законик (Allgemeines bürgerliches Gesetzbuch, Austrian Civil Code - ABGB), достапен:https://www.ris.bka.gv.at/GeltendeFassung.wxe?Abfrage=Bundesnormen&Gesetzesnummer=10001622, последно пристапено на: 31.10.2025 година.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бугарија** | НЕ | | | Се применува како неименуван договор.<br>Назив: прехвърляне на имот срещу издръжка и гледане |
| **Германија** | НЕ | Германски граѓански законик (BGB), Книга 2: Облигационо право[404] | | |
| **Италија** | НЕ | Граѓански законик (Кралски декрет од 16 март 1942 година, бр. 262), Книга 4: За облигации, Наслов III: Поединечни договори[405] | | |
| **Полска** | НЕ | Граѓански законик од 28 април 2012, Книга III: Облигации[406] | | |
| **Португалија** | НЕ | Граѓански законик (Сл. весник бр. 274/1966), серија I од 1966-11-25[407] | | |
| **Романија** | ДА | Новиот Граѓански законик на Романија, Книга V – Обврски, Глава XVIII – Договор за издршка[408] | Нема изречни одредби | Назив: Contractul de întreţinere |
| **Словенија** | ДА | Закон за облигационите односи, договор за доживотна издршка членот 557-563[409] | Нема изречна одредба | Назив: Pogodba o dosmrtnem preživljanju |
| **Србија** | ДА | Закон за наследување[410] | Индиректно уредено преку чл. 196 – посебен | |

[404] Германски граѓански законик (Bürgerliches Gesetzbuch - German Civil Code (BGB)), достапен на: https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_bgb/englisch_bgb.html#p4031, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
[405] Италијански граѓански законик (Codice Civile Italiano), достапен на: https://www.brocardi.it/codice-civile/, последно пристапено на: 31.10.2025 година
[406] Полски граѓански законик (Kodeks cywilny - Civil Code of Poland*)*, достапен на: https://webfiles-sc1.blackbaud.com/files/support/helpfiles/npoconnect/content/resources/attachments/poland-civil-code.pdf, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
[407] Португалски граѓански законик (Código Civil – CC), достапен на: https://diariodarepublica.pt/dr/legislacao-consolidada/decreto-lei/1966-34509075-, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
[408] Романија граѓански законик (Codul Civil), достапно на: https://faolex.fao.org/docs/pdf/rom211534.pdf, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
[409] Закон за облигационите односи на Словенија (Obligacijski zakonik (OZ)), достапно на: https://pisrs.si/pregledPredpisa?id=ZAKO1263, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
[410] Закон за наследување на Р.Србија (Zakon o nasleđivanju), достапно на: https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_nasledjivanju.html, последно пристапено на: 31.10.2025 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | случај за ништовност на договорот | |
| **Унгарија** | ДА | Унгарски граѓански законик[411] | Нема изречна одредба | Назив: A tartási szerződés |
| **Холандија** | НЕ | Холандски Граѓански Законик, Книга 7: Посебни договори[412] | | |
| **Хрватска** | ДА | Закон за облигационите односи, договор за доживотна издршка членот 579-585[413] | Нема изречна одредба | Назив: Ugovor o dozivotnom izdrzavanju (uz prjineos imovine nakon smrti) |
| **Франција** | НЕ | Француски граѓански законик[414] | | Се применува како неименуван договор, обично под називот „le bail à nourriture“ – не е експлицитно уреден. |
| **Црна Гора** | ДА | Закон за облигационите односи, Сл. лист ЦГ", бр. 47/2008, 4/2011 - др. Закон и 22/2017[415] | Индиректно уредено преку чл. 1077 – посебен случај за ништовност на договорот | |
| **Чешка** | НЕ | Нов Граѓански Законик (Закон бр. 89/2012 Сл. гласник), Книга 4: Односни права на имот[416] | | |

411 Унгарски Граѓански законик, достапно на: https://faolex.fao.org/docs/pdf/hun209514.pdf, последно пристапено на:31.10.2025 година.

412 Холандски граѓански законик (Dutch Civil Code), достапен на: http://www.dutchcivillaw.com/civilcodegeneral.htm, последно пристапено на: 31.10.2025 година

413 Закон за облигациони односи на Р.Хрватска (Zakon o obveznim odnosima), достапен на: https://www.zakon.hr/z/75/zakon-o-obveznim-odnosima#google_vignette, последно пристапено на:31.10.2025 година.

414 Француски граѓански законик (Code Civile). Достапен на: https://www.legifrance.gouv.fr/codes/texte_lc/LEGITEXT000006070721/, последно пристапено на: 31.10.2025 година

415 Закон за облигационите односи на Црна Гора (Zakon o obligacionim odnosima), достапно на: https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/zakon-o-obligacionim-odnosima.html, последно пристапено на: 31.20.2025 година.

416 Граѓански законик на Чешка (Nový občanský zákoník), достапен на: https://www.kurzy.cz/zakony/89-2012-obcansky-zakonik/, последно пристапено на: 31.10.2025 година.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Шпанија** | ДА | Граѓанскиот законик на Шпанија, Книга 4<br>За облигации и договори, Наслов XII<br>За договори на среќа (или случајни договори), Глава 2<br>За договорот за издршка[417] | Нема изречни одредби | |
| **Швајцарија** | ДА | Швајцарски граѓански законик, Петти дел: за облигации, договор за доживотна издршка членот 521-529[418] | Индиректно уредено преку чл. 522 ст. 2 – дозволено за лиценцирани домови за стари лица, со одобрение од надлежен орган | Назив: Verpfründung |

Во повеќето европски земји кои имаат кодифицирано граѓанско право, договорот за доживотна издршка (или договори со слична природа) се регулирани во рамки на граѓанските законици, обично во деловите што се однесуваат на облигационите односи или посебните договори.

Иако овој договор води потекло од правните институти на феудалното право, овој договор не добива посебно место во клучните граѓански законици од 19 век, како што се Германскиот (BGB), Австрискиот (ABGB) и Францускиот граѓански законик (Civil Code). Исто така, договорот не е експлицитно уреден ниту во, Италија, Холандија, Португалија, Белгија и Полска.

Од друга страна експлицитна уреденост на договорот за доживотна издршка е присутна во следниве земји:

- **Романија** – во Граѓанскиот законик, *Книга V – Обврски*, *Глава XVIII – Членот 2254-2263 Contractul de întreţinere*
- **Шпанија** – во Граѓанскиот законик, *Книга IV, Тутул XII, Глава II – Членот 1791-1797 De contrato de alimentos*

[417] Шпански граѓански законик (Spanish Civil Code), достапен на: https://data.globalcit.eu/NationalDB/docs/spanish-civil-code-ENG%202013.pdf, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
[418] Швајцарски граѓански законик (Schweizerisches Zivilgesetzbuch (ZGB)), достапен на: https://www.fedlex.admin.ch/eli/cc/27/317_321_377/en#part_2/tit_22/lvl_B, последно пристапено на: 31.10.2025 година.

- **Швајцарија** – во Граѓанскиот законик, *Петти дел – The Code of obligation, Титул XXII – Членот 521-529 Verpfründung*
- **Унгарија** – Во Граѓанскиот законик, *Титул XXIII, Глава LXVI – Членот 491 - 496* A *tartási szerződés*
- **Хрватска** – преку одредбите на Законот за облигациони односи, *членот 579 - 585*
- **Словенија** – преку одредбите на Законот за облигациони односи, *членот 557-563.*

Во овие земји, договорот е препознаен како посебен договор со прецизна правна рамка, што обезбедува правна сигурност за договорните страни. Сепак, она што е особено релевантно за оваа анализа е прашањето дали правните лица, можат да се јават како даватели на издршка во овие договори, односно дали постојат изречни одредби кои го регулираат ова прашање, вклучувајќи ги и одредбите кои дефинираат кои правни лица можат да бидат даватели на издршка.

Во најголем дел од правните системи кои го регулираат договорот за доживотна издршка, не се содржани експлицитни одредби што го уредуваат учеството на правни лица како даватели на издршка, нивните права и обврски. На пример, во Романија и Р Хрватска[419], не постои изрична забрана, но практиката покажува дека договорите најчесто се склучуваат меѓу физички лица. Исто така, одредени правни системи не регулираат кои конкретни правни лица можат да бидат даватели на издршка, што остава простор за различни толкувања. Подетално разгледување на правните системи на одредени земји и нивните регулативи во однос на правните лица како даватели на издршка ќе биде направено подолу во анализата.

Дополнително, може да се забележи дека земјите од поранешна Југославија покажуваат поголема традиција и експлицитност во регулирањето на договорот за доживотна издршка – што се должи на заедничкото правно потекло и примената на поранешниот сојузен Закон. Оваа конзистентност се губи во правните системи на западноевропските држави, каде правниот институт е помалку застапен или третиран како варијанта на други облигациони договори (најчесто се предвидени договорот за доживотна рента или доживотен ануитет).

[419] Butković M. 2012). *Ugovor o doživotnom i dosmrtnom uzdržavanju u sudskoj praksi*, Hrvatske javnobilježničke komore, prilozi 3-2012, Zagreb.

## 4.2. Правните лица како страна на договорот за доживотна издршка во правните прописи на земјите од регионот

Важно е да се разгледаат правните рамки за договорите за доживотна издршка во земјите од регионот, особено земјите со кои Северна Македонија има историски и правни врски, како што се Република Србија и Црна Гора. Со оглед на заедничката правна историја, особено во контекст на поранешните правни системи и прописи, има бројни сличности и разлики кои можат да имаат влијание на практиката на договорите за доживотна издршка во овие земји. Истовремено, анализата на правните системи во овие земји ќе овозможи да се воочат специфични карактеристики, како што се улогата на правните лица како даватели на издршка, и како тие се регулирани во контекст на овие правни системи. Со споредување на различните правни системи, ќе се истакнат разликите и сличностите во регулирањето на овој институт, што ќе може да послужи како основа за натамошна анализа и имплементација на правото за доживотна издршка во Северна Македонија и други земји од регионот.

*Во **српското право,*** за разлика од нашиот правен систем, српското право го регулира договорот за доживотна издршка во Законот за наследување[420]. Законската дефиниција на договорот за доживотна издршка во српското право е слична на онаа како во македонскиот правен систем: „Договорот за доживотна издршка го обврзува примателот на издршката да ја пренесе сопственоста на точно определени ствари или други права на давателот на издршката по неговата смрт, а давателот на издршката, во надомест, се обврзува да го издржува и да се грижи за него до крајот на неговиот живот и да го погреба по неговата смрт."[421] Доколку поинаку не е договорено, обврската за издршка вклучува, особено, обезбедување домување, храна, облека и обувки, соодветна грижа во случај на болест и старост, медицински трошоци и надоместоци за секојдневните обични потреби.[422] Овој договор е често присутен во српскиот правен промет, а неговата главна цел е да обезбеди заштита на старите и изнемоштени лица, кои не можат самите да се грижат за себе или немаат никој кој е обврзан, или има волја да се грижи за нив.

Во однос на субјектите кои можат да бидат страни во договорот за доживотна издршка, треба да се нагласи дека примателот на издршката може да биде само физичко

---

[420] Zakon o nasleđivanju na R. Srbija (*„Sl. Glasnik RS", br.46/95, 101/2003-odluka USRS Ii6/2015*), пристапено преку: https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_nasledjivanju.html, последна посета на 12.10.2025 година.
[421] Член 194, Zakon o nasleđivanju na R. Srbija.
[422] Член 194 став 3 Zakon o nasleđivanju na R. Srbija.

лице, односно лице кое има потреба од издршка и грижа. Од друга страна, давателот на издршката може да биде како физичко лице, така и правно лице (на пример, болница, центар за социјални работи, дом за стари лица, агенции, како и сите други правни лица кои имаат материјална и техничка способност да извршуваат една комплексна обврска како што е издршката).[423]

Иако, српскиот Закон за наследување не содржи изречни одредби во однос на тоа кои правни лица можат да бидат даватели на издршката, сепак ова прашање се уредува на посреден начин преку одредбата со која се предвидува посебен случај за ништовност на договорот. Според оваа одредба, договорот ќе биде ништовен ако давателот на издршката е правно или физичко лице кое во рамките на своето занимање или дејност се грижи за примателот (медицинско лице, болница, различни агенции и слично), без претходно да има добиено согласност од надлежниот орган за старателство.[424] Со оваа одредба се воведува значајно ограничување во поглед на лицата кои можат да се јават како даватели на издршка, кое подеднакво се однесува на физичките и правните лица. Оваа одредба е исклучиво мотивирана од интересот на српскиот законодавец да ја заштити благосостојбата на примателот на издршката, особено поради честите злоупотреби што се случувале во минатото. Периодот на голема економска криза и хиперинфлација во Република Србија на почетокот на 90-те години создал ситуации каде многу стари лица, кои немале редовни примања и не биле издржувани од роднини, но имале вредни недвижности, биле принудени да склучуваат договори за доживотна издршка.[425]

Имајќи го ова предвид, воведување на ограничување кое се однесува на правните лица и физички лица кои се грижат за примателот на издршката во рамките на своето занимање или дејност е неопходно. Така, за да можат правните лица да склучат договор за доживотна издршка со лице за кое се грижат, тие мораат да добијат согласност од надлежниот орган за старателство која се издава во форма на решение, против кое може да се изјави жалба до надлежното министерство. Во случај на отсуство на оваа согласност, договорот за доживотна издршка ќе биде ништовен.[426] Но, овде треба да се

---

[423] Види повеќе: Poćuća M.(2011). Ugovor o doživotnom izdržavanje*...op.cit., str.41*

[424] Член 196, Zakon o nasleđivanju na R. Srbija.

[425] Grujić N. (2010). *Davalac izdržavanja kod ugovora o doživotnom izdržavanju*, Pravni zapisi, God.I, br.2/2010, str. 507.

[426] “Во еден случај договорот за доживотна издршка склучен помеѓу медицинска сестра и пациент за време на неговото лекување, бил прогласен за ништовен. Иако биле исполнети сите законски услови за да се побара претходна согласност од надлежниот орган за старателство, бидејќи таквата согласност не била побарана, договорот бил прогласен за ништовен.". Види: Одлука на Окружниот суд во Зрењанин Гж.1435/00 од 28.11.2000.

истакне дека ова ограничување се однесува на оние лица (физички и правни лица) кои се грижат за примателот на издршката, а не на припадниците на одредени професии (пред се медицина) или на специфични категории правни лица како што се здравствените или медицинските установи.[427]

Иако српскиот законодавец оди еден чекор напред во поглед на определувањето на правните лица кои можат да се јават како даватели на издршка, за разлика од македонскиот правен систем, сепак, треба да се истакне дека оваа одредба не дава доволно јасни насоки кога станува збор за правните лица кои треба да бидат вклучени. Иако се споменуваат некои правни субјекти како болници и агенции, не е јасно дали сите правни лица можат да настапуваат како даватели на издршка или законот ја ограничува оваа можност на специфични категории правни лица. Она што би можеле да го критикуваме за гореспоменатата одредба од Законот е фактот што се наведени само некои категории правни лица. Во законот повеќе како пример стои дека тоа се болници, а потоа разни агенции. Законската одредба која дозволува „агенции“ да склучуваат договори за доживотна издршка, без прецизно дефинирање на видот на агенции, може да доведе до злоупотреби во пракса. Особено што ниту една одредба изречно не го ограничува правото на различни правни субјекти да се јават како договорна страна. Во овој контекст, може да се заклучи дека секое правно лице може да биде вклучено како давател на издршка, и тоа дури и без потребната согласност од органот за старателство. Оваа правна празнина довела до ситуација каде што, во пракса, како даватели на издршка се јавуваат различни агенции за недвижности[428], адвокатски канцеларии, сметководствени услуги и сл. Ова може да резултира во сериозни злоупотреби, како што се ситуациите во кои несоодветни субјекти се вклучуваат во улога на даватели на издршка.

Со оглед на ова забележуваме дека истата нејасност која ја има македонскиот правен систем, се повторува и во српскиот. За разлика од македонскиот закон кој не го

[427] Види: Одлука на Врховниот суд на Србија Рев.1851/2003 и Гж.137/2003 од 09.10.2003 година. Во конкретниот случај, судот утврдил дека не се исполнети законските услови за поништување на договорот. Имено, во конкретниот случај давателот на издршката не се грижел за примателот на издршката во делокругот на неговата професија како лекар. Давателот на издршка го склучил договорот како физичко лице (внук на примателот), а тоа што по професија е лекар, не може да претставува отежнителна околност во давањето на потребната грижа и нега на примателот на издршката.

[428] „Така, во пракса, Агенцијата за недвижности „БДБ АГЕНТ“ од Белград, во соработка со „Дневни телеграф“ (лист „Дневни телеграф“ број 460 од 25.04.1997), преку оглас нудела доживотно издржување кое подразбира: давање месечни износи (апанажа), помош во куќата, периодични набавки, обезбедување лекарски и друга нега, како и се друго што договорните страни го презицираат во договорот. Повеќе детали може да се најдат во: Ubavić M. (2004). Ugovor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom...*op.cit.,* str.76-77.“

регулира ова прашање воопшто, српскиот закон се обидува да даде некои индикации, но тоа сепак остава простор за различна интерпретација.

Доколку српскиот законодавец имал намера да го ограничи правото за склучување договор за доживотна издршка на конкретни категории правни лица, тоа требало да биде појасно и недвосмислено наведено во самата одредба. На пример, би било појасно ако во оваа одредба се наведе дека обезбедувањето на издршка не смее да биде во спротивност со дејноста која ја врши правното лице. Токму оваа недоследност и нејасност претставуваат сериозен правен недостаток во двата правни системи, бидејќи создава простор за различни толкувања и потенцијални правни проблеми во практиката.

Во Република Србија, Законот за наследување предвидува основи за раскинување на договорот за доживотна издршка, како што се нарушени односи и промени во околностите.[429] Покрај тоа, согласно општите одредби за раскинување на договор од Законот за облигациони односи, истите правила можат да се применат и на договорите за доживотна издршка. Правните последици од раскинувањето на договорот во случај на смрт на давателот на издршката[430] остануваат непроменети во однос на нашето право, што обезбедува континуитет во исполнувањето на обврските кон примателот.

*Во **црногорското право,*** договорот за доживотна издршка е регулиран во Законот за облигациони односи (doživotno izdržavanje).[431] Одредбите во овој закон кои се однесуваат на договорот за доживотна издршка, во голема мера, ги преслика одредбите на Законот за наследување на Црна Гора, кој беше во употреба во поранешната заедничка држава, и кој го регулираше договорот за доживотна издршка како специфична форма на регулирање на договорен однос помеѓу страните.[432]

Со оглед на темата на истражување, овој закон речиси идентично го регулира договорот за доживотна издршка, како и во српското право. Посебно, предвидена е и одредбата за ништовност на договорот во случај кога давателот на издршка е физичко или правно лице кое во рамките на своето занимање или дејност се грижи за примателот на издршката.[433] Дотолку повеќе што оваа одредба во целост е идентична како и во српскиот Закон за наследување. Оваа идентичност во регулирањето на договорот за

[429] Член 201 и 202 од Zakon o nasleđivanju na R.Srbija.
[430] Член 204 и 205 од Zakon o nasleđivanju na R. Srbija.
[431] Член 1075-1086, Zakon o obligacionim odnosima na Crna Gora ("Sl. list CG", br. 47/2008, 4/2011 - dr. zakon i 22/2017), пристапено преку: https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/zakon-o-obligacionim-odnosima.html, последна посета на 12.10.2025 година.
[432] Grujić N. (2010). *Davalac izdržavanja kod ugovora o doživotnom izdržavanju op.cit.*, str.500.
[433] Член 1077 од Законот за облигациони односи на Црна Гора

доживотна издршка не е неочекувана, со оглед на заедничката историја и правен систем на Република Србија и Црна Гора, кога двете држави биле дел од заедничка држава.

Она што беше кажано за српскиот правен систем, важи и за Црна Гора, особено во поглед на правните лица. Слично како во Република Србија и во Црна Гора, одредбите кои се однесуваат на правните лица како даватели на доживотна издршка имаат слични правни ефекти и предизвици.

Со оглед на идентичноста во регулирањето на договорот за доживотна издршка, и двете земји се соочуваат со слични предизвици во поглед на правната несигурност и потенцијалните злоупотреби што произлегуваат од недостигот на јасни и прецизни законски одредби.

### 4.3. Правните лица како страна на договорот за доживотна издршка во правните прописи на земјите членки на ЕУ

Истражувањето за правното регулирање на договорот за доживотна издршка во другите правни системи претставуваше предизвик, бидејќи е тешко точно да се утврди во кои земји членки на ЕУ е регулиран. Во процесот на истражување, присуството на овој вид на договори е забележан во правните системи на Бугарија, Словенија и Република Хрватска. Исто така, овој договор како правен институт се среќава и во Швајцарија, Германија, Франција, Унгарија.[434]

*Во **хрватското право***, со оглед на темата и предметот на истражување, забележани се некои интересни новости и разлики во договорот за доживотна издршка, па затоа особено ќе се задржиме на хрватското право. Имено, хрватското законодавство, иако има модернизирано и содржи значајни механизми за заштита на примателите на издршка, не содржи изречни одредби што го уредуваат статусот на правното лице како можен давател на издршка. Законот не ја забранува експлицитно таквата можност, но истовремено не ја регулира посебно, што остава простор за различни толкувања и потенцијални злоупотреби, особено од аспект на заштитата на послабата страна во договорот – примателот на издршката.

Иако Законот за облигациони односи на Република Хрватска не содржи изречни одредби кои го уредуваат статусот на правното лице како можен давател на доживотна издршка, хрватското законодавство индиректно интервенира во оваа сфера преку

[434] Grujić N. (2010). Davalac izdržavanja kod ugovora o doživotnom izdržavanju… *op.cit*., str.499 и 500.

посебни прописи. Така, со Законот за социјална грижа[435] е воведена строга забрана за склучување договор за доживотна издршка или договор за досмртна издршка со корисник на социјална заштита од страна на лицата кои вршат дејност од социјална заштита, лицата вработени во оваа дејност, како и одреден круг нивни блиски роднини, доколку предмет на договорот е недвижен имот во сопственост на корисникот на социјалната услуга.[436] Дополнително, законодавецот ја зацврстува оваа забрана со предвидување ништовност на договорите склучени спротивно на наведените одредби. Овие решенија укажуваат на јасна намера за спречување на злоупотреби и судир на интереси, но истовремено ја нагласуваат нормативната неусогласеност и отсуството на систематско уредување на улогата на правните лица како даватели на доживотна издршка во рамките на општото облигационо право.

Во Република Хрватска, договорот за доживотна издршка е регулиран со Законот за облигациони односи како именуван договор под називот „Ugovor o dozivotnom izdrzavanju (uz prjineos imovine nakon smrti)“.[437] Одредбите кои ги регулираат овие договори се прилично идентични со оние на македонскиот закон за облигациони односи. Поради историски и правни сличности помеѓу македонскиот и хрватскиот правен систем, кои потекнуваат од заеднички извор како дел од поранешна Југославија, не е чудно што нивното законодавство е насочено кон постигнување исти резултати – заштита и правна сигурност за сите вклучени страни. Оттука за очекување е дека истите предизвици што ги има во македонскиот правен систем, во врска со овие договори, се појавуваат и во Република Хрватска.

Иако овие договори имаат благородна и несебична цел - помагање на постарите, тие често се средство за измама и манипулација на „послабата“ страна, односно постарите граѓани кои повеќе не се во можност да се грижат за себе. Со оглед на почестите случаи кои се јавуваат, Република Хрватска зема иницијатива да направи значајни промени и да ја подобри законската регулатива во оваа област.[438] Ова е важен

---

[435] Член 170 Zakon o socijalnoj skrbi na R. Hrvatska (NN 18/22, 46/22, 119/22, 71/23, 156/23, 61/26), пристапено преки: https://www.zakon.hr/z/222/zakon-o-socijalnoj-skrbi, последна посета на 15.01.2026 година.

[436] Забраната се однесува на: физички и правни лица кои вршат дејност од социјална заштита; физички лица вработени во дејноста на социјална заштита; како и нивните брачни или вонбрачни другари, животни партнери или неформални партнери, како и сродници по права или по странична линија до втор степен на сродство, согласно Законот за социјална заштита на Република Хрватска.

[437] Види член: 579-585 од Zakon o obaveznim odnosima na Hrvatska (NN 35/05, 41/08, 125/11, 78/15, 29/18, 126/21, 144/22, 156/22, 155/23) на сила од 30.12.2023, пристапено преку: https://www.zakon.hr/z/75/zakon-o-obveznim-odnosima, последна посета на 13.10.2025 година.

[438] Закон за изменување и дополнување на Законот за облигациони односи на Р. Хрватска од декември 2023 година.

чекор кој цели да се спречат слични злоупотреби во иднина и да се обезбеди заштита на правата на примателите на доживотна издршка.

Една од значајните промени е ограничувањето на бројот на договори за доживотно издржување на страната на давателот, кој е ограничен на максимум три склучени договори – затоа, еден давател на издржување може да има најмногу три склучени договори за доживотно издржување.[439] Важно е да се напомене дека ако овој број се надмине, секој следен договор автоматски се смета за ништовен.

Другата значајна измена е воведувањето на Регистар на договори за доживотна издршка, заради систематизирање и проверка на бројот на склучени договори.[440] Следната измена е во контекст на запишување на договорот во земјишниот регистар доколку предмет на договорот е недвижен имот, т.е. запишување на договорот во јавниот регистар, доколку предметот е движен имот. [441] Оваа одредба придонесува за зголемена правна сигурност преку информирање на сите дека недвижноста/движењето е „оптоварено“ со договор за доживотна издршка.

Новите измени содржат  детална дефиниција на содржината на издршката, која треба да ги исполни основните животни потреби на примателот на издршката во однос на местото на живеење, грижата за храната, здравјето, комуналните трошоци, со цел појасно да се дефинираат обврска на давателот на издршката и да се спречи негово евентуално избегнување.[442] Понатаму, во измените појасно е дефинирано упатството за правата и обврските на договорните страни, така што нотарот/судијата ќе го прочита договорот, ќе ја објасни разликата и ќе ги предупреди за правата и обврските, со цел тие да бидат посвесни за последиците што произлегуваат од гореспоменатиот договор.[443] Во иста насока, со цел да се заштитат постарите граѓани, се менува и Законот за парнична

[439] Член 580 од Zakon o obaveznim odnosima na R. Hrvatska (NN 155/2023).

[440] Член 580 од Zakon o obaveznim odnosima na R. Hrvatska (NN 35/05;155/2023). .По службена должност, податоци за склучувањето, промените и раскинувањето на наведените договори, како и за постапките започнати заради измена, раскинување, поништување или поништување на договори за доживотна издршка или договори за доживотна издршка и начинот на правно завршување на започнатата процедури, се внесуваат во  Регистарот.

[441] Види: член 581 од Zakon o obaveznim odnosima na R. Hrvatska (NN 35/05; 155/2023). Пред измените давателот на издршката бил овластен да бара упис на договорот во земјишниот регистар/јавниот регистар, но не бил должен да го стори тоа. Со новата измена, се предлага овластеното лице (судија/нотар) по склучување на договорот, доколку предметот е недвижен имот, договорот за доживотно издржување да го прибележи во земјишниот регистар доколку предметот на договорот е недвижност, односно прибележување на договорот во јавниот регистар, доколку предметот е движен имот или право. Оваа одредба придонесува за зголемена правна сигурност преку информирање на сите дека недвижноста/движењето е „оптоварено“ со договор за доживотна издршка.

[442] Види: член 579 став 2 од Zakon o obaveznim odnosima na R. Hrvatska (NN 35/05; 155/2023).

[443] Види: член 580 став 5 од Zakon o obaveznim odnosima na R. Hrvatska (NN 35/05; 155/2023).

постапка со воведување итни судски постапки во постапки поврзани со раскинување и промена на договори за доживотна издршка.[444]

Во Република Хрватска, престанокот на договорот за доживотна издршка е регулиран слично како во македонското законодавство, при што се предвидуваат истите основи за раскинување – спогодбен раскин, еднostран раскин и раскин поради нарушување на меѓусебните односи.[445] Сепак, хрватското законодавство го зацврстува правниот режим со дополнителна формална гаранција: во случај на смрт на давателот на издршката, согласноста на неговите наследници за продолжување на договорот мора да биде изразена во писмена форма и заверена пред суд или нотар.[446] Ова создава дополнителна правна сигурност, кој го заштитува примателот на издршката и гарантира контрола врз правата на наследниците, што не е изречно уредено во македонското законодавство.

*Во **словенечкото право***, договорот за доживотна издршка е регулиран во Законот за облигациони односи[447], се појавува под називот „Pogodba o dosmrtnem preživljanju". Со оглед на темата на овој труд, не постојат некои специфичности и проблеми кои се разликуваат во однос на нашето законодавство. Една интересна одредба во законот се однесува на можноста давателот на издршката да се откаже од располагањето со имотот што е предмет на договорот за доживотна издршка во корист на примателот на издршката.[448] Во поглед на содржината на договорот, словенечкиот закон применува описна формулација, така договорите за доживотна издршка вклучуваат и договори со кои, во замена за ветување за наследство, се договара заедница на живот или заедница на имот, или дека едната договорна страна ќе се грижи и ќе ја штити другата, ќе го обработува неговиот имот и, по неговата смрт, ќе организира негов погреб или нешто друго со иста цел.[449] Престанокот на договорот за доживотна издршка е уреден на сличен начин како и во македонското законодавство, при што се предвидуваат идентични

[444] Член 292a, Zakon o parničnom postupku na Hrvatska (Sl. SFRJ 4/77, 36/77, 6/80, 36/8, 43/82, 69/82, 58/84, 74/87, 57/89, 20/90, 27/90, 35/91, i NN 53/91, 91/92, 58/93, 112/99, 88/01, 117/03, 88/05, 02/07, 84/08, 96/08, 123/08, 57/11, 148/11, 25/13, 98/14, 70/19, 80/22, 114/22, 155/23), пристапено преку: https://www.zakon.hr/z/134/zakon-o-parnicnom-postupku#google_vignette, последна посета на 13.10.2025 година.

[445] Види член 583 од Zakon o obaveznim odnosima na R. Hrvatska.

[446] Член 585 став 2 од Zakon o obaveznim odnosima na R. Hrvatska (NN 35/05; 155/2023).

[447] Види повеќе: Договорот за доживотна издршка е уреден со членовите 557-563, Obligacijski zakon (OZ) na Slovenija (Uradni list RS, št. 97/07 – uradno prečiščeno besedilo, 64/16 – odl. US in 20/18 – OROZ631), пристапено преку: http://pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO1263, последна посета на 13.10.2025 година.

[448] Член 559 од Законот за облигационите односи на Словенија.

[449] Член 557 став 3 од Законот за облигационите односи на Словенија.

основи за раскинување на договорот (спогодбен раски, едностран раскин и раскин поради нарушени односи). Исто така, се предвидуваат истите правни последици во случај на смрт на давателот на издршката.[450]

*Во **бугарското право***, согласно направеното истражување постои можност за склучување на договор за доживотна издршка (прехвърляне на имот срещу издръжка и гледане – пренос на правото на сопственост врз недвижен имот во замена за одржување и грижа). Овој вид на договор не е специфично регулиран со Законот за облигациони односи и договори во Бугарија. Сепак, договорот за доживотна издршка може да се склучи доколку се придржува на општите правила за полноважноста на договорите. Овој договор е прилично сличен на македонскиот договор и слични предизвици се појавуваат и во Бугарија. Договорот за пренос на правото на сопственост врз недвижен имот во замена за одржување и грижа претставува писмен договор во форма на имотен лист според кој едно лице /преносител/ ја пренесува сопственоста на сопствениот имот во замена за обврска на лицето кое го добива имотот / стекнувачот / да обезбеди доживотно одржување и нега. Најчесто пренесувачите во таквите договори се стари лица кои го пренесуваат својот имот во замена за правото на доживотно одржување и грижа што им е потребна. Во исто време, таквиот договор ја уредува идната распределба на средствата.[451]

*Во **швајцарското право***, договорот за доживотна издршка е регулиран со одредбите на Швајцарскиот граѓански законик (Zivilgesetzbuch, ZGB)[452], и се појавува под називот „Verpfründung“. Согласно членот 521 од ZGB, со договорот за доживотна издршка примателот на издршката (Pfründer) се обврзува да пренесе имот или поединечни средства на давателот на издршката (Pfrundgeber), кој, пак, се обврзува да му обезбеди на примателот соодветна нега и грижа за време на целиот негов живот. За разлика од останатите правни системи, Швајцарија нуди различна уреденост на договорот за доживотна издршка, која ги разгледува како индивидуалните, така и институционалните аспекти на извршување на овие договори, обезбедувајќи јасни рамки за правата и обврските на договорните страни.

---

[450] Види повеќе: член 561-563 од Законот за облигационите односи на Словенија.

[451] Види повеќе: "Прехвърляне на имот срещу издръжка и грижа", ID Law Office, пристапено преку: https://id-lawoffice.com/bg/услуги/прехвърляне-на-имот-срещу-издръжка-и-г/, последна посета на 13.10.2025 година.

[452] Види: Swiss Civil Code (Schweizerisches Zivilgesetzbuch), Part 5, Art.521-529, пристапено преку: https://www.fedlex.admin.ch/eli/cc/27/317_321_377/en#part_2/tit_22/lvl_B – англиско издание, (последна посета на 02.10.2025). Договорот за доживотна издршка е регулиран со одредбите 521-529 од Швајцарскиот граѓански законик.

Во контекст на предметот на истражувањето, односно вклучувањето на правните лица како даватели на издршка, се јавуваат значителни разлики во примената на договорите за доживотна издршка.

Формата на договорот за доживотна издршка е важен аспект за негова полноважност. Договорот за доживотна издршка е валиден, само ако е склучен во иста форма како и договорот за наследување, дури и ако не се именуваат наследници.[453] Ова значи дека договорот за доживотна издршка мора да биде потпишан пред службено лице или нотар, во присуство на двајца сведоци. Кога се склучува договорот за доживотна издршка, договорните страни, односно примателот и давателот на издршката, мора истовремено да ја изразат својата согласност за договорот во присуство на службеното лице или нотарот и да го потпишат договорот. Потпишувањето мора да биде извршено пред двајца сведоци кои потврдуваат дека страните доброволно ја изразиле својата волја и го потпишале договорот во согласност со законските формалности.[454]

При тоа законот предвидува различна форма за склучување на договорот, кога како давател на издршка се јавува правно лице. Имено, Во случај кога договорот за доживотна издршка се склучува со лиценцирани домови за стари лица, според одредбите на ZGB, не е потребно присуство на двајца сведоци, што овозможува поедноставна форма на склучување на договорот. Во таков случај, доволно е да се обезбеди писмена потврда за договорот, со одобрени услови од надлежните органи.[455]

Швајцарскиот граѓански законик не поставува никакви специфични ограничувања во поглед на субјектите кои можат да бидат страни во договорот за доживотна издршка. Согласно општите правила за облигациони односи, како давател на издршка може да се јави секое лице кое има правен капацитет да биде страна во договор. Ова вклучува и лица кои имаат законска обврска да се издржуваат меѓусебно. Иако, законот не содржи експлицитни одредби кои прецизно утврдуваат кои субјекти можат да бидат страни кај договорот за доживотна издршка, сепак, од општите правни начела и одредбите во ZGB може да се заклучи дека како даватели на издршка може да се јават и правни лица. Ова се потврдува и со одредбата за формата на договорот, со кои се дозволува лиценцирани домови за стари лица, да можат да склучуваат вакви договори со примателите на издршка. Иако законот не ги именува директно правните лица како страни во ваквите договори, правилата за склучување на договорите со лиценцирани

[453] Член 522 од ZGB
[454] Член 512 од ZGB
[455] Член 522 ств 2 од ZGB

домови за стари лица предвидуваат дека тие, како правни лица, можат да бидат вклучени како даватели на издршка.

Покрај тоа што правата и обврските на страните може да се утврдат од самата дефиниција на договорот за доживотна издршка, ZGB исто така содржи посебни правила кои подетално ги регулираат правата и обврските на договорните страни. Овие правила имаат за цел да обезбедат јасност и транспарентност во определувањето на договорните обврски, особено во случаи кога договорните обврски не се предвидени со самиот договор. Така, законодавецот се обидува да спречи евентуални злоупотреби и да создаде правна сигурност за двете страни во однос на нивните обврски. Така, врз основа на договорот примателот и давателот на издршката можат да засноваат заедница на живот. Давателот на издршката има обврска да му обезбеди на примателот на издршката такви бенефиции што тој разумно би можел да ги очекува врз основа на вредноста на пренесените средства и неговиот претходен животен стандард.[456] Давателот на издршката е должен да му обезбеди на примателот на издршката сместување и издршка во согласност со разумните стандарди, кои се во рамки на условите на живот што примателот ги имал пред склучувањето на договорот. Во случај на болест, давателот на издршката е должен да обезбеди соодветна нега и медицински третман.[457]

Во случај кога договорот за доживотна издршка, се склучува со правни лица, како што се лиценцирани домови за стари лица, тие имаат право, да ги утврдат правата и обврските преку внатрешни правила на установата, кои треба да бидат одобрени од надлежни органи. Овие правила, со кои може да се предвидат конкретните договорни обврски, стануваат дел од општите обврзувачки договорни услови.[458] Ова значи дека правните лица кои се даватели на издршка имаат обврска да ги исполнат минималните стандарди за нега и грижа, а истовремено да ја почитуваат волјата на примателот на издршката. На овој начин се создава правна рамка која гарантира дека примателите на издршката ќе добијат соодветна нега и грижа, во согласност со нивните потреби. Внатрешните правила не само што се обврзувачки за договорните страни, туку и за сите лица кои се дел од установата, што овозможува транспарентност и правичност во спроведувањето на договорните обврски.

Престанокот на договорот е регулиран така што примателот на издршката или други лица кон кои примателот има законска обврска за издршка можат да го оспорат

[456] Член 524 став 1 од ZGB
[457] Член 524 став 2 од ZGB
[458] Член 524 став 3 од ZGB

договорот доколку неговото склучување го лишува примателот од средствата потребни за исполнување на таа обврска. Наместо раскинување на договорот, судот може да наложи на давателот на издршката да ја обезбеди потребната издршка за овие лица, при што таквата издршка се одбива од бенефитите што му припаѓаат на примателот според договорот за доживотна издршка.[459] Договорот за доживотна издршка може да биде раскинат од која било страна со претходно известување од шест месеци, доколку извршувањето на обврските од едната страна е значително непропорционално во однос на вредноста на обврските на другата страна. Клучниот критериум за оценка е односот помеѓу капиталот и доживотната рента, според принципите применети од реномирани ануитетни институции.[460] Оттука, договорот за доживотна издршка во швајцарското право не се смета за алеаторен, бидејќи се води сметка за правичен однос меѓу вредноста на имотот што се пренесува на давателот на издршката и вредноста на самата издршка. Ваквото решение, најверојатно, не би можело да се примени во македонското право, бидејќи недостасува развиен систем на финансиски институции што би овозможил сигурна и објективна процена на вредноста на договорните обврски.

Дополнително, договорот може да се раскине еднострано, доколку односот станал неподнослив поради прекршување на договорните обврски или поради други оправдани причини што го направила неговото продолжување исклучително тешко или невозможно. Во такви случаи, судот може, на барање на страната, наместо да го раскине договорот, да додели доживотен ануитет на примателот како компензација.[461] По смртта на давателот на издршката, примателот има право во рок од една година да го раскине договорот, при што неговите права се заштитени во однос на наследниците.[462]

Овие одредби создаваат стабилна правна рамка која овозможува континуитет и сигурност во исполнувањето на обврските на давателите на издршка, додека во исто време се заштитуваат интересите и правата на примателите на издршката.

*Во* ***француското право***, иако договорот за доживотна издршка не е регулиран со Францускиот граѓански законик[463], сепак во пракса се среќава под називот „le bail à nourriture“ (договор за храна).[464] Со овој договор примателот на издршката се обврзува

[459] Види: Член 525 од ZGB
[460] Види: Член 526 од ZGB
[461] Види: Член 527 од ZGB
[462] Види: Член 528 од ZGB
[463] The French Civil Code, Legifrance, пристапено преку: https://www.legifrance.gouv.fr/codes/texte_lc/LEGITEXT000006070721/, последен пристап на 13.10.2025 година.
[464] Grujić N. (2010). Davalac izdržavanja kod ugovora o doživotnom izdržavanju… *op.cit.*, str.499.

да му го отстапи својот имот на давателот на издршката, кој пак се обврзува доживотно да го издржува (пред се, сè има предвид обврската за обезбедување храна и сместување).[465]

Целта на овој договор е да се обезбеди практично решение за подобрување на животните услови на старите лица. Денес, закупот на храна повторно добива внимание, особено поради неговите предности, бидејќи слично на доживотен ануитет, тој е особено корисен за постарите лица на кои им е потребна помош во секојдневниот живот.[466] Иако договорот не е директно регулиран во Францускиот граѓански законик, тој е дефиниран преку судската пракса и наука. Според Касациониот суд, договорот се карактеризира со обврската што ја презема давателот на издршката целосно да ги задоволи потребите на примателот на издршката.[467]

Во Франција, слично како и во другите земји, овој договор најчесто се склучува помеѓу родителите и нивните деца[468]. Меѓутоа, не е исклучена можноста овој договор да се склучи и со трети лица, со кои примателот не е во роднинска врска. Важен аспект на овој договор е постоењето на доверба помеѓу договорните страни, затоа овој договор несомнено спаѓа во групата на лични договори (intuitu personae), што значи дека е склучен врз основа на личните карактеристики и довербата помеѓу страните. Структурата на intuitu personae може да биде сложена во договорите склучени со правни лица. Карактеристиките на овие правни лица (како што се солвентноста, репутацијата и други) можат да бидат одлучувачки елемент за склучување на договорот. Таквиот договор се нарекува intuitu firmae. Меѓутоа, ништо не го исключува фактот одредено лице да склучи договор со правно лице, врз основа на конкретно лице вработено во тој правен субјект. Во овој случај, повторно се враќаме на intuitu personae, но оваа обврска

---

[465] Bail à nourriture, une pratique de solidarité intergénérationnelle proche du viager, Edito SeLoger, пристапено преку:https://edito.seloger.com/conseils-d-experts/vendre/bail-nourriture-grand-retour-d-une-pratique-de solidarite, последна посета на 13.10.2025 година.

[466] Bail à nourriture : définition, avantages, succession et fiscalité, пристапено преку: https://www.cafpi.fr/credit-immobilier/guide-investisseur-immobilier/bail-a-nourriture, последна посета на 13.10.2025 година.

[467] Договорот за храна се карактеризира со обврската што ја презема давателот на издршката целосно да ги задоволи животните потреби на примателот на издршката; никакви правни одредби не го условуваат овој договор со постојано заедничко живеење, што значи дека личната природа не пропаѓа на договорот, доколку страните не засноваат заедница на живот. Следствено на ова, судот утврдил дека давателот на издршката ја обезбедил целокупна храна и општа нега за примателот, чиј дом е на само 300 метри од нивниот, и дека примателот, поради лични причини, решил да живее одделно. Исто така, давателот ја обезбедил целокупната потребна медицинска нега соодветна на неговата здравствена состојба, како и сите пропишани лекови. Поради овие факти, судиите заклучиле дека овој договор претставува валиден договор за исхрана и ја исклучиле примената на правото на првенствено купување од страна на закупецот. (COUR DE CASSATION, Chambre sociale, du 9 février 1961, Publié au bulletin).

[468] Grujić N. (2010). Davalac izdržavanja kod ugovora o doživotnom izdržavanju… *op.cit.*, str.500.

се оправдува преку личноста на вработениот кој ќе биде одговорен за реализација на договорот помеѓу правното лице и другата договорна страна.[469]

Во контекст на договорот за храна, intuitus personae означува дека не само што се зема предвид самиот правен субјект (нпр. правното лице што ја обезбедува издршката), туку и индивидуата или луѓето кои се вклучени во извршувањето на обврската (на пример, лице што физички се грижи за примателот на издршката). Ако договорот за издршка вклучува правно лице како дavател на издршка, важно е да се земат предвид карактеристиките на тоа правно лице (како што се неговата репутација, способност за исполнување на обврската и други фактори). Меѓутоа, ако конкретен членот на тоа правно лице е од особена важност за извршувањето на обврските (на пример, ако тоа лице има големо искуство или квалификации во обезбедување грижа за старите лица), договорот може да биде заснован на intuitu personae, и во тој случај, исполнувањето на обврската може да зависи од личноста на таа индивидуа.

Во францускиот правен систем, како и во нашиот, договорите за храна носат сериозни ризици од злоупотреба, посебно кога давателите на издршка се роднини на примателот, како што се децата. Овој договор кој спаѓа во категоријата алеаторни договори,[470] содржи елементи на неизвесност: од една страна, тоа е должината на животот на примателот, а од друга страна, неговото здравје и идните потреби. Важно е исто така да се напомене дека договорот мора да биде вистински и реален. Иако не е забрането договорот да се склучи со дете, важно е сите други деца да ја прифатат оваа трансакција пред нотар. Ако смртта на примателот на издршката е непосредна пред склучување на договорот или ако цената на имотот не е доволно висока[471], неговите наследници или даночните власти можат да ја оспорат полноважноста на преносот на имотот и судовите можат да го преименуваат договорот во договор за подарок. Во вакви случаеви давателот на издршката не е ослободен од исполнување на неговите обврски.

---

[469] Florence G., Pierre.B. (2017). Faillite et intuitus personae:un régime á redéfinir?, пристапено преку: https://dial.uclouvain.be/pr/boreal/object/boreal:182250, последен пристап на 13.10.2025 година, p.13.

[470] Cour de Cassation, Chambre civile 1, du 26 avril 1988, 86-12.481, Publié au bulletin

[471] Во Франција, преносот на имот преку договорот за храна подлежи на класични даноци за пренос на имот, кои се засновани на вкупната цена на имотот, вклучувајќи го и неговото проценување. Овие даноци за пренос се околу 7 % пониски од даноците на наследство, особено ако наследникот не е дете на покојниот. Поради оваа разлика во даночните стапки, даночните власти ги следат внимателно ваквите договори.

Сепак, кога договорот за храна се склучува со трети лица (лица кои не се роднини), ризиците за даночни злоупотреби се помали.[472]

Со оглед на сите горенаведени аспекти и карактеристиките на договорот за храна, прашањето што се поставува е дали ваков договорот може да биде склучен со правно лице како давател на издршка. Имајќи ги предвид општите одредби од францускoто облигационо право, правните лица, исто како и физичките, имаат правна способност која им овозможува да бидат носители на права и обврски. Сепак, нивната деловна способност е ограничена, што значи дека тие може да ги преземаат само оние дејствија кои се во согласност со нивната дејност и статутарни цели. Способноста на правните лица е ограничена на дејствија што се корисни за остварување на нивните цели, како што е дефинирано во нивните статути и со акти што се придружни на истите, согласност со правилата што важат за секое од нив.[473] Оттука, договорот за храна, како специфичен вид на договор за доживотна издршка, може да биде склучен и со правно лице, под услов да се исполнат сите услови утврдени во соодветните правни рамки. Ова значи дека правно лице како давател на издршка може да склучи договор за храна само ако тоа е дел од неговата дејност, како што се установи за грижа за стари лица или други видови социјални услуги. Во спротивно, правното лице не може да биде страна во таков договор, доколку не е вклучено во активностите што се соодветни за такви обврски.

Францускиот граѓански законик, предвидува и одредени ограничувања за учество на одреден круг лица во вакви договори, со оглед на фактот дека договорот се заснова на личните и доверливи односи помеѓу страните.

Со цел да се обезбеди заштита на интересите на старите лица, францускиот граѓански законик предвидува посебни одредби кои го ограничуваат учеството на одредени лица во договори за доживотна издршка. Конкретно, во членот 1125-1 од Civil Code се утврдува дека е забрането за лица кои вршат функции или работат во установи кои се грижат за стари лица или кои нудат психијатриска нега, да се појави како купувач на имот или да стекне други права кои му припаѓаат на лицето примено во таа институција, ако тоа не е одобрено од судот. Ова вклучува и ситуација кога тоа лице ќе го земе под закуп имотот што го имало лицето пред неговото примање во институцијата.

---

[472] Bail à nourriture : définition, avantages et succession, Droit-finance, пристапено преку:https://droit-finances.commentcamarche.com/immobilier/guide-immobilier/123-le-bail-a-nourriture-definition-et-avantages/, последен пристап на 13.10.2025 година.

[473] Член 1145 од Францускиот Граѓански законик.. Одредбата за реформа на договорното право, стапи на сила на 1 октомври 2016 година, со неа се воведе нов режим на правната способност за правните лица. Пред оваа реформа, законот предвидуваше режим на правна способност само за физичките лица.

Ова ограничување се однесува и на нивните блиски лица (сопруг, родители, деца), кои, како посредници, не можат да купуваат имот или да стекнуваат други права на имот на лице кое е примено во таква институција, или да го изнајмуваат имотот што тоа лице го имало пред приемот во институцијата. Оваа забрана има за цел да спречи можни злоупотреби и да ги заштити правата на корисниците на институционална нега.

Во контекст на овој правен систем, ако договорот за храна се склучува со правно лице, ова лице би морало да се смета како законски дозволен учесник во договорот и да ги исполни сите релевантни правни услови. Исто така, правото за склучување на вакви договори со правни лица може да биде дополнително регулирано со судска одлука, како што предвидува законот.

Дополнително, францускиот граѓански законик предвидува забрана за здравствени работници, како што се доктори, хирурзи, фармацевти и други медицински професионалци, да имаат корист од правни дела *inter vivos* (за време на животот) или тестаментални располагања од лице што било под нивна грижа за време на болеста од која тоа лице умрело. Овие правила важат и на свештениците. Исклучоци од ова правило се прават само за специфични надоместоци во однос на услугите што се пружени, како и универзални располагања помеѓу лица кои се во сродство до четврти степен, под услов починатиот да нема наследник во директната линија; освен ако лицето во чија корист е направено располагањето не е еден од тие наследници.[474]

*Во* ***унгарското право***, договорот за доживотна издршка е регулиран со одредбите на Унгарскиот граѓански законик, и се среќава под називот A tartási szerződés[475]. Со овој договор, давателот на издршката се обврзува да обезбеди грижа за примателот на издршката во согласност со неговите потреби, а примателот на издршката е обврзан да обезбеди надомест за примената издршка. Унгарското законодавство ги предвидува основните обврски во врска со издршката, вклучувајќи сместување, храна и облека, како и нега, медицински третман и грижа во случај на болест, како и обезбедување на достоен погреб во случај на смрт.[476] Ова укажува на тоа дека задоволувањето на основните животни потреби е исто така обврска која произлегува од договорот.

[474] Член 909 од Францускиот Граѓански законик
[475] Договорот за доживотна издршка во Унгарија е уреден со член 491- 496 од Унгарскиот граѓански законик, усвоен од Национално собрание на 11 февруари 2013 година, стапува на сила 15 март 2014 година. Act V of 2013 Hungarian Civil Code, FAOLEX, пристапено преку: https://faolex.fao.org/docs/pdf/hun209514.pdf, последен пристап на 13.10.2025 година. Act V of 2013 on the Civil Code.
[476] Член 492 од Унгарскиот граѓански законик (Книга 6 - Облигационо право)

Во контекст на прашањето дали правно лице може да биде давател на издршка во договорот за доживотна издршка, важно е да се разгледа како е регулирано ова прашање во Унгарскиот граѓански законик. Во Унгарскиот законик од 1959 година,[477] постоеше одредба која наведува, на општ начин, дека и правните лица имаат право да склучат ваков договор, без специфични ограничувања или услови. Меѓутоа, во новиот граѓански законик, донесен во 2013 година, оваа одредба е отстранета. Во овој законик не се содржани експлицитни правила кои наведуваат кои субјекти можат да бидат страна во договорот за доживотна издршка. Одредбата е изоставена поради тоа што законикот дозволува секое лице, било физичко или правно, да склучи ваков договор.

Законикот ги категоризира правните лица кои можат да бидат страни во договорите.[478] Сепак, во отсуството на надлежен орган чија согласност би претставувала потврда дека правното лице е способно да ја обезбеди потребната издршка е секако голем пропуст, имајќи предвид дека законот предвидува листа на правни лица кои, со оглед на активностите со кои се занимаваат, не се сите во можност да ги задоволат потребите на примателот на издршката.

Според унгарското право, договорот за доживотна издршка престанува по сила на закон со смртта на примателот на издршката[479], што ја потврдува неговата лична природа. Смртта на давателот на издршката, по правило, не доведува до престанување на договорот, бидејќи обврската за издршка преминува на неговиот наследник согласно правилата за одговорност за долговите на оставителот, доколку издршката обезбедена до моментот на смртта на давателот на издршката не ја покрива дадената противуслуга.[480] Дополнително, унгарскиот граѓански законик предвидува можност договорот да биде изменет или раскинат. Така, судот може по барање на која било од договорните страни да го измени договорот доколку неговото извршување станало неразумно, особено поради нарушени односи меѓу страните.[481] Доколку издршката во натура стане невозможна како резултат на однесувањето или околностите што се однесуваат на која било од страните, судот може, по нивно барање, договорот да го конвентира во договор за доживотна ануитет, трајно или до престанување на таквите околности, при што во одлуката ги утврдува услугите што давателот на издршката е

[477] Act No. IV of 1959 on the Civil Code of the Republic of Hungary
[478] Види книга три од Унгарскиот граѓански законик, кој се однесува на правните лица: (компании, фондации, задруги, групации, организации).
[479] Член 493 став 1 од Унгарскиот граѓански законик (Книга 6 - Облигационо право)
[480] Член 493 став 3 од Унгарскиот граѓански законик (Книга 6 - Облигационо право)
[481] Член 495 став 2 од Унгарскиот граѓански законик (Книга 6 - Облигационо право)

должен да ги обезбедува.[482] Ако целта на договорот не може да се оствари ниту со негова измена, секоја од страните има право да побара негово раскинување.[483]

### 4.4. Дискусија и компаративни согледувања

Компаративната анализа на правната рамка на договорот за доживотна издршка во избраните европски правни системи покажува значајни варијации во степенот на нормативна уреденост, пристапот кон формалните услови и особено во третманот на правните лица како потенцијални даватели на издршка. Во повеќето европски земји кои имаат кодифицирано граѓанско право, договорот за доживотна издршка (или договори со слична природа) се регулирани во рамки на граѓанските законици, обично во деловите што се однесуваат на облигационите односи или посебните договори. Иако овој договор води потекло од правните институти на феудалното право, тој не добива посебно место во клучните граѓански законици од 19 век, како што се Германскиот (BGB), Австрискиот (ABGB) и Францускиот граѓански законик (Code civil). Ова го потврдува и Ненад Грујиќ, кој забележува дека договорот за доживотна издршка „не се среќава во класичните граѓански законици од XIX век, како што се францускиот, австрискиот и германскиот", иако во практика се применувал – особено помеѓу селаните во Франција.[484] Исто така, договорот не е експлицитно уреден ниту во Италија, Холандија, Португалија, Бугарија, Франција, Белгија и Полска.

Во правните системи во кои договорот за доживотна издршка е експлицитно уреден, законската дефиниција е во основа слична: договорот го обврзува примателот на издршката да ја пренесе сопственоста на точно определени ствари или други права на давателот на издршката по неговата смрт, додека давателот на издршката се обврзува да обезбеди грижа и издршка за примателот до крајот на неговиот живот. Така, основната содржина на договорот се состои од два основни елементи – обврската на примателот да пренесе имот/права и обврската на давателот да обезбеди издршка и нега.

Во поголемиот дел од анализираните правни системи, содржината на договорот за доживотна издршка е прецизно нормативно определена и претставува задолжителен елемент на договорот, со што се обезбедува повисоко ниво на правна сигурност и заштита на примателот на издршката како послаба договорна страна. Законодавецот, по

[482] Член 495 став 3 од Унгарскиот граѓански законик (Книга 6 - Облигационо право)
[483] Член 495 став 4 од Унгарскиот граѓански законик (Книга 6 - Облигационо право)
[484] Grujić N. (2010). Davalac izdržavanja kod ugovora o doživotnom izdržavanju… *op.cit.*, str.499.

правило, настојува да ја конкретизира содржината на издршката преку утврдување на минимален круг на обврски кои давателот мора да ги исполнува, со цел да се спречат, злоупотреби и формално исполнување на договорот.

Така, во српското и унгарското право, содржината на договорот законски опфаќа обезбедување сместување, храна, облека, нега во болест и старост, медицински третман, задоволување на секојдневните животни потреби, како и обврска за погреб на примателот по неговата смрт. Во словенечкото право, покрај класичните обврски на издршка, договорот може да вклучи и засновање заедница на живот или имот, грижа за имотот на примателот и организација на погребот, што укажува на поголема флексибилност во определувањето на содржината, но во рамки на јасно утврдена цел – обезбедување доживотна грижа.

Особено значајно е решението во хрватското право, каде што содржината на договорената издршка е експлицитно утврдена како задолжителна содржина на договорот, при што законодавецот детално наведува што таа треба да опфати, вклучително и местото на живеење на примателот, обврската за хранење, здравствена грижа, задоволување на основните животни потреби, како и поднесување на трошоците за комунални услуги и погреб. Ова решение претставува јасен обид за зголемување на правната сигурност и намалување на просторот за различни толкувања и злоупотреби. Во швајцарското право, содржината на договорот се определува во согласност со вредноста на пренесените средства и претходниот животен стандард на примателот, при што законски се предвидува обврска за соодветна издршка, сместување и нега според разумни стандарди, а во случај на институционална издршка, содржината дополнително се конкретизира преку внатрешни правила на установите, кои имаат карактер на општи договорни услови. Наспроти тоа, во француското и бугарското право, каде што договорот за доживотна издршка не е експлицитно законски уреден, содржината се определува врз основа на општите правила на облигационото право и судската пракса, што остава поголем простор за автономија на волјата, но истовремено и помала правна предвидливост.

Во сите правни системи во кои договорот за доживотна издршка е уреден, се бара задолжителна писмена форма, најчесто во вид на нотарски акт, нотарски заверена исправа или договор склучен пред суд. Ваквата засилена форма служи за обезбедување правна сигурност и заштита на примателот на издршката, како и за јасно утврдување на волјата и обврските на договорните страни.

Во поглед на правното дејство, може да се констатира дека договорот за доживотна издршка има ист карактер во сите анализирани правни системи. Имено, договорот произведува облигационо дејство inter vivos, бидејќи обврските на давателот и правата на примателот на издршката настануваат веднаш по неговото склучување, додека преносот на сопственоста или другите имотни права има одложено дејство, кое настапува по смртта на примателот на издршката (mortis causa).

Во однос на престанокот на договорот за доживотна издршка, компаративната анализа на релевантните правни системи покажува дека постои релативно унифициран пристап во поглед на основите за негово раскинување. Така во српското, хрватското и словенечкото право, се предвидуваат три главни механизми за раскин на договорот: спогодбен раскин, еднostран раскин поради неисполнување или ненавремено исполнување на договорните обврски, и раскинување поради трајно нарушување на меѓусебните односи меѓу договорните страни.

Особено значајни се решенијата во швајцарското и унгарското право. Швајцарското право предвидува можност судот, наместо раскинување на договорот, да наложи обезбедување издршка за лица кон кои примателот има законска обврска, доколку склучувањето на договорот би го лишило примателот од средствата за извршување на таквата обврска, како и доделување доживотен ануитет како форма на компензација во случаи на нарушени меѓусебни односи. Слично, унгарското право дозволува договорот да се трансформира во договор за доживотен ануитет кога издршката во натура станала невозможна поради однесувањето или околностите што се однесуваат на која било од страните, при што ваквата конверзија е оправдана особено кога примателот повеќе нема потреба од лична нега и грижа. Овие решенија претставуваат позитивен пример на засилена заштита на примателот на издршката.

Хрватското законодавство, пак, воведува дополнителна формална гаранција во случај на смрт на давателот на издршката, предвидувајќи дека согласноста на неговите наследници за продолжување на договорот мора да биде изразена во писмена форма и заверена пред суд или нотар. Со тоа се јакне правната сигурност и се минимизира ризикот од спорови кои би можеле да ја доведат во прашање позицијата на примателот на издршката. Од ваквите компаративни согледувања произлегува дека за македонското право би било оправдано да се разгледа воведување на одредени решенија кои се покажале како функционални во другите правни системи, особено со цел унапредување на заштитата на примателот на издршката. Во таа насока, како корисни би се наметнале: изречно формално регулирање на согласноста на наследниците по смртта на давателот

на издршката, можност за судско наложување на издршка во корист на трети лица кон кои примателот има законска обврска, како и нормативно предвидување на конверзија на договорот за доживотна издршка во договор за доживотен ануитет како алтернатива на неговото раскинување. Ваквите решенија би придонеле за поголема правна сигурност, би ја намалиле можноста за злоупотреби и би овозможиле пофлексибилно и поефикасно остварување на договорните обврски.

Наведените компаративни согледувања во однос на содржината, формата, правното дејство и престанокот на договорот за доживотна издршка ја прикажуваат основната нормативна рамка во анализираните правни системи. Токму во овој поширок контекст се наметнува потребата од посебна анализа на можноста правните лица да се јават како даватели на издршка.

Во овој контекст, особено се наметнува прашањето за можноста правните лица да се јават како даватели на издршка — прашање што сè уште не е целосно правно разрешено, ниту хармонизирано во рамки на анализираните правни системи. Иако најголемиот дел од правните поредоци што го уредуваат договорот за доживотна издршка не ја исклучуваат изречно оваа можност, тие не содржат експлицитни одредби што го уредуваат учеството на правните лица, ниту воспоставуваат јасни критериуми, ограничувања или дефинирани права и обврски за овие субјекти. Ваквиот нормативен вакуум остава простор за правна несигурност и потенцијални злоупотреби, особено во ситуации кога договорот се користи како инструмент за пренос на имот без соодветна контрола и надзор.

Некои правни системи, меѓу кои српскиот, црногорскиот и швајцарскиот, покажуваат поразвиен пристап во уредувањето на прашањето за учеството на правните лица како даватели на доживотна издршка, при што ова прашање го регулираат на посреден начин. Српското законодавство[485], иако не содржи изрична одредба што ја утврдува можноста правните лица да бидат даватели на издршка, претставува чекор напред во однос на системите кои ова прашање го оставаат целосно нерегулирано. Законодавецот посредно интервенира преку одредбата за ништовност на договорот, доколку истиот е склучен без претходна согласност од надлежен орган – во случај кога давател на издршка е правно лице или лице вработено во правното лице. Оваа законска интервенција претставува обид за заштита на примателите на издршката, но

[485] Со оглед на идентичната нормативна уреденост на договорот за доживотна издршка во правните системи на Р. Србија и Црна Гора, забелешките дадени за српското право соодветно важат и за правниот поредок на Црна Гора.

истовремено остава простор и за можни злоупотреби. Како што укажува Палачковиќ, ваквата законска формулација води кон широко толкување на концептот на правно лице како давател на издршка, што овозможува различни категории правни субјекти – освен оние кои законодавецот експлицитни ги наведува (како што се болници и разни агенции) – да дејствуваат како даватели на издршка без исполнување на посебни предуслови и без претходна согласност од надлежен орган.[486]

За разлика од тоа, швајцарското право воспоставува поконзистентен и транспарентен модел. Прашањето за учеството на правните лица како даватели на доживотна издршка е регулирано на посреден, но систематизиран начин, преку пропишување на формата и содржината на договорот. Ова се потврдува со одредбите кои дозволуваат лиценцирани домови за стари лица да склучуваат вакви договори со примателите на издршка. Притоа, тие имаат можност да ги уредат своите внатрешни правила кои ја дефинираат содржината на договорот, а кои мора да бидат одобрени од надлежни органи. Овие правила стануваат составен дел од договорот и обезбедуваат правна сигурност, транспарентност и стандардизирана грижа за примателите на издршката. На овој начин, швајцарскиот правен систем создава нормативен механизам кој овозможува вклучување на правни лица, но под јасно утврдени услови и со вграден систем на контрола и одговорност.

За разлика од овие земји, Унгарија и Република Хрватска не содржат експлицитни одредби што го уредуваат прашањето кои категории правни лица можат да се јават како даватели на издршка во рамки на договорот за доживотна издршка. Сепак, Република Хрватска е една од земјите што во последните години воведе значајни законски измени со цел унапредување на системот за заштита на старите лица. Новите прописи се насочени кон обезбедување дополнителна правна сигурност, надзор и транспарентност, особено во контекст на постапките поврзани со склучување на вакви договори. Таквиот пристап претставува добар модел кој може да се земе предвид при идните законски измени во Република Северна Македонија, особено во насока на системска превенција на злоупотреби и подобра заштита на лицата кои, поради возраст или здравствена состојба, се во зависна положба од давателот на издршката.

Исто така, Франција, иако не го регулира договорот за доживотна издршка како посебен договор во Граѓанскиот законик, преку општите правила на облигационото право овозможува правни лица да учествуваат како даватели на издршка. Сепак, посебно

[486] Палачковић Д. (1997). Правно лице као субјект уговора о доживотном издржавању...*op.cit*., str. 10

внимание заслужуваат законските ограничувања кои се однесуваат на учеството на одредени категории субјекти – како што се здравствени работници или лица кои професионално се грижат за примателот – во договори за доживотна издршка, при што нивното учество во договори што би можеле да доведат до стекнување на имотни права бара претходно одобрение од судот. Овие ограничувања се насочени кон спречување на можни злоупотреби на ранливата положба на примателот и обезбедување фер и транспарентни договорни односи. Дополнително, посебен аспект претставува ситуацијата кога договорот се склучува меѓу родител и едно од неговите деца. Иако тоа не е забрането, се бара согласност од сите други деца, која се дава пред нотар, со цел да се избегне можноста ваквиот договор да се користи за заобиколување на правото на нужен дел или неправедна распределба на имотот меѓу наследниците. Овој механизам претставува форма на превентивна заштита на наследните права и гарантира правична поделба на имотот.

Компаративно, швајцарскиот и хрватскиот модел обезбедуваат системска регулатива и заштита на примателите, додека францускиот пристап преку ограничувања за одредени категории даватели со судска контрола претставува ефективен механизам за спречување злоупотреби. Сите овие решенија можат да послужат како корисни модели при разгледување на можни реформи за вклучување на правни лица во договорите за доживотна издршка во македонското право, а воедно и за поголема заштита на примателите на издршка.

# ГЛАВА VII

## 1. ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА КОГА КАКО ДАВАТЕЛ НА ИЗДРШКАТА СЕ ЈАВУВА ПРАВНО ЛИЦЕ

Во оваа глава ќе се осврнеме посебно на престанокот на договорот за доживотна издршка кога како давател на издршката настапува правно лице. Во претходната глава беа обработени општите правила за престанок, ништовност и раскинување кои важат и за физички и за правни лица, а тука, ќе се фокусираме на специфичните институционални и практични прашања што се јавуваат исклучиво или поинаку кога давател е правен субјект.

Имено, правните лица, иако најчесто се основаат на неопределено време со цел остварување на своите цели, не претставуваат трајна категорија. Нивното постоење може да престане по различни правни основи, иако на нив не влијаат биолошките процеси, односно смртта како правен факт. Причини за престанок на правното лице можат да бидат пропишани со закон и со основачки акт, како што се: со одлука на основачот или надлежниот орган, со судска одлука во случај на вршење дејност спротивна на Уставот, законите или сопствениот статут, неисполнување на условите за постоење на правното лице, незаконитост во работењето и др.[487] Со престанокот на правното лице престанува и неговата правна способност, што значи дека повеќе не може да биде носител на права и обврски. Оттука, се наметнува прашањето за правната судбина на договорот за доживотна издршка во моментот кога престанува правното лице како давател на издршка. Бидејќи договорот за доживотна издршка е правно дело со изразено личен (intuitu personae) карактер, заснован на доверба и личен однос меѓу страните, престанокот на правното лице како давател по правило доведува и до престанок на самиот договор**.**

Во продолжение, ќе бидат разгледани три посебни ситуации на престанок на договорот кога давател на издршката е правно лице.

### 1.1. Престанок на договорот за доживотна издршка поради отворање стечај на правното лице - давател на издршка

Стечајната постапка претставува правен механизам кој се поведува кога правното лице станува неликвидно или неспособно за редовно подмирување на своите обврски.[488]

[487] Живковска Р., Пржеска Т. (2021). Граѓанско право општ дел....*op.cit.*, str.194.. Во теоријата се разликуваат доброволен и присилен престанок на правното лице.
[488] Ристов А. (2015). *Правни лица*, Скопје: Стоби Трејд Дооел Скопје, стр.205

Во контекст на договорот за доживотна издршка, оваа ситуација е релевантна само кај правните лица на приватното право, бидејќи јавните установи и правни лица основани од државата (на пр. јавни домови за стари лица, установи за социјална грижа итн.) не подлежат на класични стечајни постапки според Законот за стечај.[489] Како илустрација може да се наведе приватна установа за згрижување на стари лица, агенција или трговско друштво што врши социјални и здравствени услуги, кое како давател на издршка склучува договор со примател – физичко лице. Доколку подоцна тоа правно лице западне во неликвидност и се поведе стечајна постапка, неговото постоење и можност за дејствување фактички престануваат.[490]

Стечајната постапка ја спроведува судот ако утврди дека правното лице е неспособно за плаќање или дека во иднина ќе стане неспособно за плаќање.[491] Предлог за отворање на стечајна постапка може да поведе доверителот, должникот или друго лице овластено со закон.[492] Правните последици од поведувањето на стечајот, во зависност од конкретните околности, можат да бидат реорганизација на правното лице (со цел продолжување на дејноста) или негов престанок.[493]

Во таа смисла, се поставува прашањето: што ќе се случи со договорот за доживотна издршка во случај правното лице да престане да постои како резултат на стечајната постапка? Дали договорот автоматски престанува, или примателот на издршката може своето право да го оствари во рамките на стечајната маса, преку пријава на побарување? Ова прашање отвора сериозен проблем на правна заштита на примателот на издршката, бидејќи со престанокот на давателот фактички исчезнува и можноста за исполнување на договорната обврска.

Во Законот за стечај, законодавецот го уредува прашањето за правната судбина на двострано товарните договори во случај на отворање на стечајната постапка. Согласно членот 157 став 1 од Законот за стечај, ако должникот и неговиот содоговорник на денот на отворањето на стечајната постапка не исполниле делумно или во целост некој двострано товарен договор, стечајниот управник може да го исполни договорот наместо должникот и да бара исполнување од другата договорна страна. Оваа одредба

---

489 Член 4 од Законот за стечај (Службен весник бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15, 192/15, 86/25).

490 Во СР. Германија се поголем број на домови за стари лица одат во стечај, најчесто заради зголемените трошоци и немањето квалификувани кадри. Извор: vrabotuvanje.com, достапно на https://www.vrabotuvanje.com.mk/sovet/78de10d3-0e44-11f0-9518-0254e1e2ead1/zosto-se-povekje-domovi-za-stari-lica-vo-germanija-odat-vo-stecaj, последно пристапено на 08.10.2025 година.

491 Види повеќе: член 5 од Закон за стечај

492 Види: член 51 од Закон за стечај

493 Живковска Р., Пржеска Т. (2021). Граѓанско право општ дел....*op.cit.*, str.197.

овозможува стечајниот управник, под услов да е тоа во интерес на стечајната маса, да го исполни договорот. Правило е дека стечајниот управник може да ги исполнува обврските на стечајниот должник и дека може да бара исполнување на неговите побарувања, но, доколку стечајниот управник одбие исполнување, тогаш другата страна може своите побарувања од конкретниот договор да ги остварува само како стечаен доверител.[494] Сепак на мислење сме дека, кај договорот за доживотна издршка ова правило не може да се примени, бидејќи станува збор за договор со изразено личен (intuitu personae) карактер, во кој личноста на давателот е суштински елемент на доверба и издршка. Затоа, дури и ако стечајниот управник теоретски би можел да понуди финансиско исполнување од имотот на правното лице, обврската за лична грижа, домување, храна и социјален контакт, не може да се замени со чисто имотно исполнување. Тоа значи дека договорот фактички престанува со отворањето на стечајната постапка, бидејќи извршувањето на договорот станува невозможно.[495]

Исклучок може да се направи само во случај на реорганизација на правното лице (членови 215-227 од Законот за стечај). Реорганизацијата всушност овозможува продолжување на деловните активности на правното лице, и негова финансиска ревитализација.[496] Имајќи го предвид правното дејство на долготрајните облигации, реорганизацијата создава одредени дилеми за страната која е во облигационен однос со страната која е во постапка за реорганизација.[497] Согласно членот 215 од Законот за стечај, реорганизацијата може да се спроведе на неколку начини: спроведување соодветна статусна измена со цел да се пренесе имотот на должникот или еден дел од имотот на должникот на едно или на повеќе лица кои постојат или кои ќе бидат основани; должникот ќе се спои со едно или со повеќе лица; ќе се продаде цел или дел од имотот на должникот, со или без правата на одвоено намирување; ќе се подели целиот или дел од имотот на должникот меѓу доверителите. Оттука, во случај на реорганизација на правното лице, кога постои правен следбеник кој ја презема дејноста и обврските, договорот може да продолжи, само доколку примателот на издршката даде изречна согласност за продолжување на договорниот однос со тој нов субјект. Дополнително

---

[494] Член 157 став 2 од Законот за стечај

[495] Во согласност со член 126 од Законот за облигациони односи, кога исполнувањето на обврската во двостран договор станува невозможно поради вонреден настан за кој не одговара ниедна страна, обврската на другата страна се гасне. Во случајот на отворање стечајна постапка против правното лице – давател на издршката, се создава ситуација на објективна невозможност за исполнување на обврските кои по својата природа се лични и трајни. Ниту стечајниот управник, ниту кој било друг субјект не може да ја преземе обврската за давање лична грижа, сместување или емотивна поддршка што ја карактеризираат издршката.

[496] Тушевска Гавриловиќ Б. (2021). *Трговско право*, Штип, Универзитет Гоце Делчев, Штип, стр.125

[497] Ибид.

ваквата ситуација може аналогно да се спореди со случајот на смрт на физичко лице-давател на издршка, при што неговите наследници можат да ги преземат обврските само доколку се согласат.[498]

Од сето погоре изнесено, може да се забележи дека постои отсуство на законски одредби кои би дале целосен одговор на овие прашања. Оттука, следува невозможност за решавање, и загуба за договорните страни, особено за примателот на издршката.

Сепак сметаме дека, вакви ситуации во пракса би биле ретки, бидејќи правните лица кои дејствуваат како даватели на издршка (особено институционални форми на грижа) најчесто имаат стабилна организациска структура и континуитет во работењето. Во таа смисла, може да се каже дека правното лице, за разлика од физичкото, обезбедува поголема правна и економска сигурност за примателот. Ова произлегува од самата правна природа на правните лица, чие постоење не зависи од животниот век или личниот статус на поединецот, туку од организациската структура и правниот субјективитет што ги поседуваат.

### 1.2. Престанок на договорот за доживотна издршка поради ликвидација на правното лице – давател на издршка

По разгледувањето на стечајната постапка како причина за престанок на договорот за доживотна издршка, потребно е да се осврнеме и на друг вид престанок на правните лица — ликвидацијата. Иако овие две постапки имаат различна природа и цел, во двете се поставува истото суштинско прашање: дали договорот за доживотна издршка може да опстане кога правното лице што ја презело обврската за издршка престанува да постои?

Ликвидацијата претставува постапка што се спроведува кога правното лице престанува да постои, при што целта на постапката е намирување на сите обврски, распределба на имотот и уредно завршување на неговите правни односи.[499] За разлика од стечајната постапка, кое има за цел колективно намирување на доверителите на правното лице - должник кое е неликвидно, ликвидацијата се спроведува кога правното

---

[498] Види: член 1035 од ЗОО.

[499] Член 542 од Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018; 195/2018; 290/2020; 215/2021; 99/2022; 272/2024), во понатамошниот текст ЗДТ

лице има имот за да се исполнат обврските спрема доверителите[500], а во случаеви кога правното лице донело одлука за престанување.

Во контекст на договорот за доживотна издршка, ликвидацијата е особено значајна кога давател на издршката е правно лице од приватното право – на пример трговско друштво или приватна установа која се занимава со згрижување и нега на стари лица. Доколку се донесе одлука, тоа директно влијае врз можноста на правното лице да ја продолжи својата договорна обврска, бидејќи ликвидацијата значи завршување на сите деловни активности и престанок на правното лице како субјект на правото. Законот за трговските друштва, не содржи изречни одредби за правната судбина на долготрајни облигациони договори како што е договорот за доживотна издршка.

Со оглед на тоа дека ликвидацијата не предвидува правен следбеник, ниту има можност за реорганизација (како кај стечајната постапка), договорот за доживотна издршка престанува да постои. Давателот на издршката, престанува да постои, а неговите обврски не можат да бидат пренесени на ликвидаторот, бидејќи ликвидаторот не ја презема дејноста, туку ја завршува.[501]

## 1.3. Престанок на договорот за доживотна издршка во случај на статусни промени на правното лице

Статусните промени на правните лица, согласно одредбите на Законот за трговски друштва[502] претставуваат правни ситуации во кои едно друштво се припојува, спојува, или дели.[503] Овие промени по правило подразбираат престанок на постојното правно лице и премин на неговите права и обврски на нов или друг правен субјект кој станува негов универзален правен следбеник. [504]

Во контекст на договорот за доживотна издршка, статусните промени отвораат прашање за тоа дали таквата статусна промена на давателот на издршката доведува до престанок на договорот или, пак, истиот продолжува да важи со правниот следбеник. Формално-правно, во случај на спојување или припојување, новото правно лице станува правен следбеник на сите права и обврски на правното лице кое престанува да постои.

[500] Живковска Р., Пржеска Т. (2021). Граѓанско право општ дел....*op.cit.*, str.196
[501] За правата и надлежностите на ликвидаторот види член 542 од ЗТД
[502] За статусни промени види: член од 517-537 од ЗТД

[504] Види повеќе член 517 од ЗТД

Тоа значи дека сите облигациони односи преминуваат на новиот субјект, вклучително и договорите за доживотна издршка, освен ако нивната природа не го исклучува тоа.

Меѓутоа, суштината на договорот за доживотна издршка е токму неговиот intuitu personae карактер — тој се заснова на доверба и лична врска меѓу примателот и давателот на издршката. Една од карактеристиките на личните договори е тоа што правата и обврските кои произлегуваат од договорот, се поврзани за личноста на примателот и давателот на издршката, и истите не можат да се пренесуваат, или се пренесуваат само со согласност на другата страна.[505] Оттука, иако по правило статусните промени не го прекинуваат континуитетот на облигационите односи, во овој конкретен договор тоа не може да се примени. Примателот на издршката при склучувањето на договорот ја засновал својата доверба кон конкретен субјект (на пр. приватен дом за стари лица со определен капацитет, персонал и услови), а не кон идно правно лице што евентуално ќе го преземе работењето. Затоа, во случај на статусна промена (спојување, поделба, или припојување), договорот за доживотна издршка не може автоматски да продолжи да важи со правниот следбеник, освен ако примателот на издршката не се согласи со тоа. Дополнително, доколку давателот на издршката како во конкретниот случај (статусни промени) ги пренесе своите лични права и обврски на трето лице, примателот на издршката има право да го раскине договорот.[506]

---

[505] Член 424 од ЗОО... За разлика од македонското законодавство, каде што нема изречна одредба која ја пропишува непреносливоста на правата и обврските од договорот за доживотна издршка, член 202 од Законот за наследување на Република Србија јасно утврдува дека побарувањата и обврските кои произлегуваат од договорот за доживотно издржување се лични и не можат да се пренесуваат на други лица, односно се утврдува непреносливоста на побарувањата на примателот на издршката.

[506] Договорот за доживотна издршка се склучува врз основа на личните својства на договорните страни, па ако давателот на издршката своите лични обврски ги пренесе на трето лице, примателот на издршката може да бара да го раскине договорот. VSS, Rev.2664/02 od 20.06.2002 godina. Извор: Poćuća M.(2011). Ugovor o doživotnom izdržavanje...*op.cit,* str.72

# ГЛАВА VIII

# СПОРЕДЕБНО ПРАВНИ ИСКУСТВА ЗА ИНОВАТИВНИТЕ И НОВИ НАЧИНИ НА ЗАШТИТА И ГРИЖА ЗА СТАРИ ЛИЦА И ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ГРИЖА И НЕГА

## 1. ЈАВНО ПРАВНА УРЕДЕНОСТ НА ПОЛОЖБАТА НА СТАРИТЕ ЛИЦА-ПРАВНИ ПРОПИСИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА СТАРИТЕ ЛИЦА И ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА НЕГА И ГРИЖА ВО ЕУ

### 1.1.Европски стандарди и политики за заштита на стари лица и лица на кои им е потребна нега и грижа

Во рамки на современите европски правни системи, заштитата и негата на старите лица добива сè поголемо значење. Во услови на зголемена старосна структура на населението и комплексните социјални последици што произлегуваат од тој процес, потребата од правна и институционална заштита на старите лица е сè понагласена. Според Европската комисија, се очекува дека до 2070 година, речиси една третина од населението (30%) во ЕУ ќе биде на возраст над 65 години (20% повеќе од денес).[507] Оваа трансформација на демографската структура бара приспособување на постојните политики и развој на нови модели на грижа и нега за постарите лица.

Во овој контекст, Повелбата за основните права на Европската Унија ги признава и почитува правата на старите лица да водат достоинствен и независен живот и да учествуваат во општествениот и културниот живот.[508] Овој членот претставува дел од правно обврзувачкиот корпус на правото на Европската Унија, и затоа има карактер на позитивно право. Тоа значи дека создава реална, правна обврска за земјите членки и институциите на ЕУ да преземат конкретни мерки за овозможување на услови за независен и достоинствен живот на старите лица, како и за нивна социјална и културна интеграција.

Во оваа насока посебно внимание заслужува Европската повелба за правата и одговорностите на старите лица кои имаат потреба од долготрајна нега и грижа.[509] Целта

[507] European Commission Report on the Impact Demographic Changes, 17 june 2020 (https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/priorities-2019-2024/new-push-european-democracy/impact-demographic-change-europe_en#latest), последно пристапено на 26 мај 2025

[508] Article 25, Chapter of fundamental rights of the European Union (Official Journal of the European Communities 2000/C 364/1)

[509] European Charter of the rights and responsibilities of older people in need of long-term care and assistance, June 2010

на Повелбата е да ги утврди основните принципи и права потребни за благосостојбата на сите оние кои зависат од други за поддршка и нега поради возраст, болест или инвалидитет. Старите лица имаат право на долготрајна грижа и помош од семејството и заедницата за да им се овозможи да водат безбеден, здрав и достоинствен живот. Правото на грижа и помош на старите лица наметнува позитивна одговорност на семејството, заедницата како и на државата да ја пружат потребната грижа и помош на овие луѓе во остварувањето на нивните права без никакви исклучоци.

Сите овие промени имаат директни импликации врз јавните политики на државите-членки, особено во областа на социјалната грижа. Во Европската Унија, грижата за старите лица не се смета само за семејна одговорност туку и за јавна должност. Согласно Европската стратегија за грижа[510], усвоена од Европската комисија во 2022 година, се препорачува државите-членки да обезбедат сеопфатна, навремена и пристапна долготрајна нега[511], преку балансиран систем на домашна нега, грижа на заедницата и институционална грижа, што ќе обезбеди достоинствен живот за лицата со потреби за грижа и нега. Европската комисија отворено ја рефокусира грижата за старите лица од приватна на јавна сфера, нагласувајќи дека јавните власти мора да создадат институционални механизми кои го гарантираат пристапот до услуги, но и поддршка за неформалните негуватели, кои традиционално ја носеле оваа грижа, особено жените. Стратегијата исто така препорачува земјите членки да развијат национални акциски планови за грижата, да ги идентификуваат регионалните

[510] European Commission (2022). *A European Care Strategy for caregivers and care receivers*, COM (2022) 440 final. Достапно на: https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_22_5169, последно пристапено на: 26.06.2025 година.

[511] Поимот „долготрајна нега“ се користи во бројни документи на Европската Унија, сè уште не постои единствена, правно обврзувачка дефиниција која јасно ја разграничува неговата содржина и обем. Во 2014 година Европската Комисија предлага една дефиниција за поимот долготрајна нега - „Долготрајната нега се дефинира како низа услуги и помош за луѓе кои, како резултат на ментална и/или физичка слабост и/или попреченост во подолг временски период, зависат од помош во секојдневните животни активности и/или имаат потреба од некаква постојана грижа. Секојдневните активности за кои е потребна помош може да бидат активностите од грижата за себе што едно лице мора да ги извршува секој ден (секојдневни активности – Activities of daily living– ADLs), како што се капење, облекување, јадење, легнување и станување од кревет или стол, движење наоколу, користење на тоалет и контролирање на мокрење и дефикација) или може да се поврзани со самостојното живеење (Instrumental Activities of Daily Living – IADLs), како што се подготвување оброци, управување со пари, купување намирници или лични предмети, вршење лесни или тешки домашни работи и користење телефон). Извор: Бабовиќ М., Вељковиќ Т., Дакиќ Б. (2023). *Истражување за пристап до услугите на долготрајна нега во Северна Македонија*, Здружение за поддршка и развој Хуманост, Скопје, стр.9, достапно на: https://secons.net/wp-content/uploads/2024/01/Pristup-uslugama-dugotrajne-nege-MK-studija-za-web.pdf?utm_source=chatgpt.com, последно пристапено на: 28.10.2025 година.

нееднаквости во пристапот до услуги, и да користат фондови од ЕУ за долготрајна нега и обука на кадар.

Јавниот пристап кон грижата за старите лица во ЕУ се темели на три основни принципи: квалитет, достапност и пристапност. Овие принципи се сметаат за основа за воспоставување и одржување на ефективни системи за долготрајна нега кои ги штитат правата и достоинството на старите лица.

**- Квалитет (quality):** Квалитетната долготрајна нега ги промовира благосостојбата, достоинството и основните права на примателите на нега. Услугите за нега треба да обезбедат достоинствен однос кон старите лица, со висок стандард на услуги и инфраструктура. Ова вклучува не само физичка поддршка, туку и грижа за емоционалната и психолошката благосостојба на примателите на нега. Квалитетот се обезбедува преку континуирана обука на персоналот, практики за следење и механизми за обезбедување на стандардите, како и преку иновативни модели на грижа, како што се заедничко домување и прилагодени станови или објекти за домување со повеќе генерации кои промовираат социјална инклузија и независно живеење, со позитивно влијание на оние на кои им е потребна грижа и нега.

**- Достапност (affordability):** Пристапот до услуги за долготрајна нега не смее да биде ограничен од финансиски причини. Стандарди за социјална поддршка и субвенции треба да се воведат со цел да се намали финансиското оптоварување на старите лица и нивните семејства, особено затоа што многумина се соочуваат со ризик од сиромаштија поради трошоците поврзани со нега.

**- Пристапност (accessibility):** Грижата за старите лица мора да биде географски и финансиски достапна за сите, без разлика на локацијата или економската состојба на лицето. Ова значи проширување на услугите во руралните и оддалечените подрачја, како и намалување на административните бариери за користење на услугите. Стратегијата исто така нагласува потреба од прилагодување на услугите за лицата со попреченост и обезбедување грижа во атипични часови (како ноќни смени), со цел максимално да се одговори на различните потреби на корисниците.[512]

Според Европската комисија, овие три принципи се основата на одржливите системи за долготрајна нега кои ја гарантираат благосостојбата и достоинството на старите лица во целата Унија.

[512] Ibid.

Примената на Европската стратегија за грижа доби конкретен израз во политиките на одделни земји членки. Така, неколку држави веќе иницираа значајни реформи во системите за долготрајна нега, насочени кон подобрување на пристапот, квалитетот и одржливоста на услугите за старите лица:

- Романија ја усвои Националната стратегија за долготрајна нега и активно стареење (2023–2030)[513], со јасна цел да ги подобри условите за независно живеење и да овозможи пристап до услуги за стари лица во ризик. Стратегијата се базира на принципот на грижа насочена кон личноста, која вклучува обезбедување услуги засновани на индивидуализиран план за грижа и помош, почитување на достоинството како и приоритет на грижата во домот и заедницата.
- Бугарија[514] инвестира 329 милиони евра од ЕУ фондови во проект за модернизација на социјалните услуги за долготрајна нега, кој опфаќа изградба на 250 нови центри за дневна и резидентна грижа, како и реновирање на постоечки установи со цел усогласување со европските стандарди.
- Естонија[515] во рамки на својата реформа за долготрајна нега, воспоставува интегриран модел на грижа, кој овозможува лицата да останат во своето домашно опкружување што е можно подолго. Законот за социјални услуги е изменет со цел да се гарантира пристап до квалитетни услуги на локално ниво.

Стареењето како природен биолошки процес е често проследено со зголемени потреби за здравствена и социјална нега, појава на хронични заболувања, намалена физичка и когнитивна способност, како и поголем ризик од сиромаштија и социјална изолација. Овие фактори ја засилуваат ранливоста на постарите лица и ја нагласуваат потребата од системска, институционална и правна заштита. Токму затоа, современите европски политики се повеќе се ориентираат кон модели кои обезбедуваат достоинство, безбеден и независен живот за старите лица, преку пристап до услуги за долготрајна грижа и интеграција во локалната заедница.

Во таа насока, традиционалните форми на згрижување, како што се семејната грижа или институционализацијата преку домови за стари лица, сè почесто се

[513] European Commission: Reform of long-term care services for older people. Достапно на: https://commission.europa.eu/projects/reform-long-term-care-services-older-people_en, последно пристапено на: 26.06.2025 година.
[514] European Commission: Modernisation long-term care. Достапно на: https://commission.europa.eu/projects/modernisation-long-term-care_en, последно пристапено на: 26.06.2025 година.
[515] European Commission: Long-Term care. Дстапно на: https://commission.europa.eu/projects/long-term-care_en, последно пристапено на: 26.06.2025 година.

надополнуваат со алтернативни модели. Во контекст на постојаните демографски промени и ограничените јавни капацитети за долготрајна нега, сè поголемо внимание се посветува на алтернативните модели на згрижување, кои се засноваат на партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор, како и на приватноправни механизми.

Еден од тие модели е договорот за доживотна издршка[516], кој овозможува пренос на имот во замена за грижа и нега до крајот на животот. Иако овој договор традиционално се склучува меѓу физички лица, во последните години сè бележи тренд на склучување на овој договор и со правни лица. Ова отвора нови прашања поврзани со правната регулација, надзорот и заштитата на старите лица од можни злоупотреби – особено кога тие се ранливи или без блиски семејни членови.

Оваа форма на договор, претставува важна алатка во земјите каде што државната инфраструктура е недоволна или оптоварена, и каде што новите модели на грижа бараат флексибилни и одржливи решенија. Овие алтернативни форми не ја заменуваат државната грижа, туку ја надополнуваат, нудејќи флексибилност, индивидуализиран пристап и одржливост во системите за грижа, особено во заедниците каде што пристапот до јавни услуги е ограничен. Така, договорот за доживотна издршка не се појавува само како приватна трансакција, туку и како правен инструмент од пошироко општествено значење, со потенцијал да го олесни товарот врз јавниот систем за социјална грижа и истовремено да обезбеди достоинствени услови за живот на старите лица.

Наведените европски стандарди и стратегии ја поставуваат рамката и принципите што треба да ја водат јавната политика за грижата на старите лица. Во таа насока, важно е да се разгледа како Република Северна Македонија го уредува системот на социјална заштита и долготрајната нега, со цел да се утврдат предизвиците и можностите за имплементација на современите модели на грижа во национален контекст.

### 1.1.1. Национален контекст: систем на социјална заштита и долготрајна нега

Кога станува збор за системот на социјална заштита на старите лица, Законот за семејството предвидува дека грижата за старите лица примарно паѓа на товар на членовите на семејството.[517] Државата интервенира само во случаи кога семејството е во состојба на социјален ризик, односно кога нема можност да обезбеди грижа и

[516] Иако деталите за овој договор веќе беа разгледани, неговото споменување овде служи како пример на правен инструмент кој интегрира форма на грижа во системот за заштита на стари лица.
[517] Член од 181 од ЗС на РСМ

издршка. Таквиот пристап ја задржува традиционалната претпоставка дека семејството е примарен носител на одговорноста за грижата, додека јавните служби и институции имаат секундарна, дополнителна улога.[518] Единствената мерка за заштита на ранливите стари лица е токму постапката за одземање и ограничување на деловната способност, последователно со назначување на старател.[519]

Во оваа насока, Владата на Република Северна Македонија ја усвои Националната стратегија за стареење 2010–2020[520], која претставуваше прв обид за систематско уредување на прашањата поврзани со стареењето, грижата и општественото вклучување на старите лица. Сепак, по истекот на овој документ не е усвоена нова стратегија, што укажува на недоволна долгорочна визија и континуитет во политиките за стареење. Дополнително, во нашата држава сè уште не постои унифициран систем за долготрајна нега за лицата на кои им е потребна постојана грижа. Посебен закон за долготрајна нега не е донесен[521], наместо тоа, оваа област е регулирана преку системите на социјалната и здравствената заштита, кои предвидуваат ограничен број на услуги и финансиски надоместоци, насочени првенствено кон членовите на семејството кои ја обезбедуваат грижата. Системот на социјална заштита, иако нуди услуги за лица со ограничени функционални способности како што се старите лица, лицата со попреченост и лицата во социјален ризик, воопшто не го препознава поимот „долготрајна нега" како посебна категорија на социјална услуга. Услугите кои во практика имаат карактер на долготрајна нега вклучуваат сместување во институции за стари лица, згрижувачки семејства и мали групни домови, како и одредени форми на помош во домашни услови. Иако постои нормативна рамка за регулирање на домовите за стари лица (јавни и приватни), нивните капацитети се ограничени, со долги листи на чекање, што укажува дека системот не е доволно развиен за актуелните демографски потреби. Главниот проблем што се наведува во оваа насока е фактот дека, додека стандардите на Европската Унија предвидуваат најмалку 3% институционални

---

[518] Истото е потврдено и во член 40 од Уставот на РСМ од 17 ноември 1991 година, достапно на: https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf, последно пристапено на: 23.10.2025 година.

[519] Ignovska E. (2024).*The 'civil death' of persons deprived of legal capacityin the Republic of North Macedonia*. Iustinianus Primus Law Review, Vol.15 No.2, 2024, p.11.

[520] Министерство за труд и социјална политика на Републиак Северна Македонија, Национална стратегија за стари лица 2010-2020 година, јуни 2010, Достапно на: https://mtsp.gov.mk/wbstorage/files/strategija%20za%20stari%20lica%20juni.pdf, последен пристап на:20.10.2025 година.

[521] Компаративно: Во Словенија, Законот за долготрајна нега (Zakona o dolgotrajni oskrbi, Uradni list RS, št. 84/23, 112/24, 44/25) е донесен 2023 година, достапно на: https://pisrs.si/pregledPredpisa?id=ZAKO8819, последен пристап на 20.10.2025 година.

капацитети за сместување на стари лица, во Република Северна Македонија тие изнесуваат само околу 0,66% од вкупниот број стари лица.[522] Финансирањето најчесто паѓа на товар на самите корисници, особено доколку располагаат со имот или стабилни приходи. Само во исклучителни случаи – кога лицето нема финансиски можности – трошоците делумно или целосно ги покрива државата, преку јавниот систем на здравствено или социјално осигурување.[523] Сепак, како проблем се појавува тоа што и покрај јасно изразените демографски трендови кои укажуваат на постојано зголемување на старото население, прашањето за долготрајната нега не е предмет на поширока јавна и стручна расправа. Според проценките на Обединетите нации, старото население во Република Северна Македонија ќе се зголемува од 16,5% лица над 60 години во 2009 година на 33% во 2050 година, додека учеството на лицата над 80 години ќе порасне од 2% во 2009 на 6,8% во 2050 година.[524]

Од друга страна, системот на здравствена заштита останува главно насочен кон медицинските аспекти на грижата – лекување, рехабилитација и палијативна нега – без интегриран пристап кој ги поврзува социјалните и здравствените услуги. Иако постојат механизми за задолжително јавно здравствено осигурување и посебни програми за ранливи групи, долготрајната нега сè уште не е концептуално развиена како дел од јавните политики, ниту пак е препознаена како специфична форма на човеково право на достоинствено стареење.

Дополнителен проблем претставува нерамномерната географска распределеност на услугите. Поголемиот дел од институциите се концентрирани во Скопје и неколку урбани центри, додека руралните општини немаат достапни форми на институционална или домашна грижа. Ова создава сериозни нееднаквости во пристапот до услуги за стари лица.[525]

---

[522] Ignovska E. (2024). *The Institute of Guardianship in the Republic of North Macedonia. Necessity to Transit from Substitute Decision-making for the Ward to Supportive Decision-making with the Ward*, Iustinianus Primus Law Review, Vol. 15, No.3, 2024, p.6.

[523] Ибид.

[524] Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, Национална стратегија за стари лица 2010-2020 година, јуни 2010 Достапно на: https://mtsp.gov.mk/wbstorage/files/strategija%20za%20stari%20lica%20juni.pdf, последен пристап на:20.10.2025 година.

[525] Бабовиќ М., Вељковиќ Т., Дакиќ Б. (2023). *Истражување за пристап до услугите на долготрајна нега во Северна Македонија*, Здружение за поддршка и развој Хуманост, Скопје, стр.28, достапно на: https://secons.net/wp-content/uploads/2024/01/Pristup-uslugama-dugotrajne-nege-MK-studija-za-web.pdf?utm_source=chatgpt.com, последно пристапено на 23.10.2025 година. - Од ова истражување се утврдува дека достапноста на услугите е нерамномерна и зависи од степенот на урбанизација – во руралните средини доминира неформалната грижа, додека во Скопје и поголемите центри преовладуваат платените јавни услуги.

Овие ограничувања и фрагментираност на националниот систем ја нагласуваат потребата од современ пристап кон грижата, кој ја става во центар автономијата, волјата и правото на старите лица и лицата со потреба од долготрајна нега да учествуваат во одлуките кои влијаат на нивниот живот.

### 1.2. Современ пристап кон грижата – од моделот на „најдобар интерес“ кон почитување на „волјата и автономијата“ на старите лица и лица на кои им е потребна нега и грижа

Во основата на современите пристапи кон грижата и заштитата на старите лица и лицата на кои им е потребна нега и грижа, лежи прашањето за деловната способност – односно правната можност лицето самостојно да изрази правно релевантна волја и да презема правни дејствија. Овој концепт, иако традиционално се поврзува со општите правила на облигационото право, во контекст на староењето и грижата добива специфична социјално-правна димензија. Прашањето за заштитата и грижата на старите лица неизбежно го отвора и прашањето на деловната способност, како основен предуслов за валидност на правните дејствија, меѓу кои и договорот за доживотна издршка. Во домашната судска пракса[526], не ретко токму деловната способност на примателот на издршката се покажува како клучен фактор при оценката на важноста на договорот, особено во случаи кога се доведува во прашање дали примателот бил во можност свесно и разумно да ја изрази својата волја. Ситуациите во кои лицето има ограничена деловна способност или е предмет на судска одлука за делумно или целосно одземање на деловната способност создаваат значајни правни дилеми – не само во однос на заштитата на лицето, туку и во поглед на почитувањето на неговата автономија и волја.

Современите политики за грижа и заштита на старите лица и лицата на кои им е потребна нега се движат од традиционалниот, патерналистички модел во насока на пристап кој ја става во фокус автономијата, волјата и правото на поединецот сам да одлучува за својот живот. Овој премин е видлив и во клучните меѓународни документи и европски стратешки насоки кои во последните години нагласуваат дека успешната

[526] Пресуда на Апелациониот суд во Скопје, ГЖ-3783/16 од 28.02.2018 година, Пресуда на Апелациониот суд во Скопје, Гж-2565/19 од 10.01.2020 година.

политика за долготрајна нега мора да гарантира не само пристап до услуги, туку и учество, избор и почитување на желбите на корисниците.[527]

Клучен меѓународен поттик за ова поместување доаѓа од Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост (CRPD)[528], која со членот 12 ја промовира идејата за „equal recognition before the law" (еднакво признавање пред законот) и за замена на класичните механизми на „substituted decision-making" со модели на supported decision-making — односно, системи кои овозможуваат поддршка при одлучување додека се почитува личната волја на лицето. Ова начело има директни импликации и за старите лица, особено оние кои се со попреченост или други ограничувања, бидејќи го нагласува правото на самоопределување и бара од државите да обезбедат соодветни мерки и гаранции за поддршка при одлучување.

Токму од овие принципи произлегува современата дискусија за потребата од замена на традиционалниот систем на старателство, во кој старателот одлучува во име и за сметка на лицето под старателство, со модел на поддржано донесување одлуки. Целта на поддржаното донесување одлуки[529] е да се овозможи лицата со попреченост, како и старите лица со ограничени способности, да добијат поддршка при донесувањето одлуки, овозможувајќи нивно рамноправно вклучување во општествениот живот. Овој принцип претставува суштинска алтернатива на класичното старателство. Наместо старател да донесува одлуки за лицето со попреченост, поддржаното донесување одлуки му овозможува на лицето со попреченост да донесува свои одлуки. Принципот на поддржано одлучување подразбира јакнење на автономијата и рамноправното вклучување на лицата во општествениот живот, преку механизми кои им овозможуваат да донесуваат одлуки со помош. Иако во меѓународната практика не постои единствен модел на имплементација, суштината на овој концепт е создавање систем во кој секое лице има право да донесува одлуки за сопствениот живот и треба да биде предмет на ревизија.[530]

Република Северна Македонија ја ратификува Конвенцијата на ООН (CRPD) со Закон за ратификација донесен од Собранието на Република Македонија на 5

---

[527] European Commission, *Proposal for a Council Recommendation on access to affordable high-quality long-term care* (SWD(2022) 441 final), Brussels, 07.09.2022, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex:52022DC0441, последно пристапено на 17.10.2025 година.
[528] Конвенција на правата на лицата со попреченост (CRPD), Генерално Собрание на ООН, донесена на 13.12.2006 година, достапно на: https://www.coe.int/mk/web/compass/convention-on-the-rights-of-persons-with-disabilities, последно пристапено на 17.10.2025 година.
[529] Види повеќе: About supported decisions making, достапно на: https://supporteddecisions.org/about-supported-decision-making/, последно пристспено на 17.10.2025 година.
[530] Ibid.

декември 2011 година. Со тоа државата се обврза да ги почитува, штити и унапредува правата утврдени во Конвенцијата, особено оние поврзани со правната способност, автономијата и правото на лицата со попреченост и старите лица да донесуваат одлуки за својот живот. Во таа насока, во последните години се прават напори за усогласување на националните политики со принципите на CRPD, што е видливо и преку усвојувањето на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023–2030[531] и Акцискиот план 2023–2026[532], со кои се промовира пристап заснован на автономија, личен избор и инклузивност. Целта на овие документи е унапредување, заштита и целосно уживање на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднакви основи со останатите граѓани, како и унапредување на почитувањето на нивниот дигнитет.

Иако Северна Македонија формално ја прифати обврската за постепено воведување на моделот на „поддржано одлучување“ (supported decision-making), во пракса сè уште доминира традиционалниот систем на заменско одлучување (substitute decision-making) преку институцијата на старателство. Македонскиот систем, во овој поглед, и понатаму е изразито патерналистички – особено кога станува збор за старите лица и лицата со намалена когнитивна или физичка способност. Ова може да се утврди и од Извештајот од одговорите на државата за прашањата поврзани со првичниот извештај на РСМ за спроведување на Конвенцијата.[533]

Постојната правна рамка, особено одредбите од Законот за семејството кои го уредуваат старателството, и Законот за вонпарнична постапка кои ја регулираат постапката за одземање и ограничување на деловната способност, во голема мера ја исклучуваат автономијата на лицата што се ставаат под старателство. Нашето позитивно право се уште го признава единствено моделот на одлучување во име и за сметка на штитеникот, поради што принципот на „најдобар интерес“ доминира над принципот на „автономија на волјата“. Постапките за одземање или ограничување на деловната способност, како што се применуваат денес, претставуваат сериозен ризик за нарушување на човековите права и достоинството на лицето, бидејќи во практика често

---

531 Национална стратегија за лица со попреченост 2023-2030 год., Скопје, декември 2023 год., достапно на:https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2024/nacionalna_strategija_za_pravata_na_licata_so_poprechenost_2023-2030.pdf, последно пристапено: 17.10.2025 година

532 Акциски план на Национална стратегија за лица со попреченост 2023-2026 год., Скопје, декември, 2023 година, достапно на: https://cms.mtsp.gov.mk/content/pdf/2024/Акциски%20планови%202023-2026.pdf, последно пристапено на: 17.10.2025 година

533 Informal coalition and group of authors, *Summary Report (Summary Report) of the State Responses to the Questions related to the initial Report of the Republic of Macedonia in the implementation of the Convention on the Rights of Persons with Disability,* July 2018.

резултираат со ограничување на основни права – како што се политичките права, правото на склучување брак, правото на пристап до суд и други аспекти на личната автономија. Затоа, реформата на системот за старателство и воведување механизми на поддржано одлучување се од клучно значење за обезбедување еднаков третман, почитување на личната автономија и инклузивно учество на ранливите стари лица и лицата со попреченост во сите сфери на општествениот живот.[534]

Во таа насока, и Комитетот за правата на лицата со попреченост во своите заклучни согледувања за Република Северна Македонија изрази загриженост поради недостатокот на усогласеност на националното законодавство, политиките и програмите со Конвенцијата, како и поради задржувањето на медицинскиот модел на попреченост. Комитетот, исто така, укажа на постојаната примена на различни дефиниции и критериуми за процени на попреченоста кои не се во согласност со човеково-правниот пристап што го промовира Конвенцијата.[535]

И покрај ваквите јасни препораки на Комитетот и меѓународните насоки за напуштање на заменското одлучување, во домашниот контекст недостасува сеопфатна јавна или стручна дебата за потребата од реформа на системот на старателство и воведување на поддржано донесување одлуки. Практично, нема индикации дека во блиска иднина ќе се направат суштински измени во оваа област, и покрај преземените меѓународни обврски. Дополнително, Нацрт-Граѓанскиот законик на Република Северна Македонија, кој во јавноста беше претставен како обид за кодификација и модернизација на приватното право, во делот на деловната способност и старателството не внесува суштински новини, туку во голема мера ги пресликува постојните решенија од Законот за семејството и Законот за вонпарнична постапка. [536]

Во теоријата постојат различни ставови за насоката на реформите во областа на старателството и деловната способност. Така, проф. Елена Игновска[537] се залага за целосно напуштање на концептот на заменско одлучување и укинување на одредбите со

---

[534] Види повеќе: Ignovska E. (2025). *The Legal Position of Vulnerable Adults in the Republic of North Macedonia In Between the Authority of the State and the Family*, Proceedings from the 1st International Conference of the Institute of Family Studies Challenges of Contemporary Families, Skopje, North Macedonia.
[535] Види повеќе: Committee on the Rights of Persons with Disabilities, United Nations, *Concluding observations on the initial report of the former Yugoslav Republic of Macedonia*, CRPD/C/MKD/CO/1, 29 october 2018, достапно на: https://digitallibrary.un.org/record/1650502?ln=en&v=pdf, последно пристапено на 20.10.2025 година.
[536] Види повеќе: Ignovska E. (2024). The Institute of Guardianship in the Republic of North Macedonia... *op.cit.,*p.22
[537] Ignovska E. (2024).The 'civil death' of persons deprived of legal capacityin the Republic of North Macedonia, *op.cit*.,p.24.

кои се уредува постапката за целосно и делумно лишување од деловна способност, во согласност со идејата на Конвенцијата за целосна правна автономија на лицата со попреченост. Од друга страна, проф. Татјана Зороска-Камилоска[538] смета дека при усогласувањето со членот 12 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, најцелисходен пристап би бил воведување комбиниран систем, со задржување на можноста за лишување од правна способност, но исклучиво во ретки и строго дефинирани случаи, и паралелно воспоставување на механизми за поддржано донесување одлуки. Според неа, ваквиот модел е поусогласен со современите европски стандарди и ја почитува потребата од заштита на лицата со тешки ментални попречености, кај кои целосната автономија не може секогаш да се обезбеди.[539]

Сепак, сметаме дека во контекст на националните околности посоодветен пристап претставува воведување на комбиниран модел кој би овозможил постепено унапредување на моделот на поддржано одлучување, без укинување на сите форми на заштита. Таквиот модел би обезбедил реална заштита на лицата со тешки и трајни ограничувања, а истовремено би ја зајакнал автономијата и вклученоста на лицата со полесни форми на попреченост во процесите на донесување одлуки. Ваквиот модел се заснова на свеста дека, и покрај стремежот кон целосна автономија, сè уште постојат лица со тешки ментални попречености на кои им е неопходна форма на старателска или институционална поддршка.

Во повеќе европски држави веќе се спроведуваат постепени реформи во оваа насока, насочени кон напуштање на традиционалните модели на лишување од деловна способност и воведување различни форми на поддржано одлучување, со цел унапредување на автономијата и правната инклузија на лицата со попреченост и ранливите возрасни лица.[540]

---

538 Ibid.
539 Ibid.
540 Во германското право, заштитата и овластувањето на возрасните лица со намалена способност за самостојно одлучување се регулирани во Германскиот граѓански законик (Bürgerliches Gesetzbuch – BGB), особено во членовите §§ 1814–1881, кои ја уредуваат мерката *rechtliche Betreuung* (правно старателство). Според принципот на неопходност (*Erforderlichkeitsprinzip*), државата може да назначи старател само доколку лицето, поради болест или инвалидитет, не е во можност да се грижи за своите правни работи, а нема соодветно полномошно или друга форма на поддршка. Реформата што стапи во сила на 1 јануари 2023 година го засили фокусот на поддржаното, а не заменското одлучување, поттикнувајќи користење на *Vorsorgevollmacht* (продолжено полномошно) и *Betreuungsverfügung* (директива за старателство), со кои лицето однапред може да одреди кој ќе го застапува и во кои граници. Законот воведува и можност за „надзорен старател“ (*Kontrollbetreuer*) во случаи кога постои полномошник, како и ex lege застапување меѓу брачни другари во прашања на здравствена грижа (§ 1358 BGB). Така, мерката наредена од државата за назначување старател е средство за заштита и овластување на ранливото возрасно лице, првенствено „преку поддржано донесување одлуки, но исто така, доколку е неизбежно неопходно, преку „заменено донесување одлуки“. Понатаму, ранливото возрасно лице може писмено да се договори во тестамент за

## 2. ПРЕДЛОЗИ ВО ОДНОС НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВНАТА РАМКА ЗА РАЗЛИЧНИТЕ ФОРМИ ЗА ИЗДРШКА НА СТАРИ ЛИЦА И ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ГРИЖА И НЕГА ВО НАШАТА ДРЖАВА

Современите демографски и социјални промени, како што се продолжениот животен век[541], намалениот наталитет, зголемената мобилност и променетата структура на семејствата, доведуваат до значајни предизвици во областа на грижата за старите лица. Во ситуации каде што семејствата се помалку се во можност да обезбедат континуирана грижа – поради физичка оддалеченост, стареење на самите даватели на грижа или поради зголемената работна ангажираност[542], се појавува потреба од правна рамка која ќе понуди соодветни решенија за новонастанатите услови.

Правата на старите лица, кое се повеќе се афирмираат како посебна област, не се ограничуваат само на прашањата од областа на наследството, правната способност или социјалните права, туку се проширувааат и на секојдневните аспекти на грижа, нега и поддршка. [543]

Во ситуација кога старото лице не е во можност самостојно да се грижи за себе, можно решение е негово сместување во дом за стари лица. Сепак, со оглед на се поголемата побарувачка и ограничените капацитети на институциите, се јавува потреба од развој и правно регулирање на алтернативни и флексибилни форми на грижа. Овие нови модели имаат потенцијал да понудат избалансиран пристап меѓу независноста на поединецот и потребата од грижа.

Со оглед на сè понагласените потреби за унапредување на системот за грижа и поддршка на старите лица, во ова поглавје ќе се направи компаративна анализа на неколку европски модели на алтернативно домување и нега. Преку преглед на правните рамки, институционалната поставеност и практичната реализација на овие форми

живот (Patientenverfügung), во случај да не е во можност да даде согласност, без разлика дали се согласува или забранува одредени прегледи на неговата здравствена состојба, медицински третмани или операции кои сè уште не се претстојни во времето на договорувањето. Сето тоа ја одразува тенденцијата на германското право да го почитува принципот на автономија и да ги ограничува државните интервенции само на неопходниот минимум, преку комбинирање на формални и неформални механизми за поддршка. Види повеќе: *UNCRPD Country Report – Germany*, 2023, достапно на: https://assets-us-01.kc-usercontent.com/7099fcf9-715f-0061-5726-009a48410fee/0f8f3724-0b1f-4ddd-93af-60e2643bcc63/Germany.pdf, последно пристапено на 20.10.2025 година.

[541] HelpAge International. *Global AgeWatch Index 2015: Insight report*, London, 2015. Достапно на: https://www.helpage.org/silo/files/global-agewatch-index-2015-insight-report.pdf, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.

[542] Zervogianni E. (2011). Non-institutional care for seniors from a civil law perspective**.** A comperative study of housing with services and adult placement in France and Germany. *The future of family property in Europe*, Cambridge, United Kingdom., p.186.

[543] Ibid.

во Германија и Франција, се настојува да се идентификуваат добри практики кои можат да послужат како основа за прилагодување и развој на соодветни национални решенија. Анализата има за цел не само да ги прикаже некои од најрелевантните европски модели, туку и да поттикне размислување за тоа како нашата држава може да воспостави правно сигурни, економски одржливи и социјално инклузивни форми на грижа за постарата популација.

### 2.1. Германија – специјализирано домување со услуги

Специјализираното домување со услуги во Германија (т.н. *betreutes Wohnen или Wohnen mit Services*) претставува релативно нова форма на домување за постари лица, која започнува да се развива во 1990-тите години. Терминот *„betreutes Wohnen"* не е прецизно дефиниран во германското законодавство, што овозможува тој да опфаќа широк спектар на модели со различно ниво на поддршка.[544] Во овој контекст, можат да се разликуваат два основни типа на специјализирано домување за стари лица: 1. *Домување со општи услуги за поддршка* (кое се однесува на лица кои живеат самостојно, но имаат пристап до доброволни сервиси како помош при домаќинство, итни услуги или посредување во добивање здравствена нега) и 2. *Домување со интензивна нега и грижа*[545] (кое е наменето за лица со поголеми потреби поради старост, болест или попреченост, и вклучува редовна професионална нега, слична на онаа во домови за стари лица). Оваа форма на домување е особено интересна во контекст на трагање по нови модели за заштита и грижа на стари лица, алтернативни на традиционалните институционални форми и приватно-правните договори.

Во ова истражување дополнително ќе биде разгледана и формата на меѓугенерациско домување „Wohnen für Hilfen" како релевантна иновативна пракса.

#### 2.1.1. Домување со општи услуги на поддршка

„Betreutes Wohnen" (домување со општи услуги за поддршка) претставува модел на домување кој комбинира самостојно живеење со достапност на одредени услуги за помош и поддршка. За овој вид домување како што е *„Betreutes Wohnen"* во потесна смисла, не постојат посебни законски одредби. Во домувањето со општи услуги,

---

[544] Понудите опфаќаат широк спектар – од станови кои се во непосредна близина или дел од установи за нега, преку адаптирани станови за повозрасни лица во стандардни станбени комплекси со основни услуги како домарска служба, па сè до недвижности со карактеристики на хотели, кои вклучуваат сауна, велнес и организирани патувања во странство.
[545] Zervogianni E. (2011). Non-institutional care for seniors from a civil law perspective...*op.cit.p.*189.

фокусот е ставен на одржувањето на независноста и автономијата на жителите. Овој модел е наменет за постари лица кои, иако им е потребна одредена индивидуална поддршка во секојдневниот живот, се уште се способни да живеат самостојно. Дополнително, тие често имаат потреба од социјален контакт и заедница со лица со слични интереси и животни околности. Услугите што се нудат во овие објекти имаат за цел да обезбедат помош при секојдневните активности, без целосно преземање на грижа, и на тој начин да овозможат постарите лица да останат независни што е можно подолго.[546]

Оваа форма на домување на стари лица е договорно регулирана со два договора, договор за купопродажба или договор за закуп, во зависно од тоа дали лицето го купува или изнајмува имотот, како и договор за услуги. Ако постарото лице склучува договор за закуп, овој договор се регулиран со одредбите од Германскиот граѓански законик. [547] Согласно овие одредби, договорот не мора да биде склучен во писмена форма.[548] Доколку пак лицето одлучи да го купи станот каде што ќе се обезбедат услугите, договорот за продажба се регулира со релевантните одредби од Германскиот граѓански законик.[549] Во однос на правата и должностите на сопствениците на станови, се применува Законот за станови (Wohneigentumsgesetz – WoeigG).[550]

Бидејќи терминот „Betreutes Wohnen" не е правно заштитен, секој давател на услуги самостојно определува кои услуги и бенефиции ќе бидат вклучени во понудата. Сепак, речиси секогаш постојат пакет од основни услуги што ги користат сите корисници  и за кои плаќаат фиксна месечна цена.[551]

Давателите на услуги обезбедуваат станови за изнајмување или за купување, при што нивната големина, распоред, опременост, како и локацијата и инфраструктурната поврзаност, можат значително да варираат.[552] Сепак, тие се прилагодени на потребите на постарите лица – најчесто се без пречки за движење и имаат пристап до медицински

[546] *„Betreutes Wohnen / Service-Wohnen",* Pflege.de. Достапно на: https://www.pflege.de/altenpflege/betreutes-wohnen/, последно пристапени на: 17 јуни 2025 година.
[547] Види: §549 до §555f BGB – одредби кои се однесуваат за договор за закуп на станбен простор
[548] Види: §550 BGB. Доколку договорот за закуп подолг од една година не е склучен во писмена форма, тогаш тој важи на неопределено време. Сепак, раскинувањето е дозволено само најрано на крајот од една година откако станбениот простор е ставен на располагање за користење.
[549] Види: §433 – §453 BGB
[550] Zervogianni E. (2011). *Non-institutional care for seniors from a civil law perspective...op.cit.,*.p.192
[551] *„Betreutes Wohnen / Service-Wohnen",* Pflege.de. Достапно на: https://www.pflege.de/altenpflege/betreutes-wohnen/, последно пристапени на: 17 јуни 2025 година.
[552] Verbraucherzentrale. *Betreutes Wohnen – Eine Alternative fürs Wohnen im Alter. Достапно на:* https://www.verbraucherzentrale.de/wissen/gesundheit-pflege/pflege-in-wohngemeinschaften/betreutes-wohnen-eine-alternative-fuers-wohnen-im-alter-13905, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.

услуги, како ординации и аптеки во непосредна близина. Договорот за услуги ги регулира основните услуги како што се системот за итни повици или работното време за консултации на лицето кое се грижи за него. Дополнителни услуги, како што се чистење на станот, транспортни услуги, услуги за перење алишта, услуга за купување, парамедицински третман итн., може да се обезбедат на барање, по дополнителна цена.[553] Договорот за услуги обично е поврзан со договорот за изнајмување и не може да се склучи или раскине независно од договорот за изнајмување. Овој договорот е регулиран со членот 611 од Германскиот граѓански законик (BGB). Кога станува збор за раскинување на договорот, доколку времетраењето на односот за услуги не е наведено ниту може да се заклучи од природата или целта на услугите, тогаш секоја страна може да го раскине договорот.[554]

### 2.1.2. Домување со зголемена нега и поддршка

Во рамките на специјализираното домување за стари лица, постои и форма на домување што вклучува зголемена нега и поддршка, која се разликува од домувањето со општи услуги по степенот и видот на обезбедената нега и поддршка. Иако постарите лица во овој модел најчесто живеат во посебни станови што ги изнајмуваат самостојно, нивото на грижа е споредливо со она што се обезбедува во домови за стари лица. [555]

Поради големата ранливост на овие корисници, договорите што ги склучуваат со установите кои обезбедуваат вакви услуги се предмет на посебни законски прописи. Од 2009 година овие договори се регулирани со Законот за регулирање на договорите за домување со услуги за нега и поддршка (Wohn und Betreuungsvertragsgesetz – WBVG)[556], кој обезбедува посебна заштита на правата на корисниците.

Според членот 1 од WBVG, законот се применува на договори склучени помеѓу претприемач (давател на услуги) и полнолетно лице (корисник), каде што претприемачот се обврзува да им обезбеди на корисниците сместување и услуги за нега или поддршка. Овие услуги се наменети да помогнат во справувањето со потребите кои произлегуваат од старост, потреба од нега или попреченост. Законот важи, без оглед дали овие услуги ги пружа самиот претприемач или ги организира преку трети лица.

---

553 Ибид.
554 Види: §620 I 2 BGB
555 Zervogianni, op. cit., p.193
556 Gesetz zur Regelung von Verträgen über Wohnraum mit Pflege - oder Betreuungsleistungen (Wohn- und Betreuungsvertragsgesetz - WBVG), 01.10.2009. Достапно на: https://www.gesetze-im-internet.de/wbvg/BJNR231910009.html, последно пристапени на 17 јуни 2025 година.

Сепак, законот не се применува доколку договорот опфаќа само општи услуги на поддршка, како посредување во обезбедување на нега, помош во домаќинството или услуги за итни повици. Исто така, законот се применува и кога обврските на претприемачот се регулирани со повеќе договори, под услов договорот за домување да зависи од договорот за обезбедување на нега или поддршка и корисникот да не може да го одржи договорот за домување независно од договорот за услуги.

Во согласност со овој закон постарите лица се третираат како потрошувачи. Законот обезбедува и обемни обврски за преддоговорно информирање.[557] Во овој контекст договорот мора да биде склучен во писмена форма[558] и јасно дефинирање на правата и обврските на двете договорни страни.[559] Законот ги дефинира и условите за измена на договорот, на пример, во случаи кога се менуваат потребите на постарото лице, овозможувајќи соодветна прилагодливост на услугите. Исто така, законот содржи посебни одредби за раскинување на договорот, според кои трговецот може да го раскине договорот само доколку постои убедлива и основана причина, заштитувајќи ги на тој начин корисниците од произволно раскинување.[560]

Овој закон ја поставува правната рамка за обезбедување стабилност и сигурност во односите помеѓу корисниците и давателите на услуги во областа на домувањето со зголемена нега и поддршка.

### 2.1.3. Wohnen für Hilfe (меѓугенерациско домување)

„Wohnen für Hilfe“ е иновативен германски модел на меѓугенерациско домување кој ги поврзува студентите со постарите лица. Основната идеа на оваа иницијатива е создавање на заемно корисни односи помеѓу постарите лица, кои располагаат со вишок простор, и студенти, кои имаат потреба од сместување, но често не можат да си го дозволат поради високите трошоци за кирија. Моделот функционира на основа на размена: студентите добиваат бесплатен простор (соба) за живеење во домот на постарото лице, а за возврат, наместо парична рента, обезбедува помош во секојдневни активности. [561] Овој модел на коживеење се заснова на меѓусебна корист, доверба и солидарност помеѓу генерациите.

[557] Види: член § 3 WBVG
[558] Види: член §6 WBVG
[559] Види: член §7 WBVG
[560] Види: член §12 WBVG
[561] Bundesministerium für Familie, Senioren, Frauen und Jugend (BMFSFJ).„*Wohnen für Hilfe*“. Достапно на: https://www.serviceportal-zuhause-imalter.de/wohnen/spezielle-wohnformen/wohnen-fuer-hilfe.html, последно пристапено на 17 јуни 2025 година.

Соработката е регулирана преку договор, со јасно утврдени услови за живеење, правила на заедничко домување, како и обем и вид на помошта што се очекува. Типичен услов е студентот да обезбеди еден час помош месечно за секој квадратен метар од просторот што го користи – на пример, доколку добие соба од 20 $м^2$, тој е должен да пружи 20 часа помош месечно.[562]

Видовите на помош што се предвидуваат во рамки на овој модел не вклучуваат медицинска нега, туку се сведуваат на секојдневни практични активности: пазарење, градинарски работи, техничка поддршка, заеднички прошетки, разговори или придружба до здравствени установи.[563] Студентот, покрај овие обврски, ги сноси само основните комунални трошоци – вода, струја, гас – додека престојот му е обезбеден без плаќање на наемнина.[564]

Организацијата и имплементацијата на моделот најчесто се спроведува од страна на студентски служби (Studierendenwerke), невладини организации или градски социјални институции, кои играат посредничка улога, ги поврзуваат двете страни и обезбедуваат административна и правна поддршка. [565]

Покрај решавањето на проблемот со недостапно студентско сместување, „Wohnen für Hilfe" има и пошироки социјални ефекти. Постарите лица добиваат помош, но уште поважно – добиваат редовен социјален контакт, чувство на поврзаност и безбедност. Истовремено, студентите учат да живеат во толерантна, меѓугенерациска заедница, што често води до подлабоко разбирање на стареењето и меѓучовечката грижа. Иако овој модел досега не е предмет на посебна законска регулатива на национално ниво, неговото практично функционирање се базира врз граѓанскоправни договори и се смета за добра пракса на социјална иновација во контекстот на активното стареење и интегративното домување.

---

[562]Studierendenwerk West: Brandenburg. *„Wohnen für Hilfe"*. Достапно на: https://www.stwwb.de/en/housing/homesharing, последно пристапено на 17 јуни 2025 година.
[563] Bundesministerium für Familie, Senioren, Frauen und Jugend (BMFSFJ). „Wohnen für Hilfe". Достапно на: https://www.serviceportal-zuhause-im-alter.de/wohnen/spezielle-wohnformen/wohnen-fuer-hilfe.html, последно пристапено на 17 јуни 2025 година.
[564]Studentenwerk. „Wohnen für Hilfe." Достапно на: https://www.studierendenwerke.de/en/topics/accomodation/tips-for-finding-accommodation/wohnen-fuer-hilfe-living-for-help, последно пристапено на 17 јуни 2025 година.
[565] Овој модел се применува веќе повеќе од две децении во повеќе германски градови, меѓу кои се истакнуваат Минхен, Келн, Фрајбург и Бремен, каде програмата се развива со поддршка од локалните власти и универзитетите. Достапно на: https://www.stwwb.de/en/housing/homesharing, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.

## 2.2. Франција – специјализирано домување со услуги

Во Франција, специјализираното домување за постари лица се развива како одговор на различните потреби на оваа популација, која, иако сè уште автономна, се соочува со ограничувања кои ја отежнуваат независноста во сопствениот дом. Развојот на специјализираното домување со услуги во Франција се одвива паралелно со оној во Германија. Првата генерација вакви објекти, кои нудат можност за изнајмување или купување на станови со поврзани услуги, почнаа да се шират во 1990-тите години.[566] Во оваа насока, се развиле неколку модели на домување со услуги, кои нудат комбинација на приватен простор и поддршка преку социјални и здравствено-социјални услуги. Најзначајни меѓу нив се *logements-foyers*, кои претставуваат јавно регулирани установи за постари лица со делумно намалена автономија, како и *résidences services*, приватни домови наменети за релативно независни постари лица кои бараат удобност и услуги по избор. Покрај овие класични форми, во Франција се развива и модел на меѓугенерациско домување „Un toit deux générations“, кој промовира солидарност и заемна поддршка помеѓу млади и постари генерации.

### 2.2.1. Франција – logements-foyers

Домовите за постари лица, познати како *logements-foyers*, се појавиле во Франција во текот на 1960-тите години како одговор на специфичните потреби на постарата популација, која, иако сè уште автономна, се соочува со економски, социјални или функционални пречки за продолжување на живеењето во сопствениот дом. Овие структури се развиле како хибриден модел кој се наоѓа на пресекот меѓу областа на социјалното домување и системот на социјални и здравствено-социјални услуги. Во својата основна форма, *logements-foyers* се состојат од самостојни станбени единици, кои се поврзани со заеднички простории и услуги со доброволна употреба, како што се оброци, домашна помош, активности за социјализација и во одредени случаи, парамедицинска поддршка.[567]

Со текот на времето, правниот и институционален статус на *logements-foyers* се развил под влијание на демографските и социјалните промени, што резултираше со

---

[566] Zervogianni E. (2011). Non-institutional care for seniors from a civil law perspective...*op.cit.*, p.194

[567]« Les logements-foyers », Weka, dans *La création d'établissements et services sociaux et médico-sociaux*, Éditions Weka, Достапно на: https://www.weka.fr/action-sociale/base-documentaire/ccas-et-cias-wk331/la-creation-d-etablissements-et-services-sociaux-et-medico-sociaux-sl6947607/les-logements-foyers-sl6947800.html, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.

нивна формална вклученост во законската рамка на Француската Република. Според францускотo законодавство, овие форми на домување се регулирани преку два основни правни акта: Кодексот за градежништво и домување (*Code de la construction et de l'habitation – CCH*)[568] и Кодексот за социјална акција и семејства (*Code de l'action sociale et des familles – CASF*)[569].

Според CCH, *logements-foyers* , претставува установа наменета за колективно живеење како главно место на престој на лица, во згради што содржат истовремено приватни простории (опремени или не) и заеднички простории наменети за колективен живот.[570] Членот L.633-2 воспоставува обврска за склучување на писмен договор за престој.[571] Со потпишување на договорот, корисникот воедно го прифаќа и внатрешниот правилник на установата, кој е негов составен дел. Дополнително, раскинување на договорот од страна на управител е дозволено само во три случаеви: сериозно прекршување на договорот или правилникот од страна на корисникот, затворање на установата или губење на условите за престој. Овие одредби преставуваат механизам за заштита од доброволно иселување, особено во случај на ранливи лица. Конечно, членот L.633-4 предвидува учество на корисниците во управувањето со установата преку формирање на совет за консултации и комитет на жители.[572]

Паралелно со ова, CASF го поставува *logement-foyer* како социјална или социјално-медицинска установа, согласно членот L.312-1, I, точка 6°, што ги вклучува овие структури во поширокиот систем на социјална заштита. Тоа подразбира дека *logements-foyers* се предмет на регулативи поврзани со квалитетот на услугите, надзорот од страна на јавните власти, потребата од авторизација за работа, условите за прием и категориите корисници. Овие правни обврски имаат за цел да обезбедат почитување на достоинството, автономијата и правната сигурност на постарите лица,

---

568 *Code de la construction et de l'habitation (CCH).* Version 13 June 2025. Достапно на: https://www.legifrance.gouv.fr/codes/texte_lc/LEGITEXT000006074096/2025-06-13/, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.

569 *Code de l'action sociale et des familles (CASF).* Version 18 June 2025. Достапно на: https://www.legifrance.gouv.fr/codes/texte_lc/LEGITEXT000006074069/, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.

570 Article L.633-1 CCH.

571 Договорот мора да ги содржи основните елементи: датум на стапување на сила, услови за раскинување, цена и структура на трошоците, понудени услуги (вклучувајќи и дополнителни со нивна цена), опис на приватните и заедничките простории.

572 Советот е составен од претставници на управителот, сопственикот и избрани жители, и се состанува најмалку еднаш годишно. Комитетот на жители се избира од страна на самите корисници и има право на учество и изразување мислење во врска со правилникот, проектите за унапредување и условите за живот. Управителот е должен да обезбеди простории и технички средства за активностите на комитетот.

како и да овозможат транспарентност во финансирањето и одговорност на управувачките структури.

### 2.2.2. Франција – Résidences services

Сервисните домови (Résidences services) претставуваат специфична форма на домување наменета за независни или релативно независни постари лица, кои нудат приватно сместување во комбинација со колективни услуги. Овие установи најчесто се наоѓаат во непосредна близина на инфраструктурни капацитети како продавници, јавен транспорт и други услуги, што им овозможува на жителите лесен пристап до секојдневните потреби. Сервисирани домови се управувани претежно од приватни комерцијални субјекти или здруженија.[573]

Оваа форма на домување е наменета пред сè за постари лица кои се способни за самостојно живеење, било индивидуално или во пар, но кои повеќе не можат или не сакаат да останат во сопствениот дом поради различни причини, вклучувајќи и желба за одржување на општествена активност.[574] Од друга страна, сервисираните домови не се погодни за лица кои имаат потреба од издржување или интензивна медицинско-социјална поддршка, што ги разликува од класичните социјални или медицинско-социјални установи.

Функционирањето на сервисирани домови се базира на комбинација на приватни станбени единици, кои станарите можат да ги изнајмат или да ги купат. Поради зголемената цена на овој вид домување, овој аранжман за живеење во моментов е ограничен на средната класа или постари лица со повисоки примања. Сепак, во очекување на идната потреба од вакви објекти, државата обезбедува стимулации за понатамошен развој на овој модел, доделувајќи даночни олеснувања на лицата кои инвестираат во такви планови за домување.[575]

Станарите имаат право да си го опремат својот простор според сопствени желби, што придонесува за чувство на дом и автономија. Од услугите што се обезбедуваат, некои се обврзувачки и достапни за сите, како што се персонализиран пречек за корисниците и нивните посетители, безбедносни системи, пристап до заеднички простории и уредени градини, додека други се индивидуализирани и се плаќаат според

---

[573] « Les résidences services, pour qui ? », *Pour les personnes âgées.gov.fr. miss à jour le 04.03.2025.* Достапно на: https://www.pour-les-personnes-agees.gouv.fr/changer-de-logement/vivre-dans-une-residence-avec-services-pour-seniors/les-residences-services-pour-qui, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.
[574] Ибид.
[575] Zervogianni E. (2011). Non-institutional care for seniors from a civil law perspective...*op.cit.,*p.195-196

вистинската употреба. Корисниците можат да користат и услуги како што се: лична асистенција, домашна медицинска нега и сл.[576] Оваа флексибилност им овозможува на жителите да ја прилагодат понудата според своите потреби и желби.

Законската рамка која ги регулира овие установи во Франција, особено по донесувањето на Законот за прилагодување на општеството кон стареењето од 2015 година[577], предвидува основни правила кои го регулираат односот помеѓу управувачите и жителите. На пример, е воспоставена обврска за формирање на Совет на жителите, кој овозможува станарите да бидат консултирани за одлуки поврзани со управувањето и услугите.[578] Ова претставува важен аспект од демократското управување и заштита на правата на корисниците во овие установи.

Во контекст на социо-правната заштита на постарите лица во Франција, Résidences services и logements-foyers преставуваат две различни но комплексни форми на домување, кои одговараат на разновидните потреби на постарата популација.

Résidences services се наменети за релативно независни постари лица, кои иако сè уште се способно за самостоен живот, бараат поудобна и побезбедна средина. Овие резиденции се претежно управувани од приватни субјекти, и им овозможуваат на станарите пристап до услуги по избор, кои се наплатуваат според употребата. Нивниот статус не е социјален, и тие не спаѓаат по социјално или медицинско-социјално домување, туку подлежат на специфични одредби на CCH , особено по измените воведени со Законот за прилагодување на општеството кон стареењето во 2015 година.

Од друга страна, logements-foyers, се структури создадени со јавно-социјална функција, главно наменети за постари лица со делумно намалена автономија, кои сепак не бараат постојана здравствена нега. Овие установи комбинираат самостојни станбени **е**диници со основни заеднички услуги (исхрана, безбедност, социјална активност) и понекогаш и социјално-медицинска поддршка. За разлика од résidences services, logements-foyers се регулирани преку јавни правни инструменти, вклучувајќи

---

[576] « Les résidences services, pour qui ? », *Pour les personnes âgées.gov.fr. miss à jour le 04.03.2025.* Достапно на*:* https://www.pour-les-personnes-agees.gouv.fr/changer-de-logement/vivre-dans-une-residence-avec-services-pour-seniors/les-residences-services-pour-qui, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.

[577] *Loi n° 2015-1776 du 28 décembre 2015 relative à l'adaptation de la société au vieillissement.* Достапно на: https://www.legifrance.gouv.fr/loda/id/LEGIARTI000031706464/2015-12-30/#LEGIARTI000031706464, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.

[578] Член 15 од Законот бр. 2015-1776 од 28 декември 2015 година („Loi relative à l'adaptation de la société au vieillissement“) ги воспоставува основите за правна регулација на résidences-services, преку вметнување на нови членови во Кодексот за градежништво и домување (CCH). Поточно со член 15 од Loi се вметнува секција 15 Résidences-services во CCH, која ги вклучува L631-13, L631-14, L631-15, L631-16.

го Кодексот за градежништво и домување (CCH) и Кодексот за социјална акција и семејства (CASF).

Во таа смисла, изборот помеѓу овие две форми на домување не се заснова само на степенот на автономија, туку и на финансиските можности, видот на потребна поддршка, како и на желбата за поинтензивно социјално вклучување или приватност.

### 2.2.3. Un toit deux générations – меѓугенерациско домување

„Un toit deux générations“ претставува француски модел на меѓугенерациско домување, кој слично на германскиот „Wohnen für Hilfe“, промовира заемна поддршка и солидарност помеѓу млади и постари лица. Овој модел се развива локално, во рамки на една нова, но фрагментирана социјална динамика, каде што индивидуални иницијативи и заеднички интереси меѓу генерации водат кон нови форми на живеење. Првите форми на оваа пракса се појавуваат преку неформални зближувања, како што се мали огласи од поединци кои нудат соба на студент во замена за присуство, без финансиска компензација. Во периодот 2004 до 2005 година, овој тип на неформално домување постепено преминува во поорганизирани асоцијативни структури, пред сè во регионот на Île-de-France, каде се формираат клучни иницијативи како *PariSolidaire*, *Atout'âge* и *Logement-Intergénération*.[579]

Овие организации претставуваат првична институционализација на моделот, со цел да посредуваат меѓу постари лица и млади потстанари преку структурирани процеси на селекција и поврзување.

Особено значаен чекор кон институционализација претставува потпишувањето на Повелбата за интеграциско домувуање од страна на Градот Париз во април 2010 година, во соработка со трите водечки организации во оваа област: *PariSolidaire*, *Logement-Intergénération* и *Ensemble2générations.* Ова партнерство означува прв случај на формализирана соработка помеѓу јавната власт и граѓанскиот сектор во областа на интеграциското домување.[580] Во рамки на овој институционален контекст, јавните власти обезбедуваат различни форми на поддршка: од субвенции, преку методолошка експертиза, до техничка и логистичка помош од страна на локалните власти.

[579] Némoz S. (2017). Le devenir de l'habitat intergénérationnel : une revisite socio anthropologique. Gérontologie et société, 2017/1, vol.39,n°152, p.207-220, DOI:10.3917/gs1.152.0207. Достапно на: https://shs.cairn.info/revue-gerontologie-et-societe-2017-1-page-207?lang=fr, последно пристапено на:17 јуни 2025 година.
[580] Ибид.

Истовремено, во францускиот контекст се бележи професионализација на дел од овие асоцијации, особено на оние кои започнале со активности десетина години претходно. Еден од најголемите асоцијативни мрежи за меѓугенерациско домување - *Réseau-CoSI*, создаден од *PariSolidaire*, во 2014 година добива престижната ознака „La France s'engage", што претставува претседателско признание за иновативни социјални и солидарни иновација.[581]

Конкретна илустрација за оваа флексибилност може да се најде во практиките на организацијата Ensemble2générations[582], која на својата официјална веб-страница нуди два структурирани модели на меѓугенерациско домување, прилагодени на различни потреби и мотивации кај повозрасните лица. Во првиот модел, домаќинот отстапува соба во својот дом, не бара финансиска компензација, но очекува присуство и повремена помош во секојдневните активности — како на пример помош при користење компјутер, мала поддршка при извршување административни задачи или придружба. Во вакви случаи, младата личност плаќа симболичен надомест, кој може да се движи од 10 до 150 евра месечно, во зависност од договорените обврски и степенот на вклученост. Во вториот модел, наречен Convivialité, акцентот е ставен на социјалната димензија на заемната поддршка. Домаќинот, поттикнат од духот на солидарност или потребата за надополнување на месечните приходи, отстапува соба во својот дом на млад станар во замена за скромен, но стабилен финансиски надомест. Овој модел се спроведува во согласност со францускиот закон ELAN[583], кој овозможува легално и транспарентно структурирање на ваквите договори.

Меѓутоа, и покрај овој институционален напредок, моделот се соочува со економски и правни бариери. Развојните процеси не се засноваат исклучиво на волонтеризам, а финансискиот товар поставува прашања за рамномерноста на придонесите од вклучените страни. Дополнително, правната несигурност може да има последици: доколку студентот има повисоки приходи, може значително да се зголеми данокот на домување на пензионерот, бидејќи тој се пресметува според вкупните приходи на сите лица што живеат под ист покрив; ако пак е примател на социјални помош, преминот од статус на изолиран домаќин во статус на ко-жител може да доведе до губење на дел од социјалните бенефиции.

---

[581] Ибид.

[582] Види повеќе:Ensemble 2 generations: Достапно на: https://ensemble2generations.fr/heberger/vous-avez-plus-de-60-ans, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.

[583] Loi n° 2018-1021 du 23 novembre 2018 portant évolution du logement, de l'aménagement et du numérique (dite loi ELAN), *Journal Officiel de la République Française*, 24 novembre 2018.

*Табела 2: Компаративна анализа на модели на домување и нега за стари лица во Германија и Франција*

| Карактеристика | Германија – Betreutes Wohnen (домување со општи услуги на поддршка) | Германија – Betreutes Wohnen (домување со зголемена нега и поддршка) | Германија – Wohnen für Hilfe | Франција – Logements-foyers | Франција – Résidences services | Франција – Un toit deux générations |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Тип на домување** | Домување со општа поддршка | Домување со интензивна нега и поддршка | Меѓугенерациско домување (студент – постар) | Јавно домување со поддршка | Приватни станови со сервиси/услуги | Меѓугенерациско домување (студент-постар) |
| **Целна група** | Независни постари лица | Зависни постари лица | Постари лица + студенти | Самостојни постари лица со економски, функционални или социјални пречки | Самостојни лица со фин. средства | Постари лица + студенти |
| **Ниво на поддршка** | Основни услуги (стан + услуга) | Медицински сервиси(сместување + зголемена поддршка и нега) | Неформална помош | Основни услуги (оброци, домашна помош, активности за социјализација и во одредени случаи, парамедицинска поддршка) | Услуги по избор (чистење, храна, безбедност) | Неформална помош |
| **Правна рамка** | Општ граѓански законик | (Wohn und Betreuung | Неформално | (*Code de la construction et de* | Loi relative à l'adaptation de la société | Неформално и ELAN |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | (договор за закуп или договор за купопродажба + договор за услуги) | svertragsgesetz – WBVG )– специјален закон | | *l'habitation* – *CCH*) и (*Code de l'action sociale et des familles* – *CASF*) | au vieillissement | |
| **Социјален ефект** | Овозможува автономија на постарите лица | Обезбедува автономија, сигурност и нега | Градење меѓугенерациска кохезија | Обезбедува правна сигурност и автономија на постарите лица | Поддржува активно стареење | Градење меѓугенерациска кохезија |

### 2.3. Предизвици и можности за примена во Република Северна Македонија

Во Република Северна Македонија, уредувањето на грижата за старите лица се реализира преку неколку правни акти, меѓу кои централно место зазема Законот за социјална заштита. Сепак, постојната регулатива не одговара во целост на современите демографски и социјални промени, ниту пак овозможува доволно флексибилни решенија за различни форми на домување и поддршка.

Во Република Северна Македонија, примена на договорите за доживотна издршка со правни лица и современите модели на домување за постарите лица се соочува со повеќе предизвици, но и нуди значајни можности за развој. Еден од главните проблеми е недоволната правна регулатива која јасно и посебно ги уредува овие договори, што создава правна несигурност за двете договорни страни. Институционалната грижа, иако законски дефинирана, често се соочува со недостаток на капацитети и човечки ресурси, додека алтернативните форми на нега остануваат недоволно регулирани или целосно игнорирани.

Од друга страна, Република Северна Македонија има значаен потенцијал да ги прилагоди и имплементира успешните европски практики во областа на домувањето и договорите за доживотна издршка. Примерите од Германија и Франција, каде што се користат различни форми на домување со поддршка и специфични законски решенија, може да послужат како основа за креирање на ефективна законска рамка која ќе ги заштити правата на примателите и давателите на издршка. Воведувањето на прецизни и специјализирани правни норми би ја зголемило правната сигурност и би овозможило

развој на квалитетни услуги кои ќе овозможат поголема автономија и социјална интеграција на постарите лица.

Дополнително, за успешно воведување на овие модели, неопходна е едукација и подигнување на јавната свест за придобивките од современите форми на домување и правните договори поврзани со доживотната издршка. Кампањите за информирање, зајакнувањето на капацитетите на граѓанските организации и партнерствата меѓу јавниот и приватниот сектор се клучни за создавање поволна средина за развој на нови решенија во полето на социјалната заштита и заштитата на старите лица. Во тој контекст, културолошките специфики и традиционалната улога на семејството како примарен давател на грижа треба да се земат предвид при креирањето на политики и услуги, за да се овозможи хармонична интеграција на новите модели во општеството.

Иако предизвиците се бројни, постојат реални можности за Република Северна Македонија да ја развие правната и социјалната инфраструктура за поддршка на постарите лица преку иновативни договори и модели на домување, кои ќе овозможат подобар квалитет на живот и заштита на нивните права.

Сумирано, создавањето на јасна и предвидлива правна рамка за договори за доживотна издршка и развој на современи форми на домување за постари лица претставува неопходен чекор кон изградба на одржлив систем на социјална заштита кој ќе ги интегрира принципите на автономија, солидарност и достоинствено стареење.

Во нашата држава, и покрај тоа што постојат форми на договорна издршка преку договори за доживотно издржување, тие се ограничени поради недоволна правна заштита на ранливите страни, отсуство на надзорни механизми и слаб интерес за формализирање на алтернативни модели. Истовремено, нема посебни форми на ко-домување или меѓугенерациско сместување. Во тој контекст, би било корисно да се размислува за пилот-проекти инспирирани од моделите на „betreutes Wohnen“ и „Un toit deux générations“, прилагодени на локалните социјални и културни услови, со поддршка од општините, невладиниот сектор и потенцијално меѓународни фондови.

### 2.4. Предлог за нова форма на заштита: колективно домување

Врз основа на изнесените предизвици и можности, како и на позитивните искуства од европските држави, потребно е да се размислува за развивање на нова форма на заштита – колективно и домување за постари лица.

Имајќи ги предвид демографските промени, порастот на старото население, миграциите и постепеното исчезнување на традиционалните семејни структури, се создава нова општествена реалност во која голем дел од старите лица остануваат сами, без блиски членови на семејството кои би можеле да се грижат за нив. Од друга страна, ограничените институционални капацитети, недоволната достапност на услуги за грижа во заедницата и нерамномерната географска распределеност на постојните форми на поддршка создаваат празнина во системот на социјална заштита.

Во вакви услови, класичните форми на семејна или институционална грижа стануваат недоволни за да одговорат на потребите на постарата популација. Истовремено, многу стари лица, и покрај возраста, настојуваат да ја задржат својата автономија и независност, но чувствуваат потреба од заедништво, поддршка и чувство на припадност. Поради тоа, потребно е да се размислува за воспоставување на нови, пофлексибилни и инклузивни форми на заштита кои би го комбинирале најдоброто – индивидуалната независност и колективна сигурност.

Една можна насока за развој на нови форми на грижа е воспоставувањето на заеднички модели на домување во форма на *задруга на постари лица*, кои доброволно се здружуваат заради заемна поддршка, споделување ресурси и организирање на грижа во секојдневниот живот.[584] Таквиот модел би претставувал форма на „социјален ортаклак", во која неколку лица – често пријатели, соседи или пензионери со слични потреби – се здружуваат за да создадат заедничко живеалиште, да ангажираат заеднички негувател или обезбедат услуги за помош во домаќинството. При тоа, секој членот ја задржува својата индивидуалност и приватен простор, но истовремено учествува во организација на секојдневните активности и одлуки од заеднички интерес. Овој модел би се засновал на начелата на солидарност, заемна помош и колективна одговорност, при што повеќе лица би живееле заедно во заеднички простор или во поврзани индивидуални единици.

---

[584] Слични модели на колективно домување за постари лица се развиени во низа европски и англосаксонски земји, каде постарите доброволно се здружуваат во заедници за меѓусебна поддршка, солидарност и организирана грижа, при што се зачувува нивната автономија и приватност. За повеќе за концептот на *cohousing* и можните модели на заедничко домување за постари лица, види: Glass A.(2013). *Lessons Learned From a New Elder Cohousing Community*, *Journal of Housing for the Elderly*, Vol. 27, No. 4, 2013, pp. 348–368; Brenton M. (2013). *Senior Cohousing Communites – An Alternative Approach for the UK?* JRF Programme Paper, London, 2013, достапно на: https://www.housinglin.org.uk/_assets/Resources/Housing/OtherOrganisation/senior-cohousing-communities-full.pdf; Dick Urban Vestbro (ed.).(2010), *Living Together – Cohousing Ideas and Realities Around the World*, Proceedings from the International Collaborative Housing Conference, Stockholm, 5–9 May 2010, Royal Institute of Technology / Kollektivhus NU, Stockholm, достапно на: https://kollektivhus.se/wp-content/uploads/2017/06/Livingtogetherwebb-1.pdf, последен пристап на: 20.10.2025 година.

За илустрација, можната примена на ваквиот модел, може да се замисли ситуација во која неколку постари лица, по пензионирањето, одлучуваат да формираат заедничка заедница за живеење базирана на меѓусебна помош и солидарност. Тие заедно ги споделуваат трошоците за домување и исхрана, организираат заеднички активности и создаваат систем на поддршка за секој членот според неговите потреби. Во рамките на заедницата, можно е да се вклучи и професионален давател на услуги – медицинска сестра, социјален работник или негувател – кој ќе ги поддржува членовите при посебни здравствени или секојдневни потреби, додека основата останува во меѓусебната грижа и социјалната кохезија. Клучната цел на ваквиот модел не е економската корист, туку создавање одржлива социјална структура што обезбедува безбедност, припадност и достоинствено стареење.

Ваквиот модел би бил особено применлив за постари лица кои не сакаат институционално сместување, но истовремено не можат да живеат сами. На овој начин се создава трет модел на грижа помеѓу семејната и институционалната грижа, поттикнувајќи колективна одговорност, солидарност и активно стареење.

Правно, оваа форма би можела да се организира како задруга или непрофитно здружение со социјална намена, со јасно уредени правила за членство, управување, заедничко користење на средства и распределба на обврски. При тоа, потребно е да се уредат прашањата поврзани со имотните односи меѓу членовите, управувањето со заедничките средства и одговорноста за издршката и грижата, со цел да се обезбеди правна сигурност и заштита на секој учесник. Во законската рамка би можело да се предвиди признавање на ваквите заедници како „форми на поддржано живеење во заедницата", со можност за финансиска, организациска или логистичка помош од страна на локалните власти, како и со вклучување на професионални даватели на услуги кога тоа е потребно. Во нашите услови, ваквиот модел би можел да биде поддржан преку општински програми, јавни грантови или партнерства со граѓански организации, а со соодветна правна рамка би се овозможило здружувањето на повеќе лица за заедничко живеење и грижа без потреба од класично институционално сместување.

Главната предност на овој пристап е во балансот помеѓу независноста и поддршката: членовите ја задржуваат својата приватност и автономија, но истовремено имаат пристап до безбедна, пријателска средина и взаемна помош. Ова ја намалува социјалната изолација, поттикнува активен и достоинствен живот и создава чувство на заедница, кое е особено важно за менталното и емоционалното здравје на постарите лица.

Со имплементација на ваквиот модел, Република Северна Македонија би можела да понуди иновативна, одржлива и социјално интегративна форма на домување, која ги комбинира предностите на самостојното живеење, социјалната поддршка и професионалната грижа. Овој пристап има потенцијал да се прилагоди на локалните услови и културни специфики, овозможувајќи развој на модели кои се финансиски одржливи и во согласност со современите стандарди за заштита на правата и автономијата на постарите лица. Со тоа, моделот би бил усогласен и со европските насоки за промовирање на активно и здраво стареење, поддржано живеење и развој на заедници што поттикнуваат солидарност и инклузија.




*Слика 1: Концепт на задруга на постари лица како форма на колективно домување*[585]

[585] Извор: изработена од авторот со помош на вештачка интелигенција.

# ГЛАВА IX

# ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. ПРАКТИКА НА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА: АНАЛИЗА НА УЛОГАТА НА ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ КАКО ДАВАТЕЛИ НА ИЗДРШКА

За да се пристапи кон анализа на договорот за доживотна издршка, каде како давател се јавува Центарот за социјални работи, потребно е да се разгледа сложената природа на процесот, кој бара интердисциплинарен пристап. Овој договор не само што опфаќа правен аспект, туку исто така ги вклучува и социјалните, економските и етичките аспекти, што ја прави анализата многу поопсежна и комплексна.

**Методологија на истражувањето:** анализата на практиката на склучување договори за доживотна издршка каде Центарот за социјални работи се јавува во улога на давател на издршка се базира на квалитативен истражувачки пристап. Истражувањето има за цел да го испита практичната примена на склучувањето и спроведувањето на договорот за доживотна издршка, причините за ограничената употреба, како и потенцијалната дискрепанца помеѓу нормативната рамка и практичната реалност во функционирањето на ЦСР.

Методолошки, процесот се состоеше од:

- Официјално барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, упатено до сите ЦСР на територија на РМ (Прилог 1),
- Официјално барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, упатено до Министерството за социјална политика, демографија и млади на РСМ (Прилог 2),
- Спроведување полуструктурирани интервјуа со вработени во ЦСР (Прилог 3 и Прилог 4).

Во таа насока беа изработени три посебни прашалници: еден наменет за Центрите за социјална работа кои немаат склучено договор за доживотна издршка, друг за оние кои имаат практично искуство во нивно склучување, како и до Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## 1.1. Резултати од истражувањето

### 1.1.1. Податоци добиени преку барање за слободен пристап до информации

Со цел да се добијат конкретни податоци за примената на договорите за доживотна издршка, како и за улогата на Центарот за социјални работи во процесот на нивното склучување, спроведено беше истражување кое вклучуваше поднесување на барања за слободен пристап до информации до Центрите за социјални работи во Република Северна Македонија. Истражувањето имаше за цел да ја анализира праксата на склучување на договорите за доживотна издршка како и да се утврди бројот на договори склучени во периодот од 2018-2023 години.

*Табела 3: Број на склучени договори со Центрите за социјална работа како даватели на издршка во периодот од 2018 до 2023 година на територијата на Република Северна Македонија*

| Број | Центар за социјална работа | Број на склучени договори |
|---|---|---|
| **1** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово | 4 |
| **2** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Битола | 8 |
| **3** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Македонски Брод | 0 |
| **4** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Виница | Нема информација |
| **5** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Валандово | 0 |
| **6** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Гевгелија | 0 |
| **7** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Гостивар | 0 |
| **8** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Дебар | Нема информација |
| **9** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Делчево | 0 |
| **10** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Демир Хисар | 0 |
| **11** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Крушево | 0 |
| **12** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Куманово | 11 |

| | | |
|---|---|---|
| **13** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Крива Паланка | 0 |
| **14** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кочани | Нема информација |
| **15** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кичево | 10<br>(од 1985-2012) |
| **16** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кавадарци | 3<br>(во период пред 2018г.) |
| **17** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кратово | 0 |
| **18** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Неготино | 0 |
| **19** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Охрид | 0 |
| **20** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Прилеп | 13 |
| **21** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Пробиштип | 0 |
| **22** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Ресен | Нема информација |
| **23** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Радовиш | Нема информација |
| **24** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје | 0 |
| **25** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга | 0 |
| **26** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Струмица | 0 |
| **27** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Свети Николе | 0 |
| **28** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Велес | 3 |
| **29** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Тетово | 0 |
| **30** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Штип | 0 |

### 1.1.2. Полуструктурирано интервју со Центарот за социјални работи во Штип

Во рамките на истражувањето на правната регулатива и практиката за склучување договори за доживотна издршка во Македонија, беше спроведено полуструктурирано интервју со раководителот на Центарот за социјални работи во Штип. Со оглед на претходно доставеното барање за слободен пристап до информации, во кое беше побарана статистика за склучените договори за доживотна издршка, а по увидот дека во Центарот за социјални работи Штип досега не се склучени вакви договори, прашањата се насочени кон утврдување на причините за оваа ситуација и потенцијалните пречки кои го спречуваат нивното спроведување. Целта на интервјуто беше да се истражат причините за недостигот на практика за склучување на овие договори и да се идентификуваат административните, правните и кадровските пречки кои можат да влијаат на спроведувањето на ваквите договори.

Интервјуто беше спроведено лице в лице во просториите на Центарот за социјални работи во Штип. Интервјуто беше неформално, но истовремено следеше структуриран пристап за да се обезбеди јасна слика за постоечката пракса и можните пречки за спроведување на договорите за доживотна издршка.

Поставените прашања беа од отворен тип и беа насочени кон добивање детален увид во:

- Причините за тоа што немаат склучено договори за доживотна издршка во пракса,
- Кадровските и финансиските ресурси на Центарот за социјални работи,
- Потребата за подобрување на информираноста за договорите за доживотна издршка.

**1. Прашање: Што се причините за тоа што досега не сте склучувале договори за доживотна издршка со стари лица? Дали постојат правни или административни пречки кои го спречуваат склучувањето на овие договори?**

„Основните причини за кои досега не сме склучувале договори за доживотна издршка со стари лица произлегуваат од повеќе аспекти. Прво, имотот што е предмет на договорот по смртта на примателот на издршката се префрла на државата, но има роднини кои се спротивставуваат на таквиот пренос на имотот. Втора причина е субјективноста на самиот процес – многумина не се подготвени да го пренесат својот имот на државата. Иако има подалечни роднини, многумина од старите лица се

одлучуваат да го задржат имотот во кругот на семејството, бидејќи не сакаат да се одречат од него во корист на други лица – државата. Имало ситуации кога лице кое е деловно неспособно, поседува имот и има потреба да склучи договор за доживотна издршка. Договорот не бил склучен навремено, а кога старателот починал, постапката не продолжила, поради специфичноста на ситуацијата.“

**2. Прашање: Дали Центарот за социјални работи има доволно ресурси (финансиски и кадровски) за да управува со договорите за доживотна издршка ако тие започнат да се склучуваат?**

„Во моментот, нашиот Центар не располага со доволно кадровски ресурси кои би се специјализирале исклучиво за работа со договорите за доживотна издршка. Имаме административни пречки во смисла на недостаток на правници или други експерти кои би се посветиле само на оваа област. Од финансиски аспект, нема пречки – Центарот има средства за да го покрие овој тип на постапки, но проблемот лежи во недостатокот на соодветен кадар кој би можел да се посвети целосно на овие задачи.“

**3. Прашање: Дали постои потреба за подобрување на информираноста или образованието за договорите за доживотна издршка во вашата заедница?**

„Апсолутно. Потребата за подобрување на информираноста е многу голема. Во нашата заедница, луѓето често не се запознаени со сите правни аспекти на договорите за доживотна издршка.. Самиот процес на пренос на имот и условите под кои може да се склучи ваков договор треба да бидат многу појасни за луѓето, особено за старите лица и нивните семејства.“

**4. Прашање: Која е улогата на Центарот за социјални работи при склучување на договорите за доживотна издршка?**

„Нашата улога при склучување на договори за доживотна издршка е да обезбедиме одобрение, во случаи кога примателот на доживотна издршка е лице на кое му е одземена деловната способност, па за него договорот за доживотна издршка ќе го склучи неговиот старател со одобрение од Центарот за социјални работи. Во повеќе случаи, ние исто така сме задолжени да вршиме проценка на благосостојбата на лицето кое ќе прима издршка и да го процениме дали се исполнети сите предуслови за склучување на договорот.“

**5. Прашање: Дали во пракса е имало ситуација да се јави Центарот во улога на давање одобрение за склучување на договорот за доживотна издршка?**

„Да, имало случаи кога Центарот за социјални работи се вклучил во процесот на давање одобрение за склучување на договор за доживотна издршка. „Во текот на интервјуто,

беше споделен конкретен случај во кој родители, чие дете има пречки во развојот, но на кое не му е одземена деловната способност во вонпарнична постапка, родителите сакале да обезбедат некој да се грижи за него по нивната смрт и затоа сакаат да склучат договор со трето лице. Меѓутоа, по упатството од нотарот, тие се обратиле во Центарот за социјални работи, каде што било потребно да се назначи службено лице или адвокат кој ќе ги застапува интересите на детето и ќе се осигура дека договорот ќе биде извршен во согласност со законските и правните прописи."

**Дискусија:**

Практиката покажува дека бројот на склучени договори за доживотна издршка, каде Центарот за социјални работи настапува како давател на издршка, е релативно низок. Некои Центри за социјална работа немаат склучено договори (означено со 0), додека за одредени Центри нема информации. Најголем број договори се склучени во Куманово (11), Прилеп (13) и Битола (8).

Одговорите дадени во интервјуто со Центарот за социјални работи во Штип укажуваат на неколку клучни фактори кои ја објаснуваат ниската практична примена на договорите за доживотна издршка. Според податоците добиени од Центарот, главните пречки не се само правни и административни, туку и културни и семејни. Одговорите го истакнуваат проблемот со преносот на имотот на државата по смртта на примателот на издршката, што е причина за отпор од страна на роднините. Во многу случаи, семејствата не сакаат да го пренесат имотот на државата, туку се одлучуваат да го задржат во рамките на семејството. Ова не е само правен проблем, туку и прашање на семејни вредности и традиции, кои го формираат ставот на многу луѓе дека имотот треба да остане во семејството, а не да се пренесе на државата. Таа традиционална приврзаност кон имотот и желбата за негово зачувување во семејниот круг често претставуваат значителна бариера за прифаќање на договорите за доживотна издршка.

Понатаму, одговорите на прашањата за кадровските и финансиските ресурси покажуваат дека Центарот за социјални работи во Штип не располага со доволно специјализиран кадар за да се посвети исклучиво на оваа област. Иако финансиски нема пречки, недостатокот на експерти и правници со соодветни компетенции создава административни пречки, што дополнително го забавува процесот. Ова укажува на потребата од поефикасна организација и специјализиран кадар за да се овозможи успешно спроведување на договорите. Дополнително, потребата за подобрување на информираноста за договорите за доживотна издршка постои во заедницата. Најголем

дел од луѓето, особено старите лица и нивните семејства, не се запознаени со сите правни аспекти на овие договори. Потребно е да се развие свеста кај населението, со што ќе се обезбеди поголема јасност околу процесот на пренос на имот, правните услови под кои може да се склучи ваков договор, како и потенцијалните предности од склучувањето на овие договори.

### 1.1.3. Полуструктурирано интервју со Центри за социјални работи кои се даватели на издршка

Во рамките на истражувањето за практиките поврзани со склучувањето договори за доживотна издршка, беше спроведено полуструктурирано интервју со релевантни претставници од Центрите за социјални работи, кои досега имаат воспоставено ваков тип договорни односи. Целта на интервјуто беше да се добие увид во тековните практики, како и предизвици со кои овие институции се соочуваат во спроведувањето на договорите за доживотна издршка..

Истражувањето опфати три Центри за социјални работи:

- Центар за социјални работи – Велес
- Центар за социјални работи – Куманово
- Центар за социјални работи – Берово

Интервјуата беа спроведени преку методот лице-в-лице, со примена на структуриран пристап, со цел да се обезбеди систематско прибирање на релевантни податоци.
Прашањата во интервјуто беа насочени кон неколку клучни аспекти:

- Моменталната процедура за склучување договори за доживотна издршка
- Предизвици во управувањето со договорите
- Процена на потребите на постарите лица
- Процесот на избор на дом за стари лица
- Правна одговорност во случај на повреда на примателот на издршката
- Постапката за пренос на имот по смртта на примателот на издршката на ЦСР
- Постапки при настанување на спор
- Механизми за мониторинг и надзор.

## Прашање I: ***Какви се моменталните процедури за склучување договори за доживотна издршка?***

Процесот на склучување договори за доживотна издршка во сите Центри за социјална работа (ЦСР) започнува со поднесување барање од страна на потенцијалниот примател на издршка, а договорите за доживотна издршка се склучуваат и заверуваат пред надлежен суд или нотар. Иако процедурите имаат заеднички основи, секој Центар има свои специфики, кои се резултат на локалната пракса и законски предвидени обврски.

Во ЦСР – Куманово, процедурата за склучување на договорот за доживотна издршка започнува со утврдување на социјалната состојба на лицето, по што следува процена на неговите потреби. Ако се утврди дека лицето има нерешен имотен статус (физичка делба, оставина), се склучува преддоговор, при што ЦСР ја презема одговорноста за решавање на овие имотни прашања. ЦСР ги покрива сите трошоци за административните постапки (такси). Откако ќе се решат сите имотни прашања, се склучува финален договор за доживотна издршка, каде предмет на договорот може да биде недвижен имот или парични средства. Овој чекор е клучен за обезбедување стабилност на договорот, бидејќи гарантира дека имотот на примателот фактички е пренесен во неговата сопственост и дека не постојат никакви правни пречки во исполнувањето на договорот.

Од страна на ЦСР – Куманово беше посочено дека досега имале ситуации во кои старателот изразил намера да склучи договор за доживотна издршка со лицето за кое му е доделено старателство. Сепак, Центарот не дава согласност за ваков договор, бидејќи токму обврска на старателот е да се грижи за заштитеното лице на кое му е одземена деловната способност.

Исто така, беше нагласено дека во секој ваков случај потребно е внимателно да се процени дали постои ризик од можност за злоупотреба на положбата и состојбата на заштитеното лице, со цел да се обезбеди максимална заштита на неговите права и интереси.

Во ЦСР – Велес, постапката за склучување договори за доживотна издршка започнува со поднесување барање од страна на заинтересираните лица, најчесто тоа се лица кои немаат роднини кои би се грижеле за нив. ЦСР ги добива потребните документи (имотни

листови, лична документација). Средствата кои ЦСР ги користи за обврските произлезени од договорите се обезбедуваат преку буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Постапката за склучување договор за доживотна издршка во ЦСР – Берово започнува по иницирање на потенцијалниот примател на издршка. Во одредени случаи, доколку се процени дека лицето е во социјален ризик, ЦСР може да предложи склучување договор за доживотна издршка. Прво се врши проценка на социјалната состојба на лицето и се проверува дали имотот што го поседува е во рамките на законскиот минимум (7.000 денари). Ако лицето ги исполнува условите за договор, ЦСР врши процена на имотот на трошок на Центарот, по што следи добивање согласност од Министерството за социјална политика, демографија и млади. Министерството ја разгледува вредноста на имотот и одлучува дали има потреба од измени. По добивањето на согласноста, постапката продолжува пред суд, каде што се склучува договорот за доживотна издршка. Досега сите договори за доживотна издршка, ЦСР – Берово ги склучува пред суд во присуство на двајца сведоци, како што предвидува законската регулатива.

Во сите Центри за социјални работи вклучени во истражувањето, финансиските средства што ЦСР ги издвојуваат како обврска која произлегува од договорот за доживотна издршка се обезбедуваат од државниот буџет, односно преку Министерството за социјална политика, демографија и млади.

На сите центри за социјална работа (ЦСР) кои беа вклучени во истражувањето им беше поставено посебно прашање во врска со процедурата за склучување на договор за доживотна издршка со лице кое е деловно неспособно.

Од добиените одговори произлегува дека во пракса, вакви договори не се склучуваат со деловно неспособни лица. Сепак, ЦСР – Куманово и ЦСР – Велес истакнаа дека, доколку се појави потреба за склучување договор со лице кое е деловно неспособно и веќе има назначен старател, тогаш за таа конкретна постапка би се назначил старател за посебен случај, со претходна согласност од надлежниот ЦСР.

Од друга страна, ЦСР – Берово нагласи дека, според нивно толкување, не постои законска можност да се склучи договор за доживотна издршка со лице кое е деловно неспособно.

## Прашање II: ***Кои се најчестите проблеми или предизвици со кои се соочувате при управувањето со договорите за доживотна издршка?***

Во текот на спроведеното интервју, кај сите Центри каде беше спроведено истражувањето, беа идентификувани предизвици со кои се соочуваат при управувањето со договорите за доживотна издршка. Иако, процесот на склучување договори е законски уреден, во пракса се јавуваат различни проблеми и предизвици кои се специфични за секој центар. Некои најчести предизвици кои беа истакнати од страна на интервјуираните лица вклучуваат:

Најголемиот проблем со кој се соочува ЦСР – Куманово е решавањето на имотните прашања. Често, заинтересираните лица немаат решен имотен статус, па затоа ЦСР мора да се вклучи со правни активности (преддоговор и решавање на оставински постапки).

Еден од најзначајните предизвици идентификувани од Центарот за социјални работи – Велес се однесува на постапката за пренос на имотот по смртта на примателот на доживотна издршка. Постојат сериозни ограничувања во понатамошното располагање со таквиот имот. ЦСР немаат законска можност да го продаваат стекнатиот недвижен имот, ниту пак директно да располагаат со парични средства кои би биле предмет на договорот за доживотна издршка. Всушност паричните средства воопшто не се пренесуваат на сметката на ЦСР, и покрај тоа што добиваат нотарско решение со кое се потврдува првото на сопственост. Овој правен и институционален вакуум создава значајни пречки во искористувањето на имотот кој е предмет на договорот за доживотна издршка кои, теоретски, би можеле да се употребат за подобрување на социјалните услуги.

Како потенцијално законско решение, идентификувана е можноста за основање на фондација преку која би се управувало со средствата, при што истите би се користеле исклучиво за цели поврзани со социјални услуги. Сепак, оваа процедура е исклучително комплексна и, според информациите од ЦСР – Велес, досега немаат основано во пракса ваква фондација и ставена во функција.

Ова го прави преносот на имотот проблематичен сегмент во целокупната постапка на доживотната издршка. Иако правно-формално имотот се пренесува на ЦСР, отсуството

на механизми за управување и користење на средствата го ограничува потенцијалот на оваа форма на социјална заштита како одржлив ресурс.

Претставникот на Центарот за социјални работи – Берово посочува повеќе структурни и практични предизвици поврзани со склучувањето и спроведувањето на договорите за доживотна издршка. Овие предизвици ја отежнуваат имплементацијата на ваквите договорни односи, особено во помалите заедници, каде што културните норми и институционалните капацитети играат значајна улога. Меѓу најрелевантните предизвици се издвојуваат следниве:

1. **Отежната комуникација и донесување одлука од страна на постарите лица** Во поголем број случаи, станува збор за лица од повозрасна категорија, кај кои е тешко да се воспостави целосна свесност за позитивните аспекти од склучувањето на договор за доживотна издршка. Дополнителна пречка претставува фактот што во помалите средини, како што е Берово, традицијата на наследување има особено значење, па идејата за пренос на имотот на Центарот за социјални работи честопати наидува на недоверба.
2. **Можноста лицето да нема процесна способност** Дел од потенцијалните приматели на издршка не располагаат со потребната процесна способност за склучување на ваков тип договор, што го комплицира правниот аспект на постапката.
3. **Кога се работи за лице кое е прогласено за деловно неспособно и на кое му е назначен старател**

   Во ситуациите кога лицето е прогласено за деловно неспособно и му е назначен старател, постои конфликт на интереси меѓу старателот и Центарот за социјални работи, што според актуелната законска рамка го оневозможува склучувањето на договорот. Иако оваа категорија лица се наоѓа во особено висок социјален ризик и имаат реална потреба од поддршка, моменталното законодавство не овозможува правен механизам за нивна заштита преку вакви договори. Претставниците на ЦСР – Берово потенцираат дека досега не е склучен ниту еден ваков договор со лице кое е деловно неспособно, но изразуваат став дека во иднина треба да се развијат правни решенија кои ќе го овозможат тоа.
4. **Недостиг на институционални капацитети во домовите за стари лица** Постоечкиот број на сместувачки капацитети во домовите за стари лица е

недоволен, што претставува дополнителна бариера во процесот на обезбедување адекватна грижа за примателите на издршката.

5. **Голем обем на работа и ограничени ресурси**
   ЦСР – Берово функционира со ограничени човечки и технички ресурси, што го отежнува следењето и спроведувањето на целокупната постапка – од иницирање до целосна реализација на договорите за доживотна издршка.

## Прашање III: ***Кои се критериумите за процена на потребите на старите лица при одлучување за склучување на договор за доживотна издршка? Дали се проценува каков вид на сместување и грижа ќе биде обезбедена на примателот на издршката? Кој е процесот на избор на дом и како се утврдуваат условите за сместување?***

Кога станува збор за склучување договор за доживотна издршка, клучна улога има проценката на потребите на старите лица, како и нивното сместување во соодветни социјални установи. Центрите за социјална работа, како даватели на издршка, имаат обврска да обезбедат сместување на примателот во дом за стари лица, или – доколку тој така побара – привремено во згрижувачко семејство. Сепак, и покрај тоа што сите функционираат во рамки на истиот систем, Центрите што беа опфатени со истражувањето покажуваат различни пристапи – како во делот на проценката на потребите, така и во начинот на избор на установи каде што лицето ќе биде сместено.

Во ЦСР – Велес, проценката на потребите на старите лица се спроведува преку процес на социјална анамнеза. При оваа проценка, акцентот е ставен на возраста на лицето, неговата неможност да се грижи за себе, како и отсуството на поддршка од страна на блиски лица. За разлика од другите центри, ЦСР - Велес не врши проценка на имотот, што значи дека како предмет на договорот за доживотна издршка можат да бидат било какви недвижнини или парични средства. Најчесто, целиот имот на примателот на издршката се вклучува како предмет на договорот.

Кога станува збор за видот на сместувањето и изборот на дом за стари лица, Центарот за социјални работи – Велес поднесува барање до сите домови за стари лица во државна сопственост. Во самиот договор за доживотна издршка, ЦСР се обврзува да го смести примателот во соодветна институција, таксативно наведувајќи ги сите домови како

можни опции. Во барањето за сместување се наведуваат сите релевантни податоци за примателот на издршка – неговата здравствена состојба и потребата од институционална грижа. При изборот на установа се зема предвид расположливиот капацитет. Меѓутоа, значителен предизвик претставува фактот што во моментот не постојат домови во кои можат да бидат сместени лица со потешки душевни заболувања.

Во Центарот за социјални работи – Куманово, проценката на потребите на старите лица најчесто се фокусира на нивната материјална состојба, условите за живеење и здравствената состојба. Станува збор за лица кои се наоѓаат во состојба на социјален ризик, со ограничени финансиски и станбени ресурси и кои, поради лоша здравствена состојба, не се во можност самостојно да се грижат за себе. За овие лица, договорот за доживотна издршка претставува решение кое обезбедува и поддршка и сместување.

Кога станува збор за изборот на социјална установа, ЦСР – Куманово има поедноставен пристап. Поради географската близина и логистичката достапност, сите стари лица што ги опфаќаат со договори за доживотна издршка се сместуваат во Домот за стари лица во Куманово. Иако законски постои можност за сместување и во згрижувачки семејства, вакви случаи досега не се реализирани во практиката во Куманово. Центарот во пракса се потпира исклучиво на институционално сместување, што покажува извесна ограниченост на моделите на грижа што им се нудат на старите лица.

Во Центарот за социјални работи – Берово, при разгледувањето на можноста за склучување договор за доживотна издршка, фокусот е ставен на проценката дали лицето се наоѓа во состојба на социјален ризик. За разлика од Велес, тука проценката на имотната состојба е дел од процесот, што значи дека се зема предвид каков имот поседува лицето и дали има услови за обезбедување на сопствена грижа. Најчесто станува збор за стари лица кои немаат блиски роднини или лица кои би се грижеле за нив.

Кога станува збор за сместување, ЦСР – Берово ги сместува старите лица (примателите на издршка) исклучиво во домови за стари лица кои се во државна или општинска сопственост. Причината за ова е практична – трошоците за сместување во јавни установи се значително пониски во споредба со приватните.

## Прашање IV: ***Каква е правната одговорност на домот за стари лица или давателот на издршката во случај на повреда или незгода на примателот на издршката во текот на престојот? Какви мерки се преземаат за заштита на правата и безбедноста на старите лица, и кој е процесот на одговорност и компензација во вакви случаи?***

Правната одговорност на домовите за стари лица и на давателите на издршката се однесува пред сѐ на обезбедување грижа, безбедност и почитување на достоинството на примателите на издршката.

Во **ЦСР – Велес**, домот за стари лица има обврска да обезбеди целосна нега и грижа за примателите на издршка кои се сместени во домот. Во случај на повреда или незгода на примателот на издршката, домот е должен да ги преземе сите неопходни мерки за медицинска помош и заштита на лицето. Домот редовно доставува извештаи до ЦСР два пати годишно за состојбата на лицата кои престојуваат во домот. ЦСР има право и да ги посети старите лица еднаш годишно, со што се овозможува мониторирање на нивната состојба и правата на примателите на издршката.

Сличен пристап се применува и од страна на **ЦСР – Куманово**, каде што домот за стари лица е одговорен за грижата и безбедноста на примателите на издршка. Во случај на незгода или повреда на примателот, домот е должен да ги преземе сите неопходни мерки за обезбедување медицинска помош и да ја информира ЦСР за случувањата. Дополнително, доколку има потреба, ЦСР – Куманово може да обезбеди и еднократна парична помош за лицето. И тука домот доставува извештаи два пати годишно, а соработката со Центарот се засилува доколку дојде до промени во здравствената или социјалната состојба на лицето. Ако има промени во состојбата на примателот на издршката, се предвидуваат посебни права и обврски. Овие права и обврски се поврзани со заштита на здравјето и безбедноста на примателите, како и со продолжување на соработката помеѓу домот и ЦСР за извршување на соодветни мерки.

Во **ЦСР – Берово**, покрај стандардните обврски за издршка и здравствена заштита, е нагласено дека една од клучните обврски на давателот на издршката е и обезбедувањето на пристоен погреб за примателот. Иако нема конкретни податоци за тоа како се

постапува во случај на повреда, може да се претпостави дека, слично како и во другите центри, домот има обврска да реагира веднаш и да ја извести надлежната институција.

Обврските на давателот на издршка во рамки на договорот за доживотно издржување секогаш вклучуваат сместување на примателот на издршката во дом за стари лица или во згрижувачко семејство, доколку тоа биде потребно. Дополнително, давателот има обврска да го организира и финансира погребот на примателот на издршката, во согласност со месните обичаи и традиции. Оваа обврска е особено значајна со оглед дека примателот на издршката често е лице без семејна поддршка.

## Прашање V: *Која е постапката/начинот за пренос на имотот по смртта на примателот на издршката на ЦСР? Кои се правата на ЦСР во поглед на имотот на примателот по неговата смрт? За што најмногу се користи во пракса имотот кој ќе се стекне?*

Постапката за пренос на имотот по смртта на примателот на издршката во Република Македонија варира помеѓу различни Центри за социјални работи (ЦСР). Одговорите добиени од ЦСР кои беа вклучени во истражувањето покажуваат различности во, административната пракса, но и предизвиците кои се појавуваат во процесот. Во основа, сите центри се соочуваат со заедничка цел – правен трансфер на имотот по смртта на примателот, но се покажува дека постои различности во методологијата (практична имплементација) на спроведување на постапката за пренос.

Според информациите добиени од ЦСР – Велес, постапката за пренос на имотот по смртта на примателот на издршката се спроведува преку оставинска постапка. Ова подразбира дека ЦСР поднесува барање до судот за спроведување на оставинската постапка, која потоа се реализира преку нотар. Се врши солемнизација на договорот и се запишува во катастар за недвижности. Поради тоа што најчесто целиот имот на примателот (вклучувајќи подвижни и недвижни ствари) е предмет на договорот за доживотна издршка, ЦСР станува сопственик на целокупниот имот на примателот. Иако нотарот ги потврдува правата на сопственост, паричните средства не можат директно да се пренесат на сметка на ЦСР. Ова создава правен проблем, бидејќи постапката не може да продолжи понатаму. Дополнителен проблем е и тоа што ЦСР не може ниту да располага со недвижниот имот. За да се реши овој проблем, потребно е да се основа

фондација, на која ќе се пренесат средствата, а од која тие ќе можат да се користат исклучиво за социјални услуги. Но, основањето на таква фондација е сложена постапка и досега во пракса не е реализирана. Овој аспект претставува значителен проблем, бидејќи постапката за пренос на имотот, кога има договор за доживотна издршка, се завршува со нерешени правни и административни пречки. Како што појаснува интервјуираното лице од ЦСР – Велес „*Ангажиравме адвокат за формирање на фондацијата, но тој се повлече од целиот процес поради сложеноста и времетраењето на процедурите. Јас, како единствен правник во Центарот за социјални работи, сум оптоварена со голем број други обврски и тековни случаи, што поради недостаток на човечки ресурси го прави формирањето на фондацијата многу тешко да се реализира.*“
За разлика од ЦСР – Велес, каде преносот на имотот се врши преку оставинска постапка и со солемнизација на договорот, во ЦСР – Куманово постапката има малку поинаков тек и се соочува со други видови предизвици. Имено, по смртта на примателот на издршката, договорот се доставува до општината, каде се врши процена на имотот кој е предмет на договорот. Врз основа на оваа проценка ЦСР-Куманово е должен да ги плати сите потребни даноци и  такси, бидејќи како институција не е ослободена од овие обврски. Во пракса, проблемот настанува кога според проценката на општината, вредноста на имотот е проценета како висока, што значително го зголемува износот на данокот. Во еден конкретен случај, ЦСР – Куманово наведува дека поднеле жалба против процената на имотот, но без успех.
По плаќањето на даноците и таксите, имотот се запишува во државна сопственост, што создава нов проблем: ЦСР нема право на сопственост, ниту има право на користење на имотот предмет на договорот. Во такви случаи, за да може ЦСР да го користи имотот, треба да поднесе посебно барање до Владата за одобрување на користење, што дополнително го комплицира процесот. Оттука, практично, ЦСР – Куманово нема права на непосредно располагање со имотот, кој формално бил предмет на договорот за доживотна издршка.

Случајот со Центарот за социјални работи – Берово уште појасно ја илустрира нефункционалноста на постојниот систем, како и отсуството на унифицирана практика во постапката за пренос на имот по основ на договор за доживотна издршка. Со оглед на законската можност, ЦСР го прибележува своето право врз недвижниот имотот во јавните книги, уште за време на животот на примателот на издршката.

По смртта на примателот на издршката, Центарот иницира спроведување на договорот во Агенција за катастар на недвижности. Сепак, практиката покажува недоследност: во некои случаи имотот преминува во сопственост на ЦСР за што се издава имотен лист; но во некои случаи, и покрај тоа што ЦСР е страна во договорот, имотот се пренесува во сопственост на државата. Причините за ваквото различно толкување и постапување на институциите не се целосно јасни, што дополнително ја продлабочува правната несигурност и го отежнува спроведувањето на договорите во пракса. Оваа различност во примената не добива правно објаснување, ниту правна логика, а лицето кое беше интервјуирано посочи дека не може со сигурност да ја посочи причината за таквите разлики.

ЦСР – Берово како и другите центри, досега немаат формирано фондација, што значи дека дури и во случаите кога стануваат сопственици на имот, не можат реално да располагаат со него. Најчесто, предмет на договорите се имоти како ниви, пасишта и слични недвижности со ограничена практична вредност за институцијата.

Сепак, постои позитивен пример од минатото, каде ЦСР – Берово стекнал сопственост над куќа, која подоцна била адаптирана и денес се користи како мал групен дом за деца без родители. Иако овој случај се смета за успешен, соговорникот од ЦСР не беше целосно запознаен со конкретната постапка, бидејќи случајот се случил пред повеќе години. Притоа, беше потенцирано дека речиси секој случај е различен и носи свои специфики, што уште еднаш ја нагласува потребата од поголема правна и институционална доследност.

## Прашање VI: ***Дали се јавуваат правни спорови во случај на конфликти околу преносот на имотот по смртта на примателот? Дали досега е имало спорови?***

Иако договорот за доживотна издршка се смета за еден од најчесто оспоруваните договори во судската пракса – нешто што е евидентно и при анализа на пресуди поврзани со овој вид правен однос – сепак, тоа не се потврдува како реалност кога давател на издршката е Центарот за социјални работи. Податоците добиени од ЦСР – Велес, Куманово и Берово покажуваат дека во ниту еден од овие центри досега не биле

евидентирани активни правни спорови поврзани со преносот на имотот по смртта на примателот.
Во ЦСР – Куманово, иако нема поведена судска постапка, регистрирани се случаи во кои блиски роднини на починатиот примател изразиле интерес за откуп на имотот кој бил предмет на договорот. Бидејќи по смртта на примателот имотот преминува во државна сопственост, ваквите барања се упатуваат до Државниот правобранител. Исто така при спроведување на овие договори ЦСР соработува со државното правобранителство кои согласно на членот 2 од Закон за државно правобранителство ги презема понатамошните постапки за заштитување на правата и интересите на овие имоти кои се стекнати на овој начин.

Слична е состојбата и во ЦСР – Велес, каде исто така не се воделе правни спорови. Причината најчесто лежи во социјалниот контекст на примателите на издршката – најголем дел се лица без блиски роднини или лица за кои роднините веќе дале изјави дека не се во можност да се грижат за нив. Со тоа се минимизираат можностите за појава на претензии кон имотот по нивната смрт.

Во ЦСР – Берово исто така досега не се појавиле правни спорови поврзани со преносот на имотот. Но, доколку се појави спор, надлежен за постапувањето би бил Основниот суд во Берово.

## Прашање VII: *Дали се врши мониторинг или надзор врз спроведувањето на договорите за доживотна издршка?*

Мониторингот и надзорот врз спроведувањето на договорите за доживотна издршка претставуваат важен аспект во обезбедување заштита на правата на старите лица, како и осигурување дека договорите се извршуваат согласно со предвидените обврски. Сепак, податоците добиени од ЦСР – Велес, Куманово и Берово укажуваат дека ваквиот надзор не е секогаш формално воспоставен или редовно спроведуван.

Во ЦСР – Велес не постои посебен механизам за мониторинг што би се однесувал исклучиво на договорите за доживотна издршка. Сепак, постои редовен инспекциски надзор од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, кој ги опфаќа сите предмети во работа на Центарот, вклучително и договорите за издршка. На

овој начин, преку поширокатa внатрешна контрола, индиректно се следи и спроведувањето на ваквите договори.

Во ЦСР – Куманово, пак, досега не е спроведен никаков мониторинг или надзор поврзан со овие договори. Нема воспоставена практика или интерна процедура со која се следи дали обврските од договорите се исполнуваат.

Слична е состојбата и во ЦСР – Берово, каде исто така не е вршен надзор или мониторинг. Сепак, од Центарот посочуваат дека постои можност ваквиот надзор да го спроведува социјалната инспекција при Министерството, со цел да се провери дали постапката е спроведена правилно и дали се заштитени правата на примателот на издршката. Но, оваа можност, иако формално постои, досега не е искористена во практика.

**Дискусија:**

Истражувањето спроведено во Центрите за социјална работа во Куманово, Велес и Берово укажува на низа структурни и институционални слабости во постапката за склучување и спроведување на договорите за доживотна издршка. И покрај потенцијалот на оваа правна форма да обезбеди социјална сигурност за стари и изнемоштени лица без семејна поддршка, во практиката се јавуваат значителни правни, административни и практични пречки кои го намалуваат ефектот и одржливоста на договорите. Според резултатите од истражувањето основна цел на договорите за доживотна издршка е да се обезбедат основните потреби односно сместување, згрижување во форма на вонсемејна заштита на лице кои се неспособни за работа, стари лица, материјално необезбедени, а кои имаат имот а не се во состојба да обезбедат приходи. Примателот на издршката поради старост, изнемоштеност и немање потомство има потреба од чување, грижа и негување од друг, затоа за да си обезбеди за себе подобар пристоен живот и помин пристапува кон склучување на договор за доживотна издршка.

Процесот на склучување договори за доживотна издршка е комплициран и може да трае долго. Според податоците од сите Центри за социјална работа кои беа вклучени во истражувањето, првиот чекор е проценката на социјалната и имотната состојба на лицето. Овој процес може да биде особено одолговлечен и комплициран кога имотниот статус на лицето не е јасно дефиниран, што предизвикува значителни одложувања во

спроведувањето на договорот. За да се решат овие правни и административни прашања, потребни се време, ресурси и активно учество на институциите, што дополнително го продолжува времетраењето на целокупниот процес. По смртта на примателот на доживотна издршка, Центрите за социјална работа се соочуваат со сериозни правни и административни пречки, особено во делот на преносот на имотот што бил предмет на договорот. Основниот проблем произлегува од отсуството на унифицирани, ефективни и јасно дефинирани механизми за управување со имотот на примателот по неговата смрт.

Од спроведената анализа произлегува дека договорите за доживотна издршка, иако по својата природа претставуваат значаен инструмент за социјална заштита на стари и ранливи категории на граѓани, во практиката се соочуваат со сериозни системски, правни и административни предизвици. Разликите во начинот на постапување помеѓу Центрите за социјална работа, неунифицираноста на процедурите и недоволната институционална поддршка резултираат со правна несигурност, долги постапки и ограничен ефект од самите договори.

Праксата покажува значителни разлики меѓу Центрите. Во некои случаи, како што е забележано во ЦСР – Велес, постапката се иницира преку оставинска постапка, додека во други, како во ЦСР – Берово, се спроведува преку директно спроведување на договорот во Агенцијата за катастар на недвижности. Овие варијации резултираат со недоследност во спроведувањето на договорот за доживотна издршка.

Особено загрижувачки е фактот што во дел од случаите, имотот кој формално треба да биде пренесен на ЦСР како давател на издршката, завршува во сопственост на државата, или пак останува нефункционален поради тоа што Центарот не може да располага со него. Со тоа, се нарушува основната идеја на договорот, а неговата примена се сведува на формален чин без суштински ефект.

Како потенцијално решение, се посочува законската можност за формирање на фондации преку кои би се управувало со имотот добиен преку овие договори. Сепак, во пракса оваа иницијатива речиси и да не се спроведува – пред сè поради комплексноста на постапката за основање, потребата од правна експертиза и ограничените човечки ресурси со кои располагаат Центрите.

Заеднички предизвик за сите анализирани ЦСР е преголемиот обем на работа и недостаток на стручни кадри кои би можеле ефикасно да ја водат и реализираат постапката по договорите за доживотна издршка. Дополнително, најчестиот предмет на овие договори се недвижности од понискa пазарна вредност, како што се ниви, пасишта и други неурбани површини, што го доведува во прашање реалниот бенефит за институцијата.

Сето ова укажува дека мотивацијата на Центрите за склучување договори за доживотна издршка не е материјална или имотна корист, туку претежно произлегува од потребата да се обезбеди социјална заштита за стари и ранливи лица кои немаат друг облик на поддршка. Ова ја нагласува социјалната димензија на нивната улога.

Сепак, покрај овие предизвици, постојат и позитивни практики кои ја демонстрираат потенцијалната вредност од ваквите договори. Така, во ЦСР – Берово, по смртта на примателот на издршка, куќата што била предмет на договорот преминува во сопственост на Центарот, а подоцна се пренаменува во дом за деца без родителска грижа. Сличен пример е регистриран и во ЦСР – Кавадарци, каде од двајца корисници (брат и сестра) е добиена куќа, која по реновирање се користи како Мал групен дом за деца.[586]

Уште еден значаен предизвик што се појавува во практиката е ситуацијата кога примателот на издршката е деловно неспособно лице. Според изјавите на сите Центри за социјална работа (ЦСР) опфатени со истражувањето, досега во праксата не е склучен договор за доживотна издршка со лице кое е деловно неспособно. Сепак, тука се поставува суштинското прашање за можен судир на интереси. Истовремено, центарот за социјална работа се јавува како дaвател на издршка, а бидејќи лицето е деловно неспособно, му се назначува старател. За да се склучи договор за доживотна издршка во таков случај, потребна е согласност токму од центарот. Токму тука се појавува потенцијалниот судир на интереси – бидејќи центарот, од една страна, го назначува старателот и дава согласност за договорот, а од друга страна, самиот се јавува како договорна страна, односно давател на издршка. Ова отвора дилема околу

[586] Оваа информација е добиена преку барање за слободен пристап до информации.

непристрасноста и правичноста во постапката, особено кога се работи за заштита на правата и интересите на лицата кои се без семејна грижа и деловна способност.

Во праксата на Центарот за социјална работа – Кавадарци (ЦСР – Кавадарци), постои случај на склучен договор за доживотна издршка кој сè уште е во сила и се однесува на двајца приматели – брат и сестра – кои се деловно неспособни лица. ЦСР – Кавадарци се грижи за задоволување на нивните основни животни потреби, а истите се сместени во приватна установа. Трошоците за сместување ги подмирува ЦСР – Кавадарци.

Како надоместок за обезбедената издршка, недвижниот имот на примателите на издршка преминува во сопственост на ЦСР – Кавадарци, по смртта на примателите на издршка. Воедно, примателите користат и семејна пензија, која се уплаќа на нивните лични сметки и се заштедува.

Меѓутоа, во овој случај не е јасно која била точната постапка за склучување на договорот за доживотна издршка, имајќи предвид дека станува збор за лица на кои им е одземена деловната способност. Особено останува нејасно на кој начин биле заштитени нивните права и интереси при склучување на договорот.

Со оглед на фактот дека вакви договори биле склучувани и претходно, беше побарано спроведување на интервју со одговорно лице од ЦСР – Кавадарци со цел добивање појаснувања за постапката и правната основа. Сепак, институцијата одби да оствари било каква соработка по ова прашање.

Дополнително, во пракса се забележува појава каде што старателот изразува волја за склучување договор за доживотна издршка со лицето – штитеникот (на кое му е одземена деловната способност). За склучување на ваков договор неопходна е согласност од органот за старателство.

Сепак, водејќи се од потребата за заштита на интересите на штитеникот, ЦСР во практика не дава согласност за вакви договори. Причината за тоа се гледа токму во улогата на старателот – неговата основна обврска е да се грижи за личните и имотните интереси на штитеникот, а не да влегува во договорни односи со него кои можат да доведат до судир на интереси или евентуална злоупотреба на положбата.

Според спроведеното истражување и врз основа на законските одредби, утврдено е дека надзор над Законот за социјална заштита, вклучително и договорите за доживотна издршка врши Министерството, преку инспектори од областа на социјалната заштита, а над стручната работа и Заводот за социјални дејности (Глава 15 и 16 од Законот за социјална заштита). Освен тоа, надзор може да спроведува и Управната инспекција.

### 1.1.4. Согласност од министерството како предуслов за склучување на договори за доживотна издршка

Во рамките на истражувањето за примената на договорите за доживотна издршка, кога давател на издршката е јавна установа – Центар за социјални работи, беше идентификувана потреба од дополнително разјаснување на надлежностите и улогата на Министерството за социјална политика, демографија и млади во овој процес.

Согласно законските одредби, за да биде полноважен договорот за доживотна издршка во кој како давател на издршка настапува Центарот за социјални работи, потребна е претходна согласност од надлежното министерство.

Со цел да се обезбедат релевантни и веродостојни информации во врска со надлежноста и практиката на Министерството во овој дел, беше поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер. Барањето се однесуваше на следниве аспекти:

- Статистички податоци за бројот на дадени согласности од страна на Министерството за склучување на договори за доживотна издршка;
- Објаснување на правната содржина и значењето на терминот „претходна согласност“;
- Критериумите и условите врз основа на кои Министерството одлучува дали ќе даде согласност;
- Кој има право да ги оспори одлуките на Министерството во процесот на одобрување на договорите за доживотна издршка;
- Механизмите кои Министерството ги применува за контрола и спречување на можни злоупотреби при склучување и извршување на договорите;
- Дали министерството има надлежности за ревизија и следење на исполнувањето на договорите за доживотна издршка?
- Правните и етичките стандарди што се применуваат со цел обезбедување фер и правична постапка за сите страни вклучени во договорот.

Согласно доставениот одговор од Министерството, истото не располага со посебно пропишана процедура за постапување при склучување на договорот. Министерството тука има улога на контролен орган кој треба да оцени дали склучувањето на договорот е оправдано со оглед на имотната состојба на лицето што бара социјална помош. Согласно членот 29-а од Законот за социјална заштита „Право на гарантирана минимална помош може да оствари домаќинство кое е материјално необезбедена, но има во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува, во случај кога членотот на домаќинството, сопственик на имотот склучи договор за доживотна издршка со Центарот за социјална работа. Висината на правото на гарантирана минимална помош, пак, ја утврдува ЦСР во соработка со корисникот, во зависност од вредноста на имотот што е предмет на договорот за доживотна издршка, а по претходна согласност на Министерството. Правото на гарантирана минимална помош се остварува преку месно надлежниот центар за социјална работа според местото на живеалиште/престоувалиште, и постапката за доживотно издржување е во надлежност на месно надлежниот центар за соцјална работа, а *министерството дава претходна согласност врз основа на вредноста на имотот кој е предмет на договорот*. Од донесувањето на новиот Закон за социјална заштита во мај 2019, па заклучно со податоците од 2025 година, Министерството нема примено ниту едно барање за согласност од страна на Центрите за социјална работа за склучување на ваков договор. Овој податок, во споредба со регистрираните случаи на склучени договори на терен, упатува на неколку можни состојби: неприменување на законот во пракса, недоволна информираност кај вработените во ЦСР за законската обврска за барање согласност или пак ограничена примена на моделот каде Центарот за социјална работа склучува договор со лица кои поседуваат имот и истовремено бараат остварување на правото на гарантирана минимална помош.

Во одговорот не се наведуваат податоци за: можноста за следење на склучените договори, ревизија или контрола по нивното потпишување, ниту за постоење на етички или правни стандарди кои ги применува Министерството при давање согласност. Ова дополнително ја истакнува потребата од:

- Развој на формализирана постапка за одобрување,
- Изработка на упатства и протоколи,
- И воспоставување на база на податоци и мониторинг систем.

Иако законот предвидува формален механизам за учество на Министерството во процесот на склучување договор за доживотна издршка со ЦСР, во пракса овој механизам не функционира, бидејќи не е активиран ниту еднаш од 2019 година досега. Ова создава јасна правна и институционална празнина и го доведува во прашање степенот на заштита, надзор и транспарентност при склучувањето на овие договори.

Од добиениот одговор на Министерството може јасно да се заклучи дека институцијата не врши контрола на договорите за доживотна издршка во кои јавна установа – Центар за социјална работа настапува како давател на издршка, со единствена цел за заштита на примателите на издршка. Наместо тоа, улогата на Министерството е сведена исклучиво на оценување на вредноста на имотот што е предмет на договорот, и тоа во контекст на остварување на правото на гарантирана минимална помош.

Овој пристап се потврдува преку следниот дел од одговорот: *„постапката за доживотно издржување е во надлежност на месно надлежниот центар за социјална работа, а Министерството дава согласност врз основа на вредноста на имотот“.*

Ваквата пракса укажува на отсуство на системски механизми за контрола, следење и проценка на содржината на договорите, како и на исполнувањето на обврските од нивна страна. Отсуството на вакви механизми отвора простор за правна несигурност, можни злоупотреби сериозен простор за правна несигурност и можни злоупотреби.

Ова дополнително ја нагласува потребата од воспоставување на јасни процедури и стандарди во процесот на давање согласност, како и од развој на механизми за надзор и ревизија на спроведувањето на договорите, особено кога како давател настапува јавна установа-правно лице.

# ЗАКЛУЧОК

Досегашното истражување на договорот за доживотна издршка во Република Северна Македонија ја потврдува сложеноста и значењето на овој правен институт, особено кога се разгледува улогата на правните лица како даватели на издршка. Договорот за доживотна издршка претставува посебен облигационен правен институт кој има за цел да обезбеди континуирана грижа и поддршка за лица кои, поради старост, изнемоштеност или здравствени ограничувања, не можат самостојно да се грижат за себе. Примателот на издршката секогаш е физичко лице, со оглед на целта и природата на договорот, додека давател на издршката, покрај физичките лица, може да биде и правно лице – особено институции кои професионално обезбедуваат нега и грижа.

Во рамки на анализата, посебно место заземаат спорните прашања поврзани со можноста договорот да се склучи меѓу лица кои веќе имаат законска обврска за издршка, како што се брачните другари или децата и родителите. Правната теорија не е едногласна околу ова прашање, а различните пристапи произлегуваат од различното толкување на односот меѓу законската и договорната обврска за издржување. Во нашата правна теорија и судска пракса, можноста за склучување на договор за доживотна издршка меѓу лица кои имаат законска обврска за издржување не е експлицитно забранета, но бара внимателно разгледување на околностите. Иако некои автори сметаат дека ваквите договори ја дуплираат законската обврска, преовладува ставот дека тие не се во колизија со законот, бидејќи обезбедуваат поширок обем на грижа и поддршка од она што е пропишано со закон. Првиот аргумент во прилог на овој пристап е дека договорот за доживотна издршка ја надминува законската обврска за издршка, обезбедувајќи поширок обем на грижа, нега, материјална сигурност и лична поддршка. Вториот аргумент се однесува на тоа дека не постојат експлицитни законски пречки за склучување ваков договор, а правото на автономија на волјата им овозможува на страните самостојно да ги уредат своите односи, се додека тие не се во спротивност со императивните норми. Третиот аргумент се однесува на личниот карактер на договорот (intuitu personae), што значи дека неговата суштина не произлегува само од правната обврска, туку и од личната врска и довербата меѓу страните. Во оваа насока, особено интересен е пристапот на швајцарското право, според кој, кога примателот на доживотната издршка е назначен како наследник на давателот, односот меѓу страните се регулира според правилата за договор за наследување. Со ова решение се обезбедува

заштита на нужниот дел на законските наследници и се спречуваат можни злоупотреби. Истовремено, тоа може да послужи како пример за потенцијална реформа во македонското право, при што недостасува правно уредена институција на договорот за наследување. Со неговото воведување би се овозможило поцврста правна основа за регулирање на договорите кои имаат последици и во областа на наследното право, вклучително и договорот за доживотна издршка. На тој начин би се зајакнала правната сигурност на страните, би се спречиле евентуални злоупотреби во рамките на семејни односи, и би се обезбедила поголема усогласеност со современите европски правни решенија.

Иако традиционално даватели на издршка најчесто биле членовите на семејството, што ја нагласува личната природа на овој договор, современите општествени услови и промените во семејните односи создадоа потреба за вклучување и на правните лица како даватели на издршка. Овој премин од семејна кон институционална форма на издршка не ја поништува суштината на договорот, туку го проширува неговото поле на примена и обезбедува поголема правна сигурност и професионалност во грижата за примателите.

Истражувањето покажа дека, иако правните лица се историски присутни како даватели на издршка уште од феудалниот период преку манастири, болници и други установи за грижа на стари лица, современата регулатива во нашата држава не содржи јасни одредби кои ги дефинираат правата и обврските на правните лица во овој контекст.

Со оглед на демографските промени и зголемувањето на бројот на постари лица кои имаат потреба од постојана грижа, сѐ почесто се појавува потребата од професионални форми на издршка и нега. Како резултат на тоа, расте бројот на лица кои се одлучуваат за користење на социјални услуги, а со тоа се зголемува и интересот за отворање приватни и јавни установи за грижа на стари лица. Овие општествени промени дополнително ја нагласуваат потребата од воспоставување на јасна, сигурна и правно уредена рамка за договорите за доживотна издршка, особено во делот на учеството на правните лица како даватели на издршка.

Во контекст на учеството на правните лица како даватели на издршка, анализата на постојната правна рамка во Република Северна Македонија укажува на недоволна нормативна прецизност. Имено, законските одредби не содржат јасни критериуми кои правни лица можат да настапуваат како даватели на издршка, што создава дилеми дали секое правно лице може да биде договорна страна или пак оваа можност треба да биде ограничена на определени категории субјекти. Имајќи ја предвид целта на договорот и

неговиот личен карактер, сметаме дека правните лица можат да се појават како даватели на издршка само доколку обезбедувањето на издршката не е спротивно на нивниот правен статус и дејност, што, во одредена мера, е потврдено и во судската пракса.

Врз основа на извршената анализа, предлагаме законодавецот да пристапи кон прецизирање на правната рамка со цел превенција на можни злоупотреби и зајакнување на правната сигурност. Притоа, со законска одредба може да се предвиди дека правното лице може да биде давател на издршка само ако тоа не е во спротивност со неговата регистрирана дејност, а преку систем на набројување да се дефинираат типови правни субјекти (на пример, установи за социјална заштита, хуманитарни организации, верски заедници, болници и сл.) кои можат да бидат даватели на издршка. Дополнително, заради заштита на примателите и превенција на договорни злоупотреби, се препорачува воведување механизам за претходна согласност или одобрување на договорите (склучени со правно лице) од страна на надлежен орган, по примерот на решението во Република Србија. Таквиот пристап би овозможил институционална проверка на капацитетите и ресурсите на правното лице, како и оценка на соодветноста на обезбедувањето на издршката, со што би се спречиле манипулации од субјекти кои не располагаат со потребната стручност и материјални услови за исполнување на договорните обврски.

Истражувањето покажа дека суштината на договорот за доживотна издршка лежи во личната доверба меѓу примателот и давателот на издршката, бидејќи примателот го избира давателот токму поради уверувањето дека ќе добие соодветна грижа и нега во средината во која живее и каде се чувствува најбезбедно. Истражувањето дополнително го разгледа прашањето дали договорот за доживотна издршка, како договор intuitu personae, ја задржува својата лична природа кога давател на издршката е правно лице. Иако традиционално овој однос подразбира близок личен контакт меѓу физички лица (особено роднините) анализата покажа дека и правните лица можат да го задржат овој карактер доколку обезбедуваат персонализирана грижа и непосреден однос кон примателот. При тоа беше утврдено дека во рамките на помали и специјализирани установи – како што се приватните болници и домовите за стари лица – може да се воспостави извесна блискост и доверба меѓу страните, што овие правни лица ги приближува до концептот intuitu personae и овозможува похуман и индивидуализиран пристап во извршувањето на договорните обврски.

Во насока на зајакнување на оваа иницијатива и создавање на правно одржлива рамка за договорите за доживотна издршка, корисно е да се разгледа и практиката во

другите европски земји, каде што улогата на правните лица како даватели на издршка е појасно дефинирана и регулирана.

Компаративната анализа покажува дека современите европски правни системи нудат практични решенија кои можат да послужат како модел за унапредување на македонската регулатива во делот на договорот за доживотна издршка и улогата на правните лица како даватели на издршка. Во Република Србија, воведувањето механизам за претходна согласност на надлежните органи при склучување договори со правни лица овозможува институционална проверка на капацитетите, ресурсите и соодветноста на обезбедувањето на издршката, со што се спречуваат злоупотреби и се заштитува интересот на примателот. Во Република Хрватска, иако не се дефинирани експлицитни критериуми за правните лица како даватели на издршка, последните законски измени се насочени кон зголемување на правната сигурност и заштита на старите лица. Една од клучните промени е ограничувањето на бројот на договори што еден давател може да склучи, со максимум три договори, при што секој нареден договор над овој лимит се смета за ништовен. Дополнително, е воведен Регистар на договори за доживотна издршка, кој овозможува систематизирање и проверка на бројот на склучени договори. За договорите кои опфаќаат недвижен имот, е пропишано нивно запишување во земјишниот регистар, а за договорите со движен имот – во јавен регистар, со цел јасно информирање дека предметот е „оптоварен“ со договор за доживотна издршка. Новите измени содржат и прецизна дефиниција на содржината на издршката, која треба да ги обезбеди основните животни потреби на примателот – вклучително живеалиште, храна, здравствена грижа и комунални трошоци, со цел јасно дефинирање на обврските на давателот и спречување на евентуално избегнување на издршката. Истовремено, законските измени ја појаснуваат улогата на нотарот или судијата при запознавање на страните со правата и обврските, со цел тие да бидат посвесни за правните последици од договорот. Во насока на дополнителна заштита на постарите лица, измените предвидуваат и можност за итни судски постапки во случаите на раскинување или промена на договорите за доживотна издршка. Овие мерки претставуваат значајна позитивна практика, која обезбедува контрола, транспарентност и заштита на ранливата положба на примателите, и може да послужи како модел за унапредување на македонската регулатива во делот на системска превенција на злоупотреби и поголема заштита на правата на примателите. Особено интересен е швајцарскиот модел, кој воспоставува систематизирани правила за склучување на договорите од страна на лиценцирани установи за стари лица, при што внатрешните стандарди за обезбедување

на издршка стануваат дел од договорот и подлежат на одобрување од надлежни органи. Овој пристап обезбедува висок степен на правна сигурност, стандарди за грижа и контрола, додека истовремено овозможува активно учество на правните лица како даватели на издршка. Францускиот систем, иако не го регулира договорот како посебен институт, применува ограничувања и судска контрола за одредени категории даватели, со цел заштита на ранливата положба на примателот и спречување на потенцијални злоупотреби. Овие примери јасно укажуваат дека воспоставувањето на институционални механизми за контрола, регистри и јасни критериуми за учество на правните лица како даватели на издршка значително ја зајакнува правната сигурност и го намалува ризикот од злоупотреби. Примената на вакви практики во македонскиот систем би овозможила интеграција на современи стандарди за професионална грижа, превенција на договорни злоупотреби и системско унапредување на заштитата на постарите лица, со што законодавството ќе биде усогласено со демографските и социјалните предизвици на современото општество.

Во контекст на домашната примена, истражувањето на Центрите за социјална работа како даватели на издршка открива низа институционални, правни и практични предизвици. Иако овој институт има потенцијал да обезбеди социјална сигурност за стари и изнемоштени лица без семејна поддршка, во практиката се јавуваат значителни правни пречки кои го намалуваат ефектот и одржливоста на договорите. Имено, бројот на склучени договори е релативно низок, а причините не се само административни и кадровски, туку и културни и семејни фактори – семејствата често се спротивставуваат на пренос на имот на државата, што го отежнува применувањето на институционалниот модел. Исто така, лоцирани се и слабости во самиот процес на склучување и спроведување на договорите. Главните проблеми се долгите и комплицирани постапки, отсуството на унифицирани и ефективни механизми за управување со имотот на примателот по неговата смрт, како и значајните разлики во начинот на постапување помеѓу различните Центри за социјална работа. Особено загрижувачки е фактот што во дел од случаите, имотот кој формално треба да биде пренесен на Центарот како давател на издршката завршува во сопственост на државата или останува нефункционален, поради неможноста на Центарот да го управува со него. Дополнително, досега не е склучен договор со лице кое е деловно неспособно, што укажува на дополнителни правни и практични ограничувања. Улогата на Министерството социјална политика, демографија и млади во практиката останува ограничена на проценка на вредноста на имотот, без воспоставени системски механизми за надзор или ревизија на договорите.

Овие наоди јасно укажуваат на потребата од воспоставување формализирана процедура за склучување на договорите, механизми за мониторинг и контрола, како и зголемување на свеста кај населението за правата и обврските што произлегуваат од договорите за доживотна издршка. Сепак, вреди да се истакне дека во пракса не се евидентирани спорови поврзани со договори за доживотна издршка во кои давател на издршка е Центарот за социјални работи, што укажува на поголема правна сигурност. За разлика од тоа, договорите каде даватели се физички лица се почесто се предмет на судски спорови и злоупотреби, што дополнително ја потврдува потребата од развивање на институционални форми на грижа.

За надминување на овие предизвици се препорачува развој на унифицирани интерни протоколи, специјализирани обуки за вработените во ЦСР, како и кампањи за информирање на јавноста за правата и обврските што произлегуваат од договорите за доживотна издршка. Воведувањето на јасни стандарди за постапување, систем за мониторинг и континуирана институционална поддршка би овозможило поефикасно, транспарентно и етички сигурно спроведување на договорите, со што би се зајакнала довербата на граѓаните и правната сигурност на примателите на издршката.

Во контекст на договорот за доживотна издршка, прашањето за заштитата и грижата на старите лица неизбежно го отвора и прашањето на деловната способност, како основен предуслов за валидност на правните дејствија. Судската пракса потврдува дека деловната способност на примателот на издршката често претставува клучен фактор при оценката на важноста на договорот, особено во случаи кога се доведува во прашање дали лицето било во можност свесно и разумно да ја изрази својата волја. Современиот пристап ја надминува традиционалната патерналистичка перспектива и поставува нов стандард на одлучување заснован на поддршка. Ваквата промена има суштинско значење и во контекст на договорите за доживотна издршка, бидејќи обезбедува гаранција дека волјата на примателот е автентична и информирана. Во контекст на националните околности, најсоодветен пристап претставува воведувањето на комбиниран модел кој би овозможил постепено унапредување кон систем на поддржано одлучување, без истовремено целосно укинување на постојните форми на заштита. Таквиот модел би овозможил реална и пропорционална заштита на лицата со тешки и трајни ограничувања, а воедно би ја зајакнал автономијата, правната способност и вклученоста на лицата со полесни форми на попреченост во процесите на донесување одлуки. Тој пристап се заснова на фактот дека, и покрај стремежот кон целосна автономија, постојат лица на кои им е неопходна одредена форма на институционална

или старателска поддршка заради заштита на нивните интереси и спречување на злоупотреби.

Покрај анализата на традиционалниот договор за доживотна издршка, ова истражување разгледува и потенцијалните нови модели на грижа и поддршка, претставувајќи иновативни и институционализирани решенија. Иако предизвиците се бројни, постојат реални можности за Република Северна Македонија да ја развие правната и социјалната инфраструктура за поддршка на постарите лица преку воведување на јасно диференцирани модели на грижа. Во таа насока, потребно е да се размислува за воспоставување на специјализирани форми на домување со услуги, инспирирани од германскиот модел – *Betreutes Wohnen* и француските – *Résidences services* и *logements-foyers*. Овие форми би овозможиле поголема автономија на постарите лица, со истовремено обезбедување на неопходни услуги за нега и поддршка. Дополнително, моделите на меѓугенерациско домување, какви што се германскиот – *Wohnen für Hilfe* и францускиот – *Un toit deux générations*, можат да претставуваат иновативен пристап за македонскиот контекст. Тие би можеле да се имплементираат преку локални иницијативи и партнерства меѓу општините и невладиниот сектор, со цел да се поттикне солидарноста меѓу генерациите и да се намали социјалната изолација на старите лица. Клучен чекор за унапредување на правната рамка е донесувањето на посебен закон или подзаконски акт кој ќе ја регулира областа на алтернативните форми на домување и приватно-правните односи за грижа и нега. Со него би се дефинирале формалните барања, видот и обемот на дозволените услуги, правата и обврските на давателите и примателите на грижа, како и условите за раскинување, надзор и контрола. Таквата регулатива би обезбедила поголема правна сигурност и заштита од можни злоупотреби, особено кога станува збор за ранливи категории граѓани. Покрај овие модели, како особено релевантна за македонскиот контекст се издвојува и новата форма на социјална задруга. Со имплементација на ваквиот модел, Република Северна Македонија би можела да понуди иновативна, одржлива и социјално интегративна форма на домување, која ги комбинира предностите на самостојното живеење, социјалната поддршка и професионалната грижа.

Со комбинирање на законодавни, институционални и социјални иновации, можат да се создадат одржливи системи на грижа кои ја гарантираат автономијата, безбедноста и достоинството на постарите лица во современото општество.

Спроведеното истражување овозможи проверка и потврда на поставените хипотези. Во продолжение се прикажани заклучоците во однос на секоја од нив.

Главната хипотеза, според која: „**правната рамка на договорот за доживотна издршка во Република Северна Македонија не содржи јасни норми за тоа кои правни лица можат да се јават како даватели на издршка и какви се нивните права и обврски“**, е **целосно потврдена**. Анализата на позитивното право, судската пракса и компаративните решенија укажа дека постои нормативна празнина која создава правна несигурност и простор за различни толкувања. Оттука, се потврди и втората хипотеза – дека „**е потребно донесување јасни законски прописи кои ќе ја дефинираат улогата на правните лица како даватели на издршка“**, нивните обврски и ограничувања, како и механизми за контрола и заштита на примателите.

Во однос на споредните хипотези, истражувањето покажа дека:

- Хипотезата дека **договорот за доживотна издршка претставува договор *intuitu personae*** е потврдена. Истражувањето покажа дека личната доверба и релацијата на меѓусебна сигурност меѓу страните остануваат суштински елементи на овој договор и во ситуации кога давателот на издршката е правно лице, особено кога станува збор за помали и специјализирани правни лица.
- Хипотезата дека **правните лица можат да обезбедат поголема сигурност и доверба** е **делумно потврдена**, бидејќи иако институционалните даватели имаат поголем капацитет, нивната правна улога е недоволно уредена и потребна е дополнителна регулатива и надзор.
- Хипотезата за **постоење на различни облици за грижа на стари или лица кои не можат сами да се грижат за себе во споредбеното право** е **целосно потврдена**, а компаративната анализа (особено Германија и Франција) понуди применливи решенија за македонскиот контекст.
- Хипотезата дека **договорот за доживотна издршка придонесува за остварување на концептот на социјална држава** е **целосно потврдена**, бидејќи овој институт претставува механизам на социјална солидарност и заштита на ранливите категории.
- Хипотезата дека **традиционалните и семејните вредности влијаат врз склучувањето на договори со правни лица** е **исто така потврдена**, што се гледа преку отпорот кон пренесување имот на институции и нискиот број на договори со јавни установи.

# ПРЕПОРАКИ

**1. Унапредување на нормативната рамка:**

- Законодавецот треба да изврши измена на Законот за облигациони односи со која ќе се предвиди дека правното лице може да настапува како давател на издршка само доколку обезбедувањето на издршката не е во спротивност со неговата регистрирана дејност, а преку систем на набројување да се дефинираат категориите на правни лица кои можат да склучуваат такви договори.
- Потребна е правна интервенција преку измени и дополнувања на Законот за социјална заштита или донесување на посебен подзаконски акт, со кој детално ќе се уреди постапката за склучување, спроведување и пренос на имот во случаите кога давател на издршка е правно лице (ЦСР).
- Да се воведе механизам за претходна согласност или одобрување на договорите со правни лица од надлежен орган – со цел институционална проверка на капацитетите и ресурсите на давателите на издршка и спречување на злоупотреби.
- Да се воспостават минимални стандарди за обемот и квалитетот на услугите обезбедени преку договорите за доживотна издршка, во однос на местото на живеење, грижата за храната, здравјето, комуналните трошоци – со цел појасно да се дефинираат обврска на давателот на издршката и да се спречи негово евентуално избегнување

**2. Јакнење на институционалните капацитети:**

- Министерството за социјална политика, демографија и млади да воспостави единствена методологија и протокол за сите ЦСР, во кој ќе бидат регулирани: видот на проценки, начинот на солемнизација, процедури за имотен пренос и соодветно користење на средствата.
- Да се вложи во континуирана правна и административна обука на вработените во ЦСР, особено во делот на облигационото право и имотноправните аспекти на договорите за доживотна издршка.
- Да се воспостави национален регистар за сите договори за доживотна издршка склучени од страна на ЦСР, па и воопшто. Оваа база ќе овозможи следење на статусот на договорите, текот на правните постапки и идентификација на потенцијални проблеми.

**3. Информациска и јавна свест:**

- Да се спроведат програми за информирање и едукација на стари лица и нивните семејства за важноста и придобивките од договорите за доживотна издршка.

**4. Развој на нови форми на грижа и поддршка:**

- Да се развијат и институционализираат нови модели на грижа и поддршка за постари лица, вклучувајќи специјализирани форми на домување со услуги, меѓугенерациско домување и социјални задруги, со цел да се обезбеди автономија, социјална интеграција и професионална грижа, при што треба да се предвидат јасни правни рамки за нивното функционирање, надзор и заштита на примателите.
- Да се воспостави комбиниран модел за заштита на постарите лица кој ги интегрира принципите на „најдобар интерес“ со почитување на „автономијата и волјата“ на примателите, вклучувајќи поддржано одлучување и институционални механизми кои гарантираат дека правата и изборите на лицата со ограничена деловна способност се заштитени, а истовремено се спречуваат злоупотреби и се обезбедува правна сигурност.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### Учебници, монографии, статии


1. Антић О. (1994). *Наследно право*, Правни факултет Универзитета у Београду, Београд
2. Антић О., Балиновац З. (1996). *Коментар Закона о наслеђивању*, Београд, Номос.
3. Бабовиќ М., Вељковиќ Т., Дакиќ Б. (2023). *Истражување за пристап до услугите на долготрајна нега во Северна Македонија*, Здружение за поддршка и развој Хуманост, Скопје, стр.9, достапно на: https://secons.net/wp-content/uploads/2024/01/Pristup-uslugama-dugotrajne-nege-MK-studija-za-web.pdf?utm_source=chatgpt.com, последно пристапено на: 28.10.2025 година.
4. Вукоје Н. (2016). Посебна форма уговора о доживотном издржавању у Републици Српској, *Гидушњак Правног факултета*, година VII, 1/2016, стр.38-58
5. Вукотић М. (2021). Правне последице смрти даваоца издржавања, Анали, Правни факултет , Универзитета у Београду, 1/2021, стр.207-230.
6. Гавроска П., Дескоски Т. (2011). *Меѓународно приватно право*, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје.
7. Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2021). *Облигационо право*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Скопје, пристапено преку: https://ukim.edu.mk/e-izdanija/PRF/Obligaciono_pravo.pdf (последна посета на 23.08.2025).
8. Ђорђевић В. (1997). Уговор о доживотном издржавању - уводни реферат*, Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, str.1-8.
9. Живковска Р., Пржеска Т. (2021). *Граѓанско право општ дел*. Скопје, Европа 92.
10. Живојиновић Д. (1997). Способност уговарача за закључење уговора о доживотном издржавању, *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр.50-67
11. Кораћ Р. (1997). Уговор о доживотном издржавању измећу супружника, Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр.16-21
12. Крстић Н.(2014).Уговор о доживотном издржавању, Мобилна правна клиника: од институције ка жртви, Ниш, стр.189–218
13. Милетић Б., Тишић Г. (1997). Предмет уговора о доживотном издржавању, *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр.35-45
14. Михајловић S. (1965). Заједница живота заснована уговором о доживотном издржавању, докторска дисертација, Зрењанин.
15. Мицковиќ Д., Ристов А. (2011). *Граѓанско применето право (наследно право),* Скопје: Блесок.
16. Мицковиќ Д., Ристов А. (2014). *Наследно право,* Скопје, Културна установа „Блесок“.
17. Мицковиќ Д., Ристов А. (2014). *Наследно право,* Скопје, Културна установа „Блесок“.

18. Мицковиќ Д., Ристов А. (2016). *Реформата на наследното право во Република Македонија*, Скопје,
19. Новаковић Д. (2013). Уговоро доживотном издржавању. *Годишњи Зборник радова*. Правни факултет Универзитета у Приштини са привременим седиштем у Косовској Митровици. стр.23-38
20. Нотарска комора на Република Македонија, *Нотариус,* број 14
21. Палачковић Д. (1997). Правно лице као субјект уговора о доживотном издржавању, *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу.
22. Панева А. (2023). Раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности, Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Правен факултет Универзитет "Гоце Делчев", Штип, стр. 95-106.
23. Петровић М. (1997). Уговор о доживотном издражавању са страним елементом, *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр.28-34.
24. Поп Георгиев Д. (1985). *Облигационо право*. Скопје: Култура.
25. Радмановац Е. (2016). Правно лице као давалац издржавања код уговора о доживотном издржавању, Гласник адвокатске коморе Војводине часопис за правну теорију и праксу, Књига 76, Нови Сад, фебруар-март, број 2-3, стр.51-64
26. Ристов А. (2015). *Правни лица*, Скопје: Стоби Трејд Дооел Скопје.
27. Сворцан С. (2004). *Коментар Закона о наслеђивању Србије са судском праксом*, Крагујевац
28. Сворцан С.(1997). Раскид и поништај уговора о доживотном издржавању по закону о наслећивању Србије из 1995 године. *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универsитета у Нишу, стр.85-91
29. Симоновић Д. (2010). *Облигационо право*, Pravna praksa, Часопис за примену прописа, стр.16-31.
30. Субић М. (1997).Поништење уговора о доживотном издржавању кроз судске праксу. *Зборник радова: Уговор о доживотном издржавању*, Ниш, Удружење за грађанско процесно и арбитражно право, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр.75-84.
31. Тодорова Б. (2023). *Социјално право*, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Штип, пристапено преку: https://e-lib.ugd.edu.mk/pdf/pdf_ss9s/616e612e7a64726176657661na.pdf, (последна посета на 14.09.2025)
32. Тушевска Гавриловиќ Б. (2021). *Трговско право*, Штип, Универзитет Гоце Делчев, Штип.
33. Чавдар К., Чавдар К. (2012). *Коментар на Законот за облигационите односи, коментари, објаснувања, практика и предметен регистар, трето изменето и дополнето издание*. Скопје: Академик

34. Чавдар, К., & Сиљаноска Костадиновска, Ц. (2013). *Закон за семејство. Коментари, судска практика, предметен регистар, примери за практична примена, придружни прописи и литература*. Скопје: Академик
35. Шовић С. (1999). *Злоупотреба права код уговора о доживотном издржавању*, Билтен Врховног суда Србије, бр.2/1999,
36. Arsić J., Stanivuk B.(2019). *Raskid ugovora o doživotnom izdržavanju i prava naslednika: u raskoraku izmedu zakona I prakse*. Pravni zapisi, God.X, br.1 (2019), str.141-159
37. Babić. I.(2012). *Nasledno pravo*, Fakultet za evropske pravno-političke studije Univerziteta Singidunum, Novi Sad.
38. Bevanda M., Čolakovič M. (2010). *Ugovor o doživotnom uzdržavanju povijesni prikaz i regulacija u bosanskohercegovačkom pravu*, Zbornik radova Pravnog fakulteta Sveučilišta u Mostaru, XXI-2010
39. Bevanda M., Čolakovič M. (2012). Ugovor o doživotnom uzdržavanju I ugovor o dosmrtnom uzdržavanju u sudskoj praksi, *Zbornik radova Aktuelnosti građanskog i trgovačkog zakonodavstva i pravne prakse*, br.10, Mostar, str.276-293.
40. Brenton M. (2013). *Senior Cohousing Communites – An Alternative Approach for the UK?* JRF Programme Paper, London, 2013, достапно на: https://www.housinglin.org.uk/_assets/Resources/Housing/OtherOrganisation/senior-cohousing-communities-full.pdf
41. Butković M. 2012). *Ugovor o doživotnom i dosmrtnom uzdržavanju u sudskoj praksi*, Hrvatske javnobilježničke komore, prilozi 3-2012, Zagreb.
42. Ćirić Z., Stojanović N. (2002). *Neke dileme oko poništaj ugovora o doživotnom izdržavanju*, Pravni život, br.10, str. 607-619.
43. Cmiljanić B.(2000). *Specifičnosti ugovora o doživotnom izdržavanju,* Sudska praksa, Beograd, broj 1/2000.
44. Dick Urban Vestbro (ed.).(2010), *Living Together – Cohousing Ideas and Realities Around the World*, Proceedings from the International Collaborative Housing Conference, Stockholm, 5–9 May 2010, Royal Institute of Technology / Kollektivhus NU, Stockholm, достапно на: https://kollektivhus.se/wp-content/uploads/2017/06/Livingtogetherwebb-1.pdf, последен пристап на: 20.10.2025 година.
45. Florence G., Pierre.B. (2017). Faillite et intuitus personae:un régime á redéfinir?, пристапено преку: https://dial.uclouvain.be/pr/boreal/object/boreal:182250, последен пристап на 13.10.2025 година, стр.3-35.
46. Gams A.. (1996). Bračno i porodično imovinsko pravo, Naučna knjiga, Beograd
47. Gavrič I. (2014). Subjekti ugovora o doživotnom izdžavanju, *Glasnik Advokatske Komore Vojvodine časopis za pravnu teoriju i praksu*, Novi Sad, Knjiga 74, br.7/8, str.431-447
48. Gavrič I. (2014). Subjekti ugovora o doživotnom izdžavanju, *Glasnik Advokatske Komore Vojvodine časopis za pravnu teoriju i praksu*, Novi Sad, Knjiga 74, br.7/8, стр.431-447
49. Glass A.(2013). *Lessons Learned From a New Elder Cohousing Community*, *Journal of Housing for the Elderly*, Vol. 27, No. 4, 2013, pp. 348–368

50. Grujić N. (2010). *Davalac izdržavanja kod ugovora o doživotnom izdržavanju*, Pravni zapisi, God.I, br.2/2010, str.495-515.
51. Ignovska E. (2024). *The Institute of Guardianship in the Republic of North Macedonia. Necessity to Transit from Substitute Decision-making for the Ward to Supportive Decision-making with the Ward*, Iustinianus Primus Law Review, Vol. 15, No.3, 2024
52. Ignovska E. (2024).*The 'civil death' of persons deprived of legal capacityin the Republic of North Macedonia*. Iustinianus Primus Law Review, Vol.15 No.2, 2024
53. Ignovska E. (2025). *The Legal Position of Vulnerable Adults in the Republic of North Macedonia In Between the Authority of the State and the Family*, Proceedings from the 1st International Conference of the Institute of Family Studies Challenges of Contemporary Families, Skopje, North Macedonia.
54. Ilkič Z. (2014). *Prestanak ugovora o doživotnom izdržavanju*, Megatrend revija, Vol.11, N.1, Megatrend univerzitet, Belgrad, str.127-146
55. Klasiček D., Šimleša Vučemilović S (2019). Certain issues concerning contracts on support for life and contracts on support until death, *Proceedings of International Scientific Conference EU and mamber states – Legal and economic issues*, Vol.3, Faculty of Law, Juraj Josip Strossmayer University, Osijek.,p.747-777
56. Klasiček D., Šimleša Vučemilović S. (2019). Certain issues concerning contracts on support for life and contracts on support until death, *EU and comparative law issues and challenges series (ECLIC 3)*, Vol.3, пристапено преку: https://ojs.srce.hr/index.php/eclic/article/view/9030, последна посета на 04.10.2025, стр.747-777
57. Maschwitz A. (2011). 'Living will' law under the German Civil Code. *The future of family property in Europe*, Cambridge, United Kingdom, p.142-160.
58. Némoz S. (2017). Le devenir de l'habitat intergénérationnel : une revisite socio anthropologique. Gérontologie et société, 2017/1, vol.39,n°152, p.207-220, DOI:10.3917/gs1.152.0207. Достапно на: https://shs.cairn.info/revue-gerontologie-et-societe-2017-1-page-207?lang=fr, последно пристапено на:17 јуни 2025 година.
59. Nevenka Subotić-Konstantinović N.(1964). *Ugovor o doživotnom izdržavanju,* doktorska disertacija odbranjena na Pravnom fakultetu u Beogradu, Beograd.
60. Perišić M. (1964). *O Pravnoj prirodi ugovora o doživotnom izdržavanju*, Pravni Život, broj 6/1964.
61. Perović S. (1981). *Obligaciono pravo*, Beograd, Sluzbeni list SFRJ.
62. Počuča M. (2011). *Ugovor o doživotnom izdržavanju*, Novi Sad, Pravni fakultet za privredu I pravosuđe.
63. Šović S. (1999). Sudija Vrhovnog suda Srbije: "*Zloupotreba prava kod ugovora o doživotnom izdržavanju*", Bilten Vrhovnog suda Srbije, broj 2/1999.
64. Stanković M. (2010). *Ugovor o doživotnom izdržavanju u srpskom pozitivnom poravo -zaštita primaoca izdržavanja*. Pravni život br. 10, str.967-985
65. Stanković M. (2011). *Zaštita primalac prema pravilima o prestanku ugovora o doživotnom izdržavanju u srpskom pozitivnom pravu*, Pravni život, br.10/2011, str.557-582.
66. Subotić Konstantinović N. (1978). Ugovor o doživotnom izdržavanju. *Enciklopedija imovinskog prava I prava udruženog rada I-III, Tom treći, Beograd: Novinsko-izdavaćka ustanova, Sluzbeni list SFRJ.*

67. Subotić-Konstantinović N.(1964). *Ugovor o doživotnom izdržavanju,* doktorska disertacija odbranjena na Pravnom fakultetu u Beogradu, Beograd.
68. Subotić-Konstatinović N. (1968). Ugovor o doživotnom izdržavanju, Beograd.
69. Tuhtan Grgić I. (2014). *Specifičnosti ugovora o doživotnom uzdržavanju u korist trećega*, Liber amicorum in honorem Vilim Gorenc, Pravni fakultet Sveučilišta u Rijeci, str.377-394.
70. Ubavić M. (2004). U*govor o doživotnom izdržavanju: sa sudskom praksom (preko 500 sudskih odluka) i primerima ugovorne isprave*, Beograd, Građevinska knjiga.
71. Vukotič M. (2017). *Raskid ugovora o doživotnom izdržavanju zbog poremečenih odnosa*, Pravni život 10/2017, str.755-772.
72. Zervogianni E. (2011). Non-institutional care for seniors from a civil law perspective**.** A comperative study of housing with services and adult placement in France and Germany. *The future of family property in Europe*, Cambridge, United Kingdom, p.185-206.

**Правни извори:**

1. Австриски граѓански законик (Allgemeines bürgerliches Gesetzbuch, Austrian Civil Code - ABGB), достапен:https://www.ris.bka.gv.at/GeltendeFassung.wxe?Abfrage=Bundesnormen&Gesetzesnummer=10001622, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
2. Германски граѓански законик (Bürgerliches Gesetzbuch - German Civil Code (BGB)), достапен на: https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_bgb/englisch_bgb.html#p4031, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
3. Граѓански законик на Чешка (Nový občanský zákoník), достапен на: https://www.kurzy.cz/zakony/89-2012-obcansky-zakonik/, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
4. Закон за вонпарнична постапка („Службен весник на РМ“ бр. 9 од 18.01.2008 година).
5. Закон за даноците на имот (Службен весник на РСМ, бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16, 96/19, 151/21, 153/23)
6. Закон за меѓународно приватно право (Слежбен весник на РСМ, бр.32/2020 од 10.02.2020 година).
7. Закон за наследување („Службен весник на Република Македонија“, бр.47/96)
8. Закон за наследување (Службен весник на СРМ бр.5/73, бр.27/78)
9. Закон за наследување на Република Србија (Zakon o nasleđivanju), достапно на: https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_nasledjivanju.html, последно пристапено на: 31.10.2025 година
10. Закон за облигациони односи на Р.Хрватска (Zakon o obveznim odnosima), достапен на: https://www.zakon.hr/z/75/zakon-o-obveznim-odnosima#google_vignette, последно пристапено на:31.10.2025 година.
11. Закон за облигационите односи на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“, бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/1, 123/13, 215/21,154/23,)

12. Закон за облигационите односи на Словенија (Obligacijski zakonik (OZ)), достапно на: https://pisrs.si/pregledPredpisa?id=ZAKO1263, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
13. Закон за облигационите односи на Црна Гора (Zakon o obligacionim odnosima), достапно на: https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/zakon-o-obligacionim-odnosima.html, последно пристапено на: 31.20.2025 година.
14. Закон за парничната постапка (Службен весник на РСМ, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 7/11, 124/15)
15. Закон за семејството („Службен весник на Република Македонија“ број 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15, 53/21, 199/23).
16. Закон за сопственост и други стварни права (Сл. весник на РМ, бр. 18/01, 92/08, 139/09 и 35/10).
17. Закон за социјална заштита на РМ (Службен весник на РМ бр. 79/2009, 51/2050, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 148/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 163/2017, 51/2018).
18. Закон за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“, бр. 104/19,146/19,275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 249/21, 99/22, 236/22, 65/23, 192/25)
19. Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018; 195/2018; 290/2020; 215/2021; 99/2022; 272/2024).
20. Законот за долготрајна нега на Словенија (Zakona o dolgotrajni oskrbi, Uradni list RS, št. 84/23, 112/24, 44/25) е донесен 2023 година, достапно на: https://pisrs.si/pregledPredpisa?id=ZAKO8819, последен пристап на 20.10.2025 година.
21. Законот за стечај (Службен весник бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15, 192/15, 86/25).
22. Италијански граѓански законик (Codice Civile Italiano), достапен на: https://www.brocardi.it/codice-civile/, последно пристапено на: 31.10.2025 година
23. Конвенција на правата на лицата со попреченост (CRPD), Генерално Собрание на ООН, донесена на 13.12.2006 година, достапно на: https://www.coe.int/mk/web/compass/convention-on-the-rights-of-persons-with-disabilities, последно пристапено на 17.10.2025 година.
24. Национална стратегија за лица со попреченост 2023-2030 год., Скопје, декември 2023 год., достапно на:https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2024/nacionalna_strategija_za_pravata_na_licata_so_poprechenost_2023-2030.pdf, последно пристапено: 17.10.2025 година
25. Полски граѓански законик (Kodeks cywilny - Civil Code of Poland*)*, достапен на: https://webfiles-sc1.blackbaud.com/files/support/helpfiles/npoconnect/content/resources/attachments/poland-civil-code.pdf, последно пристапено на: 31.10.2025 година.

26. Португалски граѓански законик (Código Civil – CC), достапен на: https://diariodarepublica.pt/dr/legislacao-consolidada/decreto-lei/1966-34509075-, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
27. Романија граѓански законик (Codul Civil), достапно на: https://faolex.fao.org/docs/pdf/rom211534.pdf, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
28. Сојузен закон за наследување (Службен лист на ФНРЈ бр.20/55)
29. Унгарски Граѓански законик, достпно на: https://faolex.fao.org/docs/pdf/hun209514.pdf, последно пристапено на:31.10.2025 година.
30. Уставот на РСМ од 17 ноември 1991 година, достапно на: https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf, последно пристапено на: 23.10.2025 година.
31. Француски граѓански законик (Code Civile). Достапен на: https://www.legifrance.gouv.fr/codes/texte_lc/LEGITEXT000006070721/, последно пристапено на: 31.10.2025 година
32. Холандски граѓански законик (Dutch Civil Code), достапен на: http://www.dutchcivillaw.com/civilcodegeneral.htm, последно пристапено на: 31.10.2025 година
33. Швајцарски граѓански законик (Schweizerisches Zivilgesetzbuch (ZGB)), достапен на: https://www.fedlex.admin.ch/eli/cc/27/317_321_377/en#part_2/tit_22/lvl_B, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
34. Шпански граѓански законик (Spanish Civil Code), достапен на: https://data.globalcit.eu/NationalDB/docs/spanish-civil-code-ENG%202013.pdf, последно пристапено на: 31.10.2025 година.
35. Act No. IV of 1959 on the Civil Code of the Republic of Hungary
36. Act V of 2013 Hungarian Civil Code, FAOLEX, пристапено преку: https://faolex.fao.org/docs/pdf/hun209514.pdf, последен пристап на 13.10.2025 година.
37. Chapter of fundamental rights of the European Union (Official Journal of the European Communities 2000/C 364/1)
38. *Code de l'action sociale et des familles (CASF)*. Version 18 June 2025. Достапно на: https://www.legifrance.gouv.fr/codes/texte_lc/LEGITEXT000006074069/, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.
39. *Code de la construction et de l'habitation (CCH).* Version 13 June 2025. Достапно на: https://www.legifrance.gouv.fr/codes/texte_lc/LEGITEXT000006074096/2025-06-13/, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.
40. European Charter of the rights and responsibilities of older people in need of long-term care and assistance, June 2010
41. Gesetz zur Regelung von Verträgen über Wohnraum mit Pflege - oder Betreuungsleistungen (Wohn- und Betreuungsvertragsgesetz - WBVG), 01.10.2009. Достапно на: https://www.gesetze-im-internet.de/wbvg/BJNR231910009.html, последно пристапени на 17 јуни 2025 година.
42. *Loi n° 2015-1776 du 28 décembre 2015 relative à l'adaptation de la société au vieillissement.* Достапно на:

https://www.legifrance.gouv.fr/loda/id/LEGIARTI000031706464/2015-12-30/#LEGIARTI000031706464, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.
43. Loi n° 2018-1021 du 23 novembre 2018 portant évolution du logement, de l'aménagement et du numérique (dite loi ELAN), *Journal Officiel de la République Française*, 24 novembre 2018.
44. Zakon o parničnom postupku na Hrvatska (Sl. SFRJ 4/77, 36/77, 6/80, 36/8, 43/82, 69/82, 58/84, 74/87, 57/89, 20/90, 27/90, 35/91, i NN 53/91, 91/92, 58/93, 112/99, 88/01, 117/03, 88/05, 02/07, 84/08, 96/08, 123/08, 57/11, 148/11, 25/13, 98/14, 70/19, 80/22, 114/22, 155/23), пристапено преку: https://www.zakon.hr/z/134/zakon-o-parnicnom-postupku#google_vignette, последна посета на 13.10.2025 година.
45. Zakon o socijalnoj skrbi na R. Hrvatska (NN 18/22, 46/22, 119/22, 71/23, 156/23, 61/26), пристапено преки: https://www.zakon.hr/z/222/zakon-o-socijalnoj-skrbi, последна посета на 15.01.2026 година.

**Стратегиски документи и официјални извештаи:**

1. Акциски план на Национална стратегија за лица со попреченост 2023-2026 год., Скопје, декември, 2023 година, достапно на: https://cms.mtsp.gov.mk/content/pdf/2024/Акциски%20планови%202023-2026.pdf, последно пристапено на: 17.10.2025 година.
2. European Commission, *Proposal for a Council Recommendation on access to affordable high-quality long-term care* (SWD(2022) 441 final), Brussels, 07.09.2022, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex:52022DC0441, последно пристапено на 17.10.2025 година
3. Национална стратегија за лица со попреченост 2023-2030 год., Скопје, декември 2023 год., достапно на:https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2024/nacionalna_strategija_za_pravata_na_licata_so_poprechenost_2023-2030.pdf, последно пристапено: 17.10.2025 година
4. Национална стратегија за стари лица 2010-2020 година, јуни 2010, Достапно на: https://mtsp.gov.mk/wbstorage/files/strategija%20za%20stari%20lica%20juni.pdf, последен пристап на:20.10.2025 година.
5. Правилник за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр.18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015, 191/2015, 187/2016, 146/2018, 44/2019 и Службен весник на РСМ бр.198/2019, 63/2020, 202/2020,303/2020, 217/2021, 179/2023, 277/2023, 57/2024, 71/2024 и 251/2024), пристапено преку: https://fzo.org.mk/sites/default/files/fzo/legislativa/opsti-akti/precisten-tekst-na-pravilnikot-za-pravata03.12.2024.pdf, последна посета на 12.10.2025 година.
6. Committee on the Rights of Persons with Disabilities, United Nations, *Concluding observations on the initial report of the former Yugoslav Republic of Macedonia*, CRPD/C/MKD/CO/1, 29 october 2018, достапно на:

https://digitallibrary.un.org/record/1650502?ln=en&v=pdf, последно пристапено на 20.10.2025 година.

7. Committee on the Rights of Persons with Disabilities, United Nations, *Concluding observations on the initial report of the former Yugoslav Republic of Macedonia*, CRPD/C/MKD/CO/1, 29 october 2018, достапно на: https://digitallibrary.un.org/record/1650502?ln=en&v=pdf, последно пристапено на 20.10.2025 година.
8. European Commission (2022). *A European Care Strategy for caregivers and care receivers*, COM (2022) 440 final. Достапно на: https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_22_5169, последно пристапено на: 26.06.2025 година.
9. European Commission Report on the Impact Demographic Changes, 17 june 2020 (https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/priorities-2019-2024/new-push-european-democracy/impact-demographic-change-europe_en#latest), последно пристапено на 26 мај 2025
10. European Commission: Long-Term care. Дстапно на: https://commission.europa.eu/projects/long-term-care_en, последно пристапено на: 26.06.2025 година.
11. European Commission: Modernisation long-term care. Достапно на: https://commission.europa.eu/projects/modernisation-long-term-care_en, последно пристапено на: 26.06.2025 година.
12. European Commission: Reform of long-term care services for older people. Достапно на: https://commission.europa.eu/projects/reform-long-term-care-services-older-people_en, последно пристапено на: 26.06.2025 година.
13. Informal coalition and group of authors*, Summary Report (Summary Report) of the State Responses to the Questions related to the initial Report of the Republic of Macedonia in the implementation of the Convention on the Rights of Persons with Disability,* July 2018.
14. *UNCRPD Country Report – Germany*, 2023, достапно на: https://assets-us-01.kc-usercontent.com/7099fcf9-715f-0061-5726-009a48410fee/0f8f3724-0b1f-4ddd-93af-60e2643bcc63/Germany.pdf, последно пристапено на 20.10.2025 година.
15. *UNCRPD Country Report – Germany*, 2023, достапно на: https://assets-us-01.kc-usercontent.com/7099fcf9-715f-0061-5726-009a48410fee/0f8f3724-0b1f-4ddd-93af-60e2643bcc63/Germany.pdf, последно пристапено на 20.10.2025 година.
16. Државен завод за статистика – „Проекции на населението на Република Северна Македонија до 2070 година: методологија, појдовни хипотези и резултати", достапно на: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/Proekcii_2070_mk.pdfstat.gov.mk, последно пристапено на: 31.10.2025 одина.
17. Suitable model – care of the elderly at home in Macedonia, Case study - Macedoina, 2016, достапно на: https://iris-see.eu/wpcontent/uploads/2016/10/web-FYRM.pdf, последно пристапено на 31.10.2025 година.

**Судски одлуки:**


1. Апелационен суд Битола, Гж.бр.2942/2013.
2. Врховни суд Босне и Херцеговине број ГЖ. 255/57.
3. Врховни суд Србије број Рев. 793/83.
4. ВСМ Рев.207/80 од 29.04.1980 год. Зб. III/29.
5. ВСМ, Рев. Бр.58/82 од 23.02.1982 година.
6. ВСМ, Рев.бр.156/79 од 20.06.1979 година.
7. ВСМ, Рев.бр.19/82 од 17.05.1982 година.
8. ВСРМ Рев.753/95 од 23.05.1996год и Рев од 28.05.1996 година.
9. Одлука Врховног суда Србије Рев. 3897/98 од 27.09.1997 година.
10. Одлука на Апелациониот суд во Крагуевац, ГЖ-1181/11 од 26.05.2011 година.
11. Одлука на Апелационен суд Битола, ГЖ-153/18 од 12.02.2018 година.
12. Одлука на Апелационен суд Битола, ГЖ-1856/16 од 22.11.2016 година, Рев2.бр.392/2017 од 26.04.2018 година.
13. Одлука на Апелационен суд Битола, ГЖ-878/17 од 05.09.2017.
14. Одлука на Апелационен суд Битола, ГЖ.бр.2066/17 од 10.10.2017 година.
15. Одлука на Апелационен суд Гостивар, ГЖ.бр.947/22 од 09.02.2023 година.
16. Одлука на Апелационен суд Скопје ГЖ-3641/19 од 14.01.2021 година.
17. Одлука на Апелационен суд Скопје, ГЖ.бр.1016/13 од 9.5.2013 година.
18. Одлука на Апелационен суд Штип, ГЖ-229-2010 од 05.03.2010 год.
19. Одлука на Апелациониот суд во Белград Гж. 4156/2017 од 8.2.2018. година.
20. Одлука на Апелациониот суд во Белград, Гж. 4156/2017 od 8.2.2018 година.
21. Одлука на Апелациониот суд во Белград, Гж. 5654/2011 od 12.7.2012. година.
22. Одлука на апелациониот суд во Битола ГЖ-2458/19 од 17.12.2019 година.
23. Одлука на апелациониот суд во Битола, ГЖ-2565/19 од 10.01.2020 година.
24. Одлука на Апелациониот суд во Ниш Гж.1544/2012 od 18.12.2012. година.
25. Одлука на апелациониот суд во Скопје, ГЖ-2216/18 од 24.01.2019 година.
26. Одлука на Вишиот суд во Суботица Гж.805/65.
27. Одлука на Врховен Касационен суд на Република Србија. Рев бр.1663/2016 од 24.05.2017 година.
28. Одлука на Врховен суд во Србија, Рев. 3052/2004 од 22.12.2005 година.
29. Одлука на Врховен суд на Косово, Гж.355/74 од 10 јануари 1975 година.
30. Одлука на Врховен суд на Македонија, Рев. Бр.472/80 од 14.10.1980 год.
31. Одлука на Врховен суд на Република Србија, Рев.2791/05 од 09.02.2006.
32. Одлука на Врховен суд на Србија , Рев. бр. 5152/01 од 26.09.2002.
33. Одлука на Врховен суд на Србија Гж.4561/80.
34. Одлука на Врховен суд Србија Рев. 931/97 од 25.03.1997.
35. Одлука на Врховен суд Србија Рев.1538/80.
36. Одлука на Врховен суд Србија Рев.3052/91 од 19.12.1991.
37. Одлука на Врховен суд Србија Рев.3951/02 од 22.01.2003 година.
38. Одлука на Врховен суд Србија Рев.4632/96 од 13.12.1996.
39. Одлука на Врховен суд Србија Рев.653/89 од 18.04.1989.

40. Одлука на Врховен суд Србија, Гж. 1275/76.
41. Одлука на Врховен суд Србија, ГЖЖ 2254/77.
42. Одлука на Врховен суд Србија, Рев. 2372/88 од 21.12.1988.
43. Одлука на Врховен суд Србија, Рев.3414/99 од 24.11.1999.
44. Одлука на Врховен суд Хрватска Гж.103/56 од 28.07.1956 година.
45. Одлука на Врховниот суд во Србија, Рев. 1385/2005 od 1.9.2005. година.
46. Одлука на Врховниот суд на Војводина, Гж. 190/62.
47. Одлука на Врховниот суд на Македонија, Гж. 91/72 од 4.XII.1972.
48. Одлука на Врховниот суд на Македонија, Гж. бр. 589/77 од 4.III.1978.
49. Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 225/80 од 18.XI.1980.
50. Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 692/81 од 1981 година.
51. Одлука на Врховниот суд на Србија Рев.1851/2003 и Гж.137/2003 од 09.10.2003 година.
52. Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев. 1241/85.
53. Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев. 638/86.
54. Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев.450/06.
55. Одлука на ВСМ Гж. Бр.90/73 од 08.11.1973.
56. Одлука на ВСМ, Рев.бр.535/81 од 15 10.1981.
57. Одлука на ВСМ. Рев. 37/81 од 27.01.1981.
58. Одлука на ВСРМ Рев.2-118/23 од 05.07.2023 година.
59. Одлука на ВСРМ Рев.270/86.
60. Одлука на ВСРСМ Рев2.бр.177/2022 од 14.06.2022 година.
61. Одлука на Окружен суд во Штип, П.бр.385/75.
62. Одлука на Окружниот суд во Зрењанин Гж.1435/00 од 28.11.2000.
63. Правно мислење на Врховен суд на Република Македонија од 16.12.2016 година.
64. Правно мислење на Стручен Совет на Нотарска Комора од 26.01.2013, Нотариус бр.22, Нотарска комора на РМ.
65. Правосилна пресуда на Вишиот суд во Нови Сад број П. 157/2017 од 06.11.2017, која е потврдена со пресудата на Апелациониот суд во Нови Сад број Гж. 131/18 од 03.04.2018 година.
66. Пресуда Врховног касационог суда Републике Србије, Рев. бр. 1351/2016, од 17. 11. 2016. Године (достапно на: https://www.vrh.sud.rs/sr-lat/rev-13512016-ništavnost-ugovora-o-doživotnom-izdržavanju, последно пристапено на: 14.01.2026 година).
67. Пресуда Врховног касационог суда Републике Србије, Рев. бр. 460/2019, од 11. 06. 2020. Године.
68. Пресуда Врховног касационог суда Републике Србије, Рев. бр. 888/2020, од 28. 10. 2020. године, со која е укината пресуда на: Апелацоног суда у Нишу, Гж. бр. 335/2019, од 19. 09. 2019. године и пресуда Вишег суда у Нишу, П. бр. 90/2016, од 18. 10. 2018. године (достапно на: https://www.vrh.sud.rs/sr-lat/rev-8882020-313131-ugovor-o-doživotnom-izdržavanju-3124-nevažnost-ugovora). Последно пристапено на: 14.01.2026 година).
69. Пресуда Врховног суда Србије Рев.5612/96 од 05.03.1993 година.
70. Пресуда на Апелационен суд Гостивар, ГЖ.бр.951/11 од 22.05.2012 година.
71. Пресуда на апелациониот суд во Белград, Гж. 3377/2012 od 16.7.2012 година.

72. Пресуда на Апелациониот суд во Белград, Гж.12170/2010 од 5.10.2011 година.
73. Пресуда на апелациониот суд во Ниш, Гж. 2771/2016 од 24.1.2017 година.
74. Пресуда на Апелациониот суд во Нови Сад, Гж 3038/11 од 25. IV 2012 година.
75. Пресуда на Апелациониот суд во СКОПЈЕ, Гж-2565/19 од 10.01.2020 година.
76. Пресуда на Апелациониот суд во Скопје, Гж-2565/19 од 10.01.2020 година.
77. Пресуда на Апелациониот суд во Скопје, ГЖ-3783/16 од 28.02.2018 година.
78. Пресуда на Апелациониот суд во Скопје, ГЖ-3783/16 од 28.02.2018 година.
79. Пресуда на Врховен суд на Македонија во Скопје, Рев. бр. 2,63/78 од 15. XII. 1978 година.
80. Пресуда на Врховен суд на Македонија Рев.бр.207/80 од 29.04.1980 година.
81. Пресуда на Врховен суд на Макеоднија Рев.бр.37/81 0д 27.01.2981 година.
82. Пресуда на Врховен суд на Р. Македонија Рев2.бр.399/2015 од 17.01.2017 година.
83. Пресуда на Врховниот суд на Југославија, Рев. 2045/64 од 26.11.1964.
84. Пресуда на Врховниот суд на Македонига Гзз.бр.66/90 од 18.09.1990 година.
85. Пресуда на Врховниот суд на Македонија. ГЗЗ. бр. 93/88. од 1. IX 1988 година.
86. Пресуда на Врховниот суд на Македонија. Рев.бр. 48/85 од 29. 1. 1985 година.
87. Пресуда на Врховниот суд на Македонија, Гзз. бр. 91/72 од 4. XII. 1972 година.
88. Пресуда на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 1214/86 од 11. XII 1986 година.
89. Пресуда на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. *270/86* и ГЖ. бр. 12/86 од 18. III 1986 година.
90. Пресуда на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. *543/88* од 9. XII 1988 година.
91. Пресуда на Врховниот суд на Македонија, У. бр. 1330/87 од 7 VI 1988 година.
92. Пресуда на Врховниот суд на Македонија, У. бр. 164/87 од 7. V 1987 година.
93. Пресуда на Врховниот суд на Македонија, У. бр. 365/87 од 2. IV 1987 година.
94. Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.200/91 од 12.03.1991 година.
95. Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.219/90 од 17.04.1990 година.
96. Пресуда на Врховниот суд на република Македонија Рев.бр.623/ 92 од 25.02.1993 година.
97. Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.1293/94 од 18.04.1995 година.
98. Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.329/90 од 8.05.1990 година.
99. Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, Гзз.бр.183/О2 од 23.04.2003година
100. Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, Рев.бр.393/2000 од 16.10.2002 година.
101. Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија У.бр.637/96 од 27.01.1998 година.
102. Пресуда на Врховниот суд на Србија, Рев. 1351/2016 од 17.11.2016.
103. Пресуда на Врховниот суд на Србија, Рев. 2903/2006 од 25.4.2007 година.
104. Пресуда на ВСМ ГЗЗ. бр. 87/76 од 17. П. 1977 година.
105. Пресуда на ВСРСМ Рев2-233/22 од 18.10.2023 година.

106. Пресуду Апелационог суда у Крагујевцу – Гж 2501/2012, 26. 11. 2012. – исп., 9/2013.
107. Решение на Врховниот суд на Македонија Рев.бр.693/90 од 30.10.1990 година.
108. Решение на Врховниот суд на Македонија Рев.бр.693/90 од 30.10.1990 година.
109. Решение на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 1057/86 од 28. X 1986 година.
110. Решение на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 137/86 од 11. II 1986 година.
111. Решение на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 95/85 од 26. II 1985 година.
112. Решение на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.753/95 од 23.05.1996 година.
113. Решение на Врховниот суд на Република Македонија, Рев.бр.1155/96 од 14.11.1996 година.
114. Решение на Окружниот суд во Ваљево Гж. 591/00 од 2. 6. 2000 година.
115. Cour de Cassation, Chambre civile 1, du 26 avril 1988, 86-12.481, Publié au bulletin.
116. COUR DE CASSATION, Chambre sociale, du 9 février 1961, Publié au bulletin.
117. Одлука на Апелациониот суд во Белград, ГЖ. 2338/2014 од 16.7.2015 година.
118. Odluka na Okružni sud Beograd, Gž.br. 547/01 - Gž.br. 5665/00 - P.br. 953/95.
119. Okružni sud u Subotici, Gž.652/93 od 13 maja 1993.
120. Pravno shvatanje usvojeno na sednici Građanskog odeljenja Apelacionog suda u Kragujevcu od 20.12.2010. godine - Bilten Apelacionog suda u Kragujevcu, broj 1/2011)
121. Presuda Apelacionog suda u Beogradu, Gž 1687/2016 od 8.6.2016 godine.
122. Presuda Apelacionog suda u Kragujevcu, Gž. II 402/2010 od 5.2.2010. godine.
123. Presuda Apelacionog suda u Kragujevcu, Gž. II 402/2010 od 5.2.2010 godine.
124. Presuda Apelacionog suda u Nišu, Gž 335/2019 od 19.9.2019 godine.
125. Presuda Apelacionog suda u Novom Sadu, Gž 2063/2016 od 23.6.2016. godine.
126. Presuda Okružnog suda u Kraljevu, Gž. 880/2003 od 12.2.2004. godine.
127. Presuda Vrhovnog kasacionog suda, Rev. 470/2010 od 22.4.2010 godine.
128. Presuda Vrhovnog kasacionog suda, Rev. 470/2010 od 22.4.2010. godine.
129. Presuda Vrhovnog suda Srbije, Gzz. 407/2001 od 4.7.2001. godine
130. Presuda Vrhovnog suda Srbije, Rev. 1342/2005 od 1.12.2005. godine.
131. Presuda Vrhovnog suda Srbije, Rev. 149/99 od 4.11.1999. godine.
132. Presude Apelacionog suda u Beogradu, Gž. 2281/2013(1) од 23.10.2013 godine.
133. Presude Vr- hovnog suda Srbije, Rev. 3680/03 od 25.03.2004. godine.
134. Rešenje Apelacionog suda u Beogradu, Gž 2271/2013 od 24.12.2014. godine.
135. Rešenje Apelacionog suda u Beogradu, Gž 2271/2013 od 24.12.2014. godine.
136. Rešenje Apelacionog suda u Beogradu, Gž 3631/2014 od 18.5.2016. godine.
137. Rešenje Vrhovnog kasacionog suda, Rev 167/2015(1) od 12.2.2015. godine.
138. Vrhovni sud Vojvodine Rev. 766/89 od 15.11.1989.
139. VSRH Rev 3805/1993-2, 8.2.1994.
140. VSRH, Rev 2419/1991-2, 13.7.1993.

**Интернет страници:**


1. "Прехвърляне на имот срещу издръжка и грижа", ID Law Office, пристапено преку: https://id-lawoffice.com/bg/услуги/прехвърляне-на-имот-срещу-издръжка-и-г/, последна посета на 13.10.2025 година.
2. « Les logements-foyers », Weka, dans *La création d'établissements et services sociaux et médico-sociaux*, Éditions Weka, Достапно на: https://www.weka.fr/action-sociale/base-documentaire/ccas-et-cias-wk331/la-creation-d-etablissements-et-services-sociaux-et-medico-sociaux-sl6947607/les-logements-foyers-sl6947800.html, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.
3. « Les résidences services, pour qui ? », *Pour les personnes âgées.gov.fr. miss à jour le 04.03.2025.* Достапно на: https://www.pour-les-personnes-agees.gouv.fr/changer-de-logement/vivre-dans-une-residence-avec-services-pour-seniors/les-residences-services-pour-qui, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.
4. About supported decisions making, достапно на: https://supporteddecisions.org/about-supported-decision-making/, последно пристспено на 17.10.2025 година.
5. Bail à nourriture : définition, avantages, succession et fiscalité, пристапено преку: https://www.cafpi.fr/credit-immobilier/guide-investisseur-immobilier/bail-a-nourriture, последна посета на 13.10.2025 година.
6. Bail à nourriture, une pratique de solidarité intergénérationnelle proche du viager, Edito SeLoger, пристапено преку:https://edito.seloger.com/conseils-d-experts/vendre/bail-nourriture-grand-retour-d-une-pratique-de solidarite, последна посета на 13.10.2025 година.
7. *Betreutes Wohnen / Service-Wohnen",* Pflege.de. Достапно на: https://www.pflege.de/altenpflege/betreutes-wohnen/, последно пристапени на: 17 јуни 2025 година.
8. Bundesministerium für Familie, Senioren, Frauen und Jugend (BMFSFJ).*„Wohnen für Hilfe".* Достапно на: https://www.serviceportal-zuhause-imalter.de/wohnen/spezielle-wohnformen/wohnen-fuer-hilfe.html, последно пристапено на 17 јуни 2025 година.
9. Dejure.mk, достапно на: https://dejure.mk, последен пат пристапено на 12.08.2025 година
10. Ensemble 2 generations: Достапно на: https://ensemble2generations.fr/heberger/vous-avez-plus-de-60-ans, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.
11. HelpAge International. *Global AgeWatch Index 2015: Insight report*, London, 2015. Достапно на: https://www.helpage.org/silo/files/global-agewatch-index-2015-insight-report.pdf, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.
12. Studentenwerk. „Wohnen für Hilfe." Достапно на: https://www.studierendenwerke.de/en/topics/accomodation/tips-for-finding-accommodation/wohnen-fuer-hilfe-living-for-help, последно пристапено на 17 јуни 2025 година.
13. Studierendenwerk West: Brandenburg. *„Wohnen für Hilfe".* Достапно на: https://www.stwwb.de/en/housing/homesharing, последно пристапено на 17 јуни 2025 година.

**14.** Verbraucherzentrale. *Betreutes Wohnen – Eine Alternative fürs Wohnen im Alter.* Достапно на*:* https://www.verbraucherzentrale.de/wissen/gesundheit-pflege/pflege-in-wohngemeinschaften/betreutes-wohnen-eine-alternative-fuers-wohnen-im-alter-13905, последно пристапено на: 17 јуни 2025 година.

**15.** vrabotuvanje.com, достапно на https://www.vrabotuvanje.com.mk/sovet/78de10d3-0e44-11f0-9518-0254e1e2ead1/zosto-se-povekje-domovi-za-stari-lica-vo-germanija-odat-vo-stecaj, последно пристапено на 08.10.2025 година.

**16.** Министерство за социјална политика, демографија и млади. Листа на јавни установи за социјална заштита на стари лица. Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/registri-ns_article-lista-na-javni-ustanovi-za-socijalna-zashtita-na-stari-lica-cel.nspx, https://www.mtsp.gov.mk/registri-ns_article-lista-na-privatni-ustanovi-za-socijalna-zashtita-na-stari-lica-cel.nspx, последно пристапено на 29.12.2024

**17.** Привидни договори, Академија за судии и јавни обвинители, достапно на https://old.jpacademy.gov.mk/wp56/wp-content/uploads/2021/02/sudska-praktika.pdf, последно пристапено на 06.05.2025 година

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1: БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ДО МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ

### Б А Р А Њ Е
### ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: _______

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____

Врз основа на членот 4 и членот 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Број на склучени договори за доживотна издршка со стари лица?

2. Дали имате постоечки внатрешни политики и процедури поврзани со овој вид на издршка?

3. Какви се основните аспекти на договорите за доживотна издршка кои се склучени?

4. Кои се основните права и обврски кои се определени во договорот за доживотна издршка?

5. Дали постојат механизам за преглед на договорите за доживотна издршка од страна на експерти или надзорни органи и како се осигурува спроведувањето на стандардите и законските прашања во овие договори?

6. Дополнителни информации, поврзани со оваа тема би биле корисни за мојата докторска истражувачка работа.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта

- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго _______________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во _______, _______ година**

# **<u>ПРИЛОГ 2:</u> БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ**

**До: Министерство за социјална политика, демографија и млади**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: _____

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ___________

Врз основа на членот 4 и членот 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Статистички податоци за бројот на договори за доживотна издршка, каде Министерството за социјална политика, демографија и млади има дадено согласност?
2. Што точно подразбира „претходна согласност“ на Министерството во однос на овој договор?
3. Условите и критериумите кои Министерството ги зема предвид при давање на согласност за склучување на договорот за доживотна издршка?
4. Кој има правно право да ги оспори одлуките на Министерството во процесот на одобрување на договорите за доживотна издршка?
5. Како Министерството врши контрола за спречување на потенцијални злоупотреби на договорите за доживотна издршка, особено во случаи каде што лицето што го дава издржувањето располага со значителен имот?
6. Дали Министерството има надлежности за ревизија или следење на исполнувањето на договорите за доживотна издршка по нивното склучување?
7. Какви се правните и етичките стандарди што Министерството ги применува за да спречи нефер третман на страните во договорот за доживотна издршка?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис

- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во ________, ________ година.**

## **<u>ПРИЛОГ 3</u>: ПОЛУСТРУКТУРИРАН ПРАШАЛНИК**

| **Полуструктуриран прашалник за Центрите за социјална работа кои во пракса немаат склучувано договори за доживотна издршка** |
| --- |
| 1. Што се причините за тоа што досега не сте склучувале договори за доживотна издршка со стари лица? Дали постојат правни или административни пречки кои го спречуваат склучувањето на овие договори?<br>2. Дали има доволно ресурси (финансиски и кадровски) за да се управува со договорите за доживотна издршка доколку тие започнат да се склучуваат?<br>3. Дали постои потреба за подобрување на информираноста или образованието за договорите за доживотна издршка во вашата заедница?<br>4. Која е улогата на ЦСР при склучување на вакви договори?<br>5. Дали во пракса е имало ситуација да се јави Центарот во улога на давање согласност за склучување на договорот за доживотна издршка? |

## **<u>ПРИЛОГ 4:</u> ПОЛУСТРУКТУРИРАН ПРАШАЛНИК**

| **Полуструктуриран прашалник за Центрите за социјална работа кои во пракса имаат склучувано договори за доживотна издршка** |
| --- |
| 1. Какви се моменталните процедури за склучување договори за доживотна издршка?<br>2. Кои се најчестите проблеми или предизвици со кои се соочувате при управувањето со договорите за доживотна издршка? Кои правни и практични предизвици се јавуваат во спроведувањето на овие договори? Какви сугестии или примери од практиката можете да идентификувате кои би можеле да се подобрат?<br>3. Кои се критериумите за процена на потребите на старите лица при одлучување за склучување на договор за доживотна издршка? Дали се проценува каков вид на сместување и грижа ќе биде обезбедена на примателот на издршката? Кој е процесот на избор на дом и како се утврдуваат условите за сместување?<br>4. Каква е правната одговорност на домот за стари лица или давателот на издршката во случај на повреда или незгода на примателот на издршката во текот на престојот? Какви мерки се преземаат за заштита на правата и безбедноста на старите лица, и кој е процесот на одговорност и компензација во вакви случаи?<br>5. Која е постапката за пренос на имотот по смртта на примателот на издршката на ЦСР? Кои се правата на ЦСР во поглед на имотот на примателот на издршката по неговата смрт? За што најмногу се користи во пракса имотот кој ќе се стекне?<br>6. Дали се јавуваат правни спорови во случај на конфликти околу преносот на имотот по смртта на примателот? Дали досега е имало спорови? |

7. Дали се врши мониторинг или надзор врз спроведувањето на договорите за доживотна издршка?
8. Која е улогата на Министерството за труд и социјална политика во овој процес и кои критериуми се земаат предвид при давањето на согласност за склучување на договорот?

## <u>ПРИЛОГ 5</u>: ПРИМЕР НА ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА СО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА[587]

Договор за доживотна издршка
Склучен на ден ______ година, помеѓу:

1. ____________ роден/а на ________ година во _______, со живеалиште во _________ на ул._________бр.___, со ЕМБГ _____________ и л.к. бр. _________________ издадена од МВР________ на ден___________година, во понатамошниот текст: примател на издршката од една страна и

2. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа____________, застапуван од Директорот ____________(сите генералии од тековна состојба од Централен регистар), како давател на издршката (во натамошниот текст давател на издршката)

Примателот и давателот на издршката се договорија за следните права и обврски коишто се предмет на овој Договор:

**Член 1**

Примателот на издршката ______________ е лице неспособно за работа, кое има потреба од постојана парична помош, заради обезбедување средства за егзистенција.

**Член 2**

Примателот на издршката е сопственик на недвижен имот, и тоа:
(да се даде опис на имотот согласно Имотен лист од АКН издаден на денот на склучувањето на договорот (за земјиште и за објекти) да се наведе број на КП, катастарска општина и место каде се наоѓа недвижноста).

**Член 3**

Давателот на издршката, ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа _________, се обврзува на примателот на издршката да му обезбеди постојана парична помош согласно одредбите од Законот за социјалната заштита (Службен весник на РМ, бр._____) во висина од ________ денари, почнувајќи од _______ година.

**Член 4**

Примателот на издршката се обврзува по неговата смрт, да го остави во наследство целиот недвижен имот опишан во членот 2 од овој Договор на давателот на издршката.

---

[587] Приложениот пример на договор за доживотна издршка ја одразува практиката на Центрите за социјална работа во период кога беше на сила претходниот Закон за социјалната заштита на РМ (Службен весник на РМ бр. 79/2009, 51/2050, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 148/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 163/2017, 51/2018), и не ја рефлектираат во целост терминологијата и концептите на важечкиот закон.

**Член 5**

Давателот на издршката по склучување на договорот за доживотна издршка од Имотниот лист преку АКН – Одделение за катастар на недвижности ____, да го прибележи склучениот договор во јавната книга во катастарот на недвижноста за што примателот на издршката се согласува.

**Член 6**

Договорните страни се согласни дека секоја од нив може да бара раскинување на Договорот, ако другата страна не ги извршува своите обврски кои произлегуваат од истиот.

**Член 7**

Договорните страни, изјавуваат дека истиот го склучуваат доброволно и при здрава свест и чист разум, односно без никаква присила.

**Член 8**

Во случај на спор по овој Договор се утврдува надлежноста на Основниот суд во _____________.

**Член 9**

Овој договор се склучува во 6 примероци, од кои по два за секоја договорна страна, еден примерок за нотарот и еден примерок за Агенцијата за катастар на недвижности.

Давател на издршката, Примател на издршката,

____________________ ____________________

Сведоци:

1.________________________ 2. _________________________

(име, презиме и сите останати генералии на сведоците)

## **<u>ПРИЛОГ 6</u>: ПРИМЕР НА ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА СО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА**[588]

Договор за доживотна издршка
Склучен на ден ______ година, помеѓу:

1. ____________ роден/а на ________ година во _______, со живеалиште во _________ на ул._________бр.___, со ЕМБГ _____________ и л.к. бр. __________________ издадена од МВР________ на ден___________година,
   ____________ роден/а на ________ година во _______, со живеалиште во _________ на ул._________бр.___, со ЕМБГ _____________ и л.к. бр. __________________ издадена од МВР________ на ден___________година, во понатамошниот текст: приматели на издршката од една страна и

2. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа____________, застапуван од Директорот ____________(сите генералии од тековна состојба од Централен регистар), како давател на издршката (во натамошниот текст давател на издршката)

Примателот и давателот на издршката се договорија за следните права и обврски коишто се предмет на овој Договор:

**Член 1**

______________ од ___________ е старо лице, во брак со ___________ и двајцата се во поодминати години, немаат брачни деца, ниту блиски сродници кои би сакале да се грижат за нив и затоа поднеа барање за остварување на постојана парична помош и даде изјава дека се согласува да се склучи договорот за доживотна издршка со ЈУМЦСР ______ со која изјавува дека сака да го поклони целокупниот имот кој е во негова сопственост.

**Член 2**

Примателот на издршката е сопственик на недвижен имот, и тоа:
(да се даде опис на имотот согласно Имотен лист од АКН издаден на денот на склучувањето на договорот (за земјиште и за објекти) да се наведе број на КП, катастарска општина и место каде се наоѓа недвижноста).

**Член 3**

Со овој договор странките се договорија давателот на издршката доживотно да ги издржува примателите со парична помош во висина од законски утврдената постојана парична помош на лице со еден соуживател, во случај на болест да му обезбеди лекарска помош и лекување, како и сместување во старски дом и пристоен закоп.

---

[588] Приложениот пример на договор за доживотна издршка ја одразува практиката на центрите за социјална работа во период кога беше на сила претходниот Закон за социјалната заштита на РМ (Службен весник на РМ бр. 79/2009, 51/2050, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 148/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 163/2017, 51/2018), и не ја рефлектираат во целост терминологијата и концептите на важечкиот закон.

За возврат на тоа примателите на издршката му го оставаат во наследство имотот - недвижностите опишани во овој договор, по точка 2 врз кои, со денот на смртта на примателите на издршката, давателот на издршката стекнува право на сопственост.

**Член 4**

Вредноста на имотот од овој договор се проценува на вредност од __________денари.

**Член 5**

Давателот на издршката може да бара да се прибележат во јавните книги неговите права од договорот.

**Член 6**

Овој договор се склучува во 5 примероци, од кои по два за секоја договорна страна, еден примерок останува во судот при негова заверка, со што договорот влегува во сила.

Давател на издршката,　　　　　　　　Прималел на издршката,

____________________　　　　　　　　____________________

Сведоци:

1.________________________　　　　2. ________________________

(име, презиме и сите останати генералии на сведоците)

## ПРИЛОГ 7: ПРИМЕР НА ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА СО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА[589]

Договор за доживотна издршка
Склучен на ден ______ година, помеѓу:

1.____________ роден/а на ________ година во _______, со живеалиште во _________ на ул._________бр.___, со ЕМБГ _____________ и л.к. бр. _________________ издадена од МВР________ на ден___________година, во понатамошниот текст: примател на издршката од една страна и

2.ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа____________, застапуван од Директорот ____________(сите генералии од тековна состојба од Централен регистар), како давател на издршката (во натамошниот текст давател на издршката)

Примателот и давателот на издршката се договорија за следните права и обврски коишто се предмет на овој Договор:

**Член 1**

Примателот на издршката е полнолетно лице, кое поради старост и изнемоштеност има потреба од чување, нега и грижа од друг, за добар живот и помин.

**Член 2**

Примателот на издршката е сопственик на следниот недвижен имот:

(детален опис на имотот согласно Имотен лист издаден од Агенцијата за катастар на недвижности на денот на склучување на договорот – број на катастарска парцела, катастарска општина, површина, намена и локација).

**Член 3**

Со овој договор, давателот на издршката се обврзува доживотно да обезбедува на примателот на издршката:

- сместување во установа за згрижување на стари лица (јавна или приватна), како форма на вонсемејна социјална заштита,
- целосна грижа, нега и надзор во рамки на домот за стари лица,
- обезбедување на здравствена заштита, лекарска помош и лекување согласно прописите,
- обезбедување на пристоен погреб по смртта на примателите на издршката.

[589] Овој договор претставува пример на договор за доживотна издршка усогласен со одредбите на важечкиот Закон за социјалната заштита и Законот за облигационите односи, при што обврската на давателот на издршката се состои во обезбедување услуга на сместување во установа за згрижување на стари лица како форма на вон-семејна социјална заштита.

**Член 4**

За возврат на обврските преземени со овој договор, примателот на издршката се согласува целиот недвижен имот опишан во членот 2 од овој договор, по неговата смрт, да премине во сопственост на давателот на издршката.

Правото на сопственост врз наведениот имот давателот на издршката го стекнува со денот на смртта на примателот на издршката.

**Член 5**

Вредноста на недвижниот имот кој е предмет на овој договор, по проценка, изнесува __________ денари.

**Член 6**

Давателот на издршката има право да побара прибележување на своите права од овој договор во јавните книги, согласно закон.

**Член 7**

Во случај на спор по овој Договор се утврдува надлежноста на Основниот суд во ______________.

**Член 8**

Овој договор е составен во пет (5) истоветни примероци, од кои по два (2) примероци за секоја договорна страна и еден (1) примерок за судот/нотарот заради заверка. Договорот стапува во сила со денот на неговата заверка.

Давател на издршката, Примател на издршката,

____________________ ____________________

Сведоци:

1.__________________________ 2. __________________________

(име, презиме и сите останати генералии на сведоците)